РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.ПР.001.03

ПРИРАЧНИК
ЗА
ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР

Март 2022

Историја на документ

Издание	Датум на издание	Опис	Направени промени	
			Опис на промената	Променети страници/ точки/глави
1	2	3	4	5
01	16.05.2014	Прво издание	/	/
02	20.05.2019	Второ издание	Избришани Дополнети и ренумерирани Нови	точки 28-33 точки 1-504 точки 505-652
03		Трето здание	Дополнети Изменети Нови	Преамбула Точка 3, Точки 108 и 109 Прилог COMPACT модел за овластен економски оператор

Содржина

Дел 1 - Општи одредби 6
Глава I - Вовед 7
1.I.1 ОЕО – Царински поедностувања (ОЕОЦ) 8
1. I.2 ОЕО – Безбедност и сигурност (ОЕОС) 9
1. I.3 ОЕО – Царински поедноставувања/Безбедност и сигурност (ОЕОЦ/ОЕОС) 10
1.I.4 Подготовка пред поднесување на барање 11
Глава II - Кој може да стане ОЕО? 14
1.II.1 Кој е „економски оператор“? 14
1.II.2 Кој е економски оператор основан во царинското подрачје на Република Северна Македонија“? 15
1.II.3 Кој е економски оператор „вклучен во царински активности“? 16
1.II.4 Учесници во меѓународниот синџир на снабдување 17
Глава III - Поволности за ОЕО 21
1.III.1 Полесен пристап кон царинските поедноставувања 21
1. III.2 Претходно известување 23
1.III.3 Намалени физички и документарни контроли 24
1.III.4 Приоритетен третман на пратките кои се селектирани за контрола 27
1.III.5 Избор на место за контрола 27
1. III.6 Индиректни поволности 29
Глава IV - Соработка меѓу царинскиот орган и другите државни органи 32
Глава V - Взаемно признавање 33
Глава VI – Лого ОЕО 34
Дел 2 – Критериуми за ОЕО 35
Глава I – Почитување на царинските и даночните прописи, вклучувајќи барателот да не сторил тешко кривично дело во врска со неговата економска дејност 35
2.I.1 Општо 35
2.I.2 Повреди од незначителна важност 37
2.I.3 Повторени повреди 39
2.I.4 Тешки повреди 39
Глава II – Ефикасен систем на управување со трговската, а кога е соодветно и транспортната евиденција, кој овозможува соодветни царински контроли 41
2.II.1 Општо 41
2.II.2 Ефикасен систем на управување со трговската и транспортната евиденција . . 42
Глава III - Докажана финансиска солвентност 50
2.III.1 Општо 50
2.III.2 Извори на информации 51
2.III.3 Финансирање преку заем од друго лице или финансиска институција 57
2.III.4 Писма на поддршка и гаранции од друштвото основач (или друштво групација) 58
2.III.5 Барателот е основан помалку од три години 59

Глава IV – Практични стандарди за компетенции или професионални квалификации директно поврзани со активностите кои се спроведуваат 60
2.IV.1 Општо 60
2.IV.2 Практични стандарди 61
2.IV.3 Професионални квалификации 68
Глава V - Соодветни безбедносни и сигурносни стандарди 69
2.V.1 Општо 69
2.V.2 Обезбедување на градби 72
2.V.3 Соодветни мерки за пристап 74
2.V.4 Безбедност на товар 75
2.V.5 Сигурност на деловниот партнер 77
2.V.6 Сигурност на вработените 82
2.V.7 Надворешни даватели на услуги 85
2.V.8 Програми за зголемување на свесноста околу безбедноста 86
2.V.9 Назначено контакт лице 88
Дел 3 – Процес за поднесување барање и издавање одобрение 88
Глава I - Утврдување на надлежен орган за поднесување на барање за ОЕО 90
3.I.1. Општо 90
3.I.2 Пристап кон царинската документација 90
3.I.3 Мултинационални трговски друштва и големи претприемачи 90
Глава II - Прием и прифаќање на барање 90
Глава III - Анализа на ризик и постапка на ревизија 92
3.III.1 Прибирање и анализа на податоци 93
3.III.2 Мали и средни трговски друштва 95
3.III.3 Посебни економски активности 96
3.III.4 Фактори кои ја олеснуваат постапката за давање на одобренија 104
3.III.5 Друштво основач/друштво ќерка со заеднички систем/процедури 113
3.III.6 Ризик и анализа на ризик 115
3.III.7 Спроведување на контрола и контрола базирана на ризик 120
Глава IV - Одлука за доделување на статус 125
3.IV.1 Фактори кои треба да се земат предвид пред донесување на одлука 125
3.IV.2 Донесување на одлука 126
3.IV.3 Известување на барателот 127
3.IV.4 Поднесување тужба 127
3.IV.5 Рокови 127
Дел 4 - Размена на информации 128
Глава I – Размена на информации со други држави 128
4.I.1 Постапка на информирање 128
4.I.2 Постапка на консултација 130
4.I.3 Средства за комуникација 132
Глава II – Размена на информации меѓу царинскиот орган и други надлежни државни органи 132

Дел 5 - Управување со одобрението 135
Глава I - Следење 135
5.I.1 Општо 135
5.I.2 Одобрение ОЕО кое опфаќа повеќе подружници 141
Глава II - Повторна проценка 142
5.II.1. Повторна проценка при поголеми промени во царинските прописи 142
5.II.2. Повторна проценка како резултат на спроведеното следење или информации дадени од имателот на одобрение или друг орган 143
Глава III – Измена на одлуката 145
Глава IV - Суспензија 145
Глава V - Укинување 148
Дел VI – Взаемно признавање 149
Глава I – Чекори на процесот кон взаемно признавање 149
Глава II – Имплементација и следење по потпишување на договорот за взаемно признавање 150
Глава III – Поволности од договор за взаемно признавање 150
Глава IV – Имплементација на договор за взаемно признавање – Како да се добијат поволности од договор за взаемно признавање 151
Глава V – Едностранo суспендирање на поволностите 152
Глава VI – Препорака за спроведување на контрола за ОЕО или посета за следење 153
Дел 7 – Преодни и завршни одредби 155

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 67/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

ПРИРАЧНИК
ЗА
ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР

Дел 1 - Општи одредби

1. Со овој Прирачник се уредува постапувањето на организационите единици на Царинската управа на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа) во случаи на поднесено барање за овластен економски оператор, потребните критериуми кои треба да се исполнат за добивање на одобрение за овластен економски оператор, постапката на издавање на одобрение, суспендирање, поништување и укинување на одобрение како и взаемното признавање на одобрениот статус.

2. Правната основа за одобрување на статусот овластен економски оператор е утврдена во Царинскиот закон (во натамошниот текст:ЦЗ) во членовите 6-а, 6-б и 6-в и Уредбата за спроведување на царинскиот закон во членовите од 10-а до 10-у (во натамошниот текст: УСЦЗ).[1]

3. Организациони единици на Царинската управа кои се надлежни за спроведување на постапката поврзана со поднесените барања, проверка на услови за стекнување на статус и издавање на одобрение за овластен економски оператор се:
   - Сектор за царински систем – Одделение за царински и даночни постапки (во натамошниот текст: Одделение за царински и даночни постапки) – во делот на прием на барање, проверка на потребните критериуми за издавање на одобрение, издавање на одобрение, суспендирање, поништување и укинување на одобренија;
   - Сектор за информатички и комуникациски технологии – во делот на спроведување проверка и контрола над информатичките системи кај подносителите на барања;

[1] Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени , како екстерни акти се објавени во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

- Сектор за контрола и истраги - во делот на изготвување на соодветни профили за анализа на ризик за овластените економски оператори;
- Секторот за финансиски прашања – во делот на подготовка на мислење за финансиската солвентност на подносителот на барање;
- Надлежни царинарници – месно надлежни согласно адресата односно седиштето на подносителот на барањето;
- По потреба и други организациони единици во рамките на Царинската управа во зависност од потребите на Секторот за царински систем.

Сите организациони единици на Царинската управа се надлежни за постапување и спроведување на поволностите од дадено одобрение за овластен економски оператор.

Глава I - Вовед

Статус на овластен економски оператор (ОЕО)

4. „Овластен економски оператор“, во натамошниот текст ОЕО, се дефинира како економски оператор, од членот 1 став (1) точка 8) од УСЦЗ кој се смета дека е сигурен во поглед на исполнувањето на царински поврзаните активности и согласно тоа има право на поволности во рамките на царинското подрачје на Република Северна Македонија.

5. ОЕО програмата е отворена за сите економски оператори, вклучувајќи ги и малите или средните трговски друштва (од дел 3.III.2 Мали и средни трговски друштва на овој Прирачник) и без оглед на нивната улога во меѓународниот синџир на снабдување.

6. Економските оператори немаат законска обврска да станат ОЕО туку е прашање на избор на економскиот оператор во зависност од неговата конкретна ситуација. Исто така не постои законска обврска за овластените економски оператори да побаруваат од своите деловни партнери да стекнат ОЕО статус.

7. Согласно членот 6-а од ЦЗ статусот овластен економски оператор се утврдува преку издавање на различни видови на одобренија: ОЕО за царински поедноставувања (ОЕОЦ) и ОЕО за безбедност и сигурност (ОЕОС). Секој вид на одобрение вклучува различен вид на поволности.

8. Врз основа на членот 6-б од ЦЗ статусот ОЕО може да се одобри на секој економски оператор кој ги исполнува следните заеднички критериуми:

- почитување на царинските и даночните прописи, вклучувајќи и непостоење на тешки кривични дела во врска со економската дејност на барателот,
- докажано високо ниво на контрола над неговите дејности и движењето на стоката, преку систем за управување со трговската, а кога е соодветно и транспортната евиденција, кој овозможува спроведување на соодветни царински контроли,
- финансиска солвентност.

Во зависност од видот на ОЕО статусот и

- практични стандарди за компетенции или професионални квалификации директно поврзани со активностите кои се извршуваат (ОЕОЦ),
- соодветни безбедносни и сигурносни стандарди (ОЕОС).

1.I.1 ОЕО – Царински поедностувања (ОЕОЦ)

9. ОЕО статусот во вид на ОЕОЦ предвиден е за економски оператори основани во царинското подрачје на Република Северна Македонија кои би сакале да користат различни поедноставувања пропишани во царинските прописи.

10. Критериуми за одобрување на ОЕОЦ се:
    - непостоење на каква било тешка повреда или повеќекратни повреди на царинските и даночните прописи, вклучувајќи непостоење на сторено тешко кривично дело во врска со економската дејност на барателот;
    - доказ од барателот за високо ниво на контрола над неговите дејности и движењето на стоката преку систем на управување со трговската, а кога е соодветно и транспортната евиденција, кој овозможува спроведување на соодветни царински контроли;
    - финансиска солвентност која се смета за докажана кога барателот има добра финансиска состојба која му овозможува исполнување на обврските имајќи ги предвид карактеристиките на видот на неговата деловна активност;
    - практични стандарди на компетенции или професионални квалификации директно поврзани со активностите кои се извршуваат.

11. Имателот на одобрение ОЕОЦ има право на:
    - поволности од одредени видови на поедноставувања врз основа на признавање на ОЕОЦ доколку се исполнети барањата поврзани со посебниот вид на поедноставување пропишани со царинските прописи;

- поповолен третман во однос на другите економски оператори во поглед на царинските контроли, вклучувајќи помалку физички и документарни царински контроли, со исклучок на контроли поврзани со мерки на безбедност и сигурност;
- претходно известување во случај кога е селектиран за царинска контрола;
- предност во случаи кога е селектиран за царинска контрола;
- можност за побарување контролата да се изврши на место различно од местото за контрола на надлежниот царински орган;
- предност при одлучување по кое било поднесено барање до царинскиот орган;
- бесплатна обука за новини во царинското работење еднаш на две години за одговорното лице за царински прашања и дополнително пет вработени, во зависност од потребите на ОЕО;
- користење на приоритетна лента за излез од царинското подрачје.

12. Исполнување на критериумите за безбедност и сигурност не се потребни за овој вид одобрение ОЕО. Од таа причина имателите на одобрение ОЕОЦ немаат право на поволностите поврзани со одобренијата ОЕО за безбедност и сигурност на меѓународниот синџир на снабдување. Статусот ОЕО во вид на ОЕОЦ не се зема предвид во случаи на договори за взаемно признавање со други земји.

1. I.2 ОЕО – Безбедност и сигурност (ОЕОС)

13. ОЕОС предвиден е за економски оператори основани во царинското подрачје на Република Северна Македонија кои би сакале да користат различни олеснувања во поглед на царинските контроли поврзани со безбедноста и сигурноста кога стоката се внесува во царинското подрачје или кога стоката го напушта царинското подрачје на Република Северна Македонија.

14. Критериуми за одобрување на ОЕОС се:
    - евиденција за почитување/усогласеност со царинските и даночните прописи, вклучувајќи непостоење на сторено тешко кривично дело во врска со економската дејност на барателот;
    - докажано високо ниво на контрола над неговите дејности и движењето на стоката преку систем на управување со трговската евиденција, а кога е соодветно и транспортната евиденција, кој овозможува спроведување на соодветни царински контроли. Меѓутоа за разлика од ОЕОЦ, за ОЕОС не е неопходно поседување на логистички систем кој во својата

евиденција ја разликува стоката во однос дали истата е домашна или странска стока;
- докажана финансиска солвентност и
- соодветни стандарди за безбедност и сигурност.

15. Имателот на одобрение ОЕОС има право на:
    - олеснувања поврзани со поднесување на царинска декларација согласно член 111 став (2) од УСЦЗ;
    - поповолен третман во однос на другите економски оператори во поглед на царинските контроли, вклучувајќи помалку физички и документарни контроли поврзани со безбедност и сигурност;
    - претходно известување во случај кога е селектиран за царинска контрола;
    - предност во случаи кога е селектиран за контрола;
    - можност за побарување контролата да се изврши на место различно од местото за контрола на надлежниот царински орган;
    - предност при одлучување по кое било поднесено барање до царинскиот орган;
    - бесплатна обука за новини во царинското работење еднаш на две години за одговорното лице за царински прашања и дополнително пет вработени, во зависност од потребите на ОЕО.
    - користење на приоритетна лента за излез од царинското подрачје.

16. Имателот на одобрение ОЕОС е признат како економски оператор кој ги има преземено сите потребни мерки за заштита на своето работење и со тоа е сигурен учесник на меѓународниот синџир на снабдување како од перспектива на државните и јавните органи така и од перспектива на своите деловни партнери. Статусот ОЕО во вид на ОЕОС се зема предвид во случаи на договори за взаемно признавање со други земји.

1. I.3 ОЕО – Царински поедноставувања/Безбедност и сигурност (ОЕОЦ/ОЕОС)

17. Двата видови одобренија, ОЕОЦ и ОЕОС може да се користат истовремено. Во тој случај потребно е операторот да ги исполнува критериумите за ОЕОЦ и ОЕОС и ги добива поволностите од двете одобренија.

18. Наведената можност е пропишана во членот 10-л од УСЦЗ кој гласи „Кога барателот има право на двата вида на одобренија ОЕОЦ и ОЕОС, се издава едно комбинирано одобрение“.

19. За целите на управување со одобренијата ОЕОЦ и ОЕОС кои се користат истовремено од страна на економскиот оператор, комбинираното одобрение се означува со единствен број кој по ISO alpha–2 code[2] на земјата „МК“, по што следи ознаката „AEOF“ и бројот на одобрението.

20. Следната табела претставува сумарен преглед на критериумите во однос на видовите на одобренија.

Критериуми	ОЕОЦ	ОЕОС	Царински прописи	Прирачник
Економски оператор	X	X	Член 1 став (1) точка 8) УСЦЗ	1.II.1
Основан во царинското подрачје	X	X	Член 4 став (2) ЦЗ	1.II.2
Усогласеност	X	X	Член 6-б т. а) ЦЗ Член 10-а УСЦЗ	2.I
Соодветна евиденција	X	X	Член 6-б т. б) ЦЗ Член 10-б УСЦЗ	2.II
Финансиска солвентност	X	X	Член 6-б т. в) ЦЗ Член 10-в УСЦЗ	2.III
Практични стандарди на компетенции и професионални квалификации	X		Член 6-б т. г) ЦЗ Член 10-г УСЦЗ	2.IV
Безбедност и сигурност		X	Член 6-б т. д) ЦЗ Член 10-д УСЦЗ	2.V

1.I.4 Подготовка пред поднесување на барање

21. Подготовката на барањето за ОЕО, како и издавањето на одобрението и одржувањето на одобрението е долготраен временски процес. Темелната подготовка е клуч на успехот. Оттаму се очекува дека барателот кој сака да стане ОЕО има контрола над своите деловни активности.

[2] ISO alpha – 2 code – претставува ознака на земјата од две букви утврдени од Меѓународната организација за стандардизација (ISO) со кои се претставуваат земјите

Тоа значи, во зависност од видот на ОЕО одобрение и видот на деловни активности на економскиот оператор и неговиот бизнис модел, економскиот оператор има воспоставено соодветни организациски мерки во областите поврзани со ОЕО критериумите, со цел да се обезбеди дека ризиците поврзани со царинските активности може да бидат идентификувани и избегнати и/или сведени на најниско ниво.

22. За подобро да се разбере што подразбира царинскиот орган под ова, како и за забрзување на самиот процес, задолжителна е употребата на Прашалникот за самооценување - Прилог 01.30.00.ПР.001.03-ОБ.01.03.

23. Прашалникот за самооценување е структурна алатка за подготовка на економскиот оператор, идентификација на неговите организациски единици кои ќе бидат вклучени во процесот како и разбирање на неопходноста од потребниот опсег на подготовка.

24. За подобрување на соработката меѓу царинскиот орган и барателот/ОЕО се препорачува да се стапи во контакт со надлежниот царински орган за издавање на одобрението на почетокот од процесот и тој контакт да се одржува и по поднесувањето на барањето. На овој начин може да се избегнат недоразбирања од двете страни и може да се обезбеди поддршка доколку се појават некои прашања.

25. Накратко, пред формалното поднесување на барањето, на економскиот оператор задолжително му се препорачува:
    - стапување во контакт со надлежниот царински орган за издавање на одобрението;
    - одлучување за видот на потребното барање;
    - назначување на надлежно контакт лице задолжено за барањето;
    - детално пополнување на Прашалникот за самооценување и обезбедување дека сите надлежни лица/оддели во рамките на организацијата се вклучени во пополнување на Прашалникот за самооценување.

26. Дополнително, суштински за процесот е раководството на економскиот оператор да го подржува поднесувањето на барањето за ОЕО.

27. Следниот дијаграм претставува преглед на процесот на подготовка:


Економски оператор
Царинска управа
Собирање информации вкучувајќи и ОЕО курс
Потребни се повеќе информации?
Да
Обезбедување на релевантни информации
Не
Дали сум подобен?
Да
Вид?
Дадата
ОЕОЦ
Назначување на контакт лице и подготовка на документи
ОЕОС
Самооценување
Дали сум подготвен?
Не
КРАЈ
Да
Поднесување барање и ПС
Прием на барање
Процес

Глава II - Кој може да стане ОЕО?

28. Во членот 6-а од ЦЗ пропишано е дека економскиот оператор кој е основан во царинското подрачје на Република Северна Македонија и кој ги исполнува критериумите од членот 6-б од ЦЗ може да поднесе барање за стекнување статус ОЕО.

    Ова значи дека основното барање подразбира исполнување на два услови: подносителот на барање да е економски оператор и да е основан во царинското подрачје на Република Северна Македонија.

1.II.1 Кој е „економски оператор"?

29. Во членот 1 точка 8) од УСЦЗ е утврдена дефиницијата „економски оператор" и значи лице кое во рамките на своето работење е вклучено во активности кои се опфатени со царинските прописи.

30. Законската дефиниција „економски оператор" опфаќа два услова. Подносителот да е лице и тоа лице да биде вклучено во активности кои се опфатени со царинските прописи.

31. Членот 4 точка 1) од ЦЗ пропишува дека „лице" е:
    - физичко лице или
    - правно лице.

32. Мултинационални трговски друштва вообичаено се состојат од матично друштво и друштва ќерки и/или подружници.

    Друштвото ќерка е поединечно правно лице регистрирано согласно Законот за трговски друштва односно регистрирано правно лице во онаа земја во која ги спроведува своите деловни активности. Оттаму, доколку матичното друштво сака да го стекне статусот ОЕО за дел или сите друштва ќерки потребно е да се поднесат барања од сите друштва ќерки кои сакаат да се стекнат со статусот.

    Подружницата од друга страна претставува канцеларија/деловен простор/друга локација на самото трговско друштво и претставува дел на целокупниот имот на трговското друштво и со самото тоа не претставува посебно правно лице. Во случај кога матичното трговско друштво сака да

стекне статус ОЕО поднесува едно барање кое ги опфаќа сите подружници во рамките на царинското подрачје на Република Северна Македонија кои не се поединечни правни лица или здруженија.

1.II.2 Кој е економски оператор основан во царинското подрачје на Република Северна Македонија"?

33. Во согласност со членот 4 точка 2 , лице основано односно регистрирано во царинското подрачје се смета:
    - во случај на физичко лице – државјанин на Република Северна Македонија со живеалиште во Република Северна Македонија или странски државјанин со одобрен престој во Република Северна Македонија согласно закон и
    - во случај на правно лице – лице кое има регистрирано седиште согласно закон.

34. Од особено значење за статусот овластен економски оператор е лицето да има постојан деловен настан во царинското подрачје, што подразбира постојано место каде се спроведуваат деловните активности, на кое се наоѓаат потребните човечки и технички ресурси и на кое во целост се спроведуваат царински поврзаните активности.

35. Мултинационалните трговски друштва или големите трговски друштва вообичаено се состојат од матично друштво и друштва-ќерки или подружници кои може да имаат деловни активности во една или повеќе држави. Иако тие се постојани деловни единици на едно матично трговско друштво, тие може да имаат различни правни статуси во различни држави кои зависат од самото национално законодавство на соодветните држави. Како резултат на тоа, некои од подружниците на матичното друштво може да се сметаат за засебни правни лица во некои држави (засебни правни лица регистрирани во локалниот регистар на трговски друштва во согласност со националниот Закон за трговските друштва), а истовремено некои постојани деловни единици не се сметаат за засебни правни лица во други држави.

36. Во тој случај економскиот оператор кој сака да поднесе барање за ОЕО статус за сите свои постојани деловни единици треба да процени во која група тие припаѓаат. Доколку се лица пропишани со членот 4 точка 2 од ЦЗ, тие мора да поднесат поединечни барања за ОЕО во секоја држава.

1.II.3 Кој е економски оператор „вклучен во царински активности“?

37. Друг аспект кој треба да се земе предвид при утврдувањето дали еден подносител е „економски оператор“ е дали неговата економска активност е „опфатена со царинските прописи“.

38. Барањето за ОЕО статус може да биде прифатено само доколку е поднесено од економски оператор кој во текот на своето работење вклучува активности опфатени со царинските прописи. Врз основа на вака дадената дефиниција постојат низа ситуации во кои економскиот оператор не може да поднесе барање за ОЕО статус зошто не е вклучен во царинските активности. На пример:
    - добавувач со седиште во Република Северна Македонија кој дистрибуира стока која е веќе во слободен промет на производител со седиште во Република Северна Македонија;
    - превозник кој превезува само стока која е во слободен промет и која не е во ниту една царинска постапка внатре во царинското подрачје на Република Северна Македонија;
    - производител кој произведува стока само за внатрешниот пазар во Република Северна Македонија и кој користи суровини кои се веќе во слободен промет;
    - консултант кој само советува односно дава мислење за царински прашања.

39. Дефиницијата економски оператор не го ограничува поимот „вклученост во активности опфатени со царинските прописи“ само на директна вклученост. Производител кој произведува стока наменета за извоз може да поднесе барање за ОЕО статус дури и ако извозните формалности ги спроведува друго лице.

40. Концептот на ОЕО за безбедност и сигурност блиску е поврзан со управување на синџирот на снабдување. Економските оператори кои ракуваат со стока која подлежи на царински надзор или користат царински податоци поврзани со таа стока можат да поднесат барање за ОЕОС.

41. Меѓутоа, секој случај мора да се разгледува одвоено водејќи сметка за сите околности релевантни за секој поединечен економски оператор.

1.II.4 Учесници во меѓународниот синџир на снабдување

42. Меѓународниот сеопфатен (end-to-end) синџир на снабдување од царинска перспектива претставува процес, на пример од производство на стока наменета за извоз до испорака на стоката на купувач во друго царинско подрачје.

43. Меѓународниот синџир на снабдување не е посебен препознатлив субјект. Тој претставува низа од *ад хок* структури составена од економски оператори кои ги претставуваат разните сегменти на трговска активност. Во некои случаи сите економски оператори се познати и меѓу нив постои долгорочен однос, додека пак во други случаи економските оператори често се менуваат или може да бидат поврзани со договор за потреба за една работа/пратка.

44. Од оперативна перспектива подобра е референцата „синџири на снабдување“ отколку „синџир на снабдување“, што значи дека секој економски оператор може да биде вклучен во не само еден теоретски синџир на снабдување туку во многу практични синџири на снабдување.

45. Во пракса многу трговски друштва може да имаат повеќе од една улога во одреден синџир на снабдување и да исполнуваат повеќе од една одговорност поврзана со тие улоги. Кога се поднесува барање за ОЕО статус, подносителот на барањето мора да се осигури дека во барањето се вклучени царинските активности, со сите свои одговорности внатре во меѓународниот синџир на снабдување.

46. Различни учесници со нивните карактеристични одговорности во меѓународниот синџир на снабдување, релевантни од царинска перспектива, кои може да поднесат барање за ОЕО статус, се следниве:

а) Производител

Во рамките на меѓународниот синџир на снабдување производител е економски оператор кој во текот на своето работење произведува стока наменета за извоз.
Одговорноста на производителот во меѓународниот синџир на снабдување, меѓу другото опфаќа и:

- обезбедување сигурна и безбедна производствена постапка за своите производи;
- обезбедување сигурна и безбедна испорака на своите производи до своите клиенти;
- обезбедување правилна примена на царинските прописи во поглед на потеклото на стоката.

б) Извозник

Во согласност со членот 404 од УСЦЗ, за извозник се смета лицето во чие име е поднесена извозната декларација и кој е сопственик на стоката или има слични права за располагање со неа во моментот на прифаќање на декларацијата. Кога сопственоста или сличното право на располагање со стоката припаѓа на лице со деловни активности надвор од царинското подрачје врз основа на договор на кој се темели извозот, за извозник се смета договорната страна со деловна активност во царинското подрачје на Република Северна Македонија.

Одговорноста на извозникот во меѓународниот синџир на снабдување, меѓу другото опфаќа и:

- одговорност за исправноста на извозната декларација и нејзино благовремено поднесување, доколку извозната декларација ја поднесува извозникот;
- одговорност за поднесување на извозна декларација која ги содржи потребните елементи и податоци;
- применување на законските извозни формалности во согласност со царинските прописи, вклучувајќи ги и мерките на трговска политика и доколку е потребно извозни давачки;
- обезбедува сигурна и безбедна испорака на стоката до превозникот, шпедитерот или царинскиот застапник.

в) Шпедитер

Шпедитерот го организира превозот на стока во меѓународната трговија во име на извозникот, увозникот или друго лице. Во некои случаи, подносителот

на барање кој е шпедитер, делува како превозник и издава сопствен договор за превоз на пример товарен лист. Типична активност на шпедитерот вклучува и добивање, проверка и подготовка на документација за исполнување на царинските барања.
Одговорноста на шпедитерот во меѓународниот синџир на снабдување меѓу другото опфаќа и:

- примена на правилата и формалностите поврзани со превоз;
- обезбедува, ако е применливо, безбеден и сигурен превоз на стоката;
- ги применува, кога е потребно, правилата за збирни декларации во согласност со прописите.

г) Држатели на царински складови и други оператори со простори за складирање

Држателот на царинскиот склад е лице овластено за управување на царински склад од членот 111 од ЦЗ или лице кое управува со просторијата за привремено чување од членот 61 став 1 од ЦЗ и членот 98 став 1 од УСЦЗ или слободни зони и слободни складови.

Одговорноста на држателот на царинскиот склад во меѓународниот синџир на снабдување меѓу другото опфаќа и:

- обезбедување на стоката, се дури се наоѓа во царинскиот склад или просторијата за привремено чување, да не биде отстранета од под царински надзор и исполнува други обврски кои произлегуваат од складирањето на стока опфатена во постапката на царинско складирање или одредбите за привремено чување;
- исполнување на посебни услови наведени во одобрението за царинско складирање или просторијата за привремено чување;
- обезбедува соодветна заштита на просторот за складирање од влез на надворешни лица;
- обезбедува соодветна заштита од неовластен пристап до стоката, нејзина замена и неовластено ракување.

д) Царински застапник

Царински застапник, во овој прирачник за ОЕО, значи царински претставник во смисла на членот 5 од ЦЗ. Царинскиот застапник презема дејствија во име

на лицето вклучено во активностите опфатени со царинските прописи (на пр. увозник или извозник). Царинскиот застапник може да презема дејствија во име на тоа лице (директно застапување) или во сопствено име (индиректно застапување).

Одговорноста на царинскиот застапник во меѓународниот синџир на снабдување меѓу другото опфаќа и:

- примена на потребните одредби во согласност со царинските прописи својствени за соодветниот вид на застапување при ставање на стока во царинска постапка;
- во случај на индиректно застапување, одговорен е за точноста на царинската или збирната декларација и нејзино навремено поднесување.

ѓ) Превозник

Превозник е лице кое ја превезува стоката или кое презело договорни обврски и издало на пример товарен лист или авионски транспортен документ за конкретниот превоз на стоката.

Одговорноста на превозникот во меѓународниот синџир на снабдување меѓу другото опфаќа и:

- обезбедување на сигурен и безбеден превоз на стоката додека е под надзор на превозникот, особено избегнувајќи неовластен пристап до стоката и неовластено ракување со превозното средство и стоката која се превезува;
- навремено обезбедување на превозна документација во согласност со законските одредби;
- примена на потребните царински формалности во согласност со ЦЗ;
- применување, по потреба, на одредбите за збирни декларации во согласност со законот.

е) Увозник

Увозник е економски оператор кој ја изготвува увозната декларација или во чие име таа се изготвува. Меѓутоа, имајќи ја предвид општата трговска

перспектива и особено земајќи ја предвид суштината на ОЕО програмата, дефиницијата вистински увозник треба да се разгледа од поширока перспектива (лицето кое ја изготвува увозната декларација не е нужно секогаш и истото лице кое стоката ја става во промет).

Одговорноста на увозникот во меѓународниот синџир на снабдување меѓу другото опфаќа и:

- одговорност за своите постапки пред царинските органи за стока ставена во постапка или друго царинско дозволено постапување или употреба;
- одговорност за точноста на царинската декларација и нејзино навремено поднесување;
- кога увозникот е лице кое ја поднесува влезната збирна декларација, одговорен е за правилна примена на одредбите за збирни декларации;
- ги применува потребните правни формалности во согласност со царинските прописи кои се однесуваат на увоз на стока;
- ги применува мерките на трговска политика, забрани и ограничувања;
- обезбедува сигурен и безбеден прием на стоката, особено избегнувајќи неовластен пристап до стоката и неовластено ракување со стоката.

ж) Останати, на пример: оператори со терминали, пристанишни работници и лица кои го пакуваат товарот.

Глава III - Поволности за ОЕО

47. Одобрението ОЕО се издава на барање на подносител по спроведена целосна контрола над неговите деловни активности, но не и на неговите деловни партнери. Одобрениот ОЕО статус се однесува на самиот економски оператор и неговите деловни активности и само тој има право на поволностите од тој статус. Ова е општо начело за сите видови на одобренија за ОЕО кои може да се издадат на економските оператори со различни улоги во меѓународниот синџир на снабдување.

1.III.1 Полесен пристап кон царинските поедноставувања

48. Поволност која е применлива за имателите на одобрение ОЕО-Ц.

49. Економските оператори не треба да имаат ОЕО статус за да може да добијат одобренија за поедноставени постапки предвидени во царинските прописи. Меѓутоа, за некои поедноставувања треба да се исполнат одредени критериуми за стекнување на ОЕО статус или дел од нив за да го одржат даденото (предметното) одобрение.

50. Во членот 6-а став (4) од ЦЗ предвидено е дека лицето кое бара одредено поедноставување, а е имател на ОЕО-Ц, царинскиот орган нема повторно да ги проверува критериумите кои веќе биле проверени при одобрување на статусот ОЕО.
ОЕО критериумите кои се сметаат за исполнети може да се најдат во соодветните одредби поврзани со конретниот вид на поедноставувања.

51. Статусот ОЕО е воведен во ЦЗ и УСЦЗ подоцна од другите поедноставувања и голем дел економски оператори веќе имаат таков вид на одобренија пред добивање на статусот ОЕО. Сепак, оваа конкретна поволност се уште е многу важна за имателите на одобрение за ОЕО или за оние кои го разгледуваат прашањето да поднесат барање за ОЕО статус, а уште повеќе е од важност за царинските органи.

52. Во случај на планирање на активности за надзор над ОЕО, се врши усогласување со активностите поврзани со надзор на другите одобренија, со цел да се избегне двојната работа. За се постигне најголема корист како за ОЕО така и за царинските органи, треба да се земе предвид и следново:

- со оглед на тоа дека поедноставувањата зависат од усогласеност на одредени критериуми за стекнување на ОЕО статус, поврзаноста меѓу одредени одобренија и статусот ОЕО мора да се обезбеди и одржува во текот на целата постапка, што опфаќа не само фаза на поднесување на барање туку и следење и повторна проверка по добивање на одобрение/статус;
- проверката на исполнетоста на битните критериуми за стекнување на ОЕО статус пред негово одобрување не е апстрактно и секогаш се извршува во однос на конкретна деловна активност на економскиот оператор. Врз основа на тоа, кога ќе се прими барање за конкретно одобрение царинскиот орган не треба да ги преиспитува критериумите кои веќе биле проверени, туку да се фокусираат само на новите елементи/барања.

1. III.2 Претходно известување

53. Оваа поволност му овозможува на имателот на ОЕО одобрение логистичка предност затоа што може подобро да планира и на соодветен начин да го оптимизира транспортот и логистиката, да ги намали логистичките задоцнувања и транспортните трошоци. Оваа поволност се однесува на имателите на:

а) ОЕОЦ и ОЕОС одобренија:

Членовите 6-а став (5) од ЦЗ и 10-е став (3) од УСЦЗ пропишуваат дека *„Кога ОЕО поднесува збирна декларација или царинска декларација согласно членот 111 став (2) од УСЦЗ, надлежната царинска испостава за прием на тие декларации, кога пратката е селектирана за физичка контрола , го известува ОЕО за тоа. Известувањето се дава пред ставањето на увид на стоката кај царинскиот орган. Известувањето не се дава кога со него може да се загрозат контролите кои треба да се спроведат или резултатите од нив.“*. Тука се вклучени и проверките од другите државни органи, доколку е применливо.

Од големо значење е да се направи разлика меѓу претходното известување поврзано со безбедност и сигурност и претходното известување поврзано со примена на други мерки пропишани со царинските прописи.

Ова значи дека само ОЕОС ќе добие претходно известување во случај на царински контроли поврзани со безбедност и сигурност, додека ОЕОЦ ќе добие претходно известување за царински контроли кои не се поврзани со сигурноста.

б) ОЕОС одобрение:

Членот 10-е став (2) од УСЦЗ пропишува дека ако ОЕО поднесува влезна збирна декларација, царинската испостава на прв влез каде што пратката е селектирана за физичка контрола го известува ОЕО за тоа. Известувањето се дава пред пристигнување на стоката во царинското подрачје. Известувањето се дава и до превозникот доколку е различен од ОЕОС под услов превозникот да е ОЕОС и да е поврзан со електронскиот систем за декларации на ОЕОС.

Известувањето не се дава кога со него може да се загрозат контролите кои треба да се спроведат или резултатите од нив. Царинскиот орган може да ги спроведе физичките контроли иако за тоа ОЕО не е известен.

1.III.3 Намалени физички и документарни контроли

54. Поволност која е применлива за имателите на одобрение ОЕОЦ и ОЕОС.

55. Членовите 6-а став (5) од ЦЗ и 10-е став (1) од УСЦЗ пропишуваат дека имателите на ОЕО подлежат на намалени физички и документарни контроли во однос на другите економски оператори, во поглед на царинските контроли во зависност од видот на издаденото одобрение. Меѓутоа, царинскиот орган може да одлучи да контролира пратки на ОЕО заради постоење на конкретни закани или обврски пропишани со други закони (пр. поврзани со безбедноста на производите и др.).

56. Исто така, од значење е да се разликуваат контроли поврзани со безбедност и сигурност од контроли поврзани со примена на други мерки предвидени со царинските прописи.

57. Тоа значи дека само имателите на ОЕОС може да имаат бенефит од намалените физички и документарни контроли поврзани со безбедност и сигурност додека имателите на ОЕОЦ може да имаат бенефит од намалените физички и документарни контроли поврзани со други мерки пропишани со царинските прописи.

58. Тоа вклучува намалени контроли во моментот на увоз или извоз, а може да се земе предвид и за (дополнителна) контрола по пуштање на стоката во слободен промет.

59. За да може да се овозможи остварување на овие поволности, потребно е да се внесат пониски критериуми за ризик во царинскиот систем за анализа на ризик. Меѓутоа, иако пониските критериуми за ризик се последица од фактот дека статусот ОЕО е секогаш повластен, степенот на намалување може да се изменува во зависност од улогата и одговорностите на ОЕО во конкретниот синџир на снабдување.

60. Исто така треба да се земе предвид дека оваа поволност е поврзана со општите проценки на ризик за одредена трансакција. Врз основа на тоа, иако статусот ОЕО секогаш се зема како повластен третман, другите ризици како на пр. земја на потекло и др. може да активираат потреба за спроведување на контрола.

61. Земени предвид општите начела погоре наведени, следат некои примери за можни ситуации:

а) влезна збирна декларација (ВЗД)

62. Во најголем број на случаи барањата и одговорноста при поднесување на ВЗД се поврзани со превозникот. Во случаи кога тој е лицето кое поднесува ВЗД е и имател на одобрение ОЕОС, има право на намалена оценка на ризик зошто неговите системи и постапки поврзани со заштита на превозот, деловните партнери и соработници се веќе прегледани од царинскиот орган. Ако покрај превозникот и примачот е ОЕОС, степенот на контрола може дополнително да се намали.

63. Покрај тоа, ако декларираниот испраќач исто така има истоветно одобрение за ОЕО кое го издал царински орган на трета земја, во согласност со меѓународен договор за взаемно признавање на статусот ОЕО, сите страни декларирани во ВЗД, вклучувајќи ги оние кои имаат директна информација за стоката предмет на ВЗД, царинските органи веќе ги провериле системите на безбедност и сигурност, било во Република Северна Македонија или во земјата/земјите со кои Република Северна Македонија има склучено договор за взаемно признавање. Тоа ќе придонесе до максимално зголемување на сигурноста на целокупниот синџир на снабдување и ќе резултира со намалување на контролата поврзана со безбедност и сигурност.

64. Исто така, може да се појават и случаи во кои податоците потребни за ВЗД се поднесуваат преку царинска декларација (на пр. за транзит). Степенот на намалување на проценката на ризик е на ист начин, земајќи ги предвид улогите и одговорностите на учесниците. На пример, шпедитерот кој има ОЕО статус е главен обврзник во царинската декларација за транзит со сите податоци за ВЗД. Во тој случај прво треба да се земе предвид видот на одобрението. Во случај шпедитерот да е имател на одобрение ОЕОЦ, оценката на ризикот поврзана со царинската постапка може да се намали со оглед на фактот дека кај царински декларации за транзит шпедитерот е главен

обврзник. Тој е одговорен (дури и финансиски) за стоката која се превезува, вистинитоста за наведените информации како и за усогласеноста со правилата за превоз од царинскиот орган за излез до одредишниот царински орган.

65. Меѓутоа, за намалување на оценката за ризик поврзани со контрола на безбедноста и сигурноста, главниот обврзник мора да биде имател на одобрение ОЕО-С.

б) царинска декларација со безбедносни податоци за излезна збирна декларација (ИЗД) вклучува:

66. Во најголем број на случаи извозникот ги наведува безбедносните податоци во извозната царинска декларација. Врз основа на тоа, генерално, ако извозникот е имател на одобрение ОЕОС добива поголем степен на намалување во смисла на контрола на безбедноста и сигурноста.

в) царински декларации (безбедносните податоци за ВЗД/ИЗД не се вклучени):

- имателот на одобрение ОЕОЦ е царински застапник, а трговското друштво кое го застапува не е ОЕО. Царинскиот застапник кој е ОЕО поднесува царинска декларација за пуштање на стока во слободен промет:

67. Општо, царинскиот орган треба да ја намали оценката на ризик во согласност со степенот на вклученост на царинскиот застапник кој е ОЕО и го застапува неговиот клиент. Тоа зависи од видот на застапување.

68. Овозможување на поволности поврзани со поимот „декларант". Битно е да се напомене дека во согласност со членот 4 точка 23 од ЦЗ *„декларант е лице кое поднесува царинска декларација во свое име или лице во чие име се поднесува царинската декларација".*

69. Во случај на директно застапување, царинскиот застапник е директен претставник на увозникот што значи дека царинскиот застапник презема дејства во име на увозникот. Според тоа, „имателот на одобрение ОЕО" (царински застапник) и „декларант" (увозник) не се исто лице.

70. Земајќи предвид дека царинскиот орган извршил проверка над вообичаените царински постапки и процедури на царинскиот застапник, неговиот ОЕО статус треба да се земе во позитивна смисла. Меѓутоа, истовремено треба да се земе предвид и фактот дека во овој случај лицето одговорно за точноста на податоците кои се наведуваат во царинската декларација, веродостојноста на предочените документи и придржување кон сите обврски поврзани со влез на предметната стока во постапка е декларантот (увозник кој не е ОЕО), а не имателот на одобрение за ОЕО.

71. Во случај на индиректно застапување, царинскиот застапник кој е имател на одобрение ОЕО настапува во свое име. Тој е „декларант" и неговата процедура за преземање на одговорност од членот 109 од УСЦЗ е проверена од царинските органи.

- Имателот на одобрение ОЕОЦ е увозник кој соработува со царински застапник кој не е ОЕО. Увозникот поднесува царинска декларација за пуштање на стока во слободен промет.

72. Управувањето со анализата на ризик треба да се усогласи со степенот на вклученост на царинскиот застапник во активностите на неговиот клиент со царинските органи.

1.III.4 Приоритетен третман на пратките кои се селектирани за контрола

73. Поволност која е применлива за имателите на одобрение ОЕОЦ и ОЕОС.

74. Во членот 10-е став 4 од УСЦЗ е пропишано дека *„Кога пратките декларирани од страна на ОЕО се селектирани за физичка контрола или контрола на документи, тие контроли се спроведуваат со приоритет".*

75. Одобрувањето на оваа поволност е директно поврзана со видот на транспортот и инфраструктурата на просториите каде се спроведува контрола.

1.III.5 Избор на место за контрола

76. Поволност која е применлива за имателите на одобрение ОЕОЦ и ОЕОС.

77. Во членот 10-е став (4) од УСЦЗ е пропишана можноста *„На барање ОЕО контролите може да се вршат на место различно од местото каде стоката треба да биде ставена на увид кај царинскиот орган."* Таа алтернативна локација може да го намали доцнењето и/или да се намалат трошоците. Меѓутоа, изборот на алтернативна локација зависи од поединечен договор со надлежниот царински орган. Одбраното место за контрола секогаш треба да овозможи на царинскиот орган спроведување на контролата и незагрозување на резултатите од истата.

78. Иако можноста за избор на местото каде ќе се врши контрола, пропишана во членот 147 став 2 од УСЦЗ, е предвидена за сите економски оператори во согласност со други услови и постапки, постои разлика меѓу генералните одредби и одредбите во поглед на поволност за ОЕО бидејќи царинскиот орган при одлучување дали ќе го одобри барањето во предвид го зема ОЕО статусот.

79. Имателите на одобрение ОЕО може да се најдат во неколку практични ситуации:

- в*о зависност од случајот, за одредени трансакции, имателите на одобрение ОЕО може да бараат друго место на кое ќе се изврши контролата*

80. Во тој случај царинскиот орган го зема предвид статусот ОЕО и во случај кога не постојат други околности кои би ги спречиле, тие мора да одобрат вршење на контрола во место одбрано од имателот на одобрение ОЕО. Тоа се ситуации во кои статусот ОЕО и знаењето на царинскиот орган претставува повилност која ја немаат другите економски оператори.

- *заради своите деловни активности имателите на одобрение ОЕО треба да ја користат можноста постојано и во комбинација со другите поволности предвидени со поедноставените постапки.*

81. Во тој случај статусот ОЕО не е доволен да му овозможи на економскиот оператор автоматско користење на поедноставените постапки и постојано царинење на стоката во неговите деловни простории. ОЕО мора да поднесе посебно барање за одобрение за поедноставени постапки.

1. III.6 Индиректни поволности

82. Битно е да се нагласи дека покрај директните поволности, предвидени со царинските прописи, имателот на одобрение ОЕО може да има поволности кои не се директно поврзани со царинскиот дел на неговата деловна активност. Иако се сметаат за „индиректни" поволности и со тоа не се наведени во царинските прописи, тие се многу битни зошто може да имаат позитивно влијание на генералното работење на имателот на одобрение ОЕО.

1. III.6.1 Признат како безбеден и сигурен деловен партнер

83. Имателот на одобрение ОЕО кој ги исполнува критериумите за безбедност и сигурност се смета како безбеден и сигурен партнер во синџирот на снабдување. Тоа значи дека ОЕО чини се што е во негова моќ да ја намали заканата во синџирот на снабдување во кој учествува. ОЕО статусот вклучува и можност на користење на логото ОЕО што го зголемува неговиот углед.

84. Иако не е задолжително имателот на одобрение ОЕО да соработува само со други иматели, статусот ОЕО има позитивно влијание при воспоставување на нови деловни односи.

1. III.6.2 Подобри односи со царинските органи и другите државни органи

85. Воспоставеното партнерство во текот на процесот на издавање на одобрение и постојаната соработка помага кон подобро разбирање и наоѓање на заеднички решенија корисни за двете страни.

86. Имателот на одобрение ОЕО има определено контакт лице во царинскиот орган на кое може да му се обрати со своите прашања. Контакт лицето можеби нема да има одговори на сите прашања, но може да го извести имателот на одобрение кому да се обрати ако е потребно.

87. Со статусот ОЕО се стекнува и признание и важност во многу други подрачја. Моментално постојат низа потврди и одобренија за чие добивање постојат услови кои се слични со критериумите за добивање ОЕО статус или самиот статус ОЕО. Со оглед на тоа, имателот на одобрение ОЕО има предност при поднесувањето на барања за тие потврди/одобренија.

1. III.6.3 Други индиректни поволности

88. Статусот ОЕО им помага на економските субјекти детално да ги анализираат сите свои процеси поврзани со меѓународниот синџир на снабдување. Активностите на сите поединечни оддели генерално се оценуваат во текот на изготвувањето на барањето за одобрување на статусот ОЕО. Во најголем број на случаи ефикасноста и соработката на службите е оптимизирана за да може да се постигне поголема транспарентност и видливост во синџирот на снабдување.

89. Вложувањата на економските оператори во зголемување на нивните стандарди на безбедност и сигурност може да дадат позитивни резултати во следните подрачја: прегледност и следење, сигурност на вработените, развој на стандардите, избор на испраќач – добавувач и инвестирање, безбедност во транспортот, изградба на свесност за организациската инфраструктура и способностите, соработка со партнери во синџирот на снабдување, проактивни технолошки вложувања и доброволно придржување кон безбедносните прописи.

90. Некои примери на индиректни поволности кои може да произлезат од тие позитивни ефекти се:

- намалување на кражби и губитоци;
- помалку задоцнети пратки;
- подобро планирање;
- подобра услуга за клиентите;
- поголема лојалност на клиентите;
- подобро управување со залихите;
- поголема обврзаност на вработените;
- помалку инциденти поврзани со безбедност и сигурност;
- помалку инспекциски трошоци од добавувачи и зголемена соработка;
- помалку криминал и вандализам;
- поголема сигурност и комуникација меѓу партнерите во трговскиот синџир на снабдување.

91. Во следната табела на сумарен начин се претставени различните видови на достапни поволности:

Поволност	ОЕОЦ	ОЕОС	Правна основа
Полесен пристап до царински поедноставувања	X		чл. 6-а ст. 4 ЦЗ
Помалку физички и документарни контроли - поврзани со безбедност и сигурност - поврзани со други царински прописи	X	X	чл. 10-е ст.1 УСЦЗ чл. 6-а ст. 5 ЦЗ
Претходно известување во случај на селекција за физичка контрола (поврзана со безбедност и сигурност)		X	чл. 10-е ст.2 УСЦЗ чл. 6-а ст. 5 ЦЗ
Претходно известување во случај на селекција за царинска контрола - поврзана со безбедност и сигруност - поврзана со други царински прописи	X	X	чл. 10-е ст.3 УСЦЗ чл. 6-а ст. 5 ЦЗ
Приоритетен третман доколку е селектиран за контрола	X	X	чл. 10-е ст.4 УСЦЗ чл. 6-а ст. 5 ЦЗ
Можност за барање на различно место за спроведување на царинска контрола	X	X	чл. 10-е ст.4 УСЦЗ чл. 6-а ст. 5 ЦЗ
Индиректни поволности	X	X	
Взаемно признавање со други земји		X	Договор за взаемно признавање чл. 6-а ст. 6 ЦЗ

Глава IV - Соработка меѓу царинскиот орган и другите државни органи

92. Соработката со другите надлежни органи и усогласување на програмите е идентификувано и препознаено како клучен елемент за натамошен развој на ОЕО програмата. На тој начин се обезбедува сигурноста на глобалниот синџир на снабдување и се избегнува дуплирање на напорите и трошоците за надлежните органи и економските оператори.

    Како таква уште на почетокот е вклучена во Рамката на стандарди на Светската царинска организација (WCO SAFE) исто така и во царинските прописи.

93. Стратегијата на Царинската управа вклучува посебни цели поврзани со меѓу агенциска соработка и размена на информации меѓу царинскиот орган и другите надлежни органи, во која самата ОЕО програма има клучна улога.

94. Постојат бројни сертификати или одобренија во други области за кои условите за добивање се еден или повеќе критериуми од ОЕО статусот или самиот ОЕО статус.

    - воздухопловни прописи

95. Ако имателот на одобрение ОЕОС поднесе барање за статус „регулиран агент“ (RA) или „познат испраќач“ (KC), се смета дека потребните безбедносни барања се исполнети дококу критериумите за издавање на ОЕО се идентички или одговараат на критериумите за статусот регулиран агент или познат испраќач. Истиот принцип важи и во спротивната насока.

96. Во случај на „регистриран испраќач“ (AC), имателите на ОЕО не треба да потпишуваат изјава за преземање на обврски за „регистриран испраќач“ и се признаени од страна на регулираниот агент како регистриран испраќач доколку се исполнети условите од областа на безбедност во воздушниот сообраќај.

    - останати

97. Безбедноста и сигурноста добива на важност за различни учесници. Статусот ОЕО е една од најголемите сигурносни иницијативи во целиот свет и привлекува се поголемо внимание.

98. Во исто време, сертификатите и одобренијата издадени од царинскиот орган или друг државен орган го олеснуваат самиот процес на издавање на одобрение.

Глава V - Взаемно признавање

99. Во Рамката на стандарди на Светската Царинска Организација, взаемното признавање е клучен елемент за јакнење и овозможување на сеопфатна заштита на меѓународниот синџир на снабдување, за обезбедување на поволности за безбедните и сигурни економски оператори и воедно ги поттикнува царинските администрации кон взаемно признавање на ОЕО.

100. Взаемното признавање на ОЕО статусот преставува клучен елемент кон зајакнување на (end-to-end) синџирот на снабдување и зголемување на поволностите за операторите.

101. Взаемното признавање значи дека една царинска администрација во една земја
    - го признава одобрението ОЕО издадено во друга земја како друга програма и
    - се согласува да обезбеди значајни, споредбени и кога е возможно, реципроцитетни поволности на взаемно признатите ОЕО.

102. Поволности од взаемното признавање се:

    - Помалку контроли – статусот на учесникот во трговско партнерската програма е признаен од двете програми и се употребува како фактор во проценката на ризик во електронските системи.
    - Управување со ризик - царинската администрација може да ги идентификува доверливите економски оператори и го насочува својот фокус кон непознатите/недоверливи економски оператори.

Глава VI – Лого ОЕО

103. Овластените економски оператори имаат право да го користат логото ОЕО:

104. ОЕО логото е изработено од страна на Царинската управа на Република Северна Македонија.

105. Надлежниот царински орган за издавање на одобрение го дава логото на употреба на овластените економски оператори под следниве услови:
   - употребата на логото е условена од постење на важечко одобрение за ОЕО;
   - само имателот на одобрение може да го употребува логото;
   - ОЕО мора да престане да го употребува логото доколку неговиот ОЕО статус е суспендиран или укинат.

106. Секоја злоупотреба на логото е казнива.

Дел 2 – Критериуми за ОЕО

Глава I – Почитување на царинските и даночните прописи, вклучувајќи барателот да не сторил тешко кривично дело во врска со неговата економска дејност

2.I.1 Општо

107. Статусот овластен економски оператор се одобрува доколку барателот, согласно членот 6-б точка а) од ЦЗ *„не сторил тешка повреда или повеќекратни повреди на царинските и даночните прописи и не сторил тешко кривично дело во врска со неговата економска дејност“*.

108. Членот 10-а од УСЦЗ пропишува дека е критериумот е исполнет доколку во последните три години не е донесена одлука од надлежен прекршочен орган или суд во која е утврдено дека е извршена тешка повреда или повеќекратни повреди на царинските и даночните прописи и барателот не сторил тешко кривично дело поврзано со неговата економска дејност.

109. Членот 10-а од УСЦЗ не прави разлика во случај кога барателот е физичко или правно лице.

110. Кога барателот е физичко лице, наведениот критериум треба да биде исполнет од страна на:
   - барателот и
   - кога е применливо, вработениот одговорен за царински прашања.

111. Кога барателот е правно лице, наведениот критериум треба да биде исполнет од страна на:
   - барателот;
   - одговорното лице кај барателот или лицето кое има контрола над управувањето со правното лице и
   - одговорното лице кај барателот за царински прашања.

112. „Даночните прописи“ како поим од аспект статусот ОЕО треба да се подразбере од поширока перспектива, а не само на оние даноци кои се поврзани со увозот или извозот на стока (пр. ДДВ, акциза). Од друга страна,

„даночните прописи“ треба да се ограничат само на оние даноци кои се директно поврзани со економската дејност на барателот.

113. Меѓутоа, историјата на придржување кон царинските и даночните прописи може да се смета како исполнет критериум доколку надлежниот царински орган смета дека повредата е од незначителна важност во споредба со бројот или обемот на царински операции и доколку не предизвикува сомнеж во добрата намера на барателот.

114. Доколку лицето кое има контрола над управувањето на барателот е регистрирано во или е жител на друга земја или ако барателот е основан пред помалку од три години од поднесувањето на барањето, царинскиот орган врши проценка на почитувањето на барањата врз основа на податоци и информации кои се достапни.

115. Се препорачува на надлежниот царинскиот орган да ги земе предвид следните заеднички посебни околности при проценка на повредите на царинските прописи:

- проценката на исполнувањето на царинските барања треба да ја опфати проценката на сите царински активности на барателот вклучувајќи ги сите даночни елементи и земајќи ја предвид евиденцијата за сторено тешко кривично дело во врска со економската дејност на барателот;
- поимот „повреда“ не се однесува само на делата што ги откриле царинските органи при вршење на контрола во време на влез на стока во царинското подрачје или ставање на стока во царинска постапка. Се разгледуваат сите повреди на царинските прописи, даночните правила и кривичното право по кои била спроведена контрола извршена по завршување на царинските постапки, како и сите повреди откриени со помош на други царински одобренија и кој било друг извор на информации достапни на царинскиот орган;
- предвид се земаат и повреди сторени од шпедитери, царински застапници или други страни кои делуваат во име на барателот. Барателот треба да докаже дека се преземени сите потребни мерки од страна на сите лица кои дејствуваат во негово име, како што се јасни насоки дадени на тие лице, следење и проверка на точноста на декларациите и поправка кога ќе се случи грешка;

- неусогласеноста со домашното нецаринско законодавство или законодавство поврзано со не оданочување на барателот во друга држава не треба да се занемари, иако во тој случај таквата неусогласеност треба да се разгледа во однос на добрата намера на економскиот оператор и важноста за неговата царинска активност;
- ако казната поврзана со некоја повреда е ревидирана од надлежно тело по поднесена жалба или дополнителна контрола, сериозноста на повредата треба се разгледува на основа на ревидираната одлука. Ако надлежниот орган во целост ја поништил казната за повредата се смета дека не е сторена повреда.

2.I.2 Повреди од незначителна важност

116. Повреди од незначителна важност се дејствија со кои настанало сторување на некоја повреда на царинските и даночните прописи, но не се доволно важни за да се сметаат за индикатор на ризик во поглед на меѓународното движење на стоката, безбедносните прашања или побаруваниот царински долг.

117. За да може да се утврди што може да се смета за повреда од незначителна важност, прво треба да се истакне дека сите случаи се разликуваат и дека секој случај треба поединечно да се разгледува во однос на историјата на придржување, природата на активностите и големината на економскиот оператор.

118. Ако се донесе одлука дека повредата е од незначителна важност, економскиот оператор треба да докаже дека имал намера да преземе мерки за намалување на бројот на грешки во своите царински постапки.

119. Следната листа на проверка може да му помогне на царинскиот орган при проценката дали една повреда е од незначителна природа:

- не смее да постои намера за сторената измама;
- повредите треба да се разгледуваат кумулативно во споредба со вкупниот обем на спроведени операции;
- потребно е да се утврди дали повредата е издвоено или изолирано дејствие на едно лице внатре во главната организација на трговското друштво;

- секогаш треба да се земе предвид контекстот на повредата;
- системот за внатрешна контрола кај барателот треба да биде воведен и треба да се земе предвид дали повредата ја открил самиот барател, како резултат на сопствени внатрешни проверки и дали веднаш ја пријавил на царинскиот орган;
- дали барателот веднаш презел мерки да ги исправи тие дејствија или го избегнува нивното сторување во иднина;
- природа на повредата – царинскиот орган треба да ги земе предвид видот и обемот на повредите. Некои грешки може да се дефинираат како незначителни зошто не влијаат на износот на царинскиот долг кој треба да се плати, на пример, неточно распоредување на два артикли со иста царинска стапка, при што не постои разлика во однос на други мерки применливи за тие артикли (пр. забрани и ограничувања). Други повреди може да влијаат на износот на давачки кој треба да се плати, но разликата не се смета за битна во смисла на бројот и количината на декларации кои ги поднесува барателот.

120. Во случаи кога како резултат на проценката сторените повреди се сметаат за незначителни, не се заклучува дека постои непочитување на барањата на царинскиот орган за спроведување на царинските формалности.

121. Разгледувајќи го погоре наведеното и под услов во секој анализиран случај да не постојат никакви други околности кои треба да се земат предвид, следните повреди може да се наведат како примери на повреди од незначителна природа:

- пропусти кои немаат значително влијание на спроведувањето царинските постапки дефинирани во член 4 точка 20) од ЦЗ;
- помали непридржувања на барањата за максималниот рок во кој стоката може да има статус на привремено чување или кои било други рокови применливи на стоката во рамките на која било одложувачка постапка односно увоз за облагородување или привремен увоз, а тоа да влијае на точното утврдување на настанатиот царински долг;
- изолирани, еднократни грешки кои ги сторил економскиот оператор при пополнување на потребни податоци во поднесени царински декларации, под услов тие грешки да не резултираат со неточно утврдување на настанатиот царински долг.

2.1.3 Повторени повреди

122. Во случај на повреди кои иницијално може да се сметаат за помали или незначителни, царинскиот орган потребно е да утврди дали се работи за повреди од иста природа. Во тој случај царинскиот орган потребно е да анализира дали тоа повторување е резултат на постапување на едно или повеќе лица кај барателот или се резултат на структурални недостатоци во внатрешните системи на барателот.

123. Царинскиот орган исто така треба да утврди дали видот на повредата продолжува да се повторува барателот ја утврдил причината на сторената повреда, ја отстранил и таквиот вид на повреда во иднина нема да се повтори.

124. Во случај повредата се повтори во различни временски периоди, тоа би можело да значи дека внатрешниот систем на управување на трговското друштво е несоодветен во поглед на донесување на мерки за спречување на повторување на таков вид на повреди во иднина.

125. Во поглед на повторени повреди кои се однесуваат на даночните прописи важи дефиницијата која ја утврдува надлежниот даночен орган.

2.1.4 Тешки повреди

126. Следното треба да се земе предвид во случај на разгледување на тешките повреди:

а) намерни дејства

Намерни дејства или измама – што значи дејство кое е докажано дека е сторено со целосно знаење и намера од страна на барателот, одговорното лице кај барателот или лицето кое има контрола над управувањето или одговорното лице за царински прашања кај барателот, се сметаат за потешки повреди од истоветни повреди во други околности, дури и ако природата на грешката се смета дека е од незначителна важност;

б) природа на повредата

Ако повредата е од таква природа за да може да се смета за потешка повреда на царинските и даночните прописи и ако повлекува изрекување потешки казни или поведување на кривична постапка;

в) очигледна небрежност

Европскиот суд на правдата утврдил три фактори кои треба да се земат предвид при проценката дали едно трговско друштво било крајно небрежно: сложеноста на царинските прописи, грижата и искуството на трговското друштво. Ако царинскиот орган утврди дека трговското друштво било очигледно небрежно, тоа може да биде показател дека станува збор за потешка повреда;

г) Индикатор за сериозен ризик поврзан со безбедноста и сигурноста или повреди на царинските и даночните прописи и кривични дела поврзани со економската дејност

Потешки повреди може да бидат и оние повреди, иако сторени од барателот без измама, меѓутоа претставуваат индикатор за сериозен ризик во поглед на безбедноста и сигурноста или повреди на царинските и даночните прописи и кривични дела поврзани со економската дејност.

127. Разгледувајќи го погоре наведеното и под услов во секој анализиран случај да не постојат никакви други околности кои треба да се земат предвид, следните повреди може да се наведат како примери на потешки повреди:

а) царински прописи

- криумчарење;
- царинска измама – на пример намерно грешно распоредување на стоката, намалување на вредноста или пријавување на лажно потекло со цел да се избегнат царинските давачки;
- повреди поврзани со правата од интелектуална сопственост;
- измами поврзани со антидампинг мерки;
- повреди поврзани со забрани и ограничувања;
- фалсификување;
- секоја друга повреда поврзана со царински барања.

б) даночни прописи

- даночна измама;
- затајување на данок;
- кривични дела поврзани со акцизи;

в) тешки кривични дела поврзани со економската дејност

- лажен стечај;
- кривични дела против здравјето на луѓето на пр. производство и пуштање во промет штетни средства за лекување;
- кривични дела против животната средина и природата на пр. внесување на опасни материи во земјата;
- измама поврзана со двојната употреба на стоката;
- учество во криминални организации;
- давање и примање поткуп;
- царинска измама;
- компјутерска измама;
- перење пари и други приноси од казниво дело;
- директно или индиректно вклучување во терористички активности;
- меѓународен тероризам;
- криумчарење;
- криумчарење на мигранти.

Глава II – Ефикасен систем на управување со трговската, а кога е соодветно и транспортната евиденција, кој овозможува соодветни царински контроли

2.II.1 Општо

128. Со цел да му се овозможи на царинскиот орган да утврди дали барателот има воспоставено високо ниво на контрола над неговите дејности и движењето на стока, преку систем за управување со трговската, а кога е соодветно и транспортната евиденција, кој овозможува соодветни царински контроли, барателот треба да ги исполни барањата пропишани со членот 10-б од УСЦЗ.

129. Следните генерални фактори треба да бидат земени предвид во врска со проверката на овој критериум:

- потребно е да се изврши проверка на барателот во однос на сите царински активности кои ги спроведува;
- царинскиот органи треба да ги искористи сите расположливи податоци и знаење од сите одобренија кои му се претходно издадени на барателот. Генерално, не треба повторно да се проверува оној дел од неговото работење ако претходната проверка е извршена во краток временски период пред поднесувањето на барањето за ОЕО и ако немало дополнителни промени. Меѓутоа, потребно е царинскиот орган да се обезбеди дека таа претходна проверка ги опфатила сите различни аспекти и поткритериуми;
- се препорачува дел од проверката да се изврши на лице место при посета на трговското друштво;
- за време на извршувањето на контрола во деловните простории на барателот потребно е да се разгледаат неколку клучни елементи: проверка дали податоците наведени во барањето и другите документи се точни, дека постапките/процедурите опишани од барателот се документирани и имплементирани во пракса; тестирање на трансакциите со цел да се провери фактот дека во евиденцијата на барателот постои дневник на финансиски промени; проверка дали компјутерскиот систем во разумна мера е заштитен против упади и манипулации, дека постои следственост и забележување на сите измени со цел да се следат сите промени по потреба.

130. При проверката на посебните барања пропишани со членот 10-б од УСЦЗ, царинскиот орган треба секогаш да ја земе предвид посебната природа/работењето и големината на економскиот оператор, воедно имајќи ги и предвид бројните заеднички услови.

2.II.2 Ефикасен систем на управување со трговската и транспортната евиденција

Членот 10-б став (1) точка а) од УСЦЗ пропишува дека барателот потребно е ***„да води сметководствен систем кој соодветствува со основните прифатени сметководствени принципи кои се применуваат во Република Северна Македонија, кој овозможува спроведување на царинска контрола заснована на ревизија и води историски податоци кои овозможуваат***

ревизорска трага од моментот кога тие податоци се внесени во евиденцијата".

131. Во сметководството дневникот на финансиски промени е процес или чекор на поврзување на сите книговодствени записи со нивниот извор за да може да се олесни проверката на неговата точност. Целокупниот дневник на финансиски промени го следи циклусот на деловни активности на барателот, а во овој случај поврзано со текот на пратките, стоката и производите кои влегуваат во деловните простории на трговското друштво, се обработуваат и ги напуштаат.

132. На многу трговски друштва и организации потребено им е постоењето на дневникот на финансиски промени во рамките на нивните автоматизирани системи од безбедносни причини. Од значење е да се комбинираат проверките извршени во деловниот систем со проверки извршени заради проверка на безбедноста и сигурноста.

133. За безбедноста и сигурноста од значење е, ако е тоа потребно, податоците во деловниот систем да го следат физичкото движење на пратките, стоката и производите и тоа би требало да биде дел од проверката. Исто така од важност е, доколку е потребно, податоците во деловниот систем да го следат физичкото движење на пратките, стоката и производите и тоа да биде предмет на проверка.

134. Исто така, од значење е кога е соодветно, податоците во деловниот систем да го одразуваат протокот на пратките, стоката и производите и мерките преземени со цел нивна безбедност и сигурност во различните фази на меѓународниот синџир на снабдување во кои е вклучен ОЕО.

135. Тестовите на трансакциите треба го потврдат двете наведени прашања и воедно да потврдат дека трговското друштво ги следи определените рутини во сите прилики.

136. Во дневникот на финансиски промени се води архива на податоци која овозможува да се следи некој податок од моментот на неговиот влез во сметководствениот систем до моментот на излез од него.

Членот 10-б став (1) точка б) од УСЦЗ дека *„евиденцијата која ја води барателот за царински цели е вклучена во неговиот сметководствен*

систем или овозможува спроведување на вкрстени проверки на информациите со сметководствениот систем".

137. Некои економски оператори употребуваат софтвер за управување со ресурсите (Enterprise Resource Planning (ERP)) во кој се пресликани основните процеси кај барателот. Евиденцијата која се води за царински цели може да биде интегрирана или поврзана со овој софтвер.

138. Нема потреба, особено за малите и средни трговци, да употребуваат еден интегриран систем, но потребно е да постои можноста за вкрстени проверки меѓу царинската евиденција и сметководствениот систем. Тоа може да се постигне преку автоматизирано поврзување, интерфејс или дури вкрстено упатување во двата система или документацијата.

Членот 10-б став (1) точка в) пропишува дека ***„барателот му дозволува на царинскиот орган физички пристап до неговиот сметководствен систем, а кога е применливо до неговата трговска и транспортна евиденција".***

Членот 10-б став (1) точка г) пропишува дека ***„барателот му дозволува на царинскиот орган електронски пристап до неговиот сметководствен систем, а кога е применливо до неговата трговска и транспортна евиденција кога тие системи или евиденции се чуваат електронски".***

139. Пристапот до евиденцијата на трговското друштво се дефинира како можност за добивање на потребните податоци, без оглед каде тие податоци физички се чуваат. Потребните податоци ја вклучуваат евиденцијата на трговското друштво, како и други податоци кои се потребни за извршување на дополнителна контрола.

140. Кон податоците може да се пристапи на повеќе начини:
   - преку хартиена документација: со предавање на печатени примероци со потребните податоци. Хартиените примероци се соодветни кога количината на податоци е ограничена. Таа ситуација може да се случи, на пример, при проверка на годишната сметка;
   - преку преносливи носачи на податоци: потребните податоци се доставуваат на ЦД РОМ или сличен медиум. Оваа ситуација е соодветна кога се работи за поголема количина на податоци и кога е потребна нивна обработка;

- по електронски пат: преку информативниот систем на трговското друштво при посета на лице место, употреба на електронски канали за размена на податоци, вклучувајќи и интернет.

141. Без оглед на кој начин може да се пристапи до податоците, царинскиот орган треба да ја има можноста да ги провери и анализира (пр. можност за работа со податоци). Од значење е исто така, податоците да се секогаш ажурирани.

142. За ова посебно барање, предвид се зема видот и природата на малите и средни трговски друштва. На пример, секој барател на ОЕО потребно е да докаже дека има добар систем кој ја олеснува царинската контрола заснована на ревизија, но начинот на докажувањето на тоа може да се разликува. За големите трговски друштва можеби е неопходно да имаат интегриран електронски систем на евидентирање кој директно го олеснува спроведувањето на ревизијата додека за малите и средните трговски друштва може да е доволно да имаат едноставен систем на евидентирање во хартиен облик кој му овозможува на царинскиот орган спроведување на релевантните проверки.

Членот 10-6 став (1) точка д) од УСЦЗ пропишува дека *„барателот има логистички систем кој препознава домашната од странката стока и ја означува, а кога е применливо нејзината локација“.*

143. Потребно е да се процени како странската стока или стоката која подлежи на царински надзор се разликува од домашната стока. Согласно членот 10-6 став (2) од УСЦЗ за барателот на ОЕОС не се применува оваа обврска. Причината за тоа е дека одредбите кои се однесуваат на безбедност и сигурност не разликуваат домашна од странска стока. Безбедносните барања се применуваат за целата стока која влегува во царинското подрачје или излегува од него, без оглед на нејзиниот статус.

144. Може да се смета дека малите и средни трговски друштва го исполнуваат ова барање ако разликата меѓу домашна и странска стока може да се утврди по пат на едноставна податочна датотека или евиденција во хартиен облик, под услов со нив да управува безбедно и да се заштитени.

Членот 10-6 став (1) точка ѓ) од УСЦЗ пропишува дека *„барателот има административна организација која соодветствува со видот и обемот на деловните активности и е погодна за управувањето со движењето на стока, и има внатрешни контроли соодветни за спречување, откривање и*

исправка на грешки и спречување и откривање на нелегални и неправилни трансакции".

145. Треба да се земе предвид дека не постои „стандардно правило" за административна организација. Најважно е барателот да докаже дека неговата постоечка административна организација е соодветна, имајќи го предвид деловниот модел на подносителот, за управување со протокот на стока и да постои соодветен систем на внатрешна контрола. Врз основа на ова користењето на „количински прагови" т.е. минимален број на вработени и слично е несоодветно.

146. И покрај претходно наведеното, се очекува да постојат пишани процедури и работни упатства со јасен опис на процесите, компетенциите и застапување во случај на отсуство и истите да се имплементирани. За микро и мали трговски друштва тие очекувања може да се исполнат со помош на други соодветни средства кои треба да се докажат на надлежниот орган за издавање на одобрението.

147. Процедурите за внатрешна контрола не влијаат само на секојдневното функционирање на одделот одговорен за процедурите опфатени со царинските прописи, туку и на сите услуги вклучени со управување на тие активности во врска со меѓународниот синџир на снабдување во кој е вклучен барателот. Постојат повеќе примери на внатрешна контрола, од едноставни „правила на двостепена проверка" до сложени електронски проверки на веројатност.

148. Секоја неправилност во административната организација вклучувајќи и повреди на царинските прописи може да бидат индикатор дека внатрешниот контролен систем не е делотворен. Секоја повреда на царинските прописи треба детално да се провери од аспект на исполнување на ова барање, а со цел да се преземат мерки за подобрување на внатрешниот контролен систем и да се избегне повторување на такви повреди во иднина.

Членот 10-6 став (1) точка е) од УСЦЗ пропишува дека *„барателот има воспоставено задоволителни процедури за управување со дозволи и одобренија издадени во согласност со мерките на трговската политика".*

149. По потреба, врз основа на податоците наведени во Прашалникот за самооценување и сите останати информации достапни на царинскиот орган

важно е однапред да се утврди дали барателот тргува со стока која подлежи на дозволи (на пр. фармацевтска индустрија). Ако е така, треба да се воспоставени соодветни рутини и процедури за администрирање на дозволите поврзани со увоз и/или извоз на стока.

150. Доколку е потребно, практичната примена на тие рутини и процедури потребно е да се проверат на лице место. Во случај трговијата со вид на стока кој подлежи на каква било дозвола која ја издава друг надлежен орган, препорачливо е царинскиот орган да се советува со тие надлежни органи за да добијат каква било дополнителна информација за подносителот на барање.

Членот 10-б став (1) точка ж) од УСЦЗ пропишува дека *„барателот има воспоставено задоволителни процедури за архивирање на својата евиденција и информации, како и процедури за заштита од губење на информациите“.*

151. Потребно е да се проценат процедурите на барателот за архивирање и враќањето на евиденцијата и информациите, вклучувајќи го и видот на медиумот и видот на компјутерската програма во која податоците се архивираат и дали информациите се компресираат и во која фаза.

152. Ако се користи трето лице, предметните постапки мора да бидат јасни, особено зачестеноста на изработката и локацијата на сите безбедносни копии и архивирани информации.

153. Значаен аспект на овој поткритериум е поврзан со можните уништувања или губења на важните информации. Затоа треба да се провери постоење на сигурносен план, вклучувајќи и акциските точки кои ги опишуваат мерките кои се преземаат во случај на инциденти и дали тој план редовно се ажурира.

154. Потребно е да се изврши и проверка на сите вообичаени процедури за изработка на сигурносни копии кога информатичкиот систем не работи.

Членот 10-б став (1) точка з) од УСЦЗ пропишува дека *„барателот обезбедува дека соодветните вработени се упатени да ги информираат царинските органи секогаш кога ќе се откријат потешкотии со усогласеноста и има воспоставено процедури за информирање на царинските органи за таквите потешкотии“.*

155. Подносителот на барање треба да има воспоставено процедура за известување на царинските органи во случај на појава на потешкотии во врска со усогласеноста со царинските прописи и да има именувано лице за контакт одговорно за известување на царинските органи.

156. На вработените, вклучени во трговскиот синџир на снабдување, треба да им се дадат формални упатства за да ги спречат потенцијалните потешкотии при усогласувањето со царинските барања. Сите утврдени потешкотии треба да се пријават на назначеното одговорно лице/лица и/или на неговиот заменик/заменици.

157. За таа цел, корисно е, контакт деталите од назначеното лице да се јасно видливи за вработените кои работат со стока, како и вработените кои работат со информации (на пр. закачени на табла/или до телефон)

Членот 10-б став (1) точка s) од УСЦЗ пропишува дека *„барателот има воспоставено соодветни безбедносни мерки за заштита на неговиот компјутерски систем од неовластен влез како и обезбедување на неговата документација“.*

158. Задолжително е да постојат процедури за заштита на информатичкиот систем од неовластени влезови и сигурност на податоците. Тоа може да вклучува контролиран пристап во информатичкиот систем со помош на лозинки, заштита од неовластен влез на пр. заштитен sид и анти-вирусна заштита, воедно и начин на кој барателот ги архивира и обезбедува сигурното чување на документите.

159. Безбедносните мерки не треба да се однесуваат само на хардверот кој се наоѓа во просториите на барателот, туку и преносни уреди преку кои се пристапува до податоците на барателот (на пр. шифрирање на хард дискот на лаптоп, лозинки за паметни телефони).

160. Персоналните компјутери треба автоматски да се заклучуваат по краток период на неактивност. Компјутерите треба да имаат редовно ажурирање на анти-вирусната програма и заштитниот sид. Конфигурацијата на компјутерите треба да е централно администрирана.

161. Серверите треба да се сместени во заклучени простории со ограничен и контролиран пристап на надлежните вработени.

Членот 10-6 став (1) точка и) од УСЦЗ пропишува дека ***„барателот има воспоставено задоволителни процедури за управување со увозните и извозните дозволи и одобренија поврзани со забрани и ограничувања, вклучувајќи и мерки за разликување на стоката која е предмет на забрани и ограничувања од другата стока и мерки за обезбедување на усогласеност со тие забрани и ограничувања“.***

162. Управувањето со увозни и/или извозни дозволи и одобренија поврзано со забрани и ограничувања претходно беше дел од критериумот за безбедност и сигурност и со тоа ограничен само на ОЕОС статусот заради спречување на злоупотреба и незаконска испорака на стока која подлежи на критериумот поврзан со безбедност и сигурност.

163. Тие постапки може да:
   - вклучуваат разликување на стока кој подлежи на нефискални барања од другата стоката;
   - вклучуваат проверка дали спроведените постапки се во согласност со важечките (нефискални) прописи;
   - бидат поврзани со ракување со стока предмет на ембарго;
   - бидат поврзани со управување со дозволи;
   - вклучуваат друга стока која е предмет на забрани;
   - вклучуваат идентификација на стока со потенцијална двојна намена и вообичаени постапки поврзани со ракување со таа стока.

164. Поврзано со ова барање клучно е вработените да се свесни за важноста на нефискалните барања, правилната класификација на стока и одржување и ажурирање на главните податоци.

165. Редовни обуки или самостојно учење на прописите кои се менуваат е задолжително за трговските друштва кои ракуваат со горенаведената стока.

166. Од клучно значење за економскиот оператор е да контактира на надлежниот државен орган за нефискалните барања доколку има некакви прашања уште од најрана фаза. Ова е од особено значење за новоформираните трговски друштва или оператори кои ја прошируваат својата дејност.

167. При проверка на ова барање, царинскиот орган треба да се консултира со вклучените надлежни државни органи за да добие што повеќе информации за процесите кои ги спроведува економскиот оператор.

Глава III - Докажана финансиска солвентност

2. III.1 Општо

168. Како што е пропишано во членот 6-б точка в) од ЦЗ, барателот треба да докаже дека има добра финансиска состојба која му овозможува исполнување на неговите обврски, имајќи ги предвид карактеристиките на видот на неговите деловни активности. Членот 10-в од УСЦЗ подетално ги пропишува очекувањата на надлежниот царински орган за издавање на одобрението во врска со пропишаниот критериум во членот 6-б точка в) од ЦЗ.

169. За да се провери дали барателот го исполнува критериумот од членот 10-в од УСЦЗ, царинскиот орган треба да го земе предвид следново:

- барателот не е предмет на постапка на ликвидација;

- во последните три години пред поднесувањето на барањето, барателот ги исполнил своите финансиски обврски поврзани со плаќање на царинските давачки и сите други давачки, даноци или трошоци кои се наплатуваат при или во врска со увоз или извоз на стоката и

- барателот докажува врз основа на евиденцијата и информациите достапни за последните три години пред поднесување на барањето, дека има добра финансиска состојба за исполнување на обврските и задолженијата поврзани со видот и обемот на неговата деловна активност, вклучувајќи и непостоење на негативни нето средства освен ако истите можат да бидат обезбедени.

170. Ако барателот е основан помалку од три години неговата финансиска состојба се проверува врз основа на евиденцијата и информациите за временскиот период за кој истите се достапни.

171. Изразот „несолвентност“ во рамките на оваа глава од прирачникот не може да се смета истоветно со „ликвидација“ термин кој означува законски прогласена, најчесто судски, неможност или намалена способност на трговското друштво да ги исплати своите доверители.

172. За овој критериум фокусот е повеќе на техничкото значење на несолвентност и можниот ризик, заради неговата економска и финансиска состојба, економскиот оператор да не може да ги подмири своите долгови.

173. Во овој контекст потребно е внимателно да се разгледа и оцени секој индикатор дека економскиот оператор не може или нема да може во блиска иднина да ги подмири своите финансиски обврски.

2.III.2 Извори на информации

174. Кога се проверува критериумот докажана финансиска солвентност од значење се сите информации, кога е соодветно, да се разгледаат заедно, со цел да се добие севкупен впечаток. Еден индикатор не треба да се разгледува изолирано и одлуката треба да се заснова на целокупната позиција на барателот што значи обезбедување на главната цел дека предметниот економски оператор може да ги исполнува своите обврски по одобрување на статусот ОЕО.

175. Царинскиот орган може да земе предвид различни извори на информации при проверката на овој критериум, како:

- службени евиденции за несолвентност, ликвидација и управување;
- евиденции за плаќање на царинските и други давачки, даноци или трошоци кои се прибираат при или во врска со увозот или извозот на стоката во текот на последните три години;
- објавени финансиски извештаи и биланси на барателот кои ги опфаќаат последните три години со цел да се анализира способноста на барателот за плаќање на неговите законски обврски;
- предлог биланси (сметки) или известувања од управата на трговското друштво, посебно сите привремени известувања и најновите прогнози на прилив и одлив на парични средства, биланси за успех и загуба одобрени од управителот/партнерите/трговецот поединец, особено ако последните објавени финансиски извештаи не претставуваат потребен доказ за моменталната финансиска состојба или ако барателот започнал со работа неодамна;

- анализа на деловната оправданост на барателот ако се финансира преку кредити од финансиски институции врз основа на договор за заем/кредит со нив;
- заклучоци од друштва за кредитен рејтинг, асоцијации за кредитна заштита или други државни органи за проценка и рејтинг;
- која било пристапна финансиска информација како правна евиденција, достапни податоци на интернет, финансиски вести и сл.;
- други докази кои барателот може да ги обезбеди, на пример, гаранција од трговското друштво – мајка со кое се докажува финансиската солвентност на подносителот на барањето.

2. III.2.1 Барателот да не е предмет на постапка на ликвидација

176. Доколку барателот е во постапка на ликвидација или стечај, критериумот за финансиска солвентност пропишан во членот 6-б точка в) од ЦЗ и 10-в од УСЦЗ се смета дека не е исполнет.

177. Доколку барателот е предмет на која било форма на несолвентност, усогласеноста со горенаведениот критериум треба дополнително да се провери, на пример контролирано управување од трето лице кое е назначено со решение од надлежен суд..

178. Потребно е да се соберат информациите врз основа на околностите кои довеле до поведување на постапките (економска рецесија, престанок на постоење на друштвата-ќерки, привремени и неочекувани промени во пазарните трендови), како и причините за долгуваните износи.

179. Долгуваните износи може да се споредат со износите на различните видови на средства на барателот, на пример тековни средства (готовински пари и останати тековни средства, вклучувајќи и побарувања кои може да се претворат во готовински пари во рамките на една година), долгорочни средства (недвижности, погони и опрема и друг капитален имот, нето без амортизација), нематеријални средства (средства со одредена вредност која не мора да биде реализирана, како што е гудвил, патенти, авторски права и препознавање на трговски марки) и аванси (издатоци за идни трошоци или трошоци како што се осигурување, камати или наеми) и одложени средства.

2.III.2.2 Плаќање на царинските давачки и сите други давачки, даноци или трошоци кои се наплатуваат при или во врска со увозот или извозот на стоката

180. Царинскиот орган може да утврди дали барателот ги платил навреме или со задоцнување царинските давачки/даноци кои согласно прописите требало да се платат, во последните три години. Тука не се вклучени износите кои се уште не се законски доспеани или во однос на кои поведена е жалбена/тужбена постапка.

181. Царинскиот орган, по исклучок, може да го одложи извршувањето на донесеното решение целосно или делумно, се до правосилноста на истото. Кога решението има за ефект наплата на увозни или извозни давачки, одложувањето на извршувањето на тоа решение може да се одобри само доколку давачките се обезбедени со поднесување на соодветна гаранција согласно членот 7 став (5) од ЦЗ.

182. Општо, ако барателот ги нема платено износите кои се законски доспеани, критериумот за докажана финансиска солвентност не е исполнет.

183. Меѓутоа, треба да се проверат причините за неплаќањето или задоцнетото плаќање со цел да се утврди дали постојат прифатливи олеснителни околности. Како примери за олеснителни околности кои може да се вклучат:

- краткорочен или еднократен проблем во врска со текот на парите или ликвидноста, при што целокупниот финансиски статус и доверливост на подносителот на барање не е под знак прашање;
- ако подносителот на барање плаќањето го извршил со задоцнување заради административна грешка, а не заради скриен проблем поврзан со солвентноста, тоа не би требало да влијае на исполнувањето на овој критериум.

184. Трговското друштво може да поднесе барање за начинот на плаќање предвиден во членовите 240 и 240-6 од ЦЗ. Постоењето на ваквиот вид на барања не треба автоматски да се смета дека барателот не е во можност да плати и со тоа да не му се одобри статусот ОЕО.

185. Меѓутоа, освен било кои одобрени начини на плаќање, во другите случаи долгуваните износи треба да се платени во рамките на законски пропишаниот рок.

186. Обврските пропишани со одредбите од Поглавје 7 од УСЦЗ се смета дека се поврзани не само со плаќањето, туку и со роковите за плаќање. Секое непридржување на овие рокови треба се разгледа имајќи го предвид видот и севкупната усогласеност на барателот со царинските прописи.

187. Кога е применливо, доколку трговското друштво има барање за враќање на царинските давачки и сите други давачки, даноци или трошоци кои се наплатуваат при или во врска со увозот или извозот на стоката, евиденцијата и податоците од тоа враќање може да биде предмет на идна проверка од страна на надлежниот царински орган за издавање на одобрение.

2.III.2.3 Барателот може да докаже дека има доволно финансиски средства за намирување на своите обврски

188. Царинскиот орган може да утврди дали барателот ги намирува своите правни долгувања на трети лица проверувајќи ги сите финансиски извештаи на барателот во последните три години, земајќи предвид:

- согласно Законот за трговските друштва[3], трговските друштва сметките ги поднесуваат во роковите пропишани со тој закон. Неуспехот во поднесувањето на сметки во рамките на предвидените рокови е показател дека трговското друштво има проблеми со својата евиденција или дека има финансиски потешкотии. Доколку роковите не се почитуваат, царинскиот орган треба да продолжи со натамошната контрола со цел да се утврдат причините за тоа;
- сите ревизорски квалификации или забелешки во врска со континуитетот на трговското друштво, на пример дадени од страна на ревизор или управител. Кога внатрешните или надворешните ревизори се сомневаат во солвентноста на трговското друштво, може да ги квалификуваат сметките или податоците со резерви во извештајот. Слично на тоа, управителот исто така може да даде таква забелешка. Доколку е така, царинскиот орган треба да испита зошто ревизорот или управителот дал

[3] Објавен на интернет страницата на Министерството за економија www.economy.gov.mk

таква забелешка и да се разгледа нејзиното значење за трговското друштво;

- сите неизвесни обврски или резервирања. Значајните неизвесни обврски може да укажуваат на способноста на барателот да ги плати идните долгови;
- сите дополнителни финансиски документи како биланси на успех или извештај за паричните текови може да се употребат за проценка на финансиската состојба на трговското друштво;
- доколку е достапно, анализа на коефициент (на пр. тековен коефициент (тековните средства намалени за тековните обврски) преку која се мери способноста на трговското друштво во поглед на исполнување на тековните обврски од ликвидните средства;
- сите останати заклучоци дадени од финансиски или истражувачки институции;

други показатели интересни за проценка, како прашања дали во трговското друштво имало голем штрајк, дали трговското друштво ги изгубило главните проекти во кои било вклучено или дали трговското друштво ги загубило своите главни и клучни добавувачи.

189. Ако барателот користи одложувачка царинска постапка како што е транзит или царинско складирање, генерално веќе требал да докаже дека има доволно финансиски средства за обезбедување на своите обврски во рамките на тие постапки. На пример, ако барателот во врска со транзит веќе има одобрено намален износ на гаранција или е ослободен од поднесување на гаранција, царинскиот орган ќе мора тоа да го земе предвид дека барателот веќе докажал дека има доволно финансиски средства за исполнување на своите обврски кои би можеле да настанат при спроведување на транзитната постапка.

190. Во тие случаи, доколку барателот не бара вршење и на други царински активности, нема потреба од повторно испитување од страна на царинскиот орган или повторување на веќе спроведените проверки.

2.III.2.4 Барателот нема негативни нето средства, освен кога тие може да се покријат

191. Царинскиот орган треба да испита два клучни показатели во финансиските извештаи и билансите за да го процени критериумот докажана солвентност: ставката нето краткорочни средства (тековни средства минус тековните обврски) и ставката нето средства (вкупните тековни средства минус вкупните обврски)

- ставката нето тековни средства е значаен показател дали барателот има доволно капитал за извршување на своите секојдневни активности. Царинскиот орган треба да ги спореди нето тековните средства од три сетови на сметки за да се утврдат битните трендови во текот на три години и се проверат причините за сите промени, на пример ако ситуацијата на нето тековните средства се промени од позитивна во негативна или нето тековните средства го зголемуваат негативниот тренд. Тоа може да биде заради влијанието на послабиот промет, лошите услови за тргување или зголемени трошоци. Царинскиот орган треба да процени дали е тоа резултат од краткорочни фактори или пак влијае на долгорочната одржливост на трговското друштво;
- ставката нето средства е важен показател на долгорочната одржливост на барателот и неговата способност за плаќање на обврските. Се очекува трговското друштво да има позитивни нето средства за да го исполнува критериумот докажана финансиска солвентност. Ако нето средствата вклучуваат значајни нематеријални средства како што е гудвил, царинскиот орган треба го разгледаа фактот дали тие нематеријални средства имаат каква било вистинска пазарна вредност. Царинскиот орган исто така треба да ја земе предвид природата на трговското друштво и времето на неговото постоење. Во некои случаи за трговското друштво може да биде вообичаено да има негативни нето средства, на пример кога друштвото основач основа друго друштво заради истражување и развој и кога обврските може да се финансираат со заем од друштвото основач или финансиска институција. На сличен начин новото трговско друштво може често да работи со загуба или негативни нето средства по основањето, за период додека ги развива своите производи или ја зголемува својата база на купувачи, односно пред да почне да ја враќа нивната инвестиција, во годините што следат. Во тие околности негативните нето средства не смеат да бидат показател кој

укажува дека трговското друштво не може да ги подмири своите законски обврски.

192. Исто така потребно е да се прегледаат нацрт сметките или извештаите на органите за управување, по последните потпишани финансиски извештаи, до конкретниот датум, за да се утврди дали дошло до значителни промени во финансиската ситуација кај барателот која може да влијае на неговата финансиска солвентност.

193. Ако постои двоумење, барателот може да преземе бројни акции за зголемување на ставката нето средства. На пример, дополнителен капитал може да се добие по пат на емисија на акции. За мултинационалните трговски друштва негативните нето средства често може да се произлезат од трансакции и обврски внатре во групацијата. Во тие околности обврските често се обезбедуваат со гаранција на друштвото основач (или друштва групација).

2.III.3 Финансирање преку заем од друго лице или финансиска институција

194. Доколку барателот се финансира со заем од друго лице или финансиска институција, царинскиот орган може исто така да побара од барателот примерок од неговата анализа за деловна оправданост и договор за банкарскиот кредит или друг истозначен документ.

195. Царинскиот орган треба да ја спореди анализата за деловната оправданост и/или договорот за кредит со најновите извештаи за паричните текови, билансите, предвидувањата за добивка и загуба за да се обезбеди дека барателот делува во рамките на своите одобрени можности за пречекорување и работи во согласност со временскиот план на завршување на неговата анализа за деловната оправданост. Ако постојат разлики потребно е да се истражат причините за тоа.

196. Меѓутоа, царинскиот орган може да побара дополнителни докази како што е потврда за преземање обврски од заемодавецот или договор за банкарскиот кредит и да го утврди временскиот период на заемот и било кои други одредби и услови поврзани со тоа.

197. Царинскиот орган треба да провери дали ставката е забележана во сметките во согласност со потврдата за преземање на обврски или договорот за банкарски кредит. Ако барателот е трговец поединец или партнерство и ако личниот имот се користи како поддршка на солвентноста на трговското друштво, царинскиот орган треба да обезбеди попис на целиот личен имот и да се увери дека тој попис е веродостоен.

198. Од трговското друштво може да се побара да обезбеди дополнителни информации поврзани со кредити, на пример име на кредиторот, намената на кредитот и неговите услови. Овие информации треба да се проверат и споредат со другите финансиски документи (на пр. биланси, извештаи за загуба и добивка) со цел да ја провери целосната финансиска состојба на економскиот оператор.

2. III. 4 Писма на поддршка и гаранции од друштвото основач (или друштво групација)

199. Писмата на поддршка се документи кои најчесто ги издава друштвото основач (или друго друштво групација) со кои се одобрува пристапот на друштвото ќерка во смисла на барања за финансирање.

200. Писмата на поддршка може да се најдат таму каде друштвото ќерка има негативни нето средства и се користи во прилог на мислењето на управителот, воедно и за докажување на ревизорските мислења дека трговското друштво располага со соодветни финансиски средства за продолжување на континуитетот на работење.

Тие писма може да бидат ограничени на определен временски период. Тие претставуваат писмена изјава за намерата за обезбедување на понатамошната парична поддршка на барателот, но не се задолжителни

201. При проценката на докажаната финансиска солвентност на друштвото ќерка, треба да се земе предвид дека друштвото ќерка може да делува под гаранција на друштвото основач и царинскиот орган може да ги прегледа сметките на друштвото основач кое ја дава поддршката за се обезбедат дека друштвото има средства за тоа.

202. Меѓутоа, писмата за поддршка често не се правно обврзувачки договорни спогодби и со тоа не претставуваат законски остварливо гарантирање. Ако барателот зависи од паричната поддршка на друштвото основач (или друго друштво групација) за да го исполни критериумот докажана финансиска солвентност, царинскиот орган треба, доколку е потребно, да ја обезбеди поддршката со правно обврзувачки договор за соработка.

203. Ако гарантирањето се бара како доказ за поддршка од друштвото основач (или другото друштво групација), тоа мора да биде правно обврзувачки во согласност со позитивните прописи, во спротивно не може да се разгледува при проценката на усогласеност со овој критериум.

204. За да се создаде правно обврзувачки договорна спогодба, таа треба да содржи потврда за преземање на обврските и неотповикливо и безусловно плаќање на обврските на друштвото ќерка. По потпишување на спогодбата, потписникот има правна одговорност за плаќање на сите царински долгови кои не ги платил барателот.

2.III.5 Барателот е основан помалку од три години

205. Ако барателот е основан во царинското подрачје помалку од три години, нема да биде можно да се извршат истите детални финансиски проверки како за трговско друштво кое е основано подолго време.

206. Недостатокот на податоци за финансиската историја на барателот го зголемува степенот на ризик за царинскиот орган. Во тие околности докажаната финансиска солвентност се проценува со согласност со членот 10-в став 2 од УСЦЗ, врз основа на евиденцијата и податоците кои се на располагање во времето на поднесување на барањето.

207. Тоа може да ги вклучи сите привремени извештаи и најнови предвидувања на паричните текови, биланси, предвидувања за добивка и загуба кои се обезбедени од директорите/партнерите/трговци поединци.

208. Царинскиот орган исто така треба да биде внимателен во врска со барањата од трговски друштва кои ја започнале постапката на ликвидација за да ги избегнат своите обврски и кои повторно започнале со работа под друго име.

209. Ако царинскиот орган има информации кои укажуваат на тоа дека лицата кои управуваат со подносителот на барање за ОЕО претходно управувале со трговско друштво кое влегува во таа категорија и ако новото трговско друштво во секој поглед е исто друштво како и претходното правно лице кои започнало и влегло во постапка на ликвидација, таа информација може да се употреби при контролата на тоа дали барателот има доволно добра финансиска состојба за задоволување на критериумот докажана финансиска солвентност.

Глава IV – Практични стандарди за компетенции или професионални квалификации директно поврзани со активностите кои се спроведуваат

2.IV.1 Општо

210. Членот 6-б точка г) од ЦЗ пропишува дополнителен критериум за одобренијата ОЕОЦ поврзани со практични стандарди за компетенции или професионални квалификации директно поврзани со активностите кои се спроведуваат. Согласно членот 10-г од УСЦЗ овој критериум се смета за исполнет кога:

а) барателот или одговорното лице за царински прашања кај барателот исполнува еден од следните практични стандарди на компетенции:

- докажано практично искуство од најмалку три години во царински прашања;
- стандард за квалитет во врска со царинските прашања усвоен од Европско тело за стандардизација; или

б) барателот или одговорното лице за царински прашања кај барателот успешно завршил обука што опфаќа царински прописи, сразмерно или соодветно на степенот на неговата вклученост во царински поврзаните активности, потврдена од кој било од следниве:

- царинскиот орган;
- образовна институција признаена, за целите на обезбедување на таква квалификација, од страна на царинскиот орган;
- професионално или трговско здружение, признаено од царинскиот орган, одговорно за давање на таква квалификација.

211. Кога барателот користи договорно лице, критериумот се смета за исполнет доколку договорното лице е ОЕОЦ.

212. Сите можности за докажување на усогласеноста со кој било од овие два критериуми (практични стандарди на компетенции или професионални квалификации) се еднакво доволни и се право на избор на барателот, меѓутоа тие треба да ја прикажат специфичната вклученост на барателот во царински поврзаните активности и неговата улога во синџирот на снабдување, неговиот статус и процесите на воспоставената организациска поставеност на барателот.

213. Потребно е да се нагласи дека одговорното лице кај барателот за царински прашања може да биде вработен или договорно лице. Барателот треба да докаже дека договорното лице е вистински одговорното лице за царинските прашања на барателот.

2.IV.2 Практични стандарди

2. IV.2.1 Докажано практично искуство од најмалку три години во царински прашања

Подрачје на примена

214. Практичните стандарди значат дека барателот или одговорното лице за царински прашања на барателот мора да докажат дека имаат стекнато искуство во работа со царински прашања. Само теоретското познавање на царинските прописи не е доволно,

215. Меѓутоа, искуството од најмалку три години во царински прашања не се однесува само на периодот директно пред поднесувањето на барањето, туку може да се протега на подолг период. Надлежниот царински орган за издавање на одобрение врши проценка на искуството стекнато во кој било период.

216. При проверка на тригодишното практично искуство се зема предвид и улогата на барателот синџирот на снабдување од глава 1.II.4 на овој прирачник, на пример:
   - Извозник/производител, дефиниран во делот 1.II.4 точки б) и а) од овој прирачник, може да го докаже тригодишното практично искуство со тоа

што е имател на одобрение за поедноставени постапки без обврска за ставање на стоката на увид за употреба на извозна царинска постапка за период од најмалку три години или спроведувајќи ја улогата „извозник“ во редовна извозна царинска постапка повеќе од три години.

- Царински застапник, дефиниран во делот 1.II.4 точка д) од овој прирачник, може да го докаже тригодишното практично искуство со тоа што е имател на одобрение за царински поедноставувања (кога е применливо) или со тоа што е договорно лице во оваа област за период од најмалку три години.
- Превозник, дефиниран во делот 1.II.4 точка ѓ) од овој прирачник, може да го докаже тригодишното практично искуство со тоа што е имател на одобрение за поедноставени постапки во транзит или овластен испраќач согласно ТИР Конвенцијата во последните три години или презел договорни обврски и издал транспортни документи, како и збирна декларација во текот на последните три години.

Проверка на исполнувањето на критериумот

217. Потребно е да се напомене дека проверката на исполнувањето на овој критериум се однесува само на должината на практичното искуство. Повредите или отстапувањата од усогласеноста не влијаат на тригодишното практично искуство, но потребно е да се разгледаат при проверка на критериумот за усогласеност со царинските и даночните прописи и системите за внатрешна контрола од деловите 2.1.1 и 2.1.2 од овој прирачник.

а) Барател

218. Кога лицето кое треба да го исполни критериумот практично искуство од најмалку три години е барател во облик на правно или физичко лице, може да го докаже исполнувањето на овој критериум преку еден или повеќе од следниве начини:

219. Во случај на поднесено барање потребно е да земат предвид следниве алтернативни елементи:

- Спроведување на царински активности (пр. увоз/извоз/транзит) или царински формалности во текот на најмалку три години. За проверка на тригодишното искуство во царински прашања, надлежниот царински

орган за издавање на одобрение, треба да го земе предвид типот на деловните активности кои се спроведуваат (пр. постојано или сезонски, неколку декларации но со висока вредност). Како доказ за искуство може да претставува и присуството на бројот на барателот во рубриките 2, 8, 14 или 50 во царинската декларација, плаќањето на царинските давачки и/или гаранција за обезбедување на царинскиот долг. Треба да се напомене дека самото присуство на бројот на барателот во наведените рубрики од царинската декларација не значи дека тој е директно вклучен во спроведувањето на царинските формалности. Во тој случај од значење за царинскиот орган е да знае дали царинските формалности се директно спроведени од барателот (внатре во трговското друштво) или од трето лице (на пр. царински застапник). Доколку ги извршува трето лице, барателот не е исклучен од обврската за обезбедување на правилното спроведување на царинските формалности. Со други зборови, ако трето лице ги спроведува царинските формалности на привремена основа и со тоа не се опфатени со дефиницијата за договорно лице, критериумот ќе се смета за исполнет од страна на барателот доколку има внатрешна организација која дозволува надзор и контрола над управувањето со царинските формалности кои ги извршува третото лице.

- Барателот е имател на одобрение за спроведување на царински активности, издадено согласно ЦЗ и УСЦЗ, најмалку три години.
- Извршување на услуги за царинско посредување најмалку три години, што се докажува преку царински декларации и сите други неопходни документи, доказ за плаќање или гарантирање на царинскиот долг, присуство на бројот на барателот во рубрика 14 од царинската декларација.
- Организирање на транспорт на стока во меѓународната трговија во име на извозник, увозник или друго лице кое ја обезбедува, проверува и подготвува документацијата за исполнување на царинските барања и/или делува како превозник и издава свој транспортен договор што може да се провери како товарен лист, авионски товарен лист.

220. Царинскиот орган треба да ги употреби сите достапни информации и знаења од одобренија кои се издадени на барателот и декларациите поднесени врз основа на неговата база на податоци и електронски системи.

221. Друг елемент кој царинскиот орган треба да го земе предвид се официјалните документи на барателот кој јасно ја дефинираат неговата економска

активност и општите цели на трговското друштво барател (пример извадок од Централен регистар).

222. Во случај кога барателот е основан помалку од три години како резултат на корпорациска реорганизација, царинскиот орган треба да ги разгледа царинските активности спроведени од друштвото кое постоело претходно под услов тие да не се променети.

б) одговорно лице кај барателот за царински прашања

б.1) вработен кај барателот одговорен за царински прашања

Критериумот може да биде исполнет од страна на вработениот одговорен за царински прашања

223. Вработениот е лице кое е на позиција формирана во рамките на организацијата на барателот (дефинирана преку организациската структура, функционалната структура, структурата на оддели, работни упатства или други организациски мерки) на лице „одговорно" за царински прашања, кое е на пр. лице одговорно за увоз или извоз или вработен во одделот кој управува со царински прашања.

Подрачје на примена

224. Во случај кога лицето кое треба да го исполнува критериумот е вработен одговорен за царински прашања, мора да постои работен однос кој создава правна врска меѓу барателот и вработениот. Тоа значи дека вработениот, за барателот, извршува работи и услуги за царински прашања, под определени услови за што добива надомест. Заради оваа врска вработениот не делува како царински застапник (директен или индиректен) за барателот (пр. рубриката 2 и 14 во извозната царинска декларација го вклучува само бројот на барателот/извозникот). Како резултат на ова, барателот е лицето одговорно од аспект на финансиските и правните обврски и во случај на повреди на царинските прописи настанати при извршувањето на своите должности.

225. Потребно е да се напомене дека во зависност од внатрешната организација на барателот, повеќе од едно лице може да бидат одговорни за царинските

активности. Во тој случај критериумот треба да биде исполнет од страна на сите одговорни вработени.

226. Доколку друго лице стане одговорно за царински прашања кај барателот, економскиот оператор треба да информира надлежниот царински орган за издавање на одобрение кој треба да процени дали постои реална потреба да се провери новата ситуација врз основа на доставените информации (на пр. има на лицето вклучено во ротацијата и нивното искуство за царински прашања внатре во трговското друштво).

Проверка на исполнувањето на критериумот

227. Во случај кога вработениот одговорен за царинските прашања на барателот работи за барателот помалку од три години, вработениот може да го докаже исполнувањето на критериумот со обезбедување на евиденција дека има претходно искуство на соодветни прашања во другото трговско друштво.

228. Во овој случај доказот за исполнување на овој критериум треба да се обезбеди преку договорот за работа во претходното трговско друштво, организациската структура на тоа трговско друштво, изјава од претходното трговско друштво во која јасно е назначен статусот на вработениот или други докази кои ги има вработениот и се признаени од царинскиот орган.

229. Кога барателот е мало или средно трговско друштво, особено микро или мало трговско друштво (фамилијарно бизнис), може да има поинакво управување и организациска структура без вистинско разликување на внатрешните улоги или работни места. Во тој случај формалната изјава на барателот треба да се смета за доволна.

6.2) лице кое не е вработено кај барателот

Критериумот може да биде исполнет од страна на лице кое не е вработено кај барателот само доколку управувањето/решавањето на царинските прашања е предмет на услуга од надворешна страна (Outsourcing) .

Подрачје на примена

230. Во овој случај барателот е застапуван директно (во негово име и за негова сметка) или индиректно (во негово има) од страна на трето лице во поглед на царинските формалности (на пр. барателот го доверил спроведувањето на царинските формалности на царински застапник или шпедитер).

231. Критериумот не може да се исполни доколку договорното лице на кого барателот го доверил спроведувањето на царинските активности не е поврзан со царина, како на пр. информациска технологија.

232. Во секој случај секогаш постои договор кој се однесува на надомест и кој ги дефинира услугите кои договорното лице треба да ги обезбеди. Овој договор вообичаено содржи нацрт правила и услови. Должината на договорот утврдена е на почетокот како составен дел деловен план за аутсорсинг активности.

233. Постојат повеќе причини за аутсорсинг на царинските активности. На пример малите и средните трговски друштва често, од економски и управувачки причини, ги доверуваат важните функции на специјализирани трговски друштва кои имаат техничко знаење кое не може да го има барателот.

234. Некои примери кои вклучуваат **outsourcing** се:

- Царински застапник – за спроведување на царинските формалности. Сложеноста и постојаниот развој на царинските прописи ги присилува трговските друштва да се обратат кон професионалци. Оваа можност можеби некогаш е поисплатлива отколку спроведување на формалностите во рамките на друштвото заради економските размери, стручност, технологија и поттик создаден од конкуренцијата во приватниот сектор.
- Меѓународен шпедитер – за спроведување на царинските и логистичките формалности. Шпедитерот не ја превезува стоката туку делува како експерт во логистичката мрежа. Шпедитерот склучува договор со превозникот кој ја превезува стоката и има дополнително искуство во подготовка и обработка на царинските и други документи и спроведува активности во поглед на меѓународните пратки.

235. Особено внимание треба да се посвети на фактот кога стратешките услуги се доверени на договорни лица, каде барателот треба да се обезбеди дека знаењето и компетенциите потребни за давање на услугите се постојани за време на договорниот рок. Лицето кое го исполнува критериумот не треба да се одвои од барателот, зошто како што пропишува членот 6-а став (1) од ЦЗ критериумите треба да ги исполни економскиот оператор кој поднесува барање за одобрување на статусот ОЕО.

236. Економскиот оператор треба да биде свесен дека е возможно да ги довери „активностите" на договорни лица, но не и одговорноста.

237. Како што е наведено претходно, нискиот квалитет на услуга може да резултира со проблеми при исполнувањето на другите критериуми што може да доведе до суспендирање или укинување на одобрението.

238. Во тој поглед, кога барателот го доверува управувањето/работењето со царинските прашања на договорно лице, договорот или друг вид на взаемна согласност меѓу барателот и договорното лице мора да биде достапна за царинскиот орган за да го појасни капацитетот и одговорностите на тоа договорно лице и како последователно се докажува усогласеноста со овој критериум.

Проверка на исполнувањето на критериумот

239. Доколку царинските активности се доверени на друго договорно лице, надлежниот царински орган треба да го провери исполнувањето на критериумот преку:

- Проверка дали барателот и договорното лице имаат договорен однос повеќе од три години. За да се провери ова надлежниот царински орган за издавање на одобрение треба да го провери постоењето на договорот, овластување или друг вид на взаемна согласност меѓу барателот и договорното лице кој јасно ги наведува операциите и одговорностите кои ги спроведува договорното лице за сметка на барателот (договор или овластување се примероци кои ги има барателот) или

- Во случај кога договорниот однос е помалку од три години, се проверува дали договорното лице има одобрение за царински поедноставувања, а кога е применливо, спроведува царински формалности од најмалку три години.

240. Како што е пропишано во членот 10-г став (2) од УСЦЗ, критериумот „практични стандарди или компетенции“ се смета за исполнет кога договорното лице е ОЕОЦ.

241. Во случај на доверување на царинските активности на надворешни лица доволно е барателот, вработениот кај барателот одговорен за царински прашања или договорното лице да го исполнува овој критериум. Кога барателот има аутсорсинг на царинските активности на повеќе од едно договорно лице, критериумот мора да биде исполнет од сите нив.

242. Потребно е да се напомене дека во случај кога барателот има внатрешен оддел или одделение вклучено во царински прашања што овозможува надзор и контрола над царинските формалности кои се предмет на аутсорсинг, критериумот се исполнува од барателот.

2.IV.2.2 Стандард за квалитет во врска со царинските прашања усвоен од Европското тело за стандардизација

243. Треба да се напомене дека надлежното Европско тело за стандардизација се уште ги нема развиено стандардите кои се применливи за „царинските прашања“.

2. IV.3 Професионални квалификации

Подрачје на примена

244. Согласно членот 10-г став (1) точка б) од УСЦЗ критериумот треба да се смета за исполнет доколку барателот или одговорното лице за царински прашања кај барателот успешно завршил обука за царински прописи, сразмерно и соодветно на степенот на неговата вклученост во царински поврзаните активности, потврдена од кој било од следниве:

- царинскиот орган;
- образовна институција признаена, за целите на обезбедување на таква квалификација, од страна на царинскиот орган;
- професионално или трговско здружение, признаено од царинскиот орган, одговорно за давање на таква квалификација.

Проверка на исполнувањето на критериумот

245. Јавни или приватни институции како универзитети, царински факултети, други посебни училишта или професионални или трговски асоцијации кои овозможуваат различни подготвителни курсеви за признавање на посебни стручни одобренија/акредитација/регистар за посебни економски оператори (на пр. за професијата царински застапник).

246. Телото за обука треба да го потврди успешното завршување на курсот од страна на обученото лице.

247. Барателот или лицето одговорно за царински прашања кај барателот кое е овластено, сертифицирано или има лиценца за извршување на професионална активност поврзана со царински прашања (пр. царински застапник или шпедитер) може да докаже дека го исполнува критериумот преку успешно завршената обука која ги опфаќа царинските прашања.

248. Исто така, возможно е лицето внатре во трговското друштво, кое има право и физички да го претставува трговското друштво, успешно да завршил обука за царински прашања (на пр. одговорно лице кај барателот кој дава брокерски услуги како претседател или член на одбор кој успешно завршил испит за царински застапник). Во тој случај барателот го исполнува критериумот за професионални квалификации преку ова лице.

Глава V - Соодветни безбедносни и сигурносни стандарди

2.V.1 Општо

249. Согласно членот 6-б точка д) од ЦЗ ОЕО одобрен за безбедност и сигурност треба да ги исполни соодветните безбедносни и сигурносни стандарди, кои се сметаат за исполнети кога барателот докажува дека одржува соодветни мерки кои ја гарантираат безбедноста и сигурноста на меѓународниот синџир на снабдување, вклучувајќи ги областите на физички интегритет и контроли на пристап, логистички процеси и ракување со специфични видови на стока, вработени и идентификација на неговите деловни партнери.

250. Членот 10-д од УСЦЗ дополнително ги пропишува барањата кои треба да бидат исполнети.

251. Потребно е јасно да се истакне дека критериумот за безбедност и сигурност е релевантен само доколку економскиот оператор поднесе барање за ОЕОС.

252. Истовремено од значење е да се има предвид дека проверката на критериумот безбедност и сигурност се врши во сите деловни простории на барателот, а се од важност за царинските активности. На пример, се врши проверка на склад во кој се чува стока која не е под царински надзор, но е наменета за извоз (и која на тој начин влегува во меѓународниот синџир на снабдување). За разлика од тоа, складот во кој се чува единствено стока која е во слободен промет и се продава на слободен пазар во царинското подрачје, може да не биде од важност во смисла на целите на сигурност. Затоа, при подготовката на своите барања, економските субјекти мора да ги идентификуваат активностите во сите свои деловни простории.

253. Само во случај кога се работи за голем број деловни простории и кога рокот за издавање на одобрение не овозможува преглед на сите релевантни простории, а царинскиот орган не се сомнева во тоа дека подносителот на барањето ги одржува стандардите на сигурност кои вообичаено ги користи во сите негови деловни простории, може да одлучи да прегледа еден репрезентативен дел од тие деловни простории.

254. Таа одлука може да се ревидира во текот на постапката на следење на одобрението. Деловните простории кои не се посетени во моментот на контрола може да бидат вклучени во рамките на планот за следење.

255. Бидејќи сите трговски друштва се со различна структура и секој има свој сопствен деловен модел, царинскиот орган треба да ги земе предвид мерките за безбедност и сигурност воведени од барателите за секој случај поединечно.

256. Целта на овој дел не е да се даде исцрпен попис на сите мерки на безбедност и сигурност кои барателите можат да ги воведат со цел усогласување со барањата поврзани со безбедност и сигурност за ОЕО, туку да даде насоки за разбирање на концептот безбедност и сигурност за ОЕО:

257. Примери за можни мерки може да се најдат во појаснувачките забелешки на Прашалникот за самооценување - Прилог 01.30.00.ПР.001.02-ОБ.01.02.

258. Безбедносните и сигурносните стандарди на барателот се сметаат за соодветни само во случај кога барањата пропишани со членот 10-д став (1) од УСЦЗ може да се потврдат од царинскиот орган и се сметаат за исполнети.

259. Меѓутоа за целите на постигнување на усогласеност со членот 10-д став (1) точки од а) до в) од УСЦЗ, мали недостатоци во еден поткритериум може да се надополнат со предностите од друг поткритериум.

260. Потребно е секогаш да се имаат предвид значењето и целите на одредбите, на пример да се воведени соодветни мерки на контрола со цел намалување на степенот на ризик на прифатливо ниво. На пример, може да постои недостаток во сигурносните проверки кои се спроведуваат кај привремено вработените. Меѓутоа, барателот го препознава и успешно управува со тој ризик воведувајќи соодветни контроли за пристап, за да се обезбеди дека тие привремени вработени нема да имаат пристап без надзор кон стоката која влегува/излегува од синџирот на снабдување или безбедносно чувствителните подрачја на трговското друштво.

261. Во таа смисла треба исто така да се разгледува и свесноста за концептот ОЕО и практичната примена на ОЕО концептот од барателот и неговите вработени може да спречат помал ризик заради недоволно физички контроли. Од друга страна, и најдобрите физички мерки за безбедност и сигурност може да откажат без постоење на нужна свесност на надлежните вработени.

262. Иако некои од критериумите опишани во делот „Критериуми за стекнување статус овластен економски оператор“ од прирачникот може да се проверат врз основа на поднесена документација или на лице место, критериумот безбедност и сигурност секогаш вклучува проверка на лице место во деловните простории на барателот.

263. Вниманието треба да се насочи кон постапен пристап во зависност од ризикот за различни подрачја.

264. Треба да се земат предвид одредбите од членот 10-д ставовите (2) и (3) од УСЦЗ:
   - *Кога барателот е имател на сертификат за безбедност и сигурност издаден врз основа на меѓународна конвенција или меѓународниот стандард од Меѓународната организација за стандардизација или европскиот стандард од Европското тело за стандардизација, тие*

сертификати се земаат предвид кога се проверува исполнувањето на критериумот утврден во членот 6-б точка д) од ЦЗ. Критериумите се сметаат за исполнети доколку се утврди дека критериумите за издавање на сертификатите се идентични или еднакви на тие утврдени во член 6-б точка д) од ЦЗ. Критериумите се сметаат за исполнети кога барателот е имател на сертификат за безбедност и сигурност издаден од друга земја со која Република Северна Македонија има склучено договор кој овозможува признавање на тој сертификат.

Информациите за взаемно признавање и имплементација вклучени се во делот 6 од овој прирачник.

- *Кога барателот е регулиран агент или познат испраќач дефиниран во Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security) и ги исполнува пропишаните барања од истата, критериумите се сметаат за исполнети во однос на местата и операциите за кои барателот има статус на регулиран агент или познат испраќач се идентични или еднакви на тие утврдени во член 6-б точка д) од ЦЗ.*

2. V.2 Обезбедување на градби

265. За да се спречи неовластено ракување со стоката, но и да се заштитат чувствителните податоци и документација, барателот треба да обезбеди дека *„градбите што се употребуваат во врска со операциите поврзани со одобрението ОЕОС обезбедуваат заштита против незаконски пристап и се изградени од материјали кои се отпорни на незаконско влегување“.*

266. Целта на сигурносните мерки за обезбедување на градби е да се спречи незаконски влез и во случај на таков влез во периметарот на просторите, оградата/градбите да овозможат:

- задржување и одвраќање на натрапници (т.е. мрежи, шифри, надворешните и внатрешни прозори, влезови и огради се обезбедени со уреди за заклучување);
- брзо откривање на бесправен влез (т.е. следење на пристапот или мерки на контрола како што се внатрешни/надворешни алармни системи против кражба или CCTV (телевизиски систем од затворен круг);

- брзи реакции на незаконскиот влез (т.е. оддалечен преносен систем за известување на управителот или трговски друштва за обезбедување во случај доколку се вклучи алармот).

267. Овој поткритериум секогаш мора да се разгледува во контекст на контрола на пристап и обезбедување на пратки. Безбедносните мерки треба да се разгледуваат во целина: ако барателот сака да ја заштити својата сопственост (стока, податоци, простории), не може строго да го раздвои обезбедувањето на просториите и контролата на пристапот од критериумот обезбедување на товарот.

268. Понатаму, поврзано со целите на анализата на ризик, како барателот така и царинскиот орган треба да ги земат предвид одредените карактеристики на сите локации. Во некои случаи деловниот простор се состои само од зграда која истовремено претставува и надворешна граница на деловниот простор на трговското друштво; во други случаи деловниот простор ќе се наоѓа во добро обезбеден логистички центар, како индустриска зона, логистички центри итн. Во некои случаи дури и рампата за натовар на стока која влегува или излегува може да биде дел од надворешен раб на просторот.

269. Дури и местоположбата на деловниот простор (на пр. опкружување со висок степен на криминалитет или неизградено земјиште, близина со други згради или споени со нив, близина на пат или железничка пруга) може да влијае на преземањето на потребните мерки.

270. Местоположбата на просториите може да влијае на проценка на одредбата од член 10-д став (1) точка а) од УСЦЗ „безбедност на градби“ и точка б) „контрола на пристап“. При проценување на овој поткритериум може да се земе предвид на пр. дали оградата е поставена на врвот од нагорнина или насип или е опкружена со жива ограда или водотек кој го отежнува пристапот кон градбите.

271. При проверка на овој поткритериум од голема важност е да се земе предвид дека секој барател мора да обезбеди заштита на своите градби и контрола на пристап, меѓутоа, при оценувањето на начинот на постигнување на таа заштита, потребно е да се земат предвид посебните обележја на малите и средните трговски друштва. На пример големи производители мора да имаат надворешен ѕид/безбедносна ограда, чувари и CCTV (телевизиски систем од затворен круг), камери итн., додека за царинскиот застапник кој работи во

една просторија доволно е да има соодветни брави на вратите, прозорите и орманите со документи.

2.V. 3 Соодветни мерки за пристап

272. За да се обезбеди пристапот до просториите и да се спречи неовластено ракување со стоката, барателот мора да има *„воспоставени соодветни мерки за спречување на неодобрен до канцеларииите, местата за испорака, натовар, подрачјата за товар и други соодветни места".*

273. Може да постојат случаи во кои надворешните безбедносни мерки како што се огради, влезови и осветлување да се задолжителни (кога се складира стока надвор од просториите, кога ѕидовите на зградата не претставуваат надворешен раб или кога целокупната заштита и пристап на просториите не се доволно добро обезбедени). Од друга страна, можни се случаи кога просторот не може целосно да биде окружен со надворешен ѕид и не е потребно. Тоа може да биде случај кога барателот изнајмува делови од индустриски или логистички центар, стоката не се складира надвор од просториите и другите барања за физичка сигурност како обезбедување на згради се со висок стандард.

274. Неопходно е сите безбедносно чувствителните подрачја да се заштитат од неовластен пристап од трети лица, меѓутоа и од сопствените вработени кои не се надлежни за пристап во тие подрачја и ниту имаат дозвола за тоа. Тоа не вклучува само контрола на пристапот на неовластени лица туку и пристап на неовластени возила и стока.

275. Потребно е да постојат вообичаени постапки за реакција на безбедносни инциденти во случај на неовластен пристап или обид за пристап кон деловниот простор (на пр. јавување во полиција, лица за внатрешна безбедност и во зависност од случајот, царинскиот орган).

276. Во овој контекст исто така е важно да се знае дека целта на концептот ОЕО за безбедност цели кон превенција на инциденти. Затоа е неопходно однапред да се идентификуваат какви било повреди на безбедноста пред тие да имаат влијание на безбедноста и сигурноста на меѓународниот синџир на снабдување.

277. Пример постоење на системот CCTV кој само снима, меѓутоа никој не го следи истовремено. Иако тоа може да биде доволно во други цели, но не е доволно за ОЕО-С.

278. При проверката на овој поткритериум од голема важност е да се земат предвид посебните обележја за малите и средните трговски друштва. Дури и ако малите и средните трговски друштва треба да ги исполнат истите барања како и големите трговски друштва во делот на постапките поврзани со внатрешна контрола за пристап, ним може да им одговараат поинакви решенија во врска со контролата на пристап. На пример:

- во најголем број на случаи, малите и микро трговски друштва немаат доволно ресурси за назначување на вработени за мониторинг на пристапот на локацијата. Во тој случај, на пр. затворена ограда опремена со интерфон која овозможува далечинска контрола на пристапот кон локацијата;
- инструкциите кои потсетуваат на обврската за заклучување на вратите кои водат до местото за испорака или натовар и вратите да бидат опремени со ѕвонче за возачите кои сакаат да пристапат кон тие места, би требало да го спречи неовластениот пристап кон просторот за товар;
- додека од големите трговски друштва се очекува да издаваат идентификациски картички за сите вработени и посетители, тоа може да не е неопходно во случај на мали и средни трговски друштва.

2.V.4 Безбедност на товар

279. За да се обезбеди целосноста на товарот и се спречи неправилно постапување во движењето на стоката во меѓународниот синџир на снабдување, барателот мора да има воспоставено *„мерки за ракување со стоката кои вклучуваат заштита од неодобрено внесување или замена, неправилно ракување со стока и мерки против оштетување и менување на товарните единици“.*

280. Тие мерки, ако се соодветни за предметното трговско друштво, вклучуваат:
- целосност на единицата товар (вклучувајќи користење пломби и проверка на седум контролни точки (надворешен преглед, внатрешна/надворешна врата, десна и лева страна, преден ѕид, горен раб/покрив, дно/внатрешност));

- логистички процеси (вклучувајќи избор на превозник и превозни средства);
- стока која пристигнува (вклучувајќи проверка на квалитет и количина, пломби, ако е потребно);
- складирање на стока (вклучувајќи и проверка на залиха);
- производство на стока (вклучувајќи и преглед на квалитет);
- пакување на стока (вклучувајќи и информации на пакувањето);
- натовар на стока (вклучувајќи и проверка на квалитетот и количината и пломбирање/означување).

281. Ако е потребно и возможно, наведените мерки потребно е да бидат документирани и забележани.

282. Повредата на целосноста на товарот/единица товар (пратка) треба да се препознае во најраната можна фаза, за тоа треба да се информира одговорниот оддел за обезбедување или лица задолжени за обезбедување за да ја истражат таа повреда и забележат, со цел преземање на нужни противмерки. Затоа од клучно значење е надлежностите и одговорностите на вклучените оддели и страни да се јасно опишани и познати.

283. Како што е наведено во делот 2.V.2 од овој прирачник, обезбедувањето на товарот е неделив од обезбедувањето на просториите и контролата на пристап зошто целта на мерките на безбедност и сигурност е обезбедување на стоката особено со спречување на неовластен пристап кон истата (простории за испорака, натовар и чување на стока).

284. Понатаму, при проверка на овој поткритериум од голема важност е да се земат предвид посебните обележја на малите и средните трговски друштва.

На пример:

- затворена врата/ограда, знак за предупредување и упатства може да бидат доволни да се ограничи пристапот кон забранетите подрачја само на овластени лица (тие упатства може да се опфатат со општите процедури за безбедност и сигурност на барателот);
- да се спречи неовластен пристап кон производствените подрачја, просториите за испорака, натовар, чување на стока и канцеларии, посетителите би требало да се придружуваат систематски во просториите и да се запишат во евиденцијата за влез.

285. Воедно, обезбедувањето на товарот исто така не може да се одвои од) „сигурност на деловниот партнер“, зошто кога стоката во единица пратка влегува во синџирот на снабдување, често се става на одговорност на деловниот партнер.

2.V.5 Сигурност на деловниот партнер

2.V.5.1 Општо

286. **Деловен партнер** е термин со кој се опишува комерцијален субјект со кој некој друг комерцијален субјект одржува некаков облик на деловни односи заради взаемна корист.

287. За целите на ОЕО, од значење се деловните партнери кои директно се вклучени во меѓународниот синџир на снабдување.

288. Сите економски оператори во меѓународниот синџир на снабдување во рангот на извозници/произведувачи и увозници/купувачи може меѓусебно да се сметаат за деловни партнери, во зависност од ситуацијата.

289. Односот со деловните партнери може да биде договорен однос каде правата и обврските на двете страни се наведени во договор. Освен тоа, нивниот однос може да биде слободно уреден без правна основа или може да биде некаде помеѓу тие две крајности (ако постои документација, но се работи само за исказ за фактичката состојба или изјави за намера).

290. Постојат и односи во кои едната страна, на пример во државна сопственост која управува со транспортната инфраструктура ги утврдува услужните параметри кои другата страна на пр. превозник, може или не мора да ги прифати и има многу мало или никакво влијание на поставените параметри.

291. Бирањето на деловните партнери е од клучна важност и барателите за статус ОЕО треба да имаат јасна и проверлива процедура за одбирање на своите деловни партнери.

292. Од перспектива на ОЕО, деловните партнери, како што е наведено во членот 10-д став (1) точка г) од УСЦЗ имаат можност да поднесат барање за статус ОЕО, но ако не се одлучат за тоа или ако имаат деловни активности во земја во која не е можно да се добие статус ОЕО, потребно е на својот партнер ОЕО

да му обезбедат соодветен доказ дека може да го исполнат прифатливиот степен на безбедносните и сигурносните стандарди.

Секако, би било идеал кога максимален број на учесници во меѓународниот синџир на снабдување имаат статус ОЕО или негов еквивалент одобрен од надлежни органи на која било друга земја со која Република Северна Македонија има потпишано договор за взаемно признавање.

2.V.5.2 Идентификација на деловните партнери

293. Кога се проверува меѓународниот синџир на снабдување во контекст на самооценување на ОЕО, важно е улогата на секој деловен партнер да биде јасно утврдена. Улогата на деловниот партнер го одредува степенот на вклучен ризик, степенот на свесност за безбедноста и сигурноста која се бара од партнерот и доколку е потребно мерките кои ОЕО треба да ги воведе за да се намали утврдениот ризик.

294. Одговорностите на деловните партнери на ОЕО може да бидат, на пример:

- **производителите и имателите на складишта** треба да ја осигураат и промовираат свесноста дека деловните простори треба да бидат во согласност со прифатливите безбедносни стандарди кои спречуваат неовластено ракување со стоката во складот и спречување на неовластен пристап;
- **увозници/шпедитери/извозници/царински застапници** треба да се осигураат дека агентите кои ја претставуваат третата страна се свесни за релевантните гранични постапки и системите на граничните премини и дека се запознаени со потребната документација која треба да се приложи со стоката во транзит и при царинење.
- **превозниците** треба да се погрижат превозот на стока да не се прекинува непотребно и да ја сочува целосноста на стоката дури и заштита од неовластено ракување додека се наоѓа под нивен надзор .

2.V.5.3 Сигурносни барања за деловните партнери

295. Членот 10-д став (1) точка г) од УСЦЗ пропишува дека сигурносните и безбедносните стандарди во однос на деловните партнери се сметаат за соодветни ако *„барателот презел мерки кои овозможуваат јасна*

идентификација на неговите деловни партнери и да обезбеди, преку спроведување на соодветни договорни аранжмани или други соодветни мерки во согласност со неговиот деловен модел, дека тие деловни партнери ја гарантираат безбедноста на нивниот дел од меѓународниот синџир на снабдување".

296. ОЕО е првенствено одговорен само за неговиот дел во синџирот на снабдување, за стоката која е под негов надзор и за објектите со кои управува. Кога е одобрен статусот ОЕО, се однесува само на лицето кое го поднело барањето.

297. Меѓутоа, ОЕО исто така зависи од сигурносните стандарди на своите деловни партнери за да обезбеди сигурноста на стоката која е под негов надзор. Клучно е ОЕО да биде свесен за сите улоги на деловните партнери во синџирот (синџирите) на снабдување и дека неговото влијание на сигурноста може да се прикаже во односите со неговите деловни партнери.

298. Се очекува дека секој барател ќе се обезбеди дека неговите деловни партнери се запознаени со неговите барања за безбедност и сигурност и ќе настојува, ако е потребно и возможно, во зависност од неговиот деловен модел, да обезбеди писмени договори за соработка или да воспостави други соодветни мерки.

299. Барателот затоа треба, по потреба, кога влегува во договорен однос со деловниот партнер, да ја поттикне другата договорна страна да ја процени и подобри сигурноста на својот синџир на снабдување и да ги вклучи деталите за начинот на кој тоа треба да се постигне и да се прикаже во договорните односи.

300. Управувањето со ризик поврзан со деловните партнери исто така е клучен елемент. Затоа, барателот треба да ја задржи документацијата како поткрепа на тој аспект за да ги докаже своите напори во поглед на осигурувањето дека неговите деловни партнери ги исполнуваат тие барања и дека презеле мерки за ублажување на сите утврдени ризици.

301. Овластениот економски оператор треба да знае кои се неговите нови потенцијални деловни партнери. Исто така, ОЕО по издавањето на одобрението, при разгледување на новите потенцијални деловни партнери, треба да настојува да прибере податоци за работењето на новите

потенцијални деловни партнери кои се од важност за статусот овластен економски оператор.

302. Примери како ОЕО или барателот, може да ја подобрат безбедноста на својот синџир на снабдување:
- соработка со други овластени економски оператори или нивни еквиваленти;
- ОЕО влегува, кога е соодветно и возможно во согласност со неговиот деловен модел, во договорните односи во врска со сигурноста со своите деловни партнери;
- подизведувачите (на пример транспортери, превозници) со кои ОЕО соработува се избрани врз основа на нивното придржување на одредени безбедносни прописи и понекогаш применливи задолжителни меѓународни барања, особено ако тие веќе се одобрени од други безбедносни програми како „регулиран агент“ или „познат испраќач“;
- договорите содржат одредби со кои на подизведувачите им се оневозможува понатамошно подизведување на работите со страни кои се непознати и за што подизведувачот не може да докаже постоење на процедури за идентификација и обезбедување на соодветни безбедносни мерки. Ова секогаш треба да е случајот кога безбедни авио пратки (поштенски/товарни) се превезуваат од познат испраќач;
- користење на пломби на сите начини кога е тоа можно, за да може да се открие бесправен влез преку местото на влез во товарниот дел. Натоварените контејнери треба да се пломбирани од страната која го товари контејнерот веднаш по завршување на постапката на натовар со пломби кои се во согласност со барањата на стандардот ISO: 17712;
- натоварените контејнери се прегледуваат во просториите на подизведувачот, терминал и простории за прием за да се провери дали на нив е ставена пломба;
- општите информации од органите надлежни за регистрација на трговските друштва (ако е можно) и производите на партнерите (опасна и чувствителна стока и сл.) се разгледуваат пред стапување во деловен однос;
- барателот/ОЕО врши сигурносна проверка на својот деловен партнер или бара таква проверка од трето лице за да ја осигури усогласеноста со своите барање за безбедност;

- барателот/ОЕО, кога е соодветно и возможно со оглед на неговиот деловен модел, бара изјава за безбедност во која се одразуваат предметните деловни модели, улоги и одговорности на двете договорни страни.

303. Пример на Изјавата за безбедност - Прилог 01.30.00.ПР.001.03-ОБ.02.03 која може да се користи во случаи кога барателот за ОЕО сака да ги исполни барањата пропишани во членот 10-д став (1) точка г) од УСЦЗ со помош на Изјава за безбедност од одреден деловен партнер.

304. Меѓутоа, во случаите кога изјавата за безбедност е избрана за соодветен и возможен механизам со оглед на неговиот деловен модел, барателот треба да се обезбеди дека обврските која таа ги опфаќа навистина се исполнети и дека предметниот деловен партнер ги почитува.

- барателот/ОЕО користи превозници и/или поволности кои се уредени со меѓународни или европски потврди за безбедност (на пример регулиран агент)
- барателот/ОЕО влегува во недоговорни односи за да ги утврди прашањата од важност за безбедноста, посебно ако во сигурносната проценка утврди можни слабости.

305. Царинскиот орган и економските оператори треба да ги земат предвид горенаведените мерки само како примери и дека тој попис не е целосен. Изборот на некои мерки или комбинација на мерки најмногу зависи од улогата на одредениот деловен партнер и неговиот деловен модел.

Без оглед на мерките кои барателот ги презел за да го исполни овој критериум, важно е да се воспоставени процедури за следење на договорите со деловните партнери и истите редовно да се прегледуваат и ажурираат.

306. Доколку барателот/ОЕО дознае дека еден од неговите деловни партнери, кои се дел од меѓународниот синџир на снабдување, не ги исполнува соодветните сигурносни и безбедносни стандарди, веднаш треба да преземе соодветни мерки за подобрување на безбедноста на трговскиот синџир на снабдување, најдобро што може.

307. Поврзано со пратки преземени од непознати трговски партнери се препорачува барателот/ОЕО да преземе соодветни мерки со кои сигурносните ризици поврзани со таа одредена трансакција ќе ги сведат на

прифатлив степен. На пр. регулираниот агент треба да направи проверка кога товарните/поштенските пратки во воздушен сообраќај пристигнуваат од непознати трговски партнери за кои не може да докаже постоење на процедури за идентификација и обезбедување на соодветни безбедносни мерки. Тоа е особено важно ако барателот/ОЕО има нови или привремени деловни партнери или е вклучен во превоз на поголеми количини пратки како што е случај со поштенските и брзите пошти.

308. Во случаи на повеќекратно користење на подизведувачи одговорноста за сигурноста на синџирот на снабдување се пренесува од барателот/ОЕО (на пр. извозник) на неговиот деловен партнер (на пр. шпедитер). Тој е деловниот партнер кој службено се обврзал да изврши определени задачи во име на барателот/ОЕО. Меѓутоа, ако „подизведувачот од прв степен" (на пр. шпедитер) понатаму користи други лица, треба да се провери како другиот подизведувач или подизведувачи (на пр. превозник или шпедитер) ги спроведуваат безбедносните мерки.

309. Ако ОЕО открие потешкотии во усогласеноста треба да стапи во контакт со царинскиот органи и да ги упати во детали за тие случувања, без одложување.

2. V.6 Сигурност на вработените

310. Сигурноста на вработените, покрај физичката сигурност, контролата на пристап, сигурноста на деловните партнери и т.н., е еден од клучните аспекти на безбедноста.

311. Треба да се напомене дека овој поткритериум не е поврзан со „безбедност при работа" и тој сегмент не припаѓа во критериумот за безбедност и сигурност.

312. За да се спречи инфилтрирање на неовластени лица кои би можеле да претставуваат безбедносен ризик *„барателот спроведува, во рамките на прописите, безбедносни проверки на можни идни вработени кои ќе работат на безбедносно чувствителни позиции и спроведува дополнителни безбедносни проверки на веќе вработените на такви позиции периодично или кога околностите тоа го бараат"*.

313. Со оглед на практичната примена на ова барање, царинскиот орган и самиот барател предвид треба да ги земат следниве важни прашања:

- сите економски оператори би требало да имаат соодветен систем/процедури за да бидат во согласност со ова барање, а царинскиот орган тоа да може да го проверат;
- барателот како работодавач е одговорен за извршување на тие проверки, а царинскиот орган проверува дали се извршени и дали се доволни за обезбедување на усогласеност, земајќи ги предвид прописите;
- обемот и целта на проверките би требало да бидат јасни. Треба да се почитува начелото на пропорционалност т.е. „постапките не би требало да надминуваат од она што е нужно потребно имајќи предвид целта на истите".

314. Обемот и проверката на усогласеноста со поткритериумот зависи од големината, организациската поставеност и видот на деловна активност на економскиот оператор. Затоа проверките се специфични и се прилагодуваат на предметниот барател.

315. Меѓутоа, главни подрачја кои секогаш треба да се проверат вклучуваат:
- политика на вработување кај барателот

316. Општата организација и процедурите за вработување на нови вработени мора да бидат јасни, вклучувајќи и кој е одговорен за тоа. Политиката на вработување кај барателот треба да ги предвидува сите разумни мерки на внимателност кои треба да се земат предвид при вработување на нови лица за работа на безбедносно чувствителни работни места со проверка дали се претходно осудувани за дела поврзани со безбедност, царина или други кривични дела поврзани со безбедноста на меѓународниот синџир на снабдување и воедно да извршуваат редовни сигурносни проверки на веќе вработените на безбедносно чувствителни работни места, во рамките на законските прописи

317. Методите на безбедносни проверки може да опфатат основни проверки како проверка на идентитет и живеалиште односно престојувалиште, проверка на работна дозвола ако е потребно при вработување, барање на потврда за неосудуваност и истрага врз основа на елементи од историјата на претходни вработувања и препораки.

318. Барателот исто така треба да има сигурносни барања поврзани и со користење на привремени вработувања и агенциски вработувања. Потребни се слични безбедносни стандарди за привремените и постојаните вработени како и за агенциски вработувања, земајќи ја предвид безбедносната чувствителност на поединечни работни места.

319. Доколку се користи агенција за вработување при вработување на лица, барателот во договорот со агенцијата треба детално да го опише степенот на безбедносна проверка на лицата која треба да се изврши пред и по вработување на безбедносно чувствителни работни места. Царинскиот орган може да побара проверка како барателот ги проверува надворешните соработници. Во таа смисла, барателот треба да ги чува доказите на стандардите кои ги применил во својата евиденција.

- вработени кои работат на безбедносно чувствителни работни места

320. При дефинирање на „безбедносно чувствителни работни места“ треба да се изврши соодветна анализа на ризик и треба да се земе предвид дека тоа не се само менаџерските места туку и места поврзани директно со ракување, чување и движење на стоката.

321. Безбедносно чувствителни работни места во овој контекст се на пример:
- места поврзани со работи на обезбедување, царина или вработување;
- работи поврзани со надзор над простории и пријавница;
- работни места, опишани во Прашалникот за самооценување, поврзани со влез/излез на стока и складирање.

322. Овие проверки може да се однесуваат и на постоечките вработени во други оддели, за кои не се смета дека се од чувствителна природа од безбедносен аспект, а кои се преместуваат на такви работни места.

323. За високите и/или клучните безбедносни места, може да се бараат дополнителни проверки поврзани со казни за кривични дела. Назначените вработени потребно е да ги известат своите работодавачи за полициски опомени/кауции, нерешени судски постапки и/или правосилни пресуди. Воедно, потребно е да ги наведат и сите други вработувања или активности кои би можеле да претставуваат безбедносен ризик.

324. Препорачливо е вработените да не се наведени во некоја Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Законот за меѓународни рестриктивни мерки[4].

325. Сите проверки кои треба да се извршат мора да бидат во согласност со законите и одредбите поврзани со заштита на личните податоци со кои се уредува обработката на личните податоци во различни околности.

326. Во низа случаи постојат одредби кои овозможуваат обработка на лични податоци само ако предметното лице однапред дало своја согласност. Затоа, за да се олесни постапката за некои од местата, во договорот за работа може да биде вклучена посебна клаузула која од предметните лица се бара да дадат своја согласност за постапката – безбедносна проверка.

- политика и процедури кога вработените добијат или дадат отказ

327. Барателот би требало да има воспоставено процедура со која во најкраток рок се прекинува пристапот кон системот за идентификација и информатичките системи на вработените со кои е раскинат работниот однос.

328. Како што е наведено во појаснувачките забелешки на Прашалникот за самооценување (види прашање 6.12 „сигурност на вработените“), сите овие безбедносни барања кои се спроведуваат во врска со политиката на вработување кај барателот мора да бидат документирани.

2.V.7 Надворешни даватели на услуги

329. Барателот може да има и договорни деловни односи со други лица вклучувајќи одржувачи на хигиена, доставувачи на храна, испорачувачи на софтвер, надворешни служби за обезбедување или краткорочни договорни лица. За целите на ОЕО овие лица се нарекуваат надворешни даватели на услуги.

330. Членот 10-д став (1) точка ѓ) пропишува *„барателот има воспоставено соодветни безбедносни процедури за кои било склучени договори со надворешни даватели на услуги“.*

[4] Објавен на интернет страницата на Министерството за надворешни работи http://www.mfa.gov.mk

331. Иако надворешните даватели на услуги немаат директна улога во меѓународниот синџир на снабдување, тие може да имаат клучно влијание врз сигурноста и царинските системи на барателот. Од таа причина, поврзано со безбедноста и сигурноста барателот треба да примени соодветни мерки за нив како и за своите деловни партнери.

332. Доколку некој критериум за ОЕО поврзан со безбедноста и сигурноста е исполнет од надворешен давател на услуга во име на барателот на ОЕО, тоа треба да биде проверено како дел од контролата.

333. Типичен пример е поткритериумот за контрола на пристапот кога барателот склучил договор со трговско друштво за обезбедување кое треба да ги исполни неговите обврски во тоа подрачје. Тој поткритериум контрола на пристап мора да се потврди преку проценка на начинот на кој давателот на услугите го исполнува во име на ОЕО.

334. Иако ОЕО може да го довери извршувањето на тие активности на трето лице, ОЕО е тој којшто, затоа што партнерите делуваат во негово име, е и останува одговорен за исполнување на критериумот за ОЕО и обезбедува давателот на услуги да е усогласен со барањата.

2.V.8 Програми за зголемување на свесноста околу безбедноста

335. За да се спречи недоволна свесност за безбедносните барања, *„барателот обезбедува дека неговите вработени со надлежности поврзани со безбедносни прашања редовно учествуваат во програми за зголемување на свесноста за тие безбедносни прашања“*.

336. Барателот треба да развие механизам како ќе ги образува и обучува вработените за безбедносните политики, препознавањето на отстапувањето од тие политики и разбирањето со кои активности треба да се реагира на безбедносните пропусти.

337. Барателот особено треба:

- да ги образува своите вработени и доколку е потребно, своите деловни партнери, во врска со ризиците во меѓународниот синџир на снабдување;
- да обезбеди образовни материјали, стручно раководење и соодветни обуки за препознавање на потенцијално сомнителен товар за сите

релевантни вработени вклучени во синџирот на снабдување, како што се вработените од обезбедување, вработените кои ракуваат со товар и вработените кои се одговорни за проверка на документацијата за товарот, како и вработените во одделите натовар и прием на стока. Оваа обука треба да се спроведе пред економскиот оператор поднесе барање за статус на ОЕО;

- да води соодветна евиденција за образовните методи, доставените упатства и организирани обуки, за да може програмите за свесност да се документираат;
- служба или лица (внатрешни или надворешни соработници) треба да е одговорна за обука на вработените;
- да ги запознае вработените со процедурите кои се спроведуваат внатре во трговското друштво преку кои би се утврдиле сомнителни инциденти и како да се извести за нив;
- да спроведе посебна обука со која би им се помогнало на вработените да обезбедат истоветност на товарот, препознавање на потенцијални внатрешни безбедносни закани и заштита на контролата на пристап;
- содржината на обуките треба редовно да се ревидира и ажурира во зависност од потребите. Содржината на обуките треба да ги одразува специфичните барања поврзани со специфичните деловни активности на економскиот оператор, на пр. товар/пошта во воздухопловство.

338. Не постои задолжителен временски период во кој обуката за безбедност и сигурност треба да се повторува. Меѓутоа, со оглед дека од година во година вработените, просториите, процедурите и тековите може да се менуваат, потребно е да се планира повторување и ажурирање за да се обезбеди одржување на степенот на свесност.

339. Соодветната обука потребно е да е задолжителна за сите нововработени или за кој било вработен кој е префрлен на работно место поврзано со меѓународниот синџир на снабдување.

340. Овие механизми за образование и обука на вработените поврзани со безбедносната политика би требало да одговараат на големината на трговското друштво (види дел мали и средни трговски друштва). На пример, кај микро, малите и средни трговски друштва, царинскиот орган може да прифатат и усна обука, ако е евидентирана, потсетник на основните барања

во врска со безбедноста и сигурноста во општите процедури за безбедност и сигурност или едноставно известување за свесноста парафирано од релевантни вработени.

341. Истовремено, зачестеноста и интензитетот на обуките за безбедност и сигурност може да се разликуваат помеѓу различни вработени во едно трговско друштво заради нивната одговорност и поединечни можности на влијание на безбедноста на меѓународниот синџир на снабдување.

342. Барателот и неговите вработени се поттикнуваат да ги употребат курсот за е-учење за ОЕО објавен на интернет страницата на Царинската управа како алатка за здобивање на општи знаења поврзани со ОЕО концептот и потребните безбедносни барања.

2.V.9 Назначено контакт лице

343. Членот 10-д став (1) точка ж) пропишува *„барателот има назначено лице за контакт надлежно за прашања поврзани со безбедноста и сигурноста“.* Ова контакт лице треба да е назначено до надлежниот царински орган за издавање на одобрението.

344. Потребно е да се нагласи дека ова барање не е поврзано со „безбедност при работа“ затоа што не припаѓа во подрачјето на примена на критериумот за безбедност и сигурност.

345. Назначеното лице е контакт за сите прашања кои потекнуваат внатре во трговското друштво или од надлежниот царински орган за издавање на одобренија поврзани со безбедност и сигурност.

346. Без оглед дали оваа функција е предмет на аутсорсинг или не, барателот треба да се обезбеди дека тоа лице во целост е свесно за специфичните прашања на трговското друштво поврзани со безбедност и е овластено да прима и доставува безбедносно чувствителен материјал.

Дел 3 – Процес за поднесување барање и издавање одобрение

347. Следниот шематски приказ претставува поедноставен преглед на процесот по поднесено барање.


Економски оператор
Царинска управа
Други
Подготовка
Дали ПС-ЕК базирано се комплети?
Не
Да
Дополнителни информации
Претходни подготовки
Прифаќање?
Не
Да
Собирање и анализа на информации
Анализа на ризик
Контрола
Завршен извештај
Дали одобрението ОЕО е искажано?
Не
Да
Известување на барателот
Управување со одобрението
Податоци од надворешни извори
Консултација со други држави
Други држави
МЕОС
Процес
База на податоци
Влезно - излезни податоци
Одлука
Документ
Надворешни податоци

Глава I - Утврдување на надлежен орган за поднесување на барање за ОЕО

3.I.1. Општо

348. Барањето за статус овластен економски оператор се поднесува во Централната управа на Царинската управа, пропишано во членот 10-з од УСЦЗ.

3.I.2 Пристап кон царинската документација

349. Членот 10-у од УСЦЗ ја предвидува ситуацијата во која царинската евиденцијата на трговското друштво ја води надворешен субјект во друга земја. Оваа пракса е вообичаена и законски дозволена. Во ваков случај, трговското друштво му обезбедува на царинскиот орган електронски пристап на документацијата која се наоѓа во друга земја.

3.I.3 Мултинационални трговски друштва и големи претприемачи

350. Обработката на барањето за одобрение ОЕО за трговски друштва кои се дел од мултинационални трговски друштва се спроведува во целост како и за трговски друштва регистрирани во Република Северна Македонија. При проверката на исполнетоста на условите се зема предвид поврзаноста со матичното трговско друштво и меѓусебните деловни активности.

351. Барателот треба да поднесе целосно пополнет Прашалник за самооценување како самостоен правен субјект.

352. Постојани деловни единици на едно трговско друштво го претставуваат местото на трговското друштво каде се постојано присутни неопходните човечки и технички ресурси и на кое се спроведуваат царински поврзаните активности, целосно или дел од нив.

Глава II - Прием и прифаќање на барање

353. Општата постапка која треба да се следи кога се поднесува барање за статус ОЕО е предвидена во членовите 6-а од ЦЗ и од 10- з до 10-ј од УСЦЗ. По приемот на барањето, царинскиот орган го прегледуваат и одлучува дали да го прифати или не. Предвид треба да се земат следниве генерални насоки:

- барањето мора да се поднесе во согласност барањата пропишани со членовите 10-и став (1) и 10-s став (1) од УСЦЗ;
- Прашалникот за самооценување се поднесува заедно со барањето согласно членот 10-s став (2) од УСЦЗ;
- царинскиот орган потребно е да ги има сите неопходни информации за да може брзо да се провери дали поднесеното барање ги задоволува условите за прифаќање До тие податоци може да се дојде или со пристап кон релевантните бази на податоци или со барање до подносителот истите да ги поднесе заедно со барањето;
- кога е тоа потребно, царинскиот орган треба да користат и други расположливи извори на информации, на пр. заеднички податоци со други органи, контакт со други надлежни тела, податоци од интернет страницата на трговското друштво и т.н.;
- во случај кога се потребни дополнителни податоци, царинскиот орган потребно е да ги побара од барателот во најкраток можен рок, но најдоцна од 30 календарски денови од датумот на прием на барањето;
- во УСЦЗ не е пропишан рок во кој барателот е должен да ги поднесе бараните податоци. Во тие случаи, се применува Законот за општата управна постапка[5]. Меѓутоа, без дополнителните податоци, барањето не може да се обработи;
- царинскиот орган го известува барателот за прифаќање на барањето и датумот на прифаќање, воедно го известува и во случај на неприфаќање на барањето со наведување на причините за тоа.

354. По добивањето на известувањето од царинскиот орган за прифаќање на барањето, се препорачува барателот да преземе чекори кои ќе го забрзаат самиот процес. Особено се препорачува преглед на следните точки во целиот процес на барање/одобрение:

- *консолидирање на сите информации и докази од различни единици/оддели поврзани со постапката по поднесено барање за ОЕО;*
- *давање на информации* - препорачливо е сите одговорни оддели да се свесни за нивната посебна одговорност во поглед на целокупните барања поврзани со постапката по поднесено барање и се подготвени да ги обезбедат сите неопходни информации;

[5] Законот за општата управна постапка како екстерен акт е објавен во Депозитарот на Царинската управа и на интернет страницата на Министерството за информатичко општество и администрација http://www.mio.gov.mk/

- *следење* – трговското друштво треба да преземе активности да ги исправи недостатоците откриени за време на пополнување на Прашалникот за самооценување и намали поврзаните ризици и да го информира царинскиот орган за проблеми поврзани со неисполнување на критериумите. Се препорачува да го извести царинскиот орган за преземените активности;
- *советување со царинскиот орган* – разјаснување на двоумења кои трговското друштво може да ги има за да се избегне губење на време и пари.

Глава III - Анализа на ризик и постапка на контрола

355. Потребно е да се напомене дека царинската контрола опфаќа повеќе видови на контрола или проценка спроведена од царинскиот орган за да се обезбеди усогласеноста со царинските прописи и барања во царински поврзаните области. Ревизијата опфаќа претходна проверка, контрола по пуштање на стоката и повторна проценка.

356. Царинскиот орган спроведува претходна проверка пред издавање на кое било одобрение/лиценца. Од аспект на ОЕО претходната проверка следи по поднесување на барање за ОЕО и служи за проверка дали барателот ги исполнува критериумите од членот 6-6 од ЦЗ.

357. Како резултат на претходната проверка царинскиот орган треба да е во можност:
    - да создаде мислење за исполнување на критериумите за издавање на статус ОЕО;
    - да ги идентификува останатите ризици и предложи идни мерки кои треба да се преземат;
    - да ги идентификува точките од процедурите на барателот кои треба поблиску да ги следи и да го советува барателот за подобрување или јакнење на предметните постапки и проверки.

358. По одобрување на статусот ОЕО, потребно е да се разликува следење на одобрението од повторна проценка.

359. Следењето се спроведува постојано од царинскиот орган преку надзор над дневните активности на ОЕО вклучувајќи и посети во неговите простории. Целта на следењето е рано откривање на неусогласеност со критериумите

што може да доведе до преземање навремени акции во случај на откриени потешкотии или непочитување на царинските прописи.

360. Повторната проценка значи дека нешто е веќе откриено и треба да се преземат акции со цел да се провери дали економскиот оператор се уште ги исполнува критериумите ОЕО.

361. Во овој контекст јасно е дека следењето може да ја предизвика повторната проценка.

3.III.1 Прибирање и анализа на податоци

362. За да може да спроведе анализата на ризик и да се подготви ефективна и ефикасна контрола, од клучно значење е да се добијат што е можно повеќе битни податоци достапни за економскиот субјект.

363. Податоците се прибираат со цел:

- подобро разбирање на деловната активност на економскиот субјект и средината во која делува;
- добивање на што е можно подобар преглед на организацијата на работењето, процесите и процедурите на економскиот субјект;
- подготовка на план за контрола во согласност со резултатите од анализата на ризик;
- подготовка за контрола (оптимален тим за контрола, тежиште на контролата и т.н.);
- проверка на исполнувањето на критериумите што е можно повеќе.

364. Податоци кои царинскиот орган може да ги добие од разни извори се следните:

- внатрешни бази на податоци (на пр. царински постапки кои ги употребува, декларации изготвени од барателот);
- внатрешни податоци (резултати од претходни проверки и/или контроли; други одобренија или укинати одобренија со придружни документи, проверка на претходно поднесени царински декларации и т.н.);
- податоци побарани и добиени од други надлежни органи;

- податоци од други држави (постапката за информирање и советување глава IV од овој прирачник);
- податоци поднесени од самиот економски оператор (од Прашалникот за самооценување);
- јавно расположливи податоци (вести, интернет, истражувања, извештаи и сл.);
- кои било други битни податоци вклучувајќи слики, фотографии, видео записи, планови на деловни простори и сл.

365. Сите собрани податоци потребно е внимателно да се оценат за да се изврши проценка на нивната точност и релевантност за целта на контролата. Треба да биде јасно дека собирањето податоци е динамична постапка и дека лесно може да се случи добиените податоци „да бараат уште податоци".

366. И во случај кога е почната проверката царинскиот орган може да побара дополнителни податоци кои ќе ја зголемат вредноста на резултатот.

367. Барателот треба да биде свесен за тоа и спремен да ги обезбеди на царинскиот орган сите потребни дополнителни податоци кои се потребни.

368. Исто така треба да се земе предвид дека податоците се менуваат и дека понекогаш тие се добри само во моментот кога се собрани. Затоа од голема важност е да се имаат најновите и ажурирани верзии на податоци.

369. За да се обезбеди царинскиот орган надлежен за издавање на одобрение дека е во тек со сите случувања кои може да влијаат на резултатот во фазата на прием на барањето и проверка, од големо значење е постоење на систем за утврдување кога се потребни дополнителни податоци и кога е потребно да се извести барателот за тоа.

370. Големината на економскиот оператор, неговите специфичности и случаи низ кои поминал при други релевантни постапки за издавање на одобренија може да резултира со забрзување на постапката.

3.III.2 Мали и средни трговски друштва

371. Малите и средни трговски друштва се дефинирани во членот 470 од Законот за трговските друштва каде се врши нивно класифицирање на големи, средни, мали и микро трговци.

372. За целите на одобрението ОЕО и усогласеност со критериумите треба да се земе предвид дека малите и средните трговски друштва меѓу себе се различни во смисла на големина, сложеност на работата, видот на стока со која работат, положбата во меѓународниот синџир на снабдување и т.н.

373. На пример:
   - со барателот кој има 51 вработен кој увезува очила ќе се постапува поинаку отколку со барателот со 249 вработени кој увезува оружје и кој веќе има применето разни безбедносни мерки;
   - царинскиот застапник со 4 вработени кој извршува дејност како подизведувач за производител со 150 вработени исто така ја претставува разнообразноста на малите и средни трговски друштва.

374. Малите и средни трговски друштва претставуваат 99% од сите трговски друштва, а девет од 10 мали и средни трговски друштва реално се микро трговци со помалку од 10 вработени.

375. Тие го претставуваат клучниот дел од меѓународниот синџир на снабдување. Во некои случаи, може да ги претставуваат најголемиот дел економски оператори, често како подизведувачи на големи трговски друштва.

376. Земајќи ги предвид можните потешкотии со кои малите и средните трговски друштва може да имаат во постапката на издавање на одобрение и како може да им се олесни добивањето на статусот ОЕО, во прописите поврзани со ОЕО применета е потребна флексибилност за да се намалат трошоците и оптеретувањата.

377. Дури и ако критериумите за добивање на статус овластен економски оператор се еднакви за сите без оглед на нивната големина, членот 10-ј став (4) од УСЦЗ пропишува дека *„посебните карактеристики на економските оператори, особено на малите и средните трговски друштва, царинскиот орган ги зема предвид кога ги проверува критериумите пропишани со членот 6-б од ЦЗ“.*

378. Во овој прирачник, посебните карактеристики на малите и средните трговски друштва поврзани со одобрување на ОЕО ќе се прикажат низ примери.

3.III.3 Посебни економски активности

3.III.3.1 Курирски сервиси

379. Улогата на превозникот во меѓународниот синџир на снабдување е опишана во Глава I, Дел II.4 точка ѓ), од овој прирачник.

380. Во рамките на овој трговски сектор постои потсектор кој ги вклучува курирските сервиси. Овој потсектор вклучува релативно мал број економски оператори, но со голем обем на трансакции; во некои држави овој потсектор опфаќа околу една третина од сите пратки во увоз и околу 50% од сите пратки при извоз.

381. Овој потсектор има неколку посебни обележја:

- голем број на трансакции;
- важност на брзината на превозот и брзото царинење – брзите рокови на испорака е значајна маркетиншка алатка на овие трговски друштва и се битни за нивните клиенти;
- голем број и разноликост на деловни партнери од редовни деловни корисници до еднократни приватни клиенти;
- економските оператори често ја извршуваат и улогата на царински застапник како дополнување на улогата превозник;
- со оглед дека начинот на превоз е најчесто по воздушен пат, овие економски оператори дејствуваат како „регулиран агент“ или „познат испраќач“ како што е предвидено во Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security)[6];
- превоз на пакети и товар со сопствени воздухоплови или чување спакувани вреќи и пакети за други воздушни превозници;
- економските оператори често имаат одобренија од царинскиот орган за користење на поедноставени постапки.

[6] Објавена на интернет страницата на Агенцијата за цивилно воздухопловство www.caa.gov.mk

382. Со оглед на овие посебни обележја, постојат неколку специфични ризици за овој потсектор кои треба да бидат земени предвид кога таквите економски оператори поднесуваат барање за статус ОЕО, на пример:

- степенот на повреди при проверка на усогласеноста со царинските прописи. Царинскиот орган треба да го земе предвид големиот број на трансакции и да оцени дали тие повреди на царинските прописи произлегуваат од системот, квалитетот на внатрешните контроли кај економскиот оператор и процедурите со кои се утврдуваат и исправаат грешките – (види Дел 2 „ОЕО критериуми“ од овој прирачник);
- сигурноста на добиените податоци при проценка на воспоставениот систем за управување со трговската, а кога е и потребно транспортната евиденција на економскиот оператор. Со оглед на големата количина податоци, царинскиот орган треба да ги разгледа воспоставените мерки за заштита на системот на економскиот оператор од бесправен пристап или влез, како и пристап кон документацијата и процедурите за обработка на податоците во системот кој го користи курирската служба;
- При проверката на безбедносните и сигурносните стандарди, царинскиот орган треба да ги има предвид:
    - местата и активностите кои не се покриени со статусот „регулиран агент“;
    - повреди на договорениот безбедносен систем со ризик од доставување на несигурна и небезбедна стока. Со оглед на шареноликоста на деловни партнери, царинскиот орган треба да ги процени процедурите за избор на деловните партнери и управувањето со ризик поврзан за познати и непознати деловни партнери;
    - лицата кои се вклучуваат во деловните активности може да претставуваат безбедносен ризик. Со оглед на големата количина работа, царинскиот орган потребно е да ги оцени процедурите за спроведување на безбедносни проверки на нововработените, како и процедурите за проверка на постојано и привремено вработените;
    - неадекватна свесност за барањата поврзани со безбедноста. Царинскиот орган треба да ги оцени процедурите за одржување на соодветни обуки со кои економскиот оператор ги покрива

ризиците за безбедност и сигурност поврзани со движењето на итните пратки.

3.III.3.2 Поштенски оператори

383. Поштенскиот оператор има свои особености и потребно е да се земат предвид неговите карактеристики и со нив поврзаните ризици. Може да се претпостави дека критериумот докажана финансиска солвентност се оценува на ист начин како и за останатите економски оператори па тежиштето во продолжение ќе биде на специфичните прашања поврзани со другите критериуми за стекнување статус овластен економски оператор.

3.III.3.2 .1 Усогласеност со царинските прописи

384. Поштенскиот оператор работи со достава/отпрема на многу мали клиенти/корисници чија сигурност не може лесно да се контролира. Тоа создава многу проблеми како за царинските давачки така и за безбедноста и сигурноста.

385. Примери за подрачја на ризици поврзани со царинските постапки се следни:

- голем број „мали“ пратки, т.е. пратки со мала тежина/вредност;
- несигурни изјави кои ги даваат клиентите (најчесто поединци): грешки и пропусти во изјавите за вредност и квалитативниот опис на содржината на пратката, недостаток/неадекватност на приложената документација кон царинската декларација и потешкотии во усогласувањето со царинските барања (недостаток на одобренија/дозволи и т.н.);
- одложени достави заради превозникот;
- висок ризик од изгубени пратки.

386. Затоа, во текот на контролата, која се однесува на критериумот почитување на барањата на царинскиот орган за спроведување на царинските формалности, земајќи ги предвид големината и видот на економскиот оператор, секогаш треба да се провери севкупниот број на повреди на царинските прописи во корелација со царинските декларации и споредени со вкупниот број на трансакции годишно со цел да се процени потенцијалниот ризик, вклучувајќи го и тој од финансиска природа.

387. Управувањето со поедноставената постапка, локално царинење при увоз без ставање на стоката на увид и царинско складирање е најважен елемент кој треба детално да се провери, вклучувајќи ги и другите ризици.

3.III.3.2 .2 Сметководствени и логистички системи

388. Еден од ризиците кои треба да се земат предвид е управувањето со известувањето за недоставена пошта/пакет (кога не е можно да се пронајде примачот или кога примачот не го подигнува пакетот).

389. Поврзано со овој клучен аспект, неопходно е да се проценат трошоците на складирање (и ако постои, доколку дозволуваат прописите, подоцнежно уништување) или трошоци поврзани со враќање на пратката на испраќачот.

Тоа би можело да има големо влијание на царинските и сметководствените постапки и да влијае на логистичката организација и управување, трошоците, безбедноста на стоката и складот.

390. Таквата ситуација бара можност за потпирање на ИТ системот кој мора да биде доволно сигурен и структуриран на начин кој ќе обезбеди следливост на сите царински постапки, увоз и извоз, како и сигурност на податоците кои се наоѓаат во него.

391. При оцена на ефикасноста на системот на внатрешна контрола од значење е да се провери, како дополнување на поделбата на должности, дали постојат вработени надлежни за следење на усогласеноста со правилата поврзани со царинските постапки и како со нив поврзаните ризици се откриваат и решаваат. Затоа, треба да се оцени влијанието на разни потенцијално негативни случувања во деловната активност на операторот и внимателно треба да се оценат постапките кои се спроведуваат за решавање на неусогласеноста со царинските прописи.

392. Освен тоа, поврзано со системот на внатрешна контрола, значајно е да се провери кои бази на податоци и кои информатички процедури се користат за архивирање на податоците во врска со клиентите и пратките.

393. Друг аспект кој треба да се оцени е управување со копнениот превоз, посебно ако станува збор за оператори на воздушни пристаништа, кога е неопходно да се оцени сигурноста на возачот кој ги доставува пакетите.

3.III.3.2 .3 Сигурносни барања

394. Во овој контекст треба внимателно да се разгледа вработувањето на лица. Од значење е да се земе предвид бројот на привремено вработени и зачестеноста на нивното ангажирање. Поголемиот број на привремено вработени и нивната поголема зачестеност претставува поголем потенцијален за инфилтрирање со намера за злоупотреба на услугите за незаконски активности како пакет-бомби, наркотични средства и др..

395. Од таа причина потребно е внимателно да се оценат воспоставените мерки за вработување на лица кои ќе работат на посебни постапки како што е директен контакт со чувствителна стока на места предвидени за чување или подрачја со висок ризик.

396. Исто така важно е да се провери зачестеноста со која економскиот оператор врши надзор над своите вработени, во рамките на законските прописи. Договорите со вработените исто така треба да се земат предвид.

397. На своите вработени, без оглед на видот на договор врз основа на кој се вработени, треба да им е гарантирана соодветна стручна наобразба, посебно поврзана со царинските постапки и прописи.

398. За да се постигне висок стандард на квалитетот во примена на постапките за безбедност и сигурност, неопходно е да се обезбедат соодветни обуки во кои е се вклучени вработените одговорни за скенирање на стоката која се испраќа.

399. За да се осигури безбедноста на меѓународниот синџир на снабдување, поштенскиот оператор треба да:

- состави насоки за безбедност и сигурност преку кои ќе ги извести и обучи своите вработени за ризиците поврзани со поштенските операции;
- има соодветна внатрешна организација која овозможува зголемување на бројот на контроли во текот на одредени ризични случувања или по одредени специфични разузнавачки информации;
- се обучат соодветните поштенски инспектори кои работат на сигурносни контролни точки и да им овозможи ажурирани податоци за тоа како може

да се препознаат потенцијално опасни пратки, земајќи ги предвид ризиците како следат:

- испраќачот не е наведен;
- чувствителни примачи (дипломати, политички институции, финансиски органи, верски заедници, печат и т.н.)
- постоење на напомена или лепенка чија намена е избегнување контрола: „да не се изложува на рендген зраци“, „доверливо“, „не е потребна поштенска инспекција“, „не отворај“ итн.; необични макроскопски или хемиски карактеристики (на пр. пакувања за задржување на топлина, присутност на необични мириси, губење или ширење на содржината, промена на бојата на пакувањето, масни дамки, звуци во пакетот и т.н.).

400. Поштенскиот оператор исто така мора да преземе мерки за логистичка/организациска димензија на просторот кој се користи за складирање на пратки преку следниве активности:

- да постојат посебни подрачја во кои се вршат сигурносни контроли на пратките кога ќе пристигнат или пред да се испратат;
- физички да се одвои стоката на која треба да се изврши контрола од оние пратки на кои не е извршена контрола;
- да се бара од клиентите да користат производи чија следливост може да се обезбеди;
- да се подготви план за реакција за препознавање, изолација и неутрализација на откриените закани;
- да се создаде безбедносна контакт просторија за царинскиот орган, полиција, разузнавачка и здравствена служба во согласност со услугата што се нуди и нејзината важност.

401. Со оглед на значајната големина и посебните карактеристики на услуги кои ги нуди поштенскиот оператор, како и бројот на трансакции, а со цел да се воспостават сигурни постапки поврзани со царинските, логистичките, сметководствените и безбедносните аспекти, клучно е сите овие процедури да се строго стандардизирани со детални внатрешни процедурални протоколи кои се применуваат во секојдневната пракса.

3.III.3.3 Железнички превозници

402. Општо, контролата кај железничките превозници не се разликува значајно од контролата кај другите превозници. Дури може да се смета дека железничките економски оператори претставуваат низок степен на ризик заради природата на начинот на превоз.

403. Меѓутоа, за планирање на активности за контрола и проценка на ризик корисно е да се прикажат неколку специфични карактеристики на деловните активности кај железничките превозници:

- железничките оператори се обврзани со меѓународни спогодби и конвенции (COTIF[7], CIM[8]). Тие спогодби може да наметнуваат барања поврзани со печати и целосност на товарот. Одговорноста во текот на превозот исто така се зема предвид;
- железничкиот промет подлежи на железнички прописи и потврди за сигурност на патниците и товарот. Тие може да вклучуваат барања поврзани со системите за управување со безбедноста, сигурноста на вработените и системите на внатрешна контрола;
- железничките превозници оперираат во поделена околина од регулаторен аспект. Железничките постапки може да ги регулираат и контролираат неколку различни државни органи;
- работното опкружување содржи неколку елементи со кои често управуваат трети страни, одговорни за инфраструктура како што се шини, ранжирни станици и контејнерски терминали или трети лица одговорни за единица товар;
- барателот може да има сложена организациска поставеност, голем број деловни простории и широк спектар на постапки. Постапките исто така може да се поделат на патнички и товарни;
- железничките превозници може да работат со мноштво деловни партнери, обично познати. Тие може да вклучуваат на пр. друмски превозници, управители на складишта, управители на воздушни пристаништа и даватели на услуги поврзани со безбедност на железничките станици. Натоварот и истоварот на единица

[7] COTIF – The Convention concerning International Carriage by Rail – Конвенција за меѓународен железнички транспорт
[8] CIM - Uniform Rules Concerning the Contract of International Carriage of Goods by Rail (Appendix B to COTIF) – Заеднички правила за договри во меѓународниот железнички транспорт (Анекс Б од COTIF)

товар/контејнер од или на вагони може да биде во надлежност на превозникот. Меѓутоа, натоварот и истоварот на стока обично е одговорност на клиентот. Самите железнички превозници обично не вршат натовар и истовар на единица товар ниту за тоа користат трето лице. Само доколку нуди услуги за ракување со пратките и други дополнителни логистички услуги, железничкиот превозник може да има оперативна одговорност за ракување со стоката;

- во текот на превозот, неколку лица би можеле да ракуваат со документи или да контролираат единица товар/вагон. Само кога нудат услуга за ракување со пратките и дополнителни други логистички услуги, железничките превозници ракуваат со стоката на местото на претовар, во логистички центри или складишта.

404. Во текот на проценката на ризикот и контрола кај железничкиот превозник кој поднел барање за ОЕО внимание треба да се посвети на следново:

- за полесно да се разбере деловното опкружување, царинскиот орган треба од барателот да побара кратка презентација за прописите, договорите и конвенциите кои ги обврзуваат, пред извршувањето на контролата;
- при подготовка на контрола, царинскиот орган би требало да има јасен преглед на локациите и деловните простори кои се вклучени во царинските активности и да утврди дали тие се под надзор на барателот или не. Релевантни локации се простори во кои се ракува со царински документи, единици товар и стока;
- спречување на неовластен пристап кон стоката и единиците товар подразбира постоење на безбедносни надзорни методи, најмногу на ранжирните станици со отворен пристап и текот на превозот/истовар/натовар и стоење на возовите;
- следење на единица товар, безбедносни постапки поврзани со гранични премини (надзорни камери, скенирање) и застанување на возовите, мерење на товарот, прегледи од седум точки (особено после долго складирање);
- постапки за ставање на пломби вклучувајќи и упатства за повреда на безбедноста;

- идентификација на деловните партнери и вклучување на одредби за безбедност и сигурност во договорите, дури и за инцидентни партнери. Заради користење на надворешни подизведувачи во некои клучни активности (натовар/истовар/безбедносен надзор) барателот мора да управува со ризиците поврзани со деловните партнери така што ќе вклучи соодветни барања во договорите со нив и ќе врши надзор над спроведувањето. Исто така се смета дека стандардизираните постапки во пракса во случај на повреда на безбедноста имаат важна улога во подобрување на синџирот на снабдување;
- спроведување на обуки за подигнување на свесноста околу безбедноста;
- клучен фактор се и воспоставени рутини за известување и постапување во случај на повреда на безбедноста.

3.III.4 Фактори кои ја олеснуваат постапката за давање на одобренија

3.III.4.1 Општо

405. Различни економски оператори, заради своите економски активности, мора да задоволат различни стандарди и прописи, покрај барањата поврзани со ОЕО. Програмата ОЕО настојува да ги земе предвид и да се потпира на веќе постоечки стандарди и одобренија, со тоа што постоењето на други одобренија не е предуслов за добивање статус ОЕО.

406. За да се забрза обработката на барањата и да се намали потребното време за контрола, царинскиот орган треба да користи, кога е тоа можно, податоци кои веќе ги има за подносителите на барања. Тука може да вклучат податоци од:

- претходни барања за царински одобренија и резултати од нив;
- податоци кои веќе се доставени до царинскиот или други државни органи на управата кои се достапни на царинскиот орган;
- царински дополнителни контроли;
- царински постапки кои барателот ги користел/декларации кои барателот ги поднел;
- постоечки стандарди кои се применуваат кај барателот и одобренија кои ги има;

- резултати од проценки спроведени согласно други прописи до оној степен до кој тие се релевантни за проверка на ОЕО критериумите (член 10-ј став (2) од УСЦЗ и мислења од експерти (член 10-ј став (3) од УСЦЗ).

407. Меѓутоа, во зависност од околностите на секој поединечен случај, земајќи го предвид временскиот период на кој тие податоци се однесуваат, царинскиот орган може да ги преиспита или да побара потврда од други надлежни органи дали поднесените податоци (во целост или делумно) се се уште точни.

408. Посебно внимание треба да се посвети на случаите за кои во прописите се овозможува признавање на безбедносните и сигурносните стандарди по автоматизам, на пример:

- Кога барателот е регулиран агент или познат испраќач се смета дека безбедносните и сигурносните критериуми се исполнети во поглед на местата и операциите за кои барателот има статус на регулиран агент или познат испраќач доколку издавањето на статусот регулиран агент и познат испраќач се идентични или еднакви на тие утврдени со членот 6-б точка д) од ЦЗ (член 10-д став (3) од УСЦЗ).
- Кога барателот е имател на сертификат за безбедност и сигурност издаден врз основа на меѓународна конвенција или меѓународниот стандард од Меѓународната организација за стандардизација или европскиот стандард од Европското тело за стандардизација, тие сертификати се земаат предвид кога се проверува исполнувањето на критериумот утврден со членот 6-б точка д) од ЦЗ (член 10-д став (2) од УСЦЗ).

Критериумите се сметаат за исполнети кога барателот е имател на сертификат за безбедност и сигурност издаден од друга земја со кога Република Северна Македонија има склучено договор кој овозможува признавање на тој сертификат (член 10-д став (2) од УСЦЗ).

409. Наведените сертификати важат само ако се издадени од меѓународно акредитирани издавачи или национален надлежен орган.

410. Покрај тоа, постојат голем број меѓународни и национални стандарди и одобренија како и мислењата дадени од експерти од областа на стандардите поврзани со водење евиденција, финансиска солвентност или безбедност и

сигурност кои царинскиот орган може да ги прифати во согласност со членот 10-ј став (3) од УСЦЗ.

411. Во тие случаи, доставувањето на сертификатот не значи дека соодветниот критериум за стекнување статус ОЕО автоматски е исполнет и дека тој повеќе нема да се проверува. Надлежниот царински орган за издавање на одобрение е тој кој ќе утврди дали поединечни критериуми се исполнети и во која мера.

412. Во тој контекст постојат различни показатели кои се земаат предвид при оцена на тоа дали и во која мера потврдата или стандардот е битен и може да биде корисен во постапката при поднесување на барање за статус ОЕО.

413. Некои од тие показатели се следни:

- кој го издал сертификатот или кој е надлежен за одобрување на стандардот? Дали сертификатот/одобрението е издадено од надлежен орган или трето лице? Дали третото лице е меѓународно акредитирано?
- на кој начин се дава сертификатот/одобрението? Постојат ли проверки кои ги извршува надлежен орган, самооценување на економскиот оператор или постојат проверки кои ги извршува независно и акредитирано трето лице?
- дали е извршена контрола на лице место или извршена е контрола само на документи?
- кои се причините зошто економскиот оператор поднел барање за сертификат/одобрение?
- дали постапката за сертифицирање/одобрување ја извршил самиот економски оператор или користел консултант?
- дали сертификатот/одобрението е валиден за целиот објект, одредена локација или одреден процес?
- кога сертификатот/одобрението е издадено? Кога е спроведена последната контрола? Кои се заклучоците од последната контрола?

414. Пописот на познати сертификати/одобренија наведен подолу не е целосен. Заради разнообразноста на деловни активности кај економските оператори и заради националните посебности наведени се само најчестите.

415. Барателот на надлежниот царински орган за издавање на одобрение потребно е да му достави податоци за секој стандард кој го исполнува или сертификат/одобрение кое го има, а кои може да влијаат на критериумите за стекнување статус ОЕО. Надлежниот царински орган за издавање на одобрение проверува дали може и во која мера да се земат предвид.

416. Тоа се однесува и кога економскиот оператор користи како консултант независен надлежен орган/установа во случаите кои влијаат на критериумите за стекнување на статус ОЕО, а кои не довеле до добивање на потврда (на пр. советување со локалната полиција за спречување на криминалот на терен, програми за обука).

417. Треба да се напомене дека не е нужно, за целта стекнување статус ОЕО, да се има некоја од тие сертификати/одобренија или советувања од трети страни. Доколку некои сертификати/одобренија постојат тие може да содржат корисни податоци за царинскиот орган (види појаснувачки забелешки за Прашалникот за самооценување оддел 3 и 6 поврзани со сметководствени и логистички системи и барања за безбедност и сигурност).

418. Напоменуваме дека секогаш одговорност на барателот е да докаже дали ги исполнува критериумите за стекнување статус ОЕО.

3.III.4.2 Потврди/одобренија кои се издадени од Царинската или друга државна управа

3.III.4.2.1 Постоечки царински одобренија

419. Кога економскиот оператор ќе поднесе барање за одобрение за статусот ОЕО, предвид треба се земат сите други царински одобренија кои му се веќе одобрени.

3.III.4.2.2 Потврди кои ги издава Агенцијата за цивилно воздухопловство

420. Агенцијата за цивилно воздухопловство е надлежна за издавање на одобренија на трговските друштва кои работат со воздушен превоз на товар. Во зависност од улогата во синџирот на снабдување може да поднесат барање за статус „регулиран агент“, „познат испраќач“ или „регистриран испраќач“.

421. „Регулиран агент (RA)“ се трговски друштва како агенции, шпедитери или други оператори кои работат со воздухопловни трговски друштва и извршуваат безбедносни контроли, кои се препознаени и пропишани од надлежниот орган и се однесуваат на превоз на товар, пакети, брзи пошти и пакети.

422. „Познат испраќач (КС)“ е испраќач на товар или пошта за своја сметка и чии процедури ги задоволуваат заедничките безбедносни правила и стандарди доволни да се дозволи натовар на товарот или поштата на секој воздухоплов.

423. За регулиран агент и познат испраќач критериумите пропишани со член 10-д став (1) од УСЦЗ се сметаат за исполнети согласно член 10-д став (3) од УСЦЗ во однос на местата и операциите за кои економскиот оператор стекнал статус регулиран агент и познат испраќач.

424. За разлика од програмата ОЕО, статусот регулиран агент и познат испраќач секогаш се издаваат за одредени места. Воедно статусот регулиран агент и познат испраќач“, во принцип се однесува за стока која се испраќа/извезува со воздухоплови. За стоката која пристига, процесите не се проверуваат и одобруваат.

425. Може да се заклучи дека барањата за статусите регулиран агент и познат испраќач и ОЕО критериумите се споредливи во следниве четири области:

- Безбедност на градби;
- Соодветни контроли за пристап;
- Безбедност на товар;
- Безбедност на вработени.

426. Од таа причина, за областите горе наведени може да се смета дека условите се заеднички и последователно да се сметаат за исполнети.

427. Во случај кога барателот за ОЕОС веќе е одобрен регулиран агент или познат испраќач соодветно е да се провери дали барателот има други деловни активности и доколку е таков случајот, да се изврши проверка.

428. Не треба да постои признавање по автоматизам на безбедносните и сигурносните проверки, а во исто време повторувањето на истите проверки треба да се избегне.

429. Иако не постои правно признавање на статусот „регистриран испраќач“ за него се однесуваат слични цели и затоа статусот регистриран испраќач може да биде од помош во постапката за стекнување статус ОЕО.

3.III.4.2.3 Прифатливост на Евросистем рамката за кредитна проценка (ECAF) на Европската Централна Банка

430. Евросистем рамката за кредитна проценка (ECAF) на Европската Централна Банка ги дефинира процедурите, правилата и техниките кои обезбедуваат исполнување на барањата на Евросистем за високи кредитни стандарди на сите расположиви средства.

431. При проверката на кредитниот рејтинг, Евросистем предвид ги зема институционалните критериуми и карактеристики со кои на корисникот на инструментот му се обезбедува заштита слично како гаранција. Во некои држави задоволувањето на условите ги потврдува националната централна банка.

432. Постојаниот критериум на Евросистем за утврдување на минималните барања за висок кредитен рејтинг дефиниран е со оценка „single A“, што одговара на минималната долгорочна оценка од „A-“ на агенцијата за кредитен рејтинг Standard & Poor's во САД или Fitsch Ratings, оценката „A3“ на Moody's или „AL“ на DBRS.

433. Затоа, оценката од агенција за кредитен рејтинг може исто така да се земе предвид при проверка на критериумот докажана финансиска солвентност.

3.III.4.2.4 Законот Sarbanes-Oxley (SOX)

434. SOX е американски сојузен закон кој пропишува нови или ги унапредува постоечките стандарди за управните одбори, управите и јавните сметководствени друштва. Се применува исто така и за друштва надвор од САД, со чии акции се тргува во САД. Главно вклучува прописи за системот на внатрешна контрола за сметководствените и финансиските извештаи.

Фокусот е на обврската за објавување и одговорност на органите за управување.

435. Дури и ако трговското друштво е во согласност со SOX, тоа по автоматизам не ги задоволува критериумите за добивање статус ОЕО. Меѓутоа, тоа треба да биде показател кој се зема предвид при анализата за ризик и во контекст на одобрението ОЕО.

3.III.4.2.5 ОЕО програми или слични програми во други земји

436. Во некои земји постојат програми за безбедност и сигурност кои се во согласност со концептот ОЕО од Рамката на стандарди на СЦО. Дури и ако нема договор за взаемно признавање меѓу Република Северна Македонија и одредена земја, фактот дека економскиот оператор е сертифициран врз основа на таков програм исто така е од важност во контекст на одобрување на статус ОЕО и надлежниот царински орган при спроведување на контролата треба тоа да го земе предвид при давањето на статус ОЕО.

3.III.4.2.6 TIR (Transports Internationaux Routiers)

437. Под закрила на UNECE[9] донесена е Царинската Конвенција за меѓународен превоз на стока со примена на TIR Карнет во 1975 година. (Конвенција TIR од 1975).

438. Конвенцијата TIR ја одржува UNECE, кои се одговорни и за Прирачникот TIR. Прирачникот не го содржи само текстот на Конвенцијата туку и други корисни податоци поврзани со практична примена на Конвенцијата.

439. Од посебен интерес за потребите за одобрување на статус ОЕО е контролиран пристап до постапките TIR, кој го сочинува и еден од столбовите на Конвенцијата.

440. Согласно член 6 од Конвенцијата TIR, пристапот кон постапките со TIR ги одобруваат надлежните органи и тоа само на превозници кои задоволуваат минимални услови и барања пропишани со Прилогот 9, 2 дел на Конвенцијата, а тие се следни:
    - докажано искуство и способност за вршење на меѓународен транспорт;

[9] UNECE – United Nations Economic Commission for Europe – Економска комисија за Европа на Обединетите нации

- сигурна финансиска состојба;
- докажано знаење за примена на TIR;
- непостоење на сериозни или повторливи повреди на царинските или даночните прописи;
- писмена изјава со која се обврзува на усогласеност со царинските прописи и плаќање на побараните износи во случаи на повреда на прописите или нерегуларности.

441. Од посебен интерес за потребите за одобрување на статус ОЕО може да биде одобрувањето на патничките возила и контејнери. Конвенцијата TIR пропишува дека стоката се превезува во контејнери или патнички возила чиј внатрешен простор за натовар е заграден така што е оневозможен пристапот кон стоката кога ќе се стави пломба.

442. Ако контејнерот или просторот за натовар ги задоволува барањата на Конвенцијата, надлежната комисија ја издава потврдата (сертификатот) за одобрување за патничките возила и контејнери.

3.III.4.2.7 Друго

443. Докажана усогласеност со барања за безбедност и сигурност и стандарди пропишани од меѓувладини организации како што се IMO[10], UNECE, OTIF[11], UPU[12] и ICAO[13] може исто така да претставува делумна или целосна усогласеност со критериумите за стекнување на статус ОЕО во случаи кога барањата се идентични или споредливи.

3.III.4.3 Комерцијални стандарди и сертификација

3.III.4.3.1 Сертификати во согласност со ISO 27001

444. ISO 27001 е општопризнат ISO стандард за сигурност на информатичката технологија и безбедност на информатичките електронски системи. Овој стандард вклучува прописи за информатичката технологија, безбедносната технологија и барањата за системот на управување со информатичката сигурност.

[10] IMO – International Maritime Organisation – Меѓународна поморска организација
[11] OTIF – Intergovernmental Organisation for International Carriage by Rail – Меѓувладина организација за меѓународен железнички транспорт
[12] UPU – Universal Postal Union – Универзална поштенска унија
[13] ICAO – International Civil Aviation Organisation – Меѓународна организација за цивилно воздухопловство

445. Тој пропишува барања за производство, воведување, следење, одржување и подобрување на документираните системи на управување со информатичката технологија. Сертифицирањето со ISO 27001 се применува во различни сектори на пр. барања и цели за информатичка сигурност, ефикасно управување со ризиците за сигурност, обезбедување усогласеност со законите и уредбите.

3.III.4.3. 2 ISO 9001:2015 (и оние комбинирани со ISO 14001:2009)

446. Стандардот ISO 9001 изработен од ISO[14] вклучува значајни предлози за подобрување на управувањето со квалитетот во трговските друштва. Целта на овој стандард е да се зголеми успешноста на трговското друштво и да се подобри гарантирањето на квалитетот. Затоа, кон барањата од клиентите треба да се пристапи со одредена постапка која го обезбедува квалитетот. Крајна цел е да се зголеми задоволството на клиентите.

447. Стандардот ISO 9001:2015, или негови подоцнежни еквиваленти, може да биде корисен за постапката поднесување на барање за статус ОЕО, на пр. при оценката на системот на внатрешна контрола.

3.III.4.3.3 ISO 28000:2007

448. Со ISO 28000:2007 трговските друштва може да се сертифицираат ако имаат соодветен систем на управувачки мерки на сигурност поврзани со безбедноста на меѓународниот синџир на снабдување. ISO 28000:2007 претставува рамка на стандарди и барањата за безбедност и сигурност во него се дадени генерално.

449. Меѓутоа, другите ISO стандарди во серијата ISO 28000, ISO 28001:2007, вклучуваат многу конкретни барања за безбедност на синџирот за снабдување и насочен е кон усогласување со критериумите за стекнување на статус ОЕО. Усогласеноста со ISO 28001, во согласност со членот 10-д став (2) од УСЦЗ, царинскиот орган треба да го земе предвид при одобрување на статусот ОЕО.

[14] ISO – International Standard Organisation – Меѓународна организација за стандардизација

3.III.4.3.4 TAPA[15] сертификати

450. TAPA е здружение на одговорни лица за безбедноста и логистика во подрачјата производство и логистика. Цел на ова меѓународно здружение е да се обезбеди стока со висока вредност од кражба и губитоци за време на складирањето, претоварот и превозот.

451. TAPA сертификатите се одобруваат врз основа на стандардите за сигурност на товарот кои ги развила TAPA Организацијата. На овој начин, неутрален сертификациски орган врши проверка на усогласеноста со стандардите (TAPA сертификат А или Б) или самите трговски друштва вршат самооценување (TAPA сертификат Ц).

452. TAPA сертификатите за безбедност на товарот вклучуваат упатства за безбедност поврзани со простории, опрема и постапки во текот на складирањето и превозот на стока.

453. Со сертификацијата (сертификат А или Б) согласно барањата за потребните стандарди за безбедност на товарот, организацијата TAPA бара имателот на сертификатот да се придружува на високите стандардите за физичка безбедност.

454. Меѓутоа, важно е да се напомни дека TAPA сертификатите се издаваат за поединечни локации, а не за целото трговско друштво.

3.III.5 Друштво основач/друштво ќерка со заеднички систем/процедури

455. Без оглед на правното постоење на одредено трговско друштво по правило релевантните критериуми треба да ги исполни подносителот на барањето.

456. Посебностите во случај на постоење на надворешни подизведувачи се појаснети во делот „Критериуми за добивање на статус ОЕО“ од овој прирачник. Истите начела се применуваат ако активностите се внатре поделени помеѓу поврзани трговски друштва.

457. Меѓутоа во поврзаноста меѓу друштвото основач (матичното друштво) и друштвото ќерка, постојат некои факти кои треба да се земат предвид и кои може да влијаат на анализата на ризик и постапката на контрола.

[15] TAPA – Transported Asset Protection Association – Здружение за заштита на транспортните средства

458. Прво, мора да биде разјаснет односот меѓу друштвата и мора да биде објаснето дали има влијание друштвото основач во административните и/или оперативните процеси.

459. Постојат случаи во кои друштвото основач му одобрува независност на друштвото ќерка. Често постојат договори за пренос на профитот или слични договори помеѓу поврзаните друштва. Во некои специфични случаи, активностите се извршуваат по пат на договор внатре во рамките на групата, што може да доведе до тоа трговското друштво да нема воопшто свои вработени.

460. Во други случаи специјализирани единици извршуваат задачи (заеднички управи) за сите друштва кои припаѓаат на една целина.

461. Во сите овие случаи, односот меѓу трговските друштва може да влијае на степенот од појава на ризик, како негативно така и позитивно.

462. При оценката на барањето за одобрување на статус ОЕО, во случаи на постоење на заеднички постапки меѓу поврзаните друштва, често е доволно тие постапки да се проверат само еднаш.

463. Тоа се однесува и во случаите кога една специјализирана единица врши определени активности за сите поврзани трговски друштва (заеднички услуги) како и кога различни правни лица внатре во една група користат исти правила (стандарди).

464. Тоа може да го забрза процесот на контрола, а стручното знаење може да го подобри квалитетот на процесите. Истовремено, познавањето на едно трговско друштво од групата треба да се оцени од аспект на потенцијалното влијание на поврзаноста на трговските друштва.

465. Ако системот на внатрешна контрола не успева во едно поврзано трговско друштво со заедничките корпоративни стандарди, не треба по автоматизам да се претпостави дека целиот систем на внатрешна контрола во поврзаните друштва е неуспешен, но царинските органи може да одлучат повторно да ги проверат тие други системи (во целост или делумно).

3.III.6 Ризик и анализа на ризик

3.III.6.1 Управување и проценка на ризик во економскиот оператор

466. Организацијата на економскиот оператор може да биде сложен систем кој вклучува многу меѓусебно поврзани процеси. ОЕО треба да се сосредочи на процесите, управувањето со ризици, внатрешната контрола и мерките кои се преземаат за намалување на ризиците. Тоа треба да вклучува редовни проверки на тие процеси, контроли и преземени мерки за намалување на ризиците поврзани со меѓународното движење на стоката.

467. Внатрешната контрола е процес воспоставен од економскиот оператор за да ги спречи, открие и надмине ризиците со цел да се обезбеди дека сите релевантни процеси се соодветни. Организацијата која нема воспоставено систем на внатрешна контрола или за која постојат докази дека применува систем кој лошо функционира по дефиниција е изложена на ризик.

468. Системите за управување кои се темелат на ризик се системи со помош на кои економскиот оператор во која било индустрија го оценуваат, контролираат, вршат надзор и го надминуваат ризикот. За ОЕО, тоа значи дека економскиот оператор во својата политика/стратегија мора јасно да ги определи целите за усогласеност со царинските прописи и безбедноста и сигурноста на својот дел од синџирот за снабдување во согласност со својот деловен модел.

469. Системот на управување би требало да овозможи:

- постојан циклус на препознавање на потребите или барањата,
- проценка на најдобрите начини за усогласеност со барањата,
- воспоставување на процеси за примена на определени управувачки активности,
- следење на успешноста на системот,
- водење евиденција за примена на постапките кои се користат за постигнување на целите на деловните активности и препознавање на можностите за унапредување на деловната активност, вклучувајќи и механизми за известувања во случаи на појавени пропусти, случајни грешки и потенцијални структурни грешки.

470. Сето горенаведено треба да се разгледа како рамка на стандарди за усогласеност со законските и регулаторни прописи кои се применуваат или на кои се обврзала одредена организација.

471. Колку е организацијата повеќе свесна за своите процеси и ризици поврзани со својата активност, толку е поверојатно дека со процесите се управува соодветно.

472. Тоа значи дека организацијата треба да биде свесна за концептите како: управување со ризик; добро стопанисување; контрола (следење, повторна проценка; повторна примена на процесите и/или промена на процедурите) и примена на соодветни процедури за обезбедување од најголемите ризици и откривање на нови ризици.

473. Во внатрешната организација на економскиот оператор потребно е да постои одговорно лице или оддел, во зависност од неговата големина и сложеност, кое е одговорно за извршување на проценките за ризик и закани и за воведување и проценка на внатрешната контрола и останати мерки.

474. Проценката на ризик и закана треба да ги опфатат сите ризици од значење за статусот ОЕО, земајќи предвид улогата на економскиот оператор во синџирот на снабдување и треба да вклучи проценка за:

- закани за безбедноста/сигурноста на градбите и стоката;
- фискални закани;
- сигурност на информациите поврзани со царинските операции и логистиката на стоката;
- реален дневник на настани и спречување и откривање на измами и грешки;
- договорни одредби со деловните партнери во синџирот на снабдување.

475. Проценката на ризик и закана за потребите на безбедноста и сигурноста треба да ги опфатат сите деловни простории кои се релевантни за царинските активности на економскиот оператор.

3.III.6.2 Царинска анализа на ризик и контрола

476. Како што е наведено во претходната точка, економскиот оператор самиот е во најдобра позиција да ги оцени своите ризици и да преземе активности за нивно надминување. Улогата на царинскиот орган е да изврши контрола за да оцени колку успешно економскиот оператор ги решава таквите проблеми. Дали барателот е свесен за најважните ризици и дали презема соодветни мерки за обезбедување?

477. За да се процени и донесе соодветна одлука за тоа дали треба да се одобри статусот ОЕО, царинскиот орган треба да:
   - го процени ризикот кај економскиот оператор;
   - подготви соодветен план на контрола врз основа на ризикот;
   - изврши контрола;
   - ги реши сите неприфатливи ризици со економскиот оператор;
   - донесе соодветна одлука: да одобри статус ОЕО или не;
   - следи и по потреба повторно го оценува економскиот оператор.

478. Економскиот оператор треба да има имплементирано соодветни процедури и мерки на управувачко ниво за да ги надмине ризиците релевантни за добивање статус ОЕО. Во овој контекст економскиот оператор треба да биде свесен дека е можно постоење на надворешна поддршка на одредени „активности“, но не и „одговорности“.

479. Во контекст на концептот ОЕО, економскиот оператор треба да биде свесен за ризиците поврзани со користење на надворешни соработници/услуги од надворешни лица и треба да преземе дејства за да ги надмине тие ризици и да достави доказ на царинскиот орган.

3.III.6.2 .1 Проценка на ризик за определен економски оператор

480. Прв чекор кој треба да го преземе царинскиот орган е да собере што е можно повеќе битни податоци за да ги разбере деловните активности на економскиот оператор. Кога ќе заврши со тоа, царинскиот орган почнува со проценка на ризикот, изработувајќи план и извршување на контрола.

481. Користејќи ги сите расположливи податоци, проценката на ризик се извршува за сите релевантни ризични подрачја на активностите на економскиот

оператор внатре во меѓународниот синџир за снабдување во согласност со деловниот модел на економскиот оператор. Ова треба да се спроведе подрачје по подрачје, земајќи ги предвид сите ризици поврзани со активностите на економскиот оператор од значење за статусот ОЕО.

482. Во оваа фаза, ризикот се проценува врз основа на сите расположливи податоци пред контролата и проценка на постоењето и функционирањето на системот за внатрешна контрола во организација на економскиот оператор. Тоа треба да му овозможи на царинскиот орган доволни насоки во подготовката на планот за контрола.

3.III.6.2 .2 Определување на ризици и COMPACT[16] модел за ОЕО

483. Во Прирачникот за управување со ризици на СЦО[17], од царинска перспектива ризикот е генерално дефиниран како „можност за неусогласеност со царинските прописи“, но во контекст на овој прирачник подобро е да се има поширок пристап и ризикот да се дефинира како „веројатност дека активноста или настанот да влијаат неповолно на способноста организацијата да биде усогласена со барањата и критериумите за ОЕО“.

484. Предвид треба да се земат две нешта: веројатноста дека настанот ќе се случи и веројатното влијание на тој настан, со цел оценка на важноста на релевантниот ризик. Тие две димензии секогаш треба да се земат предвид.

485. Овие концепти може да се прикажат визуелно по пат на т.н. матрица на ризик на следната слика:



[16] COMPACT – Compliance and Partnership Customs and Trade – Усогласување и партнерство меѓу царината и трговијата
[17] Објавен на интернет страницата на Светската царинска организација www.wcoomd.org

486. Ризикот во потполност никогаш не може да се надмине освен ако се откаже од одреден процес во целост. Оваа матрица покажува дека ризикот со големо влијание би бил неприфатлив во сите случаи, освен во ситуација кога веројатноста е мала, додека ризикот со средно влијание би бил неприфатлив во ситуации на голема веројатност. Целта е да се намали степенот на ризик (влијание/веројатност) на прифатливо ниво и да се обезбеди преку надзор да не дојде до промена на тоа ниво.

487. По правило ако:

- нивото на ризик е во црвеното подрачје, се смета за голем и треба да се воведат дополнителни мерки за да се намали нивото на ризик;
- нивото на ризик е во жолтото подрачје, може да се предложат корективни мерки за да се префрли нивото во зеленото подрачје, било преку намалување на влијанието или намалување на веројатноста;
- нивото на ризик е во зеленото подрачје, ризикот се смета за прифатлив, меѓутоа и понатаму може да се земат предвид некои подобрувања.

488. Овие две променливи од матрицата на ризик треба да се користат и за одредување на приоритетите меѓу ризиците и планирањето на соодветни противмерки.

489. Јасно е дека ризиците може да имаат различно влијание во зависност од перспективата на разните учесници. На пр. економскиот оператор и царинскиот орган може да имаат различно разбирање на поимот безбедност: целта на економскиот оператор е да го обезбеди товарот од кражба, додека царинскиот орган се фокусира на заштита на граѓаните и спречување на вметнување на незаконска и опасна стока во синџирот на снабдување.

490. Од значење за проценката од закани и ризици на економскиот оператор е да се обезбеди од влијанијата на сите ризици во деловните активности релевантни за статусот ОЕО, имајќи го предвид опсегот на концептот ОЕО и улогата на економските оператори во меѓународниот синџир на снабдување во согласност со неговиот деловен модел.

491. Како дел од процесот, економскиот оператор не само што мора да извршува и управува со соодветни одбрани мерки, туку и да се погрижи тие мерки да функционираат и повторно да ги проверува и проценува.

492. Тоа значи дека економскиот оператор треба редовно да ги следи релевантните процеси, проверувајќи дали може постоечките процеси да гарантираат усогласеност со барањата за безбедност и сигурност. Економскиот оператор треба да ги документира спроведените постапки за да може да управува со нивното подобрување и за да има доказ пред царинскиот орган.

493. Накратко, економскиот оператор треба да има воспоставено процедури и мерки за да може:

- јасно да ги утврди средствата и целите кои се доведени во прашање (т.е. важно е овластениот економски оператор да има за цел усогласеност со царинските прописи и обезбедување на својот синџир на снабдување);
- да ги утврди заканите кои може да ги загрози наведените средства и цели;
- непречено да ги следи утврдените закани кои ги загрозуваат неговите сопствени средства;
- да го оцени ризикот поврзан со својата улога во меѓународниот синџир на снабдување, во согласност со сопствениот деловен модел;
- да ги опфати сите ризици преземајќи дејствија и спроведувајќи соодветни процедури; и
- да ја следи успешноста на воведените постапки.

494. Со цел да се добијат споредливи резултати, постапката за проценка на ризик треба да се основа на признат модел за анализа на ризик. Се препорачува користење на COMPACT Моделот за овластени економски оператори (TAXUD/2006/1452)[18]

3.III.7 Спроведување на контрола и контрола базирана на ризик

3.III.7.1 Подготовка на планот за контрола

495. Царинскиот службеник е одговорен за планирање и спроведување на контрола за да може во разумна мерка да утврди дали економскиот оператор работи во согласност со пропишаните критериуми. Царинскиот службеник

[18] Објавен на интернет страницата на Европската Комисија https://ec.europa.eu

треба да го утврди планот за контрола во согласност со идентификуваните ризици за конкретен економски оператор.

496. Планот за контрола треба да се состави врз основа на проценката на ризик, а мора да содржи податоци за:

- ризикот на секое подрачје, укажувајќи на релевантните места/аспекти кои треба да се проверат;
- матрица на анализата на ризик;
- оддели или служби кои ќе се проверуваат;
- членовите на управувачките органи и вработени со кои треба да се изврши разговор;

зошто, како и кога да се изврши тест на одредена трансакција/безбедност.

497. Извршувањето на контролата и определувањето на ресурсите треба да се засноваат на следното правило: „што е поголем ризикот, толку е поголемо нивото на контрола“.

3.III.7.2 Спроведување на контрола

498. Контролата е систематски процес од објективното прибирање и оценување на доказите. Исто така вклучува соопштување на резултатите заради непречено подобрување на релевантните процеси и намалување на ризиците поврзани со специфичните активности на економскиот оператор, на прифатливо ниво.

499. Клучен елемент во контролата е оценка на успешноста на проценката на ризик и внатрешните контроли кои ги извршува економскиот оператор. Економскиот оператор мора да ги проценува, намалува и ублажува ризиците во своето работење и сето тоа да го документира.

500. Исто така од значење е да се има предвид дека за малите и средни трговски друштва потребното ниво на внатрешна контрола и документација треба да биде на соодветно ниво со ризиците, во зависност од опсегот и големината на нивната деловна активност. Меѓутоа, дури и кога економскиот оператор извршил проценка на ризикот, неговата оцена не мора секогаш да соодветствува со заканите и ризиците кои ги има утврдено царинскиот орган.

501. Контролата секогаш треба да се темели на ризик и мора да биде насочена кон подрачја со висок ризик, за да може да се исполнат целите на контролата поврзани со конкретен економски оператор. Контролата базирана на ризик претставува пристап кој ги анализира ризиците на контролата, ги поставува прифатливите прагови врз основа на анализа на ризик и ги развива програмите за контрола кои определуваат поголем дел од ресурсите кон контрола во подрачја со висок ризик. Тоа е од значење зошто царинскиот службеник можеби нема да мора да изврши детална контрола на сите подрачја за контрола, посебно во случај на големи интернационални трговски друштва (односно во случај на постоење на голем број деловни простори).

502. Контролата треба да биде насочена првенствено на утврдување и оценување на највисоките ризици и внатрешната контрола воедно и мерките за сузбивање и намалување на ризиците преземени од барателот, а обезбедува и рамка за намалување на влијанието на утврдените ризици на прифатливо ниво пред одобрување на статусот ОЕО.

503. Контролата базирана на ризик се карактеризира како системска контрола.

3.III.7.3 Управување со преостанатиот ризик

504. Контролата базирана на ризик укажува на показатели на ризик кои служат како основа и прилика за подобрување на управувањето со контролираните ризици и процеси.

505. Тоа овозможува прилика за економскиот оператор да ги подобри своите операции врз основа на препораките за ризиците кои моментално немаат влијание во смисла на усогласеност со царинските прописи и безбедноста и сигурноста, но може долгорочно да ги загрозат деловните стратегии на економскиот оператор и неговата деловна успешност. Добрата анализа на ризик овозможува безбедносна рамка за успешна контрола.

506. Царинскиот службеник треба да има предвид дека планот за контрола е жив документ кој може да се менува во согласност со информациите кои се добиваат во текот на контролата.

507. Потенцијалниот ризик кој во фазата на оценување е оценет како низок, може при повторна оценка да биде проценет како висок, по проверката на

вистинскиот процес и процедурите не се проверуваат само на хартија туку и како тие се воспоставени.

508. Царинскиот службеник секогаш мора да ги оцени сите дополнителни податоци поврзани со подрачјата како да се во „зеленото подрачје“ и мора да бидат подготвени на проверка на релевантните процедури во случај факторите да го доведат во прашање проценетиот ризик.

Се препорачува користење на табелата „Закани, ризици и можни решенија“ - Прилог на овој Прирачник.

509. Контролата базирана на ризик се состои од четири главни фази, почнувајќи од идентификување и определување на приоритети меѓу ризиците, одредување на преостанатиот ризик, сведување на преостанатиот ризик на прифатливо ниво и соопштување на резултатите од контрола на економскиот оператор.

510. Тоа се постигнува на следниов начин:

- утврдување на различните постапки на економскиот оператор со цел одредување и поставување на приоритети меѓу ризиците, вклучувајќи преглед на нивниот безбедносен план, ако постои, проценка на загрозеноста и определување на конкретни преземени мерки и внатрешни контроли;
- потврдување на стратегијата и постапките на управување со економскиот оператор, нивно оценување и контрола со цел утврдување на преостанатиот ризик. Кога е потребно се тестираат контролите;
- управување со кој било преостанат ризик за да се сведе на прифатливо ниво (треба да се договори дополнителна постапка со економскиот оператор со цел намалување на влијанието и/или веројатноста за одреден ризик и негово доведување во зеленото подрачје);
- известување на економскиот оператор за резултатите од контролата, Од значење е царинските службеници јасно да му ги наведат сите утврдени ризици на економскиот оператор, вклучувајќи и препораки како тие може да се премостат;
- следење и, по потреба, повторна проценка на критериумите и барањата.

3.III.7.4 Завршен извештај и документација од контрола

511. Проверките кои се извршени во текот на контролата и заклучоците на царинските службеници мора да бидат точно документирани. Потребно е да се документира се што е извршено, а не само да се собираат докази и податоци. Тоа е од значење за царинскиот орган во текот на постапката на издавање на одобрение, вклучувајќи и управување со одобрението, но од значење е и за економскиот оператор.

512. Завршниот извештај и документација треба да ги содржат следните податоци дадени на јасен и систематичен начин:

- јасен преглед на економскиот оператор (неговото работење, неговата улога во синџирот на снабдување, неговиот деловен модел, неговите царински активности и т.н.);
- јасен и точен опис на преземените активности за проверка на исполнување на критериумите ОЕО;
- јасен опис на сите разгледани и проверени подрачја на ризик и сите понатамошни постапувања предложени на барателот за статус ОЕО;
- јасно известување за секоја преземена активност или реакција на барателот упатена до царинските службеници;
- јасна препорака за доделување на статусот или не, во согласност со резултатите од контрола;
- во случај на недоделување на статус ОЕО, наведување на целосни и детални причини заради кои статусот не е доделен, вклучувајќи ги сите добиени информации од други органи (држави), наведувајќи дали се добиени по пат на „информирање“ и/или „советување“;
- осврт поврзан со профилот на ризик на економскиот оператор, а во случај на одобрување на статусот, сите препораки за надзор и/или повторна проценка.

513. Завршниот извештај е документ од големо значење, бидејќи ја одразува севкупната работа (анализа на ризик, планирање на контрола, проверка и посета на деловните простори на барателот, податоци добиени од други органи (држави), профил на ризикот на конкретниот економски оператор,

итн.) на сумарен и систематичен начин и во кој се наоѓаат јасните препораки за идните постапки.

514. Пред изготвување на завршниот извештај и документите од контрола, во случај на нејасни прашања, потребно е царинските службеници да ги потврдат фактите со економскиот оператор.

Глава IV - Одлука за доделување на статус

3.IV.1 Фактори кои треба да се земат предвид пред донесување на одлука

515. Одлуката на царинскиот орган се заснова на собраните информации и анализа на различните фази на постапката за давање на одобрение, од моментот на прием на барањето до завршување на постапката на контрола.

516. За да може царинскиот орган да донесе одлука, предвид треба да се земат следниве фактори:

- сите претходни информации за барателот познати на надлежниот орган, вклучувајќи го барањето за добивање на статус овластен економски оператор, заедно со пополнетиот Прашалник за самооценување и сите други придружни документи. Тие податоци можеби ќе треба повторно да се проверат, а во некои случаи и да се ажурираат, за да се земат предвид можните промени до кои дошло во временскиот период од датумот на прием и прифаќање на барањето до завршување на процесот на издавање на одобрение и издавање на конечната одлука.
- сите релевантни заклучоци на царинските службеници во текот на постапката на контрола. Царинскиот орган мора да ги примени и воведе најефикасните методи за соопштување на резултатот од контролите добиени од тимот (тимовите) царински службеници до надлежниот царински орган за издавање на одобрението. Целосно документирање за извршените проверки и извештаи од контрола или други соодветни документи/начини претставува најсоодветен механизам;
- резултати од други проценки на организацијата и процедурите кај барателот извршени за потребите на други контроли.

517. На крајот на процесот, царинскиот орган пред донесување на конечната одлука, мора да го извести барателот ако постои веројатност дека

заклучоците ќе резултираат со негативна одлука. Царинскиот орган треба да му овозможи на барателот да го изрази своето мислење и да одговори на заклучоците воедно и да достави дополнителни документи кои може да бидат уважени при оценување на условите и критериумите, со намера да се донесе позитивна одлука.

518. За да се избегне правото да се сослуша другата страна да доведе до одолжување на постапката, по правило потребно на барателот да му се даде рок за давање на одговор, кој не треба да надминува 30 дена.

519. Барателот мора да знае дека недавањето одговор во тој временскиот период се смета одрекување од правото на сослушување. Ако лицето наведе дека сака да се одрече од своето право да биде сослушан, тој факт треба да се евидентира и да се сочува како доказ дека барателот имал можност да даде одговор.

520. Во случај кога резултатот од собраните дополнителни податоци или дополнителни докази, царинскиот орган одлучи да ја смени својата првобитна одлука, барателот мора да се извести за тоа.

3.IV.2 Донесување на одлука

521. Во предвид треба да се земат следниве фактори:

- во рамките на Царинската управа надлежен за донесување одлука за давање на статус овластен економски оператор – Одделение за царински и даночни постапки;
- за донесување на одлуката, завршниот извештај од надлежниот тим (тимови) царински службеници треба да има клучна улога во поглед на усогласеноста или неусогласеноста со посебните критериуми за стекнување статус овластен економски оператор;
- рокот за донесување на одлука е 120 дена. Тој рок може да се продолжи во следниве случаи:
    - од страна на царинскиот орган рокот може да се продолжи за дополнителни 60 дена, доколку не е во можност да завршат сите активности во рамките на 120 календарски дена. Пред истекот на рокот од 120 дена, барателот мора да се извести за продолжувањето на рокот (член 10-и став (4) од УСЦЗ);

- на барање на подносителот на барање и во договор со надлежниот царински орган. Во рамките на продолжениот рок, барателот спроведува прилагодување за да ги задоволи критериумот и за тоа го известува царинскиот орган. Бараниот продолжување на рокот треба да е разумно со оглед на природата на прилагодувањата кои барателот треба да ги изврши (член 10-и став (5) од УСЦЗ);
- од страна на царинскиот орган, кога се во тек кривични постапки кои доведуваат до сомнеж дали барателот или лицата од член 10-а став (1) од УСЦЗ, ги исполнува критериумите од член 6-6 точка а) од ЦЗ, за времето потребно за завршување на тие постапки (член 10-и став (6) од УСЦЗ).

3.IV.3 Известување на барателот

522. Барателот се известува написмено за следниве ситуации:
    - за прифаќање на барањето (член 10-и став (2) од УСЦЗ);
    - за продолжување на рокот за издавање на одобрението (член 10-и став (4), (5) и (6) од УСЦЗ);
    - донесувањето на конечната одлука по поднесеното барање.
523. Известувањето на економскиот оператор од страна на царинскиот орган се врши писмено преку сите достапни средства (на пр. преку електронскиот систем, преку електронска пошта, во хартиена форма и сл.).

3.IV.4 Поднесување тужба

524. Можноста за поднесување на тужба предвидена е во членот 7 став (3) од ЦЗ со кој се пропишува *„против решение, што во управна постапка го донесува царинскиот орган, може да поведе управен спор пред надлежниот суд“.*

3.IV.5 Рокови

525. Следниот шематски приказ ги прикажува главните рокови во процесот на издавање на одобрение за овластен економски оператор:



Дел 4 - Размена на информации

Глава I – Размена на информации со други држави

526. Во случај на постоење на договор за взаемно признавање на одобренијата за ОЕО, надлежниот царински орган ги известува другите држави со кои Република Северна Македонија има склучено меѓународен договор.

4.I.1 Постапка на информирање

527. Во согласност со членот 10-ќ став (1) од УСЦЗ, царинскиот орган за издавање на одобренија во рок од 7 дена од денот на прифаќање на барањето ги разменува информациите поврзани со барања за ОЕО, издадени ОЕО

одобренија и секој иден настан или дејствие кое може да влијае на даденото одобрение.

528. На тој начин може да реагираат во случај доколку располагаат со податоци од значење за одреден барател или во случај царинскиот орган за издавање на одобренија да бара да се преземат одредени активности (постапка на консултација).

529. Постоењето на какви било негативни информации за барателот, поврзани со усогласеноста со критериумите за добивање на статус овластен економски оператор, потребно е да се достават до царинскиот орган за издавање за да му се овозможи донесување на правична одлука заснована на сите расположливи факти.

530. Членот 10-у став (4) од УСЦЗ предвидува царинскиот орган на друга земја, што ги поседува информациите најдолго во рок од 30 календарски денови од датумот на известување да ги достави до царинскиот орган за издавање. Ефикасната размена на податоци може да заштеди скапоцено време и средства.

531. Наведените информации по правило се доставуваат пред издавање на одобрението; меѓутоа постапката за размена на информации е можна во кој било момент, дури и по издавањето на одобрението.

532. Ако царинскиот орган од друга земја има какви било информации, мора во најбрз рок да ги достави до царинскиот орган за издавање на одобрението, бидејќи тие информации може да влијаат на критериумите кои треба да ги исполни овластениот економски оператор. Тоа е можно зошто членот 10-т од УСЦЗ предвидува дека царинските органи го следат придржувањето кон условите и критериумите кои треба да бидат исполнети од овластениот економски оператор. Ако доставените информации се релевантни тие може да поттикнат царинскиот орган да ја започне со повторна проценка на одобрението во согласност со членот 10-н став (1) од УСЦЗ.

533. Надлежниот царински орган за издавање на одобрение ги зема предвид информациите добиени или во процесот на издавање на одобрение или за време на следењето на одобрението.

4.I.2 Постапка на консултација

534. Во согласност со членот 10-у став (1) од УСЦЗ *„за издавање на одобрението надлежниот царински орган може да оствари соработка со царински орган од друга земја која е надлежна според местото каде се наоѓаат неопходните информации или каде се спроведуваат контролите за целите на проверка на еден или повеќе критериуми пропишани со членот 6-б од ЦЗ, согласно склучен договор за взаемно признавање".*

535. Постапката на консултација ја иницира надлежниот царински орган за издавање на одобрение на почетокот на процесот со цел да собере информации пред издавање на одобрението.

536. Оваа постапка може да започне во кое било време доколку надлежниот царински орган за давање на одобрение смета дека е потребно за проверка дали ОЕО се уште ги исполнува потребните критериуми или не.

537. Оваа постапка може да се употреби за време на следењето на одобрението (член 10-м став (2) од УСЦЗ).

538. Кога е потребно и надлежниот царински орган за издавање на одобрение започнува со постапка на повторна проценка, одлучува дали постапката на консултација е потребна или не. Доколку надлежниот царински орган за издавање на одобрение смета дека е неопходно, ја започнува постапката на консултација и ги чека резултатите од неа. Во спротивен случај, продолжува со постапката на повторна проценка и за резултатите од неа (суспензија, укинување, ОЕО одобрението останува во важност) се известуваат царинските органи со кои Република Северна Македонија има склучено договор за взаемно признавање.

539. На пр. постапката на консултација може да биде потребна во случај кога економскиот оператор има една или повеќе деловни простории во друга земја; ако дел од неговите царински активности се спроведуваат во друга земја; или ако се добиени информации дека некој член од управувачките одбори има живеалиште во друга земја итн.ж

540. Таквата консултација е задолжителна, а царинскиот орган од кој се бара консултација должен е да му одговори на царинскиот орган за издавање на одобрение дури и ако резултатот е позитивен, односно овластениот

економски оператор кој поднесува барање ги исполнува критериумите кои се цел на проверката. Со тоа се обезбедува дека царинскиот орган за издавање на одобрение ќе има релевантна документација на која ќе се заснова конечната одлука.

541. Добиениот одговор од консултираниот орган треба да биде земен предвид од надлежниот царински орган за издавање на одобрение кој ја има целосната слика за барателот и е надлежен за одлуката за исполнување на критериумите од страна на економскиот оператор.

542. Може да постојат случаи кога консултираниот орган смета дека критериумите не се исполнети, но по дополнително објаснување од барателот надлежниот царински орган за издавање на одобрение да смета дека се доволни. Во тој случај, консултираниот орган повторно се консултира.

543. Доколку во определениот рок не се добие одговор од консултираниот орган, надлежниот царински орган за издавање на одобрение смета дека критериумите предмет на консултацијата се исполнети.

544. Согласно членот 10-у став (3) *„Процесот на соработка завршува во рок од 80 дена од датумот кога надлежниот царински орган за издавање на одобрението ја почнува комуникацијата за проверка на потребните критериуми кои треба да се проверат од консултираниот царински орган“.*

545. Рокот за консултација може да се продолжи во следниве случаи:

- кога заради природата на проверките кои треба да ги направи консултираниот царински орган потребен е поголем рок;
- на барање од барателот упатен до консултираниот царинскиот орган и предмет на договор со консултираниот царински орган.

546. Рокот за консултација, продолжениот рок и заклучокот во случај кога консултираниот царински орган не дал информација, може да се применат за целите на повторна проценка и следење на издаденото одобрение.

4.I.3 Средства за комуникација

547. Сите информации поврзани со постапката за информирање и постапката за консултација првенствено се разменуваат преку електронски систем со употреба на соодветни шифри.

548. Постојат случаи кога неопходните информации не можат да се разменуваат преку електронски систем. За да се одлучи како треба да се постапува потребно е да се провери дали потребните информации се доверливи или не. Понекогаш, постојат случаи кога информациите не се доверливи но заради нивниот формат не можат да се кодираат и како такви да се разменат преку електронски систем. Во тој случај може да се користат сите достапни комуникациски средства, вклучувајќи ги и лицата назначени како ОЕО контакти.

549. Во други случаи информациите се од доверлив карактер и не можат да се разменуваат преку електронски систем заради нивниот формат. Примери од такви случаи можат да бидат: вклученост на ОЕО во нелегални активности, посебни ризици за тој ОЕО или други прашања чие откривање може да предизвика проблеми како царинскиот орган (да ги загрози проверките и контролите) така и за економскиот оператор.

550. Во случаите кога надлежниот царински орган за издавање на одобрение треба да донесе негативна одлука таа треба да биде добро образложена. Оттаму, во случај кога консултираниот царински орган утврди дека барателот не исполнува еден или повеќе услови за позитивна одлука, документираните и образложени резултати треба да се достават до надлежниот царински орган за издавање на одобрение.

Глава II – Размена на информации меѓу царинскиот орган и други надлежни државни органи

551. Во рамката на процесот за одобрување на ОЕО, доколку е неопходно, консултацијата и размената на информации меѓу царинскиот орган и други надлежни државни органи е од големо значење. Во зависност од специфичните случаи и позитивните прописи степенот и формата на

консултација и/или размена на информации со другите надлежни државни органи може да биде различна.

552. Првиот случај е општиот услов пропишан со членот 6-а став (1) од ЦЗ, кога статусот ОЕО е одобрен од царинскиот орган по консултации со други надлежни државни органи. Потребата од таква консултација зависи од повеќе прашања на пр. видот на деловната активност на барателот и стоката која е вклучена, можност за проверка од страна на царинскиот орган заснована на достапни информации со цел да се утврди дали барателот е усогласен со обврските согласно позитивните прописи (пр. мерки на трговска политика, забрани и ограничувања).

553. Втор случај каде размената на информации со други надлежни државни органи е потреба е признавањето на ОЕО статусот. Во овој случај царинските прописи дефинираат кои се тие надлежни државни органи и случаите кога размената со нив е задолжителна со цел да се обезбеди соодветна примена на предвиденото взаемно признавање.

554. Трет случај може да се предвиди кога размената на информации е за зголемување на квалитетот на ОЕО одобренијата во процес на нивно издавање и одобренија/сертификати издадени од други надлежни државни органи со цел да се избегнат двојните контроли за ист економски оператор.

II.1 Размена на информации од царинскиот орган до Агенцијата за цивилно воздухопловство

555. Членот 10-т став (2) од УСЦЗ пропишува „*Кога ОЕОС е регулиран агент или познат испраќач согласно Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security), надлежниот царински орган за издавање на одобрението без одложување ги прави достапни на Агенцијата за цивилно воздухопловство следните минимални информации поврзани со статусот ОЕО кои му се на располагање:*

а) ОЕОС одобренија, вклучувајќи го името/називот на имателот на одобрение и кога е соодветно, измените, укинувањето и суспендирањето на статусот овластен економски оператор и причините за тоа;

б) информации дали засегнатите места се посетени од царинските органи, датумот на последната посета и дали предмет на посетата е проверка при процесот на давање на одобрение, повторна проценка или надзор;

в) секоја повторна проценка на одобренијата ОЕОС и резултатите од неа."

556. Членот 10-т став (3) од УСЦЗ пропишува *„Царинскиот орган во договор со Агенцијата за цивилно воздухопловство воспоставува начин за размена на секоја информација која не е обезбедена со електронскиот систем".*

557. Кога е применливо, особено кога ОЕО статусот е основа за издавање одобренија или поволности согласно членот 10-ќ став (2) надлежниот царински орган *„може да одобри пристап до електронскиот систем на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Пристапот е поврзан со следниве информации:*

а) ОЕОС одобренија, вклучувајќи име/назив на имателот на одобение и кога е применливо, нивната измена, укинување или суспендирање на статусот овластен економски оператор и причините за тоа;

б) секоја повторна проценка на ОЕОС одобренијата и резултатите од неа".

558. *Добиените информации, Агенцијата за цивилно воздухопловство може да ги употреби само за цели на соодветните програми за регулиран агент или познат испраќач и воедно ги спроведува соодветните технички и организациски мерки за безбедност на тие информации.* (член 10-ќ став (3) од УСЦЗ).

II.2 Размена на информации од Агенцијата за цивилно воздухопловство до царинскиот орган

559. Размената на информации е неопходна и од Агенцијата за цивилно воздухопловство до царинскиот орган за обезбедување статусите регулиран агент и познат испраќач, како и измените по нивно одобрување, да се земат предвид при одобрување и управување со одобренијата ОЕО.

560. Начинот на размена на информациите е предмет на взаемен договор меѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство и царинскиот орган.

II.3 Други области на размена на информации

561. Царинскиот орган ја унапредува програмата овластен економски оператор со размена на информации со други надлежни државни органи кои се релевантни при проверката за критериумите за ОЕО

562. Пример на друга област на размена на информации меѓу царинскиот орган и друг надлежен државен орган рамена на информации за двојната намена на стоката која е споредлива со ОЕО програмата.

Дел 5 - Управување со одобрението

Глава I – Следење

5.I.1 Општо

5.I.1.1 Следење кое го спроведува економскиот оператор и обврска за известување за сите промени

563. Редовното следење е основна одговорност на економскиот оператор. Тоа треба да биде дел од неговиот систем на внатрешна контрола. Економскиот оператор мора да покаже како го врши следењето и да ги прикаже резултатите. Економскиот оператор мора да ги оцени своите процедури, ризици и системи за да се воочат сите значајни промени во неговите постапки. Царинскиот орган мора да биде известен за тие промени.

564. Обврската е пропишана и со членот 10-м став (1) од УСЦЗ согласно кој *„Имателот на одобрението го известува царинскиот орган без одложување за сите промени што ќе настанат по издавање на одобрението, а кои може да влијаат на неговата важност или содржина“.*

565. Иако во Прилогот Примери од информации кои треба да бидат споделени со царинскиот орган, кон овој прирачник, дадени се примерите на случаи кога царинскиот орган треба да биде известен, тие во најголема мера зависат од засегнатиот ОЕО и затоа таа листа не може да биде конечна.

566. ОЕО го информира надлежниот царински орган за издавање на одобрение за сите промени и на други соодветни одобренија, сертификати или лиценци

одобрени од други надлежни државни органи кои имаат влијание на одобрението ОЕО (укинување на статусот регулиран агент или познат испраќач). ОЕО треба да се обезбеди дека ја поседува оригиналната документација, вклучувајќи ги и документираните наоди и извештаи од повторна проценка доколку е побарана од царинскиот орган.

567. За да се обезбеди дека ОЕО е свесен за својата обврска, царинскиот орган може на пример:

- да му даде примери од информации кои треба да ги размени со надлежниот царински орган во одлуката, во формален допис и сл. испратен до ОЕО по издавање на одобрението, а поврзано со Прилогот, Примери од информации кои треба да бидат споделени со царинскиот орган, на овој прирачник;
- му обезбедува на ОЕО соодветно контакт лице во рамките на царинскиот орган за размена на сите информации поврзани со одобрението;
- да му испрати е-маил порака (пр. е-маил со кој царинскиот орган му го дава ОЕО логото на економскиот оператор) до контакт лицето кај ОЕО со истакнување на обврската и можноста за размена на битните промени кај ОЕО;
- кога царинскиот орган ќе открие промени за кои ОЕО не го известил, испраќа е-маил „опомена“ до контакт лицето кај ОЕО, наведувајќи дека тој вид на информации треба да се разменат со надлежниот царински орган;
- да му испраќа редовно (пр. еднаш годишно) краток прашалник „потсетник“ (со употреба на прашања од Прашалникот за самооценување) на контакт лицето кај ОЕО (со употреба на електронска пошта) за ажурирање на можни промени поврзани со потребните критериуми.

5.I.1.2 Следење од царинскиот орган

568. Царинскиот орган го следи придржувањето на критериумите постојано, вклучувајќи следење на секојдневните активности на ОЕО и посета во неговите простории. Целта на следењето е рано откривање на кој било сигнал

на неусогласеност со критериумите што ќе доведат до преземање на соодветни акции.

569. Согласно член 10-м став (2) од УСЦЗ и член 6-а став (1) од ЦЗ статусот ОЕО е предмет на следење (надзор). Дополнително треба да се земе предвид дека одобрението ОЕО нема ограничен рок на важност и од големо значење е критериумите од статусот ОЕО да се проверуваат на редовна основа.

570. Во исто време следењето овозможува подобро разбирање на работењето на ОЕО, што може да го поттикне царинскиот орган на ОЕО да му препорача подобар и поефикасен начин на употреба на царинските постапки или царинските прописи генерално.

571. Од значење е царинскиот орган за издавање на одобрение да се обезбеди дека системот за следење над усогласеноста со критериумите за одобрението се развива во соработка со ОЕО. Сите мерки на контрола кои ги спроведува царинскиот орган потребно е да бидат евидентирани.

572. Согласно член 10-т од УСЦЗ *„Надлежниот царински орган ги прави достапни сите релевантни информации на располагање на царинските органи од други земји во кои ОЕО спроведува царински поврзани активности и со кои Република Северна Македонија има склучено договор за взаемно признавање.*

Кога ОЕОС е регулиран агент или познат испраќач согласно Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security), надлежниот царински орган за издавање на одобрението без одложување ги прави достапни на Агенцијата за цивилно воздухопловство следните минимални информации поврзани со статусот ОЕО кои му се на располагање:

а) ОЕОС одобренија, вклучувајќи го името/називот на имателот на одобрение и кога е соодветно, измените, укинувањето и суспендирањето на статусот овластен економски оператор и причините за тоа;

б) информации дали засегнатите места се посетени од царинските органи, датумот на последната посета и дали предмет на посетата е проверка при процесот на давање на одобрение, повторна проценка или надзор;

в) секоја повторна проценка на одобренијата ОЕОС и резултатите од неа.

Царинскиот орган во договор со Агенцијата за цивилно воздухопловство воспоставува начин за размена на секоја информација која не е обезбедена со електронскиот систем.

Добиените информации, Агенцијата за цивилно воздухопловство може да ги употребува само за цели на соодветните програми за регулиран агент или познат испраќач и воспоставува соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на сигурноста на тие информации ".

573. Иако прописите не утврдуваат посебен облик на воспоставен систем за следење, генерално, најсоодветно е царинскиот орган за издавање на одобрение да го состави планот за следење (надзор). Овој план ги содржи сите наоди од контроли, предложени превентивни мерки (иако операторот е слободен да најде поинакво решение од предложените мерки).

574. Следењето на ОЕО од надлежниот царински орган може да се состои од:

- обезбедување дека корективните мерки успешно се имплементирани од ОЕО;
- следење на операциите на ОЕО преку следење на постојните ризици и заштита од појава на нови ризици.

575. Без оглед на кој начин е составен планот за следење односно дали е како посебен план или како дел од завршниот извештај, предвид се зема следното:

- **резултати од контрола** – следењето треба да е засновано на профилите за ризик за ОЕО, како што се оценети од страна на царинските службеници во текот на контролата, вклучувајќи и кои било мерки кои се препорачани на ОЕО;
- **употреба на членот 10-д став (2) од УСЦЗ поврзано со иматели на сертификат за безбедност и сигурност издадени врз основа на меѓународна конвенција или меѓународниот стандард од Меѓународната организација за стандардизација или европскиот стандард од Европското тело за стандардизација, тие сертификати се земаат предвид, регулиран агент или познат испраќач** – ова се значајни ситуации кои треба да бидат земени предвид од причина што други релевантни одобренија или сертификати издадени од други државни органи се употребуваат при одобрување на статусот ОЕО;

- **сигнали за предвремено предупредување** – ОЕО е законски обврзан да го известува царинскиот орган за издавање на одобрение за сите битни промени. Промените кои ги извршил ОЕО може да доведат до одлука за нужна повторна проценка. Од значење е ОЕО јасно да ги разбира своите обврски и начинот на известување за сите промени до царинскиот орган за издавање.

576. Нужно е царинскиот орган да ја има можноста за постојани детални проверки со кои утврдува дали ОЕО ја има контролата над своето работење, како и проверка на сите утврдени ризици или сите промени (Постојат ли некои нови ризици? Дали квалитетот на административната организација и системот на внатрешна контрола се еднакво добри како во текот на контролата?).

577. Постојат разни начини кои му овозможуваат на царинскиот орган рано откривање на какви било нови ризици/информации како:

- редовна проверка на царинските декларации на ОЕО;
- спроведување на физичка контрола на стоката;
- анализа на расположливите податоци во интерните царински бази на податоци;
- сите други контроли, освен контролата за ОЕО или повторна проценка (контроли за поедноставени постапки или контроли за добивање статус овластен држател на склад)
- процена на сите видливи промени во однесувањето на трговското друштво или начинот на работење;
- **следење на ризикот** – новите ризици или новите ситуации мора да се оценат преку следење. Ако еден елемент од оценувањето доведе до заклучок дека ОЕО веќе не постапува со утврдените ризици на соодветен начин, царинскиот орган го известува економскиот оператор за тој заклучок. Економскиот оператор треба да ги преземе мерките потребни за подобрување. Царинскиот орган е должен да ги провери тие мерки за подобрување. Тоа исто така може да доведе до заклучок дека треба да се изврши повторна проценка на еден или повеќе критериуми или статусот ОЕО да се суспендира или укине .

578. Активностите за следење кои треба да се испланираат мора да се темелат на анализа на ризик во разни фази (проверка пред одобрување на статус, управување со издадени одобренија итн.)

579. Постојат повеќе фактори кои на нив може да влијаат:

- видот на одобрението – додека следењето над некои критериуми, на пр. докажана финансиска солвентност, може да се изврши во канцеларија, следењето над критериумот за безбедност и сигурност за ОЕОС се проверува на терен;
- стабилност на економскиот оператор – дали постојат чести промени на локации, пазари, клучните лица, системите итн.;
- големината на деловното работење и бројот на локации;
- улогата на ОЕО во синџирот на снабдување – дали има ОЕО физички пристап кон стоката или делува како царински застапник;
- сигурноста на внатрешната контрола над деловните процеси и употреба на надворешни соработници за постапките;
- дали во текот на контролата на ОЕО му се предложени какви било постапки, мали подобрувања во постапките или процедури.

580. Од тие причини зачестеноста и природата на следењето може да се разликува во зависност од предметниот ОЕО. Меѓутоа, заради природата на критериумите поврзани со безбедноста и сигурноста, посетата на терен за ОЕОС се препорачува барем еднаш во три години.

581. Посебно внимание треба да се посвети на случаите во кои економскиот оператор кому му се одобрува статус ОЕО постои помалку од три години. Во наведениот случај, царинскиот орган треба да извршат детален надзор во текот на првата година по одобрувањето на статусот ОЕО.

582. Исто така треба да земе предвид дека развојот на планот за надзор, посебно теренските посети на деловните простори на ОЕО, треба да бидат извршени во контекст на неговите генерални царински активности. Царинскиот орган мора да ги координира и земе предвид сите други активности поврзани со контроли/надзор предвидени за тој конкретен економски оператор. Двојните проверки треба да се избегнува што е можно повеќе.

583. За случаите кога е применет членот 10-д став (2) од УСЦЗ, сите информации достапни од други државни органи може да бидат употребени при планирање на активностите за следење за да се избегнат двојни проверки како за царинскиот орган така и за економскиот оператор.

584. Активностите од следење може да доведат до конкретни активности од страна на надлежниот царински орган. Тие активности треба да бидат документирани. Документирањето може да ги опфати следниве облици:
- ажурирање на планот за следење;
- скратен извештај од контрола;
- генерални заклучоци и наоди од тимот за контрола итн.

585. Документацијата ќе ги содржи критериумите кои биле предмет на проверка и резултатите од неа.

5.I.2 Одобрение ОЕО кое опфаќа повеќе подружници

586. Општите правила во точката 5.I.1. секогаш се применуваат. Меѓутоа, ако статусот ОЕО е одобрен на матично трговско друштво со неколку подружници во предвид треба да се земат дополнителни посебни елементи.

587. Општото начело согласно кое царинскиот орган за издавање на одобрение надлежен за одобрување на статусот ОЕО и има водечка улога во фазата на управување со издадените одобренија. Меѓутоа, во овие посебни случаи треба да се земе предвид дека „практичното“ знаење и информации за одредена подружница ги поседуваат други земји кои го признаваат одобрението ОЕО. За успешно управување со одобрението, кога се развиени какви било активности на надзор, соработката со царинските органи во други земји во кои се наоѓа подружницата/подружниците е од голема важност, како што е утврдено во членот 10-т од УСЦЗ.

588. При разработка на планот за следење, треба да се земе предвид следното:

- се препорачува развој на еден општ план за следење за ОЕО за имателот на кого му е одобрен статусот. Меѓутоа, следењето ќе се заснова на поединечни планови и информации кои ги подготвила соодветната држава;
- царинскиот орган за издавање на одобрение е одговорен за координација во рамките на планот т.е. елиминација на какви било

преклопувања или дуплирања на предвидените/извршените контролни активности; собирање на сите нови податоци и ажурирани верзии на плановите итн.;

- царинските органи во кои се наоѓаат подружниците – генерално се одговорни за подготовка на дел од планот за следење поврзан со одредената подружница. Тој план мора во разумен рок да се соопшти на царинскиот орган за издавање на одобрение, овозможувајќи подготовка и координација на општиот план за следење. Исто така се одговорни за извршување на какви било теренски посети на подружниците;
- релевантни информации добиени од ОЕО до кој било царински орган се препраќаат до царинскиот орган надлежен за издавање на одобрение;
- релевантни наоди од кој било царински орган се доставуваат до царинскиот орган надлежен за издавање на одобрение.

Глава II - Повторна проценка

589. Членот 10-н став (2) од УСЦЗ пропишува дека царинскиот орган спроведува повторна проценка дали имателот на одобрението ОЕО работи во согласност со критериумите за ОЕО, во следниве случаи:

а) при поголеми промени во царинските прописи кои се однесуваат на одобрението;

б) кога е неопходно, како резултат на следењето на исполнетоста на критериумите на одобрението;

в) кога е неопходно, како резултат на добиени информации од имателот на одобрението согласно член 10-м ставот (1) од УСЦЗ или од други органи.

Во зависност од причината за повторна проценка, таа може да доведе до целосна или делумна проверка на конкретни критериуми.

5.II.1. Повторна проценка при поголеми промени во царинските прописи

590. Повторна проценка е потребна при поголеми промени во царинските прописи, специфични за и со влијание на критериумите за одобрување статус ОЕО.

591. Пример претставуваат измените во ЦЗ и УСЦЗ со кои се воведе нов критериум практични стандарди за компетенции или професионални квалификации.

592. Повторната проценка во вакви случаи се спроведува во конкретен преоден период.

5.II.2. Повторна проценка како резултат на спроведеното следење или информации дадени од имателот на одобрение или друг орган

593. Почетна точка за донесување на одлука за повторна проценка е да постојат индикации дека економски оператор повеќе не ги исполнува критериумите.

594. Тоа сомневање може да произлезе од различни ситуации – како резултат на следење кое го извршува царинскиот орган; податоци добиени од царински органи од други земји; големи промени во активностите на ОЕО итн.

595. Царинскиот орган надлежен за издавање на одобрение одлучува во секој засебен случај дали е потребно повторна проценка на сите критериуми или само релевантните критериуми за кои постои сомневање дека постои неусогласеност. Секогаш е можно да се открие, дури и во текот на повторната проценка на некој критериум, дали треба повторно да се проверат и останатите критериуми.

596. Повторната проценка ја извршува царинскиот орган надлежен за издавање на одобрение. Меѓутоа, кој било царински орган во друга држава може да открие постоење на основано сомневање дека ОЕО повеќе не ги исполнува критериумите.

597. Тоа може да се случи, на пример:

- ако еден или повеќе деловни простории на ОЕО се наоѓаат во друга земја;
- ако ОЕО своите царински активности ги спроведува во друга земја.

598. Во овие случаи царинскиот орган во друга земја која го признава одобрението ОЕО и во која е откриено сомневањето го известува царинскиот орган надлежен за издавање на одобрението за тие факти, а тој ќе одлучи дали ќе спроведе повторна проценка или не.

599. Во случаи одобрението е издадено на матичното друштво со повеќе постојани единици/подружници, другите земји кои го признаваат одобрението ОЕО и во кои постојат постојаните единици/подружници може да побараат од царинскиот орган надлежен за издавање да спроведат повторна проценка на критериумите.

600. Во случај кога матичното друштво основа нова постојана единица/подружница или спроведе процес на преструктуирање кој влијае на постојаната единица/подружница, потребно е за тоа да го извести царинскиот орган за надлежен за издавање на одобрение кој ги презема потребните мерки, вклучувајќи по потреба и повторна проценка.

601. Иако повторната проценка генерално се разликува од случај до случај, треба да се разгледаат неколку заеднички елементи:

а) обемот на повторната проценка – критериумите кои се проверуваат или потврдуваат зависат од причините за почеток на повторна проценка;

б) метод на повторна проценка - само документарна проверка или комбинација со теренска контрола, кога е потребно за специфични критериуми предмет на повторната проценка;

в) рок – нема определен рок за повторна проценка. Меѓутоа, рокот мора да биде дефиниран во зависност од бројот на критериуми предмет на проверка, дали е предвидена теренска контрола и по правило не треба да се надминат истите рокови кои се применуваат за донесување на првобитната одлука за ОЕО.

г) повторна проценка која вклучува друга земја – ако повторната проценка вклучува повторна проценка во друга држава се применуваат правилата предвидени во постапката на консултација. По правило, царинскиот орган од другата земја одлучува дали ќе изврши посета во рамките на постапката за повторна проценка. Рокот во кој треба да се одговори треба да соодветствуваат со вообичаените рокови за консултација во согласност со членот 10-у од УСЦЗ.

д) влијание на другите царински одобренија– по спроведување на повторната проценка препорачливо е да се утврди дали ОЕО поседува други одобренија или поедноставувања кои се условени од усогласеноста со критериумите за стекнување на статус ОЕО, на пр. одобренија за поедноставени постапки Ако постои таков случај, тој треба да се земе

предвид, воедно и да се избегнат сите можни дуплирања на работата при постапката за повторна проценка, како од аспект на царинските ресурси, така и од аспект на економскиот оператор.

ѓ) извештај за повторна проценка – за извештајот за повторна проценка и документацијата, треба да се примени сличен пристап како и при првобитната контрола. Од значење е предложената дополнителна активност да се наведе во извештајот на пр. суспензија, укинување, мерки кои треба да се спроведат и рокови.

е) достапност на резултатите – резултатите од повторната проценка нужно е да се ставаат на располагање на другите царински органи, без оглед дали се вклучени во постапката или не.

Глава III – Измена на одлуката

602. Во согласност со член 7-б од ЦЗ одлука на царинскиот орган може да се измени доколку еден или повеќе услови пропишани за издавање на одлуката престанале да се исполнуваат од страна на ОЕО.

603. Во контекст на ОЕО, можни примери за измена на одобрението е измена во називот или адресата на ОЕО. Во некои случаи измената може да се издаде по повторна проверка на исполнување на критериумите (на пр. нови простории/подружници во случај на ОЕОС).

604. За измената се известува ОЕО. За измената се известуваат и други царински органи кои го признаваат одобрението ОЕО или други државни органи.

Глава IV - Суспензија

605. Суспензијата на статусот ОЕО значи дека издаденото одобрение не е важечко во текот на определен период.
606. Согласно член 6-в став (1) од ЦЗ и член 10-ѣ од УСЦЗ *„Царинскиот орган го суспендира одобрението овластен економски оператор, кога:*

а) имателот на одобрението не исполнува еден или повеќе критериуми од членот 6-б на ЦЗ, но се уште ги нема неопходните елементи да одлучи за неговото поништување, укинување или измена;

б) е утврдено дека имателот на одобрението не ги исполнува критериумите од членот 6-б на ЦЗ и му овозможува дополнителен рок за преземање мерки за

исполнување на истите;

в) имателот на одобрението бара негово суспендирање затоа што привремено е во неможност да ги исполни критериумите од одобрениот статус.

Во случаите од член 6-в став (1) точките б) и в) од ЦЗ, имателот на одобрението го известува надлежниот царински орган за издавање на одобрението за мерките кои ќе ги преземе за исполнување на критериумите од одобрението или усогласување со обврските, како и потребниот рок во кој ќе ги преземе тие мерки ".

607. За времетраењето на суспензијата имателот на одобрението не смее да има пристап кон поволностите кои му ги овозможува статусот, што за него може да има сериозни последици.

608. Членот 10-р од УСЦЗ пропишува *„Кога ОЕО одобрението е суспендирано заради неусогласеност со некој од критериумите од членот 6-б од ЦЗ, секоја одлука донесена врз основа на тоа ОЕО одобрение или врз основа на посебен критериум кој довел до суспендирањето на одобрението ОЕО, надлежниот царински орган ја суспендира.*

Суспензијата на која било одлука поврзана со примена на царинските прописи, а донесена врз основа на ОЕО, не доведува до суспензија на ОЕО одобрението по автоматизам.

Кога одлуката која се однесува на лице кое е истовремено ОЕОС и ОЕОЦ е суспендирана согласно член 6-в ставот (1) од Царинскиот закон, заради неисполнување на условите пропишани со член 6-б став (1) точката г) од Царинскиот закон, неговото ОЕОЦ одобрение се суспендира додека неговото ОЕОС одобрение останува во важност.

Кога одлуката која се однесува на лице кое е истовремено ОЕОС и ОЕОЦ е суспендирана согласно член 6-в став (1) од Царинскиот закон, заради неисполнување на условите пропишани со член 6-б став (1) точката д) од Царинскиот закон, неговото ОЕОС одобрение се суспендира додека неговото ОЕОЦ одобрение останува во важност ".

609. Суспензијата може да биде последица од извршена контрола при вршење на следењето или повторна проценка доколку се откриени сериозни недостатоци што значи дека имателот на одобрението, од аспект на ризик, не може да биде ОЕО во постојните околности. Индикацијата за неусогласеност

со критериумите може да се биде резултат на информации добиени од царински органи на други земји или други државни органи, пр. Агенцијата за цивилно воздухопловство.

610. Пред донесување на одлуката за суспензија, царинскиот орган го известува ОЕО за заклучоците, спроведената проверка и фактите согласно кои може да дојде до суспензија на одобрението доколку состојбата не се поправи.

611. Временскиот рок за доставување на забелешки и исправки е 30 календарски дена од датумот на соопштување.

612. Одговорите треба внимателно да се оценат од аспект на ризик, освен во случаи кога може да се смета дека состојбата е исправена, статусот се суспендира за период од 30 дена, со можност за продолжување од уште 30 дена. ОЕО мора да биде известен за тоа по писмен пат.

613. Статусот може да биде суспендиран веднаш, ако видот или обемот на повредите на јавната безбедност и сигурност по здравјето и животната средина го бараат тоа. Оваа можност треба да се користи рестриктивно.

614. Во случаите кога иницијативата за суспензија доаѓа од имателот на одобрението кој привремено не исполнува некој од критериумите за ОЕО ОЕО треба да ги наведе причините за барањето, а кога е потребно, да предложи и план за делување со конкретни мерки кои ќе ги преземе и очекуваниот временски период.

615. На пр. економскиот оператор го подобрува или менува своето информатичко-интегрирано производство, па во текот на определениот период нема да биде во можност да ја следи стоката во меѓународниот синџир на снабдување. Тој тогаш бара суспендирање на одобрението и предложува соодветен временски период за имплементација.

616. Статусот може да биде суспендиран доколку акцискиот план и причината за барањето се разумни. Во спротивно, како можност треба да се разгледа укинувањето на одобрението на барање на имателот.

617. Меѓутоа, треба да се прави разликата меѓу суспензија на иницијатива на царинскиот орган и на иницијатива на ОЕО согласно членот 6-в став (1) од ЦЗ. Затоа ОЕО не може да го користи со намера исклучиво да го одложи

укинувањето или да ја избегне тригодишната забрана за поднесување на ново барање.

618. Царинскиот орган надлежен за издавање на одобрението треба внимателно да го оцени ефектот од суспензијата. Суспензијата нема влијание на царинските постапки започнати и не завршени, пред датумот на суспензија.

619. Кога ќе престане да постои причината за суспензија, одобрението станува одново важечко. Во спротивно, царинскиот орган надлежен за издавање на одобрение треба да ја разгледа можноста за укинување на одобрението.

Глава V - Укинување

620. Одредбите за укинување на одобрение ОЕО и случаите кои може да доведат до тоа се наведени во членот 6-в став (2) од ЦЗ и 10-с од УСЦЗ.

621. Членот 6-в став (2) утврдува дека *„Царинскиот орган го укинува одобрението овластен економски оператор кога:*
а) еден или повеќе критериуми од одобрението не биле исполнети во моментот на издавање на одобрението или престанале да се исполнуваат или
б) на барање на имателот на одобрение. "

622. Кога за укинувањето одлучи царинскиот орган надлежен за издавање на одобрение, економскиот оператор нема право да поднесе ново барање за издавање одобрение за ОЕО во текот на три години од денот на укинување.

623. Членот 10-с од УСЦЗ утврдува дека *„Укинувањето на одобрението ОЕО не влијае на други донесени одлуки за исто лице освен ако ОЕО статусот е услов за таа одлука или таа одлука е заснована на критериум од членот 6-б од ЦЗ кој веќе не е исполнет.*

Укинувањето или измената на донесена одлука за имателот на одобрението не влијае на ОЕО одобрението по автоматизам.

Кога исто лице истовремено е ОЕОЦ и ОЕОС и се применува член 6-в ставот (2) од Царинскиот закон и имателот не ги исполнува условите пропишани со член 6-б точката г) од ЦЗ, во тој случај се укинува одобрението ОЕОЦ додека одобрението ОЕОС останува во важност.

Кога исто лице истовремено е ОЕОС и ОЕОЦ и се применува член 6-в ставот (2) од Царинскиот закон и имателот не ги исполнува условите пропишани со членот 6-б точката д) од Царинскиот закон, во тој случај се укинува одобрението ОЕОС додека одобрението ОЕОЦ останува во важност. "

624. Укинувањето на иницијатива на царинскиот орган е царинска одлука и економскиот оператор има право да биде сослушан. Затоа, кои било сознанија, извршени проценки и факти врз основа на кои може да доведат до укинување на статусот ОЕО, се соопштуваат на ОЕО, освен ако правото да биде сослушан е веќе назначено во рамките на постапката на суспензија.

625. Во случај на која било одлука за укинување, економскиот оператор има право на тужба.

Дел VI – Взаемно признавање

Глава I – Чекори на процесот кон взаемно признавање

626. Следните чекори се неопходни да се постигне взаемно признавање:

- Формално обврзување за воспоставување на взаемно признавање
- Споредба за законските прописи
- Проценка на имплементацијата на предметните програми и размена на најдобрите практики вклучувајќи и взаемна теренска посета (види 6.VII од овој прирачник препораки како да се спроведе следење/спроведување на контрола)
- Согласност за текстот на договорот за взаемно признавање

  Текстот на договорот за взаемно признавање треба да ги има следниве основни елементи: наведување на компатибилноста на двете програми ОЕО, набројување на меѓусебните поволности кои се одобруваат што е можно попрецизно. Тој содржи податоци кои се предмет на автоматската размена на податоци и правила за заштита на податоците. Дополнително, содржи и процедурални правила, вклучувајќи правила за еднострана суспензија на поволностите
- Систем за размена на податоците.

Глава II – Имплементација и следење по потпишување на договорот за взаемно признавање

627. Заради бројот на одобренија за ОЕО и можни договорни земји, развојот и воспоставувањето на механизам за автоматска размена на податоци е неопходно за имплементација на договор за взаемно признавање. Со други зборови, имплементацијата на еден договор за взаемно признавање може да започне по воспоставување на механизам за автоматска размена на податоци.

628. По склучување на договор за взаемно признавање дијалогот меѓу договорните земји продолжува. Тој вклучува зачестеност на размената на информации за новите промени, вклучувајќи соработка во случаи на еднострана суспензија на поволностите од договорот за взаемно признавање. Најдобрите практики за имплементација на договор за взаемно признавање вклучуваат заедничка соработка со деловната заедница на конференции, семинари и воспоставување на Често Поставувани Прашања (ЧПП) кои ги објаснуваат техничките аспекти на договорот за взаемно признавање.

629. За да се обезбеди дека двете страни ги одржуваат стандардите од процедурите ОЕО се препорачува следење преку редовни посети од двете страни.

Глава III – Поволности од договор за взаемно признавање

630. Поволности кои може да се вклучат во еден договор за взаемно признавање се следниве:

а) помалку контроли поврзани со безбедност и сигурност: секој царински орган го зема предвид одобрениот статус на партнерската програма при проценката на ризикот заради намалување на контролите и другите мерки поврзани со безбедноста и сигурноста.

б) признавање на деловните партнери за време на процесот на поднесување на барање: секој царински орган го зема предвид одобрениот статус на партнерската програма одобрен од царински орган при проценка поднесено барање по сопствената програма од аспект дека членовите на партнерската програма се безбедни и сигурни кога се проценуваат барањата поврзани со сигурност на деловните партнери.

в) приоритетен третман при царинење: секој царински орган го зема предвид одобрениот статус на партнерската програма одобрен од царински орган за обезбедување на приоритетен третман, побрза обработка, поедноставени формалности и побрзо пуштање на пратките за вклучените членови на партнерската програма.

д) механизам за деловниот континуитет: двете страни настојуваат да воспостават заеднички механизам за деловен континуитет како одговор на пореметување на трговските текови при зголемен степен на опасност, затворање на граници и/или природни непогоди, кризни ситуации и други инциденти, при што царинскиот орган може во најголема мера да го олесни и забрза постапувањето со товарот на членовите на партнерската програма.

ѓ) идни поволности од договор за взаемно признавање: царинските органи и деловната заедница заеднички соработуваат за да се идентификуваат и развијат можните дополнителни поволности за ОЕО во рамките на договор за взаемно признавање, со цел натамошно подобрување на програмата.

Глава IV – Имплементација на договор за взаемно признавање – Како да се добијат поволности од договор за взаемно признавање

631. Трговските друштва иматели на одобрение ОЕО со сигурносна компонента кои сакаат да добијат поволности од договор за взаемно признавање кој го склучила Република Северна Македонија потребно е дадат писмена согласност за размена на податоци со партнер земјите од договорот за взаемно признавање.
632. Писмената согласност е прилог на Прашалникот за самооценување кој се поднесува заедно со барањето за ОЕО.

633. Во секој случај согласноста може да се даде или повлече во кое било време од барателот/имателот.

634. За да може да се даде или повлече согласноста ОЕО потребно е да контактира со надлежниот царински орган за издавање на одобрение.

635. За да се има поволност од „Признавање на деловните партнери во процесот на поднесено барање“ потребно е трговското друштво да ги назначи броевите од ОЕО на своите деловни партнери кои ги имаат во оние земји со кои Република Северна Македонија има склучено договор за взаемно признавање (назив, адреса, ОЕО број).

636. Кога трговско друштво поднесува барање за ОЕОС или ОЕОЦ/ОЕОС и неговите деловни партнери се ОЕО во земја со која Република Северна Македонија има склучено договор за взаемно признавање, тие деловни партнери се сметаат за безбедни и сигурни и не се бараат дополнителни барања за нив (Изјава за безбедност и сл.).

637. За да се има поволност од „помалку контроли поврзани со безбедност и сигурност и приоритетен третман при царинење“ ОЕО треба да го размени својот идентификациски број со своите деловни партнери од земјите со кои Република Северна Македонија има склучено договор за взаемно признавање.

638. Деловните партнери треба да го внесат идентификацискиот број во декларацијата за увоз.

Глава V – Едностранo суспендирање на поволностите

639. Во договорот за взаемно признавање не може да се исклучи можноста на една договорна страна да открие инциденти поврзани со сигурноста во кои се вклучени трговски друштва ОЕО од другата договорна страна (пр. заплена на наркотици од контејнер на ОЕО).

640. За тие случаи договорот за взаемно признавање треба да вклучува правна основа за двете страни да ги суспендираат поволностите за вклучените трговски друштва ОЕО.

641. За тие случаи се разменуваат информации преку одговорните контакт лица на двете страни преку сигурна електронска пошта.

Глава VI – Препорака за спроведување на контрола за ОЕО или посета за следење

642. Еден од основните елементи на процесот на преговори за взаемно признавање со друга земја, како и дела од следењето на имплементацијата на договорот, се контроли ОЕО и следење на лице место.

643. Целта на таквите посети е да се провери имплементацијата на ОЕО програмата во пракса. Посетите се дел од преговорите за взаемно признавање (фаза 2) и дел од имплементација на договорот по неговото влегување во сила.

644. Главен интерес на процесот е потврдувањето на усогласеноста во законските основи за ОЕО.

645. Процесот се состои од два дела, првиот дел е вовед во националната организација и структура за ОЕО и преглед на трговското друштво што ќе се посетува. Вториот дел е посета на трговското друштво.

VI.1 Разговор за имплементација на програмата ОЕО

646. Главен интерес е да се види како е имплементирана програмата ОЕО од операционален аспект.

647. Потребно е да се вклучи краток приказ на:

- Царинската администрација, генерално
- Организационата структура за ОЕО, на пример број на вработени кои работат на ОЕО (целокупно работно време, делумно работно време, систем на обуки, пристап со деловната заедница)
- Процедура за давање на одобрение, вклучувајќи го барањето и прашалникот за самооценување, како се врши проверка на сигурносните барања
- Следење и дополнителна контрола
- Соработка со други држави (во процесот на издавање на одобрение и следење на одобрението).

VI.2 Посета на трговското друштво

648. Целта на посетата на трговското друштво е да се набљудува како тимот за контрола на ОЕО ја спроведуваат контролата во просториите на барателот или посета за следење на ОЕО. Претставниците на договорната страна учествуваат во посетата на трговското друштво како набљудувачи.
649. Нужно е трговското друштво да е информирано за причините на посетата и знаат дека целта на истата е да се провери имплементацијата на ОЕО програмата.

650. Посетата во просториите на барателот/ОЕО вообичаено треба да е структурирана на следниов начин:

- Посетата треба да претставува вистинско спроведување на контрола, водена од тимот за контрола, не од трговското друштво;
- Трговското друштво треба да е информирано однапред за посетата и како таа ќе се спроведува;
- Тимот за контрола треба да ги преземе своите вообичаени задачи
    - во случај на контрола по поднесено барање
    - во случај на посета за следење на издадено одобрение ОЕО, на пр. поставување на прашања за последните случувања кои имаат влијание на ОЕО, барања до трговското друштво да ги демонстрира сигурносните процедури);
- Во случај кога е потребен превод, да се има предвид времето потребно за превод на прашањата од тимот за контрола и одговорите од трговското друштво. Трговското друштво треба да е информирано претходно за овој пристап;
- Набљудувачите од договорната страна може да добијат скратен приказ на процесот за контрола или следење на ОЕО;
- Посетата треба да се заврши со препораки за барателот;
- Контролната вежба треба да се насочи кон безбедносните и сигурносните аспекти и критериуми.

Дел 7 – Преодни и завршни одредби

651. Со донесувањето на овој Прирачник престанува да важи 01.30.ПР.001.02 Прирачникот за овластен економски оператор бр. 01-028261/14-0002 од 20.05.2019 година.

652. Овој Прирачник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Директор,
м-р Славица Кутиров

Бр. 01-028261/14-0003
Скопје, _____година

Записи:
- 01.30.00.ПР.001.03-ОБ.01.03 – Прашалник за самооценување
- 01.30.00.ПР.001.03-ОБ.02.03 Изјава за безбедност

Прилози:
- Прилог 3 (а) од УСЦЗ – Барање за одобрение ОЕО со појаснувачки забелешки
- Прилог 3 (б) од УСЦЗ - Одобрение ОЕО со појаснувачки забелешки
- Појаснувачки забелешки кон Прашалникот за самооценување со вклучена табела за потребни критериуми
- Закани, ризици и можни решенија
- Примери од информации кои треба да бидат споделени со царинскиот орган
- Табела со критериуми кои се однесуваат на различни учесници во синџирот на снабдување
- COMPACT Модел за овластени економски оператори

Изработил: Билјана Гаџовска

Одобрил: Гордана Динеска

Согласен: Офелија Бајо

Прирачникот го подготви:	Сектор за царински систем
Приматели:	Заменик директор, Советници на директорот, Помошници директори на сектори, Началници на независни одделенија Управници на царинарници
Примерок доставен за :	Интерна употреба
Оригиналот се чува во:	Сектор за царински систем Архива

Прилог 3(а)

Барање за ОЕО одобрение

(Член 10-з)

Забелешка: При пополнување на образецот ве молиме да се придржувате кон појаснувачките забелешки

1. **Барател**		резервирано за царински цели
2. **Правен статус на барателот**		3. **Датум на основање**
4. **Адреса при основање**		
5. **Локација на главното деловно место**		
6. **Контакт лице (име и презиме, телефон, факс, електронска пошта)**		7. **Адреса за коресподенција**
8. **Даночен број**	9. **Идентификациски број на правниот субјект**	10. **Службен број при регистрација**
11. **Баран вид на одобрение** € одобрение ОЕО – Царински поедноставувања € одобрение ОЕО - Безбедност и сигурност € одобрение ОЕО - Царински поедноставувања / безбедност и сигурност		
12. **Економски сектор на дејност**	13. **Земји каде се вршат царинските дејности**	
14. **Податоци за гранични премини**	15. **Поедноставувања или олеснувања кои претходно се одобрени и/или одобрен статус на регулиран агент или познат испраќач**	
16. **Место во кое се чува царинската документацијата**		
17. **Место кое е одговорно за обезбедување на сета царинска документација**		
18. **Место во кое се чува главното книговодство**		
19. **Потпис:** ..... **Датум:**..... **Име и презиме:**..... **Број на прилози:**		

Појаснувачки забелешки кон барањето за ОЕО

1. **Барател:**
   Се запишува целиот назив на барателот - економскиот оператор.
2. **Правен статус:**
   Се запишува правниот статус наведен во документот за основање.
3. **Дата на основање:**
   Се запишува – со броеви – ден, месец и година на основање.
4. **Адреса при основање:**
   Се запишува полната адреса на местото каде субјектот бил основан, вклучувајќи ја и државата.
5. **Локација на главното деловно место**
   Се запишува полната адреса на деловното место каде се спроведуваат главните активности.
6. **Контакт лице**
   Се запишува целото име и презиме, телефонскиот број и број на факсот, како и адресата на електронската пошта на контакт лицето определено од компанијата за контакт со царинскиот орган, додека се разгледува барањето.
7. **Адреса за коресподенција:**
   Се запишува само доколку се разликува од адресата при основање.

8., 9. и 10. Даночен број; Идентификациски број на правниот субјект; Службен број при регистрација:

Се запишуваат бараните броеви.

Идентификациски број на правниот субјект е бројот регистриран од царинските органи.

Службен број при регистрација е бројот доделен од канцеларијата за регистрирање.

Ако овие броеви се исти, се запишува само даночниот број.

Ако барателот не поседува идентификациски број, рубриката се остава празна.

11. **Бараниот вид на одобрение:**

Се става "x" во соодветното квадратче.

12. Економскиот сектор на дејноста:

Се опишува својата дејност.

13. Земји каде се вршат царинските дејности:

Се запишуваат соодветните ИСО алфа-2 кодови на земјите.

14. Податоци за гранични премини:

Се запишуваат имињата на царинските испостави кои редовно се користат како гранични премини.

15. Поедноставувања или олеснувања кои претходно се одобрени, уверенија од член 10 (д) став (2):

Во случај на одобрени поедноставувања, се запишува видот на поедноставувањето, соодветната царинска постапка и бројот на одобрението. Соодветните царински постапки се запишуваат во облик на шифрите кои се употребуваат во втората или третата подрубрика во рубрика 1 во ЕЦД.

Во случај кога барателот е имател на едно или повеќе одобренија наведени погоре, се назначува видот и бројот на одобренија.

16., 17. и 18. Место во кое се чува царинската документација/главното книговодство:

Се запишуваат полните адреси на соодветните места. Доколку имаат иста адреса, се пополнува само рубрика 16.

19. Име и презиме, датум и потпис на барателот:

Потпис: Потписник треба да биде лицето кое го застапува барателот во целина.

Име и презиме: Се запишува името и презимето на потписникот и неговата службена позиција.

Број на прилози: Барателот ги дава следните општи информации:

1. Преглед на главните сопственици и иматели на акциии наведувајќи ги нивните имиња и презимиња, називи и адреси, како и нивните пропорционални делови на сопственост или акции. Преглед на членовите на работоводниот орган или органите на управување. Дали сопствениците им се познати на царинските органи заради непочитување

на барањата на царинските органи за спроведување на царинските формалности?

2. Податоци и информации за лицето кое кај барателот е одговорно за работи од областа на царината.

3. Опис на економските активности на барателот.

4. Спецификација на локацијата на различните места на барателот и краток опис на дејностите на сите места поединечно. Спецификацијата за тоа дали барателот на секое од местата во синџирот на снабдување делува во свое име и за своја сметка, или делува во свое име и за сметка на друго лице или делува во име и за сметка на друго лице.

5. Спецификација за тоа дали стоката е купена или снабдена од трговски друштва кои се поврзани со барателот.

6. Опис на внатрешната структура на организацијата на барателот. Се приложуваат, доколку постојат, документи за функциите/надлежностите за секој оддел или функција.

7. Податоци за бројот на вработени (вкупно и посебно за секој оддел).

8. Имињата и презимињата на носителите на клучните работни места (директори, раководители на одделенија, сметководстводители и книговодители, раководител на оддел за царина, итн.). Опис на процедурите во ситуации кога надлежниот вработен не е присутен, моментално или долгорочно.

9. Имињата и презимињата и позицијата во организацијата на барателот на лицата кои имаат посебни царински познавања. Проценка на нивото на знаење на овие лица во ИТ технологијата во царината и комерцијалните процеси и општите комерцијални работи.

10. Согласување или несогласување за објавување на информациите од одобрението ОЕО во списокот на овластени економски оператори.

Прилог 3(б)

Одобрение ОЕО

	_____ _____ **(Број на одобрение)**
1. **Имател на одобрение ОЕО**	2. **Орган издавач**

Имателот од рубрика 1 на ова уверение е:

Овластен економски оператор

€ - Царински поедноставувања

€ - Безбедност и сигурност

€ - Царински поедноставувања / безбедност и сигурност

3. **Датум од кога одобрението стапува во сила**

Појаснувачки забелешки за одобрението ОЕО

Број на одобрение:

Бројот на одобрение секогаш започнува со ИСО алфа-2 кодот на земјата издавач ("МК" за Република Македонија), а по неа следи една од следниве шифри:

AEOC за одобрение ОЕО – Царински поедноставувања
AEOS за одобрение ОЕО - Безбедност и сигурност
AEOF за одобрение ОЕО - Царински поедноставувања / безбедност и сигурност

1. Имател на одобрение ОЕО:

Се запишува целиот назив на имателот, како што е наведено во рубрика 1 од образецот на барањето од Прилог 3(а), како и даночниот број како што е наведено во рубрика 8 од образецот на барањето, а доколку е потребно и идентификацискиот број на правниот субјект, како што е наведено во рубрика 9 од образецот на барањето и службениот број при регистрација, како што е наведено во рубриката 10 од образецот на барањето.

2. Орган издавач:

Се потпишува од одговорното лице на царинскиот орган, се наведува називот на царинскиот орган и се става царинскиот печат.

Означување на видот на одобрение

Се става "x" во соодветното квадратче.

Датум од кога одобрението стапува во сила:

Се запишува денот, месецот и годината

Прилог: Појаснувачки забелешки за прашалникот за самооценување за ОЕО

Целта на Прашалникот за самооценувањето на овластениот економски оператор е да ви помогне како барател да ги препознаете барањата во врска со добивањето статус ОЕО и воедно да му обезбедите на царинскиот орган дополнителни информации за вас и вашето деловно работење на веќе доставените во вашето барање. Податоците дадени во Прашалникот за самооценување може да се употребат и во постапка за давање на други одобренија за кои е нужно да се исполнат некои или сите критериуми за стекнување статус ОЕО. Овие појаснувачки забелешки ви даваат и насоки како да се одговорат прашањата за критериумите, како и информациите за стандардите кои царинскиот орган очекува да ги исполните и докажете за да може да се стекнете со одобрението ОЕО.

Согласно членот 10-s став (2) од УСЦЗ за да може да се поднесе барање за ОЕО, барателот треба да поднесе и Прашалник за самооценување, заедно со барањето.

1. Овој прашалник се темели на одредбите на Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на царинскиот закон, нивните измени и дополнувања и Прирачникот за овластен економски оператор. Неговата цел е да го поедностави и забрза процесот на издавање на одобрение.

Исто така и се овозможува на Царинската управа да добие добра општа слика за подносителот на барање заедно со образецот барање, што резултира со забрзување на постапката за издавање на одобрение. Економските оператори затоа се повикуваат да го пополнат прашалникот за самооценување на правилен начин и да одговорат на сите прашања од значење за трговското друштво.

Дополнителни податоци за ОЕО може да се најдат на интернет страницата на Царинската управа www.customs.gov.mk.

Напоменуваме дека е од голема важност да се прочитаат законските одредби и Прирачникот за овластен економски оператор пред да се започне постапката.

2. Прашалникот се поднесува заедно со барањето за одобрение за ОЕО до надлежниот царински орган.

Се препорачува да контактирате со надлежниот царински орган доколку имате прашања или забелешки поврзани со прашалникот или барањето пред неговото поднесување.

3. Прашалникот ги содржи најважните прашања кои може да бидат од корист за Царинската управа во рамките на секој оддел. Меѓутоа, некои прашања имаат влијание само на некои учесници во меѓународниот синџир за снабдување. Тоа може да зависи и од видот на одобрението за кое вашето трговско друштво поднесува барање. Нема потреба да одговорите на прашања кои не се однесуваат на вашето деловно работење. Замолуваме тие прашања да ги одговорите со „не применливо" и образложение зошто тоа прашање не е применливо за вас. Можете, на пример, да го наведете делот од меѓународниот синџир на снабдување во кој сте вклучени или видот на одобрението за кое поднесувате барање. Погледнете на табелата во вториот дел на овие појаснувачки забелешки за да проверите кои прашања се релевантни за различни учесници во синџирот за снабдување во зависност од видот на одобрението кое го барате..

Доколку веќе имате царински поедноставувања или други царински одобренија кои покажуваат дека исполнувате еден или повеќе критериуми за стекнување статус ОЕО, доволно е да ги наведете тие поедноставувања или одобренија.

Доколку вашето трговско друштво е имател на сертификати, експертски извештаи или кој било друг заклучок од експерти (на пр. економска проценка, меѓународни сертификати и сл.) доставете ги или наведете ги. За дополнителни насоки ве упатуваме на соодветниот дел од Прирачникот за ОЕО, кој ги опфаќа соодветните критериуми целосно или во некој дел и тоа наведете го во вашиот одговор на соодветното прашање. Напоменуваме дека ова не е нужно, но доколку имате некои од нив, тоа би бил корисен податок за Царинската управа и може да резултира со забрзување на постапката.

4. Треба да се напомене дека поединечните одговори не се разгледуваат одвоено туку како дел на севкупната постапка на оценување во поглед на одреден критериум. Еден незадоволителен одговор на едно прашање не претставува нужно одбивање на статусот ОЕО, доколку се докаже на друго место во постапката дека критериумот е исполнет (во севкупна смисла).

5. Критериумите за одобрение ОЕО се исти за сите економски оператори. Меѓутоа, царинскиот орган ја цени големината на трговското друштво (мали и средни трговски друштва), правната положба на трговското друштво, структурата, клучните деловни партнери и посебните економски активности на друштвото. Тоа значи дека спроведувањето на мерките со цел исполнување на критериумите може да се разликуваат од субјект до субјект, во зависност од големината, без да се предизвика неусогласеност со барањата.

6. Постапката за издавање одобрение за ОЕО се заснова на исти начела како и други меѓународни стандарди и како трговското друштво се придржува на внатрешните стандарди за гаранција на квалитет. **Вие сте одговорни за тоа во вашето трговско друштво да постојат процедури за гаранција на квалитет**, како за царинските прашања така и за безбедноста и сигурноста (кога е применливо). При посета во вашето трговско друштво треба да покажете на царинскиот орган дека ги спроведувате внатрешните процедури, со цел на управување со вашите царински прашања и/или прашања поврзани со безбедност и сигурност, како и соодветни внатрешни контроли со кои се обезбедувате во функционирањето на тие процедури. **Внатрешната политика и/или упатства мора да бидат документирани, било во електронски или хартиен облик. Тие мора да бидат познати внатре во организацијата, достапни на сите корисници и постојано ажурирани.**

Затоа, првиот чекор се однесува на вашите внатрешни стандарди за гаранција на квалитет. Одговорите во прашалникот предадени заедно со барањето треба да бидат збир на внатрешни процедури и упатства кои се спроведуваат за да и овозможите на Царинската управа целосна слика за вашето трговско друштво. За да одговорите на прашалникот и за да се подготвите за постапката на контрола на ОЕО, сите главни оддели во трговското друштво треба да бидат вклучени во меѓународниот синџир за снабдување како царина, логистика, сметководство, информатика, набавка, продажба, безбедност, оддел за квалитет треба да бидат вклучени во процесот.

7. Во прашалникот може да се наведе внатрешната политика на трговското друштво или упатствата поврзани со царинските прашања и/или безбедност и сигурност. Доколку го сторите тоа, наведете го името или бројот на документот и бидете подготвени да го покажете на царинскиот орган при контролата на локацијата. За да може да ја забрзате постапката можно е да ги предадете документите заедно со прашалникот.

8. Пополнетиот прашалник заедно со сите придружни документи треба да се доставаат до надлежниот царински орган заедно со барањето по електронски или хартиен пат.
9. Податоците доставени во рамките на процесот на поднесено барање подлежат на прописите за безбедност на податоците и ќе се третираат како доверливи.

Оддел I – Податоци за трговското друштво
(член 6-а од ЦЗ)

Овој оддел му овозможува на царинскиот орган општ преглед на трговското друштво. Бараните податоци може да бидат дадени општо и да послужат како преглед на состојбата на датумот на предавање на барањето. Доколку бараните податоци веќе постојат кај надлежниот царински орган, наведете го тоа на образецот или напоменете каде тие податоци се поднесени.

Пододдел 1.1 Основни податоци за трговското друштво

1.1.1 Во прашањата (а) и (б), молиме наведете ги податоците за одобрението и барањето (назив и единствен даночен број, царинскиот орган за издавање и бројот на регистрација).

Во таков случај, наведете што ви е заедничко со тие трговски друштва, на пр. делите компјутерски систем(и), имате заеднички стандардни безбедносни мерки, заеднички документирани процедури, делите заеднички простории итн.

1.1.2 Во прашањето (а), наведете ги само акционерите кои се вклучени во секојдневната работа/донесување одлуки за друштвото.

1.1.3 Лице одговорно за царински прашања е лицето внатре во трговското друштво или договорно лице кое работи со царинските прашања на барателот.

1.1.4 Наведете, доколку е можно, соодветна ознака на вашите трговски активности согласно националната класификацијата на дејности. Дефиницијата за меѓународниот синџир на снабдување може да ја најдете во Прирачникот за ОЕО, Дел 1. Глава II.

За проценка и наведување на улогата во меѓународниот синџир на снабдување, ве молиме придржувајте се на следниве упатства:

а) производител на стока (MF): Страна која произведува стока.

Оваа ознака се употребува само доколку економскиот оператор произведува стока. Таа не се однесува на случаите кога економскиот оператор е вклучен во трговијата со стока (на пр. увоз, извоз).

б) увозник (IM): Страна која изготвува или во чие име царинскиот застапник или друго овластено лице ја изготвува увозната декларација. Може да биде вклучено лице кое ја поседува стоката или на кое стоката се испраќа.

Оваа ознака се употребува само ако економскиот оператор ја поседува стоката. Во случај на царински застапник молиме да ја користите ознаката за „царински застапник".

в) извозник (EX): Страна која ја изготвува или во чие име се изготвува извозната царинска декларација и кое е сопственик на стоката или има слични права на располагање со стоката во време на прифаќање на декларацијата.

Во случај на царински застапник молиме да ја користите ознаката за „царински застапник".

г) царински застапник (CB): Агент или застапник за декларирање на стока кој непосредно работи со царинските органи во име на извозник или увозник.
Ознаката може да се употребува и од економски оператори кои делуваат како агенти/застапници и во други цели (пр. застапник на превозник).

д) превозник (CA): Страна која го извршува или го договора превозот на стока меѓу наведени точки.

ѓ) шпедитер (FW): Страна која кое го организира доставувањето на стока.

е) консолидатор (CS): Страна која консолидира различни пратки, плаќања и т.н.

е) држател на складиште (WH): Страна која презема одговорност за стоката која е во складиште.

Складиштето не треба задолжително да се смета за царински склад; затоа оваа ознака треба да ја користат и економските оператори кои управуваат со

други складишни простори (на пр. привремено складиште, слободна зона итн.)

s) останати: на пр. ракувачи со контејнери (CF), управување со товар (DEP).

Во случај доколку имате повеќе од една улога во меѓународниот синџир на снабдување, наведете ги соодветните ознаки.

1.1.5 Наведете податоци за локациите вклучени во царинските активности (доколку имате повеќе од пет локации вклучени во царинските активности, наведете ги деталните податоци само за пет главни локации вклучени во царинските активности) и адресите за преостанатите локации вклучени во таквите активности.

Во случај на појава на нови локации вклучени во царинските активности во текот на постапката на поднесување барање за ОЕО, потребно е да се достават целосни податоци и за нив.

1.1.6 Со ова прашање се утврдува дали тргувате (со стока, не со услуги) со вашите поврзани трговски друштва или не. На пример, сета стока ја набавувате од своето матично трговско друштво или се увезува во име на поврзано трговско друштво и се дистрибуира до другите трговски друштва. Мора да се наведат целосни податоци во текот на постапката за издавање на одобрение.

1.1.7 Наведете детален органограм вклучувајќи ги различните трговски друштва/оддели во вашето трговско друштво, нивните функции/одговорности и органите на управување.

1.1.8 Во случај веќе да не е наведено во прашањето 1.1.2 б) и в), молиме наведете полно име и адреса, датум на раѓање и единствен матичен број.

Постапките би требало да ги прикажат процедурите во случај привремени или краткотрајни отсуства на одговорните лице како што е раководителот за царински прашања, службеникот за увоз, вклучувајќи и како и кој ќе ги преземе вообичаените одговорности.

1.1.9 Наведете го (приближно) бројот на вработени кој ви е познат во моментот на поднесување на барањето.

Во тој контекст наведете дали вашето трговско друштво е опфатено со дефиницијата микро, мали или средни трговски друштва согласно Законот за трговските друштва. Следната табела се заснова на претходно дадените препораки:

Класификација на трговци	Број на вработени	Годишен приход	или	Просечна вредност на вкупни средства (во актива)
Голем	≥250	Разни		Разни
Среден	<250	≤10.000.000 €		≤11.000.000 €
Мал	<50	≤2.000.000 €		≤2.000.000 €
Микро	≤10	≤50.000 €		X

Пододдел 1.2 Обем на деловни активности

1.2.1 Доколку сте ново трговско друштво и имате помалку од три завршени годишни сметки, наведете ги податоците од оние кои се завршени. Доколку вашето трговско друштво не постои доволно долго за да изготвите една годишна сметка, наведете „не е применливо“ (НП).

1.2.2 Молиме наведете ги локациите на просториите за складирање (доколку имате повеќе од пет локации, наведете ги петте главни објекти, вкупен број на објекти и сите објекти кои се наоѓаат и во други држави).

1.2.3 За царински посредници/застапници (трети страни), наведете ги сите декларации кои се поднесени во ваше име и во име на други.

Пример:

	увоз		извоз		Транзит, царинско складирање, слободна зона, привремен увоз, крајна употреба, увоз и извоз за облагородување (за секоја постапка посебно)	
година	**број**	**вредност**	**број**	**вредност**	**број**	**вредност**
2016	2200	9, 6 мил.	400	2,6 мил	150	0,8 мил
2017	2500	10,3 мил	350	2,2 мил	100	0,4 мил

2018	2400	10,2 мил	340	3,1 мил	100	0,5 мил

1.2.4 За царински посредници/застапници (трети страни), наведете ги сите плаќања кои сте ги извршиле во име на вашите клиенти и во свое име.

Пример:

	царински давачки	**Акциза**	**ДДВ**
2016	300 милиони денари	1,75 мил	2,32 мил
2017	400 милиони денари	1,87 мил	2,12 мил
2018	380 милиони денари	1,85 мил	2,10 мил

1.2.5 Познати идни промени кои може да влијаат на организација на трговското друштво, исполнување на критериумите за ОЕО или проценка на ризикот на синџирот на снабдување. Тоа може да вклучува на пример: промена на клучните лица, промена на книговодствениот систем, отворање на нови локации, склучување на нови логистички договори и т.н.

Пододдел 1.3 Царински податоци и статистика

1.3.1 Во прашањата (б) и (в), доколку вашиот партнер/партнери во моментов се во процес на проверка за ОЕО, молиме наведете ги податоците за одобрението и/или барањето (назив, даночен број, царински орган за издавање и број на регистрација).

1.3.2 Во прашањето (а), молиме наведете го името и позицијата на вработениот одговорен за распоредување на вашата стока или доколку користите трето лице да го врши тоа, наведете го неговото име.

Во прашањата (б) и (г), особено доколку користите трето лице, како се обезбедувате дека доверената работа е извршена правилно и во согласност со вашите упатства?

Во прашањето (б) наведете како ја одржувате датотека за производите во која секој производ е поврзан со тарифната ознака на стоката и со соодветната стапка на давачка и ДДВ.

Во прашањето (в), доколку спроведувате мерки за обезбедување на квалитет, во текот на посетата од царинските службеници треба да приложите доказ за тоа дека редовно и во целост ги ревидирате, дека ги документирате сите промени и ги известувате засегнатите вработени за промените.

Во прашањето (г), молиме наведете како, кој и колку често повторно го проценувате распоредувањето на стоката и ажурирањето на датотеката за производите и сите други поврзани документи и како ги известувате сите вработени на кои влијаат промените, на пример посредници, вработени во набавка и т.н.

Во прашањето (д), наведете дали користите задолжителни тарифни информации за распоредување на стоката (ЗТИ).

Во текот на постапката на проверка веројатно ќе треба да ги ставите на располагање:

- деталните податоци/пописи или датотеки за вашите производи и нивните тарифни броеви и царински стапки
- средствата/податоците, на пример: ажурирани податоци за распоредување на стоката или техничките податоци кои обично се користат за распоредување на вашата стока.

1.3.3 (а) Наведете го името и позицијата на одговорниот вработен за утврдување на царинската вредност на стоката или доколку користите трето лице за тоа, наведете го неговото име.

(б) и (г) Доколку користите трето лице, како се обезбедувате дека доверената работа е извршена правилно и во согласност со вашите упатства?

(б) Мерки за обезбедување на квалитет би требало да вклучуваат, на пример:

- методи на проценка кои се користат,
- како се сочинуваат и поднесуваат изјавите за вредност кога е тоа потребно,
- како се одредува царинската вредност и ДДВ,
- како се пресметуваат транспортните трошоци и трошоците за осигурување,

- надоместоци за лиценци и тантиеми за увезената стока кои ги плаќа купувачот или директно или индиректно претставува услов за продажба,
- системи во чиј состав се приходите за секоја следна препродажба, располагање или користење директно или индиректно плаќање на продавачот,
- трошоци кои ги плаќа купувачот (кои не се вклучени во цената) во поглед на провизии или брокерски провизии (освен куповни провизии) или
- трошоци настанати во врска со контејнери и пакување, стока и/или услуги кои ги обезбедува купувачот без надоместок или при намалени трошоци за употреба поврзани со производство и продажба за извоз на увезената стока.

(в) доколку спроведувате мерки за обезбедување на квалитет, во текот на посетата од царинските службеници треба да приложите доказ за тоа дека редовно и во целост ги проверувате своите процедури, дека ги документирате сите промени и ги известувате засегнатите вработени за промените.

1.3.4 Во прашањето (б), внатрешните активности по правило вклучуваат мерки со кои обезбедувате:

- дека државата извозник има право да даде повластен третман и дека стоката има повластена царинска стапка,
- дека се исполнети обврските поврзани со директниот транспорт/без манипулација,
- дека е точно и оригинално уверението или изјавата во фактура е достапна кога се декларира преференцијално потекло,
- дека уверението или изјавата во фактура се соодветни со пратката и дека правилата за потекло се исполнети,
- дека не постои можност за повеќекратно користење на уверението/изјавата во фактура,
- дека преференцијалното потекло при увоз се користи во рамките на временскиот период на важност на уверението/изјавата во фактура, и
- дека оригиналното уверение/изјава во фактура се задржуваат како дел од постапката за контрола на безбеден начин.

Во прашањето (в) , вашиот пристап треба да го опфати начинот кој обезбедува:

- дека стоката се квалификува за преференцијален извоз, на пример дека ги исполнува условите за потекло,
- дека сите потребни документи/пресметки/трошоци/описи на постапката за потврда на преференцијалното потекло и издавање на уверение/изјава во фактура се запазени на безбеден и сигурен начин како дел од постапката за контрола,
- дека овластените вработени потпишале и благовремено ги издале соодветните документи, на пример уверение или изјава во фактура,
- дека изјавата во фактура не се издава за пратки од средна и голема вредност освен ако царинскиот орган не ви одобрил,
- дека неискористените уверенија се чуваат внимателно и безбедно, и
- дека уверенијата по потреба се поднесуваат кај царинскиот орган за извоз.

1.3.5 Наведете, согласно потребата:

- имињата на државите и/или
- имињата и адресите на производителите за која стока мора да платите анти-дампинг или компензаторни давачки.

Оддел II Почитување на царинските и даночните прописи
(член 6-б точка а) од ЦЗ, член 10-а од УСЦЗ, Дел 2, Глава I од Прирачникот за ОЕО)

ВАЖНО: Врз основа на член 10-а од УСЦЗ, почитувањето на царинските и даночните прописи на вашето трговско друштво и лицата идентификувани во прашањата 1.1.2, 1.1.3. и 1.1.8. се заснова на последните три години пред поднесувањето на барањето. Во текот на тој временски период не треба да е донесена одлука од надлежен прекршочен орган или суд со која е утврдено дека сте сторители или повеќекратни сторители на потешки повреди на царинските и даночните прописи. Меѓутоа, оценката за почитување на царинските и даночните прописи може да биде прифатлива доколку повредите се лесни или занемарливи со оглед на бројот или големината на царинските постапки/активности и не создаваат сомневање поврзано со севкупниот степен на усогласеност.

Притоа, царинскиот орган ги разгледува:

- **неправилностите/грешките во целина и на кумулативна основа**
- **нивната зачестеност со цел да се утврди дали постои систематски проблем**
- **дали постои незаконска намера или невнимание,**
- **дали го имате известено царинскиот орган доброволно за грешките/неправилностите кои сте ги откриле,**
- **дали имате преземено мерки за спречување на идни грешки или ги имате доведено на најниско ниво.**

Членот 10-а од УСЦЗ пропишува и дека лицата идентификувани во прашањата 1.1.2, 1.1.3. и 1.1.8 не треба да се сторители на тешко кривично дело во врска со неговата економска дејност.

2.1 а) Примери на откриени повреди на царинските прописи:

- март до септември 2016 – употреба на грешна ознака за валута за увезена стока од Кина, што резултирало со декларирање на поголеми царински давачки и ДДВ;

- декември 2016 – не е поднесен извештај за раздолжување за увоз за облагородување.

Примери за откриени повреди на даночните прописи:

- јануари 2018 – нелегално производство на минерални масла.

Доколку има повеќе грешки, наведете го нивниот вкупен број и кратка содржина на главната причина за секоја од нив.

б) Примери за мерки за обезбедување на квалитет кои се преземени како резултат на двата примери наведени погоре:

- октомври 2016 – промена на информатичкиот систем со што се спречува внесување до моментот на извршување на проверка на пријавената валута;

- извештајот се доставува. Ревидирани се постапките за доставување на извештаи и спроведување на квартални проверки од страна на раководните лица и нивно предавање до овластените вработени.

Вашите мерки за обезбедување по правило треба да вклучуваат:

- именување на одговорно контакт лице во трговското друштво за откривање на неправилности/грешки, вклучувајќи и сомневање за криминални активности, за известување на царинските и другите државни органи,
- услови, вклучувајќи и зачестеност, за проверка на точноста, целосноста и благовременото евидентирање и одржување на документацијата како декларации/извештаи поднесени на царинскиот орган и други регулаторни тела, усогласеност со условите од одобренијата/дозволите,
- употреба на средства за внатрешна контрола за проверка/стекнување на безбедност на квалитетот на постапките,
- како вработените се известуваат за барањата/промените,
- зачестеност на идни проценки,
- проверка од страна на раководството заради обезбедување на почитување на постапките.

2.2 Примери:

мај 2016 – одбивање на барање за царински склад заради недостаток на економска корист.

јуни 2017 – укинување на одобрение за локално царинење заради постојано не поднесување на дополнителни декларации.

Одбивање/привремено одземање/укинување на кое било царинско одобрение нема неопходно да резултира со одбивање на вашето барање за статусот овластен економски оператор.

Оддел III Сметководство и логистички систем
(член 6-б точка 2 од ЦЗ, член 10-б од УСЦЗ, Дел 2, Глава II од Прирачникот за ОЕО)

За да бидете усогласени со критериумот наведен во членот 10-б став (1) точки а) до б) од УСЦЗ, мора да водите сметководствен систем кој овозможува царинска контрола. За да му овозможите на царинскиот орган да ги спроведи нужните проверки, мора да му овозможите физички и во случај кога се води електронски да му се овозможи и електронски пристап до вашата документација.

За да бидете усогласени со критериумот наведен во членот 10-б став (1) точка е) од УСЦЗ, мора да имате систем или процедури кои ја разликуваат стоката според видот на потеклото, а кога е соодветно ја означува и нејзината локација, иако ова не е услов за ОЕОС.

Пододдел 1: Ревизорска трага

Многу трговски друштва и организации имаат потреба од ревизорска трага во своите автоматизирани системи од безбедносни причини. Ревизорската трага е процес кој го поврзува секој книговодствен запис со неговиот извор за да олесни проверката на неговата точност. Целосна ревизорска трага ќе ви овозможи следење на оперативните активности поврзани со текот на стоката и производите кои влегуваат во деловните простории на трговското друштво, кои таму се произведуваат и ги напуштаат деловните простории. Целосната ревизорка трата исто така го задржува записот кој овозможува да го следите податокот од моментот кога е впишан во датотеката до моментот кога ја напушта.

Сметководствениот систем обично треба да ги содржи:

- главната книга
- главната книга на купувачи
- книга за набавка
- основни средства
- финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на успех, извештај за парични текови и извештај за сопственичкиот капитал на органите за управување).

Логистичкиот систем обично треба да содржи:

- систем за обработка на налозите за продажба
- систем за обработка на нарачките
- производство
- попис – сместување и складирање
- испорака/превоз
- попис на добавувачи/купувачи

3.1 Вашата ревизорска трага би требало да вклучува:

- продажба
- набавка и нарачки
- пописна контрола
- складирање (и движење меѓу локациите за складирање)

- производство
- продажба и налози за продажба
- царински декларации и документација
- испорака
- превоз
- сметководство, на пример издавање на сметки, побарување и обврски, дознаки/плаќања.

Пододдел 3.2 Сметководствен и логистички систем

3.2.1 Наведете дали користите:

а) следна информатичка (хардвер) опрема:
- персонален компјутер
- персонални компјутери меѓусебно вмрежени
- информатички серверски систем
- централен информатички систем
- друго

б) Информатички програм како што е програм кој овозможува персоналниот компјутер да стартува и извршува софтверски апликации кои го поддржува деловното работење, како Windows, UNIX и др.

в) системи како што се: (наведете ги производителите)
- целосно интегрирано решение за управување со ресурсите на трговското друштво
- комбинација на апликација за сметководство и логистичкиот програм
- деловно програмско решение наменето за мали и средни трговски друштва
- програмско решение кое е развиено за вашето трговско друштво или кое го развило вашето трговско друштво.

ВАЖНО: Во текот на постапката за издавање на одобрение, ќе мора да докажете:
- опсегот на компјутеризација
- расположива хардверска платформа и оперативен систем
- одвојување на функциите меѓу развојот, тестирањето и оперативното користење

- одвојување на функциите меѓу корисниците
- како е ограничен пристапот кон разни делови од системот
- дали е стандарден пакет кој е прилагоден на кој било начин
- списокот на сметките во главната книга
- дали системот користи повремена верификација на сметките
- на кој начин долгот спрема царинскиот орган, односно царина/ДДВ се внесува во главната книга
- дали работите во серии
- дали се поврзани вашите складишни и финансиски книги
- на кој начин управувате со својата документација, која ја одржува испорачувач на услуги, трето лице

3.2.3 Доколку активностите, како на пр. поставување на постојани податоци или внесувањето на податоци се одвиваат на повеќе од едно место, наведете кои активности се спроведуваат на секое од тие места.

Пододдел 3.3 Систем на внатрешна контрола

Во согласност со членот 10-б став (1) точка ѓ) од УСЦЗ, потребно е да имате административна организација која одговара на видот и големината на вашето трговско друштво и која одговара за управување со протокот на стока, воедно треба да имате и внатрешна контрола која може да открие илегални или неправилни трансакции.

3.3.1 Во текот на посетата од царинскиот орган треба да обезбедите доказ дека редовно и во целост ги ажурирате вашите процедури, ги документирате сите промени и ги известувате релевантните вработени за нив.

3.3.2 Примери за видови на контрола може да бидат:

- внатрешна ревизија во рамките на трговското друштво кое ја спроведува вашето матично трговско друштво;
- надворешна ревизија која ја спроведува клиент, независен сметководител/ревизор, царински орган или друг државен орган.

Исто така потребно е да ги ставите на располагање сите извештаи при посетата од царинскиот орган на вашите простории како и докази за сите преземени активности за исправање на откриените недостатоци.

3.3.3 Постојаните податоци се клучни податоци за вашето трговско друштво, на пример имиња и адреси на клиенти, добавувачи, датотеки за производи кои содржат податоци за описот на стока, тарифни ознаки, потекло на стока и др.

Пододдел 3.4 Движење на стока

3.4.1 Вашите процедури при регистрација во текот на приемот на стока би требало да вклучуваат:

- процедури за нарачка
- потврда на нарачка
- испорака/превоз на стока
- потребна придружна документација
- превоз на стоката од граница до вашите или просториите на вашиот клиент
- прием на стоката во вашите или просториите на вашиот клиент
- плаќање/наплата
- како, кога и кој ја внесува стоката во евиденцијата на залиха;

Во текот на складирање на стока:

- јасно одредување на локација за сместување на стоката
- сигурно складирање на опасна/ризична стока
- дали се бележат залихите по вредност и/или количина
- постоење и зачестеност на пописи
- доколку се користи деловен простор на трето лице за складирање на стока, какви се постапките, вклучувајќи и усогласување на вашата евиденција на складот и евиденцијата на складот на третото лице
- се користи ли привремено место за складирање на стока;

Во текот на процесот на производство на стока:

- работни налози
- требување на стока од залиха и доставување од складот
- процесот на производство, одговорности на вработените и документацијата која се води
- шифри на прием
- запишување на произведени производи и неискористена стока во евиденцијата на складот
- употреба на стандардни методи за производство;

Во текот на постапката на превоз на стока:

- прием на налогот од купувачот и испраќање на работниот налог или нарачката
- известување на складот за налогот за продажба/пуштање на стока
- упатства за трети лица доколку стоката се складира на друго место
- селекција
- постапка на пакување
- како, кога и кој ја ажурира евиденцијата на складот.

3.4.2 Вашите процедури на проверка и контрола на квалитет во текот на пристигнувањето на стоката би требало да вклучуваат:

- усогласување меѓу нарачката и примената стока
- постапки за враќање/одбивање на стока
- постапки за сметководство и известување за прекумерна или делумна пратка
- постапки за идентификување и исправка на неточни записи во евиденцијата на залихи
- идентификација на потеклото на стоката во системот,

Во текот на складирањето на стока:

- евидентирање и контролирање на залихите
- идентификување на потеклото на стоката (не е применливо за ОЕОС)
- движење и евидентирање на стоката помеѓу локации внатре во исти деловни простории или различни деловни простории
- процедура за постапување со оштетена стока, лесно расиплива или уништена стока, губитоци и разлика во залихи;

Во текот на процесот на производство:

- следење и контрола на управувањето со процесот за производство, на пр. нормативи
- на кој начин постапувате со неправилностите, разликите, отпадот, споредно добиените производи и губитоци во текот на производство
- проверка на квалитетот на произведена стока и евидентирање на резултати
- безбедно чување на опасна стока;

Во текот на постапката на превоз на стока:

- прибирање на потврди за испорака
- превоз на стоката до клиентите или до граница за (повторен) извоз
- издавање на фактури
- упатства на застапниците за (повторен) извоз и издавање/достапност/проверка на придружните документи
- потврда на прием/доказ за испорака на стоката
- вратена стока – проверка, пребројување и евидентирање во складот
- потврда на плаќањата и извештаи за книжење на фактурите
- постапување со неправилности, делумни пратки и варијации.

Пододдел 3.5 Вообичаени царински постапки

За да бидете усогласени со критериумот наведен во членот 10-6 став (1) точка е) од УСЦЗ, би требало, по потреба, да имате задоволителни процедури за управување со дозволи и одобренија издадени во согласност со мерките на трговска политика.

За да бидете усогласени со критериумот наведен во членот 10-6 став (1) точка з) од УСЦЗ, треба да се обезбедите дека вработените се упатени да ги информираат царинските органи секогаш кога ќе се откријат потешкотии со усогласеноста и има воспоставено процедури за информирање на царинските органи за таквите потешкотии.

3.5.1 Доколку сте увозници, извозници, складиштари, вашите процедури би требало да вклучуваат:

- обезбедување на целосноста, точноста и благовременоста на царинските декларации кои ги изготвувате, вклучувајќи и проверка од страна на раководството;
- поднесување или достапност на придружните документи;
- ажурирани податоци (имиња и адреси) на царинските застапници/трети лица кои се користат;
- на кој начин царинските застапници се избираат, односно како се проверува нивниот кредибилитет и соодветност пред да се изберат;
- договори со кои се дефинираат одговорностите, вклучувајќи го видот на застапувањето од царинскиот застапник пр. директно или индиректно;

- начин на кој ги давате јасните и недвосмислени упатства на вашиот царински застапник;
- на кој начин ги доставувате придружните документи (на пр. дозволи, одобренија и сл.) на вашиот царински застапник, вклучувајќи поднесување и задржување/враќање;
- што треба да стори вашиот царински застапник доколку упатствата се нејасни;
- ваша проверка/потврдување на точноста и благовремената работа на вашиот царински застапник;
- на кој начин го известувате вашиот царински застапник за грешките/дополнувањата поврзани со стока пуштена во слободен промет;
- постапување со неправилности;
- доброволно откривање на грешките и известување на царинскиот орган за нив.

Доколку сте царински застапници (трети лица), вашите процедури треба да вклучуваат:

- договори кои детално ги предвидуваат одговорностите, вклучувајќи го и видот на застапувањето на пр. директно или индиректно;
- на кој начин обезбедувате целосност, точност и благовременост на царинските декларации, вклучувајќи и проверка од страна на раководството;
- благовремено поднесување или достапност на придружната документација;
- што правите доколку упатствата од клиентите се нејасни или наведените податоци се неточни;
- што правите доколку откриете грешки/дополнувања поврзани со стока пуштена во слободен промет;
- доброволно известување на царинскиот орган за грешките.

3.5.2 Доколку овие упатства се документирани, потребно е да доставите доказ во текот на посетата од страна на царинскиот орган, потребно е редовно и целосно да ги ажурирате, да ги документирате сите промени и да ги запознаете вработените за промените.

3.5.3 Доколку постојат процедури за управување со дозволи и одобренија, потребно е да доставите доказ при посетата од страна на царинскиот орган,

дека редовно и во целост ги ажурирате, дека ги документирате сите промени и ги запознавате вработените за промените.

3.5.4 За да сте усогласени со барањата пропишани со член 10-б став (1) точка и) од УСЦЗ, кога е применливо, потребно е да имате воспоставено задоволителни процедури за управување со увозните и извозните дозволи и одобренија поврзани со забрани и ограничувања (како ембарго, опасна стока и сл.), вклучувајќи и мерки за разликување на стоката која е предмет на забрани и ограничувања од другата стока и мерки за обезбедување на усогласеност со тие забрани и ограничувања. За стока со двојна употреба, видете го прашањето 3.5.5.

3.5.5 Во случај да работите со стока опфатена со Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, треба да му доставите на царинскиот орган листа на таа стока. Треба да го известите царинскиот орган доколку ја имате имплементирано Програмата за внатрешна усогласеност (ICP).

Пододдел 3.6 Постапки на изработка на сигурносни копии, враќање на податоците, резервна постапка и архивирање

За да бидете усогласени со критериумот наведен во членот 10-б став (1) точка ж) од УСЦЗ, потребно е имате воспоставено задоволителни процедури за архивирање на својата евиденција и информации, како и процедури за заштита од губење на информации.

3.6.1 Вашите процедури би требало да ги вклучуваат видовите на медиуми на кои податоците се архивираат, во кој софтверски формат тие се архивираат и дали податоците се компресирани и во која фаза. Доколку користите трето лице, наведете ги системите, зачестеноста и местото на резервни копии и архивирани податоци.

Пододдел 3.7 Заштита на информатичките системи

За да бидете усогласени со критериумот наведен во членот 10-б став (1) точка s) од УСЦЗ, потребно е да имате воспоставено соодветни безбедносни мерки за заштита на вашиот компјутерски систем од неовластен влез како и обезбедување на вашата документација.

3.7.1 Во прашањето а) вашите активности би требало да вклучуваат:

- ажуриран безбедносен план кој ги опишува мерките на заштита на вашиот информатички систем од неовластен пристап и намерно уништување или губење на податоци;
- податоци за тоа дали водите повеќе системи на различни места и како ги контролирате;
- кој е одговорен за заштита и управување со информатичкиот систем на трговското друштво (одговорноста не би требало да биде ограничена на едно лице, туку на неколку вработени кои меѓу себе можат да се следат);
- податоци за заштитниот sид, анти-вирусна заштита и друга заштита од злонамерен упад;
- план за деловен континуитет/враќање во случај на кризни инциденти;
- резервни постапки вклучувајќи и враќање на сите релевантни програми и податоци по пореметувањето заради пад на системот;
- записи во кои се снимени сите корисници и нивните постапки;
- периодично спроведување на проверка на ранливоста на системот и од кого.

Во прашањето б) наведете ја зачестеноста на тестирањето на вашиот систем против неовластен пристап, евидентирање на резултатите и како постапувате со инциденти кога системот е загрозен.

3.7.2 Вашите постапки за правото на пристап би требало да вклучуваат:

- на кој начин давате одобрение за пристап и степенот на пристап до информатичкиот систем (пристапот до чувствителни податоци би требало да е ограничен на вработени кои се овластени на извршување на промени/дополнувања на податоци).
- формат за поставување на лозинка, зачестена промена и кој ги издава лозинките, и
- отстранување/одржување/ажурирање на корисничките податоци.

Пододдел 3.8 Безбедност на документите

3.8.1 Вашите активности би требало да вклучуваат:

- документација за евидентирање и резервни копии од документите вклучувајќи скенирање, микрофилм и ограничување на пристапот;

- ажуриран безбедносен план кој ги опишува спроведените мерки за заштита на документите од неовластен пристап како и нивно планирано уништување или губење;
- евидентирање и безбедно архивирање на документите вклучувајќи и одговорности за постапување со нив;
- постапување со инциденти кои ја загрозуваат безбедноста на документите.

3.8.2 Вашите мерки би требало да имаат предвид:

- проверка на системот од неовластен пристап и евидентирање на резултатите;
- план за деловен континуитет/враќање во случај на кризни ситуации;
- корективни активности поврзани за документите како резултат на инцидент.

Оддел IV Финансиска солвентност
(Член 6-б до ЦЗ, член 10-в од УСЦЗ, Дел 2, Глава III од Прирачникот за ОЕО)

Солвентност значи добра финансиска состојба која ви овозможува да ги исполнувате обврските, водејќи сметка за карактеристиките на вашата деловна активност, и се заснова на последните 3 години. Доколку сте активни помалку од 3 години, тогаш вашата финансиска солвентност ќе се оценува врз основа на достапната документација и податоци (види прашање 4.3). Таа документација треба да се однесува само на правното лице подносител на барање за овластен економски оператор. Кој било познат податок кој ќе влијае на вашата солвентност во догледна иднина треба да се наведе во одговорите на прашањето 4.4.

4.1 Наведете ги податоците за секоја несолвентност, стечај или постапка на ликвидација во врска со вашето трговско друштво или средства во последните три години.

4.2 Потребните докази или информации може исто така да се однесуваат на сите непредвидените обврски или резервации, ставките нето краткорочни средства или нето средства, како и опсегот на нематеријалните средства.

Во некои околности може да биде нормална пракса работењето да има негативни нето средства, на пример кога трговското друштво основа матично друштво за развојно-истражувачки потреби, кога обврските може да се

финансираат со заем од матичното друштво или финансиска институција. Во тие околности, негативните нето средства не може да бидат показател дека правните долгови не може да се намират од работењето, но царинскиот орган може да бара дополнителни докази, како на пример писмена изјава од заемодавецот, изјава за користење гаранција од матичното трговско друштво или писмо за банкарски олеснувања за задоволување на условите или, доколку сте трговец поединец или партнерство, попис на основните средства кои се користат како основа на солвентноста во работењето.

ВАЖНО: За да се утврди вашата финансиска солвентност, царинскиот орган може да побара да доставите завршени годишни сметки. Во текот на посетата, царинскиот орган може да извршува проверка на примероци од вашите годишни сметки или изјави за последните 3 години. Царинскиот орган може да побара на увид и најнови извештаи од органите за управување за да се утврди најновата финансиска ситуација.

Оддел V Практични стандарди за компетенции или професионални квалификации

Член 6-б точка г) од ЦЗ, член 10-г од УСЦЗ, Дел 2, Глава IV од Прирачникот за ОЕО)

Забелешка:

Овој оддел се однесува на критериумот за практични стандарди за компетенции или професионални квалификации за ОЕО. Не треба да се пополнува доколку поднесувате барање само за ОЕОЦ.

За да ги исполнувате барањата пропишани со членот 10-г од УСЦЗ, вие или лицето одговорно за царински прашања мора да исполнува еден од следниве практични стандарди за компетенции: докажано практично искуство од најмалку три години во царински прашања или стандард за квалитет во врска со царински прашања усвоено од Европско тело за стандардизација. Како алтернатива, вие или лицето одговорно за царински прашања мора да имате успешно завршена обука што опфаќа царински прописи, сразмерно и соодветно на степенот на вашата вклученост во царински поврзаните активности, потврдена од некои од наведените во членот 10-г став (1) точка б) од УСЦЗ.

Одговорното лице за царински прашања во овој контекст е лицето назначено во прашањето 1.1.3 од Прашалникот за самооценување и овие појаснувачки забелешки.

5.1.1 Можните начини на кој се докажува практичното искуство во царински прашања од минимум три години е детално опишано во делот 2.IV.2.1 од Прирачникот за ОЕО.

5.1.2 Во времето на подготвување на овие појаснувачки забелешки, работата на стандардот за царински прашања од Европското тело стандардизација се уште не е завршена.

5.2.1 Согласно Законот за вршење работи за застапување во царинските постапки, Царинската управа на Република Северна Македонија е надлежен орган за спроведување на стручен испит за лиценциран застапник, издавање на лиценца за вршење застапување во царинските постапки и одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки.

Оддел VI - Барања за безбедност и сигурност
Член 6-б точка г) од ЦЗ, член 10-д од УСЦЗ, Дел 2, Глава V од Прирачникот за ОЕО)

Напомена:
Овој оддел се однесува на безбедносните и сигурносните критериуми за ОЕО. Овој дел треба да се пополни само доколку поднесувате барање за ОЕОС. Самооценувањето за ова барање треба да ги опфати сите деловни простории кои се однесуваат на царински поврзаните активности на подносителот на барање.

Потребно е да докажете висок степен на свесност за мерките поврзани со безбедност и сигурност внатре во трговското друштво и во вашите деловни активности со клиентите, добавувачите и надворешните соработници за услуги, поврзано со вашата улога во синџирот на снабдување.
Притоа не треба да ги мешате тие критериуми со барањата кои се однесуваат на здравјето и сигурноста (видете го Прирачникот за ОЕО).

По правило, се очекува дека сите процедури од овој оддел се со задоволителен стандард и содржат детали за да може (а) јасно да се утврди одговорното лице и неговиот заменик/заменици и (б) заменикот да може да делува на начин определен од одговорното лице.

Сите процедури треба да бидат документирани и достапни за царинскиот орган во текот на контролата за критериумите ОЕО секогаш проверката се спроведува на лице место.

Документи кои треба да ги доставите, особено под 6.1.2 (а) и (б) треба да дадат слика за:

- вашата улога во меѓународниот синџирот на снабдување
- природата и обемот на вашето работење и
- ризиците и заканите за вашето работење.

Пододдел 6.1 – Општи информации за безбедност и сигурност

6.1.1 Согласно член 10-д став (1) точка ж) од УСЦЗ, потребно е да назначите контакт лице надлежно за безбедност и сигурност. Во тој контекст безбедноста и сигурноста се однесува само на критериумот за стекнување статус ОЕО. Потребно е да се напомене дека овој критериум не е поврзан со „безбедност при работа" затоа што таа не припаѓа во областа на примена за критериумот безбедност и сигурност.

6.1.2 (а) Царинскиот орган очекува од вас документирана проценка на ризиците и заканите која ја имате извршено вие или вашето друштво за обезбедување, доколку користите таков вид на услуга. Непостоењето на таква документирана проценка при посетата на царинскиот орган може да резултира со автоматска препорака за одбивање на барањето.

Проценката за ризици и закани потребно е да ги опфати сите деловни простории поврзани со вашите царински поврзаните активности. Целта на проценката е да ги утврдите ризиците и заканите до кои може да дојде во тој дел од меѓународниот синџир на снабдување во кој вие делувате и да ги испитате воспоставените мерки за да може тие ризици да се доведат на најниско ниво. Треба да се опфатат сите сигурносни и безбедносни мерки на вашата улога во синџирот на снабдување и воедно тие мерки да ги опфатат, на пример:

- физичките закани за деловните простории и стока
- фискалните закани
- договорните односи со деловните партнери во вашиот синџир на снабдување.

Таквата проценка треба да ја вклучува следното:

- стоката со која тргувате
- посебно управување со воздушниот товар/пошта (пристап, ракување, складирање итн.), доколку е применливо

- деловните простории и зградите за складирање, производство и т.н.
- вработените, вклучувајќи ги нововработените, користењето на привремени вработувања, користење на подизведувачи, надворешни соработници
- превоз на стоката, натовар и истовар
- информатички систем, книговодствени записи и документи
- пријавени безбедносни инциденти во кое било од наведените подрачја.

Исто така треба да докажете колку често тој документ се проверува и дополнува, а процедурите треба да вклучуваат и начин на известување за инцидентите и зачестеноста на идните проверки. Воедно потребни се и докази за начинот и времето за известување на вработените и посетителите за процедурите.

6.1.2 (6) Непостоењето на безбедносен план или проценка на ризиците и заканите при посетата од страна на царинскиот орган може да резултира со порано завршување на посетата или одбивање на барањето.

Потребно е да се направи и програма за контрола за безбедносниот план која вклучува евиденција за измените кои ги потпишало и датирало соодветно одговорно лице.

6.1.3 Потребно е да вклучите опис од најмалку пет главни воочени ризици кои сте ги утврдиле. Од вас се очекува дека сте ги оцениле и вклучиле во својата проценка на ризиците и заканите, наведувајќи ја нивната веројатност и последици и какви било противмерки. На пример тоа може да биде:

- криумчарење со недозволена стока
- контаминација на производите
- неовластено ракување со стоката за извоз
- неовластен пристап и т.н.

6.1.4 Накратко опишете ја процесот за воспоставување на мерките за безбедност, имплементација, следење и ажурирање. Потребно е да определите и одговорно лице на соодветно ниво во рамките на организацијата со целосна одговорност за сите сигурносни мерки и со доволни овластувања за имплементација на соодветни безбедносни мерки кога е потребно. Во

спротивно, назначете ги различните оддели кои се вклучени и генералната координација и управување.

Доколку се користат надворешни безбедносни служби, одговорното лице треба да управува со договорот и да обезбеди соодветен договорот за степенот на услуги со кој се исполнуваат барањата за ОЕО, како што е прикажано со прашањата во овој оддел.

Одговорното лице треба да може да објасни и да ги има спремни соодветните процедури за изработка, оценување и дополнување на сите безбедносни мерки. Тоа лице по правило е одговорно за подготовка на документите барани со прашањата 6.1.2 (а) и (б).

Се очекува од вас дека процедурите се достапни и овозможуваат секое лице, кое го менува одговорното лице, да ја преземе одговорноста и извршувањето на потребните работни задачи.

6.1.5 Иако во многу случаи сигурносните мерки може да бидат специфични за локациите, управувањето со процедурите, нивното воспоставување, воведување, следење и ажурирање мора да биде усогласено за сите локации. Доколку мерките не се усогласени, можно е бројот на локации кои ќе биде посетен од страна на царинскиот орган да биде зголемен.

6.1.6 **(а) и (б)** Потребно е да имате подготвени документирани процедури за да им овозможите и да ги поттикнете вработените и посетителите да известуваат за било каков безбедносен инцидент, на пример за неовластен пристап, кражба, ангажирање на непроверени лица. Во тие процедури треба да е наведен начинот на кој се известува, кому и каде се наоѓаат тие лица. Вашите процедури исто така треба детално да го опишат и начинот на истражување на таквите инциденти, како за нив да се извести и кому.

Доколку сте одговориле со „не“ – молиме наведете на кој начин тоа ќе го решите и во кој временски рок.

Одговорот „да“ треба да биде поткрепен со вашето објаснување за начинот на кој безбедносните упатства се соопштуваат на вработените со вклучени податоци за начинот на кој се обезбедувате дека вашите вработени се запознаени со тие податоци. Исто така треба да објасните како упатствата за безбедност се ставаат на располагање за вашите посетители.

Види исто така прашање 6.3.2.

Упатствата поврзани со „сигурност“ не треба да се мешаат со упатствата поврзани со здравјето и безбедноста и потребно е јасно да се бидат назначени за посетителите и вработените.

6.1.7 **(а) и (б)** Ова прашање се однесува на сигурноста на меѓународниот синџир на снабдување, а не на инцидентите поврзани со здравјето и безбедноста.

На пример:

- губитоци во складот
- оштетени пломби
- оштетени средства за спречување со неовластено ракување.

Доколку дојде до некаков инцидент, очекуваме дека сте ги ажурирале и дополниле процедурите за безбедност и сигурност со поправните активности. Исто така потребно е да докажете како тие промени подоцна се соопштени на вашите вработени и посетители.

Доколку по некоја проверка на вашите безбедносни и сигурносни процедури дојде до некаква измена, таа измена треба да ја забележите како ревизија со бележење на датумот и ревидираните делови.

6.1.8 **(а), (б) и (в)** Потребно е да обезбедите чување на оригиналната документација, вклучувајќи ги и извештаите за проценка, кои може да бидат побарани од страна на царинскиот орган за време на посетата. Соодветните потврди/одобренија може да бидат земени предвид и кога царинскиот орган се подготвува и ја спроведува контролата.

На пример:

- Регулиран агент (сертификат и извештај за проценка)
- Познат испраќач (сертификат и извештај за проценка)
- TAPA (сертификат и извештај за проценка)
- ISO (сертификат и прирачник за квалитет)
- ISPS

6.1.9 Вашиот одговор треба да вклучува, на пример податоци за сите опасни хемикалии, стока од голема вредност, акцизна стока, и да објасните дали таа стока е во рамките на редовното работење или не.

На пример:

- посебно пакување
- посебни барања за складирање

Видете исто така прашање 6.5.1 (логистички процеси).

6.1.10 (а) и (б) Вашиот одговор треба да вклучува назив и адреса на друштвото за обезбедување, да се наведе колку години работи како ваше друштво за обезбедување и дали ви овозможува и какви било други услуги.

Доколку друштвото за обезбедување направило проценка за заканите, вашиот одговор исто така треба да содржи дали сите утврдени ризици и закани биле опфатени во прашањето од прашањето 6.1.2 (а).
Тие документи треба да ги содржат датумите на спроведените проценки и имплементација на дадените препораки.

Документите треба да бидат ставени на располагање во моментот на посетата.

6.1.11 Вашиот одговор треба да ги содржи различните барања од клиентите/осигурителните компании и стоката која зависи од каков било посебен услов, на пример одредени барања поврзани со пакувањето или складирањето.

Доколку имате широк асортиман на производи и барања, ќе биде доволно да направите збирен попис кој подетално ќе се разгледа при посетата.

Пододдел 6.2 - Сигурност на градби

За да бидете усогласени со барањата од член 10-д став (1) точка а) од УСЦЗ, потребно е да обезбедите дека градбите што се употребуваат во врска со операциите поврзани со одобрението ОЕОС обезбедуваат заштита против незаконски пристап и се изградени од материјали кои се отпорни на незаконско влегување.

6.2.1 (а), (б) и (в) Ова прашање исто така се однесува и кога имате надворешни граници на вашите простории на пр. огради и влезна врата. Царинскиот орган очекува сите надворешни и внатрешни прозори, влезови и огради да бидат обезбедени на пример со средства за блокирање, надзор над

алтернативните пристапи или контролни мерки како внатрешни/надворешни алармни системи против кражба или систем за видео надзор (CCTV).

За прашањата од (а) до (в) – потребно е да обезбедите детали како се проверува усогласеноста со процедурите, зачестеноста на проверките на градбите и оградите, известување за сигурносни инциденти и постапувањето по нив треба да е вклучено во одговорот на прашањето 6.1.2 (а) или (б). Овде наведете го соодветниот член, оддел или страница (ажурирање/датум) на тој документ.

6.2.2 **(а) и (б)** Потребно е да ги наведете сите пристапни точки, по можност со упатување на планот на локацијата; вклучувајќи ги сите противпожарни скалила со приказ на пристапот кон нив; разлика меѓу пристапот за натовар/истовар на товар и пристапот до прислужните простории, шалтери со јавен пристап, одморалишта за возачи; назначување на местото каде се наоѓаат локациите од обезбедувањето/пријавници.

Вашиот опис на начинот како сето тоа се спроведува треба да вклучува, доколку е соодветно, видот на системот за видео надзор (на пример статичка камера или камера која се прилагодува под соодветен агол на движење, зголемување на слика и сл.), начин на управување и дали сликата се користи проактивно или реактивно.

Освен надворешната контрола на пристап, исто така треба да ја опишете внатрешната контрола на пристап, вклучувајќи по потреба, внатрешен пристап кон заеднички деловни простории.

Потребно е да потврдите дали деловните простории работат непрекинато (24/7) (пр. сменска работа) или работат со вообичаено работно време.

6.2.3 Доколку е соодветно, исто така вклучете детали за вашите резервни генератори или уреди кои обезбедуваат постојано осветлување во случај на прекин на локалната достава на електрична енергија и начинот на нивно одржување.

6.2.4 Како се препознаваат клучевите и кои се процедурите за спречување на злоупотреба и губење на клучевите? Потребно е да постојат процедури врз основа на кои само овластените вработени имаат пристап кон клучевите за

заклучување на зградите, локациите, просториите, безбедносните подрачја, картотека, благајна, возила и машини. Вашите процедури исто така треба да вклучуваат:

- посебно одредено место на кое се чуваат клучевите
- одговорно лице за контрола на безбедноста на клучевите
- евиденција за времето на земање на клучевите, името на лицето кое ги земало клучевите, причината за земање и враќање на клучевите
- решавање на губењето, пропусти при враќање на клучевите.

Наведете детали за сите процедури за заклучување, а по потреба, и кои се главните држатели на клучевите одговорни за затворање на деловните простории во текот на ноќта и нивно повторно отворање следниот работен ден.

Наведете детали и за другите „клучеви" како „радио клучеви" (кои се користат, на пример за далечинско управување со рампите на паркиралиштето) и нивна употреба од стана на лицата на кои се тие издадени.

6.2.5 (а), (б), (в) и (г) Вашите процедури треба да вклучуваат:

- начинот на кој вршите надзор/ги прибележувате посетителите со приватни возила кои го посетуваат вашиот работен простор
- начинот на кој ги контролирате возилата на вработените внатре во вашиот работен простор
- посебно определени места за паркирање за посетители и вработени кои не се во близина на безбедносните подрачја, на пример места за натовар, заради избегнување на можности од кражба, оневозможување или спречување на работата
- проверка дали се почитуваат барањата поврзани со паркирањето.

(а) наведете дали автомобилите на посетителите се одвоени од автомобилите на вработените. Потребно е да наведете детали за сите други возила кои имаат привремен пристап на локацијата, на пример такси возила или автобуси за превоз на вработени.

(б) Потребно е да се обезбедат процедури со кои се обезбедува редовна проверка и ажурирање на дадени одобренија, за да се земат предвид промените на автомобилите на вработените. Наведете детали ако се даваат дозволи за паркирање, механизми за влез во паркиралиштето и излез од него, на пример рампа со електронски картички за паркирање.

(в) Опишете ги процесите и процедурите кои се користат за проверка на возилата, на пример дали се врши надзор од страна на вработените на рампата во текот на најголемиот проток на автомобили, со цел да се спречи „провлекување" со претходниот автомобил и обезбедување соодветна контрола над сите возила.

(г) Наведете кое било пишано упатство кое го опфаќа паркирањето на автомобили и начинот на кој вработените се запознаени со него. Наведете дали таквите упатства се вклучени во проценката за безбедност.

Пододдел 6.3 – Пристап до просториите

За да се избегне неовластено ракување со стока барателот треба, согласно член 10-д став (1) точка б) од УСЦЗ, да има воспоставено соодветни мерки за спречување на неодобрени до канцеларииите, местата за испорака, натовар, подрачјата за товар и други соодветни мерки.

6.3.1 **(а) и (б)** Потребно е накратко да ја опишете постапката, наведувајќи доколку е потребно, сите постапки специфични за локациите. Во случај на барање со повеќе локации корисно е да ги опишете или дадете приказ на изгледот на локациите. Вашите процедури треба да документираат кој има пристап кон кои подрачја, згради, простории и начинот на нивно контролирање, на пример преку електронски картички, далечинско управување и сл. Ограниченото пристап треба да ги земе предвид ризиците и заканите од прашањето 6.1.2 (а).

Вашиот систем треба да го воочи и следи неовластениот пристап.

Опишете го системот кој се користи за идентификација на вработените и нивно разликување од вработените на пр. идентификациски картички.

6.3.2 **(а) и (б)** Вашиот одговор треба да ги потврди податоците преку упатување на проценката за ризик и закани од прашањето 6.1.2 (а) и (б). Потребно е да ги

вклучите деталите за која било соработка со трети лица како друштва за обезбедување/организации за спроведување на закон кои имаат познавање за таквата проблематика.

Потребно е воедно да се повикате и на дадениот одговор на прашањето 6.1.6 и појаснувачките забелешки за истото.

6.3.3 На царинскиот орган треба да им се достапни деталните планови на сите локации. Иако деталниот план не е задолжителен, секој приказ ќе помогне за подготовка за контрола и може да го скрати времето на вршење контрола на терен.
Планот може да вклучува сателитски/интернет приказ на локацијата, доколку таков приказ постои.

Секој приказ или план треба да го содржи датумот на изработка и да биде едноставно препознатлив за да може да се изработи планот за контрола кај подносителот на барање за ОЕО.

6.3.4 Потребно е да обратите посебно внимание на сите трговски друштва на вашата локација кои се закупци и не се вклучени во спроведување на испораки за или од вас. Закупците може да создаваат посебни безбедносни проблеми и потребно е накратко да се опишат нивните системи како на пример посебен влез за нив или времетраењето на нивниот престој во просториите.

Молиме да се повикате и на вашиот одговор на прашањето 6.12

Пододдел 6.4 - Транспортни единици

Со цел да бидете усогласени со критериумот од членот 10-д став (1) точка в) од УСЦЗ, потребно е да воведете мерки за ракување со стоката кои вклучуваат заштита од неодобрено внесување или замена, неправилно ракување со стока и мерки против оштетување и менување на транспортните единици.

Транспортните единици вклучуваат контејнери, комбиња, камиони, возила, цевководи итн., во кои се превезува стока. Потребно е да се воведат процедури за проверка на целосноста на транспортните единици пред натоварот. Податоците за сопствениците/доставувачите на транспортните единици мора да бидат достапни при посетата од страна на царинскиот орган.

6.4.1 Целосноста на транспортните единици треба да биде обезбедена, на пример, со ставање на транспортните единици под постојан надзор или нивно чување на безбедно место, заклучен простор или спроведување на проверки пред нивната употреба. Само соодветно идентификувани и овластени вработени треба да имаат пристап кон транспортните единици. Вашите процедури треба да вклучуваат:

- начин на контрола на пристапот кон подрачјата каде се чуваат транспортните единици (пр. вработени, надворешни возачи и сл.)
- пристап треба да имаат само овластени вработени
- надзор над единиците во секое време, на пример одговорните вработени и нивните заменици.

6.4.2 Вашите процедури треба да вклучуваат:

- кој е одговорниот вработен кому се пријавуваат инциденти
- начинот на пријавување и прибележување на инцидентите
- кои процедури треба да се преземат, вклучувајќи известување на полицијата/повисокото раководство
- ажурирање и измена на постоечките процедури
- запознавање на вработените со промените.

Царинскиот орган очекува од вас да ги покажете доказите за тие проверки во текот на посетата.

6.4.3 **(а) и (б)** Опишете го видот на пломбите кои ги употребувате и сите стандарди кои се исполнуваат при одредена примена на пломбите. Наведете го името на производителот, процедурата за издавање на пломби и прибележување на нивното издавање, користење и отстранување.

Документирајте ги процедурите за работа со скршени и неовластено користени пломби.

6.4.4 Во зависност од транспортната единица која се користи, потребно е да се спроведе контролна постапка која вклучува седум точки (вклучувајќи го и влекачот):

- преден ѕид
- лева страна
- десна страна
- под

- покривка/покрив
- внатре/надвор од вратата
- надворешен дел/подвозје.

6.4.5 **(а) - (г)** Одржувањето треба да се извршува рутински, а не само во случаи на оштетувања или инциденти. Ако одржувањето го спроведува надворешно лице или без надзор на вашите вработени, целосноста на транспортната единица треба да се провери при нејзино враќање во вашите деловни активности. Вашите процедури треба да вклучуваат:

- барања до вашите вработени да ја проверат целосноста на единицата по нејзино враќање
- кои проверки треба да се извршат, кога и кој треба да ги врши
- како вашите процедури се соопштуваат на вработените
- проверка од страна на управата и нивна зачестеност со цел да се обезбеди преглед на транспортните единици.

Објаснете дали спроведувате рутински проверки на сите транспортни единици пред прифаќањето на секој товар кој пристигнува и пред натоварот со стока за испорака и дали сте ги предвиделе тие процедури во документите наведени во прашањето 6.1.2 (а) и (б).

Пододдел 6.5 - Логистички процеси

6.5.1 **(а) - (г)** Ова прашање го опфаќа движењето на вашата увезена и извезена стока од вашите деловни простории и граници, преку царинското подрачје и внатре во различните деловни простории.

Потребно е да ги наведете сите начини на превоз кои се користат, почнувајќи или завршувајќи со вашите деловни простории и понатаму во меѓународниот синџир на снабдување. Објаснете го користениот начин на превоз.

Доколку користите надворешни даватели на услуги, погледнете го прашањето 6.12 (надворешни услуги).

Пододдел 6.6 – Стока при доаѓање

Со цел да бидете усогласени со барањата од членот 10-д став (1) точка б) од УСЦЗ, потребно е да имате воспоставени соодветни мерки за спречување од неодобрен пристап до местата за испорака, натовар и подрачјата за товар.

6.6.1 **(а) и (б)** Овие процедури треба да започнат од моментот на нарачување до испорака за меѓународниот синџир на снабдување. Документираните процедури треба да го покажат текот на стоката и поврзаните документи и да се вклучат другите соработници како што се добавувачи, пакувачи, превозници и т.н.

6.6.2 Доколку постојат безбедносни мерки договорени со домашни и/или странски добавувачи, вработените треба да бидат запознаени со тие мерки и процедури за да може да се потврди задолжителноста на нивната примена. Потребно е да го опишете процесот како вработените се информираат за сигурноста, зачестеноста на обуките и да се разгледаат доказите кои се презентираат пред царинскиот орган во моментот на проверка на критериумите за ОЕО.

Вашите постапки исто така треба да вклучуваат:

- именување на одговорно лице за прием на возачи и стока при доаѓање
- водење на распоред на очекувани пристигнувања
- обработка на неочекувани пристигнувања
- запишување на транспортни и царинските документи кои ја следат стоката
- споредување на стоката со придружните транспортни исправи и царинските документи
- проверка на целосноста на пломбите
- прибележување на завршувањето и резултатите од проверките
- информирање на царинскиот орган, доколку е потребно, за доаѓањето на стоката за да се овозможи спроведување на потребните контроли
- вагање/броење и евидентирање на стоката во споредба со нарачката
- проверка на квалитетот

- обележување на стоката со соодветни ознаки пред евидентирање во залиха за да се овозможи нејзина идентификација
- утврдување и пријава на неусогласености или пропусти при контролата на квалитет
- информирање на одделението за набавка и управата за приемот на стока.

На пример, ова зависи од тоа дали работите со стока од голема вредност/ризична стока. Условите може да бидат такви што предвидуваат:

- стоката мора да пристигне во исти услови во кои го напуштила добавувачот
- стоката мора цело време да биде обезбедена со пломба
- стоката не смее да нарушува никакви безбедносни и сигурносни барања.

Вашите постапки треба да вклучуваат:

- соопштување на тие услови на одговорните лица за прием на стока која доаѓа, за да знаат вработените што треба да сторат, особено ако е откриена некаква неправилност
- редовна проверка и дополнување на тие процедури
- проверка од страна на раководството/надзорот за да се обезбеди дека вработените ги почитуваат тие барања.

6.6.3 (а) и (б) По пристигнување на пломбирана транспортна единица потребно е да бидат применети мерки со кои се обезбедува правилен третман на пломбата. Тоа може да вклучува визуелна проверка да се обезбеди а) дека пломбата е навистина целосна и б) дека нема докази за неовластено ракување. Доколку овластеното лице е задоволно со визуелната проверка, може да продолжи со физичка проверка на пломбата со примена на соодветен притисок за да се увиди дека пломбата е сеуште целосна.

6.6.3 (в) Во случај вашето трговско друштво да работи со специфична видови на стока за која се потребни посебни сигурносни мерки (пр. воздушен товар/пошта) вашите процедури потребно е да вклучуваат како се применуваат и проверуваат тие посебни мерки. На пример, во случај да сте регулиран агент дали и како ја проверувате изјавата и идентитетот на

превозникот за сигурен транспорт на воздушен товар/пошта од познат испраќач.

6.6.5 Во зависност од природата на стоката со која работите, броењето и вагањето можеби не се соодветни методи. Потребно е да ја опишете алтернативната метода за бележење на стоката која пристигнува, како и начинот со кој се докажува усогласеноста.

6.6.6 Вашите постапки треба да вклучуваат:

- како и на основа на кои документи, кога и кој ја презема стоката запишана во евиденцијата на залиха
- проверка на стоката во споредба со листите за натовар и нарачките
- евидентирање на состојбата на залиха во складот, што е можно побрзо по нејзиното пристигнување.

6.6.7 **(а) и (б)** Потребно е да се раздвојат одговорностите за нарачување на стока (купување), прием (склад), внес на стоката во системот (администрација) и плаќањето на фактурата. Тоа зависи од опсегот и сложеноста на деловната активност.

6.7 Складирање на стока

Овој пододдел се однесува само на складирање на стока која е дел од меѓународниот синџир на снабдување.

6.7.1 – 6.7.5

Вашите постапки треба да вклучуваат:

- определен простор за складирање на стока кој е сигурен и безбеден и јасно познат на овластените лица кои вршат контрола
- места за складирање достапни само на овластени лица
- редовен попис на залихата
- контрола на стоката која пристигнува, пренесување во други простории, постојано и привремено сместување
- преземање активности во случај на утврдени неправилности, несовпаѓање, губитоци или кражба

- постапување со стоката, обработка на стоката и нејзино враќање во залиха
- раздвојување на различни видови на стока, по потреба раздвојување на домашна и странска стока, стока од голема вредност, опасна стока, воздушен товар/пошта
- водење и ажурирање на евиденцијата за залиха, вклучувајќи ја и локацијата на стоката
- соочување со сите аспекти на физичка безбедност на просторот за складирање.

Стандардите за безбедност зависат од видот на стоката, големината и сложеноста на работењето кое може да биде во рамки на една просторија до големо трговско друштво со многу локации и делување во повеќе држави.

6.8 Производство на стока

Овој пододдел се однесува на производството на стока која е дел од меѓународниот синџир на снабдување

Одговорете на прашањата 6.8.1 – 6.8.4 доколку се поврзани со вашата деловна активност. Производство во овој контекст може да вклучува низа активности, како што е производство од суровина до монтажа на веќе купени делови.

6.8.1 **(а) и (б)** Назначете во вашиот опис дали вработените кои работат во подрачјето на производство работат со полно работно време или се привремено вработени. Опишете го местото за производство во вашите деловни простории и доколку е можно, означете ја неговата положба во деталниот план. Воедно погледнете ги напомените под 6.2.3.

6.8.2 Поткрепите го вашиот одговор со наводите поврзани со проценката на ризик и закани опишани во прашањето 6.1.2 (а) и (б). Секоја проверка на усогласеноста потребно е да поткрепена со соодветен потпишан и датиран доказ.

6.8.3 Наведете ги сите технолошки помагала за да се обезбеди целосноста на пакувањето (на пример проверка на тежината, видео надзор и т.н.). Воедно опишете ја секоја безбедносна процедура за поединечни пакети и начинот на консолидирање на пакетите, на пример палетирање. Наведете детали кои ви се познати за примачите (адреси/земји) и контрола на тие податоци.

6.8.4 Вашиот опис треба да содржи податоци за сите договори и/или согласности за степенот на услуга со третото лице. Царинскиот орган ќе ги побара договорите на увид.

Описот исто така треба да ја вклучува консолидацијата на пратките.

6.9 Натовар на стока

6.9.1 (а) и (б) и 6.9.2 (а), (б) и (в)

Потребно е да определите вработени за надзор на натоварот на стока заради спречување натовар на стока без надзор или оставање на стока без надзор. Вашите постапки треба да вклучуваат:

- одредување овластени лица одговорни за прием на возачи и натовар на стока
- одредените лица се присутни во секое време
- процедури во случај на недостапност на овластените лица, на пример определување на нивни заменици
- натоварот на стока се врши само во присуство на овластено лице
- вагање, броење, бележење и означување на стока
- решавање на недоследности/неправилности
- користење пломби и запис во документите/евиденцијата, внимавајќи пломбите да се користат за соодветната стока, дека пропишаните стандарди се усогласени и применети во складот со законските услови
- евидентирање на превозот и царинските документи кои ја придружуваат стоката во вашата евиденција
- евидентирање на завршувањето и резултатите од проверка
- информирање на царинскиот орган, по потреба, за испорака на стоката, за да се овозможи спроведување на неопходната контрола
- информирање на одделот за продажба/администрацијата за заминување на стоката
- како (врз основа на кои документи), кога и кој ја запишува натоварената стока во евиденцијата на залиха
- проверка на стоката споредено со листите за натовар и налозите за продажба

- евидентирање на стоката во залиха, што е можно поскоро од моментот на испорака
- потврда за прием на стоката и сите неправилности од купувачот
- доказ за извоз, по потреба.

6.9.3 Ова се применува само ако купувачите имаат договорено посебни услови со вас, на пример сета стока мора да биде обезбедена со пломба, пакувана и означена на посебен начин заради условите од рендгенското снимање. Доколку е така, вработените треба да бидат запознаени со тие барања, а вашите процедури треба да вклучуваат и проверки од страна на управата/надзорот за да се обезбедите дека вработените ги почитуваат тие барања. Тие процедури треба редовно да се проверуваат и дополнуваат.

Видете го исто така одговорот на прашањето 6.1.11.

6.9.7 Доказите кои го поткрепуваат овој оддел потребно е да бидат наведени за соодветното подрачје во проценката на ризик и закани, како што е опишано во прашањето 6.1.2 (а) и (б).

Како неправилности може да се вклучат враќање на стока од страна на купувачот, неовластени возачи, скршени уреди за спречување на бесправно ракување.

Пододдел 6.10 - Безбедносни барања за деловните партнери

За да бидете усогласени со членот 10-д став (1) точка г) од УСЦЗ, потребно е да воведете мерки кои овозможуваат јасна идентификација на деловните партнери и да обезбедите, преку спроведување на соодветни договорни аранжмани или други соодветни мерки во согласност во вашиот деловен модел, дека деловните партнери ја гарантираат безбедноста на нивниот дел од меѓународниот синџир на снабдување.

Деловните партнери може да бидат снабдувачи (на стоки или услуги) или купувачи.

6.10.1 Вашиот одговор се очекува да биде поткрепен со документирани докази. Царинскиот орган очекува да ги добие на увид сите документирани докази со кои го поткрепуваат овој одговор. Тие документи треба да ја опфатат

вашата евиденција на спроведени проверки. Треба да овозможат проверка на евиденцијата во текот на посетата.

6.10.2 (а) и (б) Вие сте првенствено одговорни за вашиот дел од синџирот на снабдување, за стоката која е под ваша контрола и за објектите со кои управувате. Сигурноста на меѓународниот синџир на снабдување зависи исто така од сигурноста на вашите деловни партнери и потребно е да ги направите можните напори за да се обезбедите дека вашите деловни партнери се усогласени со сигурносните барања за ОЕО.

Барањата до вашите снабдувачи може да вклучуваат, на пример, означување на целата стока, пломбирана, пакувана, да има соодветни етикети, да е подложена на рендгенска проверка итн. и да ги задоволува сите пропишани меѓународни стандарди.

Доколку постојат такви барања, вашите процедури потребно е да вклучуваат:

- доколку е можно, редовна посета на деловните простории на снабдувачите за да се потврди почитувањето на барањата
- информирање на вашите вработени за тие процедури заради проверка на усогласеноста со тие барање при пристигнувањето на стоката
- процедури според кои вработените пријавуваат неправилности/инциденти
- проверка од управата/надзорот за да се обезбеди почитување на барањата од страна на вработените
- преземање поправни дејства како резултат на утврдени повреди на тие процедури
- редовна проверка и дополнување на процедурите

Царинскиот орган очекува дека ќе ги добие на увид документираните докази кои го поткрепуваат вашиот одговор. Таквите документи треба да ја вклучуваат и вашата евиденција на извршени проверки. Потребно е да овозможите проверка на тие документи при посетата.

6.10.3 Вашиот одговор се очекува да биде поткрепен со документирани докази. Царинскиот орган очекува да ги добие на увид сите документирани докази со кои го поткрепувате овој одговор. Тие документи треба да ја опфатат

вашата евиденција на спроведени проверки. Треба да овозможат проверка на евиденцијата во текот на посетата.
Царинскиот орган очекува дека сите повреди се прикажани во документите кон прашањата 6.1.2 (а) и (б) заедно со соодветни ревизии и дополнителни противмерки.

Пододдел 6.11 – Сигурност на вработените

За да бидете усогласени со членот 10-д став (1) точките д) и е) од УСЦЗ потребно е:

а) да спроведете, доколку дозволува законодавството, сигурносна проверка на идните вработени на безбедносно чувствителни работни места и спроведувате дополнителни периодични безбедносни проверки или кога тоа го дозволуваат околностите;

б) да обезбедите соодветниот персонал активно да учествува во програми за подигнување на свеста околу сигурноста.

6.11.1 (а), (б) и (в) Вашата политика околу вработување треба да претставува одраз на вашите сигурносни барања врз основа на вашата проценка на ризик. Вашите постапки треба да вклучуваат:

- спроведување на безбедносни проверки на новите и постоечките вработени кои ќе се вработат или ќе бидат преместени на безбедносно чувствителни работни места
- барање и проверка на податоците од вработувањето
- идентификување на клучните безбедносно чувствителни работни места и спроведување на нужни проверки на застарени и важечки пресуди
- барање од вработените да го известат непосредно претпоставениот за сите полициски опомени/казни, судски постапки во тек, пресуди
- отстранување од пристапот кон информатичкиот систем, враќање на легитимациите кога вработениот ќе го напушти трговското друштво или добие отказ
- наведување од страна на вработените за секое друго вработување.

Која било проверка на усогласеноста потребно е соодветно да биде потврдена со потпис и датум на соодветната евиденција за извршени проверки.

6.11.2 (а) и (б) Потребно е да бидат воспоставени процедурите во документите наведени под 6.1.2 (а) и (б). Тие процедури потребно е да го покриваат начинот на проверка на идните вработени пред вработувањето; постапка на пробна работа и обуки кои треба да ги вклучуваат упатствата за сигурноста на трговското друштво. Сите нововработени треба да потпишат дека ги прифаќаат и разбираат правилата. Процедурите исто така треба да вклучуваат мерки кои се преземаат во случаи на преместување на постоечки вработени на безбедносно чувствителни работни места.

6.11.3 (а), (б), (в) и (г) Сите вработени потребно е да поминат соодветна обука со осврт на сигурносните и безбедносните барања, како што се сигурносни протоколи, откривање смеќавање/неовластено ракување и пријавување на инциденти и ризици поврзани со меѓународниот синџир на снабдување. Оддели или сите вработени (внатрешни или надворешни) треба да видат одговорни за спроведување на обука на вработените. Обуките треба да се ажурираат доколку дошло до промена и воедно потребно е да се води евиденција за сите обуки.

За кое било надворешно лице кое спроведува обука потребно е да се обезбеди соодветен договор за степенот на услуга. Воедно погледнете ги напомените под 6.12.1.

6.11.4 (а) и (б) Трговското друштво потребно е да има подготвени сигурносни барања поврзани со ангажирање на привремени вработувања. Вашите процедури треба да вклучуваат:

- договори со агенции за вработување со детални податоци за степенот на сигурносни проверки кои треба да се спроведат над лицата пред и по нивното вработување
- употреба само на познати агенции кои ги задоволуваат условите
- користење на слични сигурносни стандарди за привремените и постојаните вработени (види ја напомената кон 6.11.1.).

За време на посетата потребно е да ги дадете на увид сите такви договори.

Царинскиот орган очекува дека сите привремено вработени се проверени согласно истите стандарди како и постојаните вработени. Со оглед дека е вообичаено таквите вработени да ги упатуваат агенции за привремено вработување, тие агенции потребно е да бидат предмет на договори за степенот на услуга (види исто така 6.12) и потребно е да постојат и процедури со кои се обезбедува дека трговското друштво ги одржува стандардните договори за степенот на услуги, што треба да биде видливо од вашата документација.

Пододдел 6.12 - Надворешни услуги

Членот 10-д став (1) точка ѓ) пропишува дека е потребно да имате воспоставено соодветни безбедносни процедури за кои било склучени договори со надворешни даватели на услуги. Таквите даватели на услуги вклучуваат области како превоз, обезбедување, чистење и одржување.

6.12.1 (а), (б) и (в)

За прашањата (а) и (б) потребно е да ги припремете сите согласности и договори за степенот на услуги кои ги опфаќаат проверката на идентитетот на вработените и други прашања поврзани со таквите надворешни услуги. Подготвите попис на сите трговски друштва и наведете ги сите услуги кои ги добивате од нив .

За прашањето (в) опишете го начинот на кој го следите договорот, ги решавате сите неправилности и ги проверувате процедурите. Поткрепите го вашиот одговор, кога е соодветно, со наодите поврзани со проценката на ризик и закани опишани во прашањето 6.1.2 (а) и (б). Сите проверки на усогласеноста треба да бидат поткрепени со соодветни потпишани и датирани документи.

Прилог: Закани, ризици и можни решенија

Овој документ претставува листа на најзначајните ризици поврзани со одобрението ОЕО и постапката на следење на одобрението и воедно претставува листа на можните решенија за држење под контрола на наведените ризици. Можните решенија предложени за еден показател може да се применат на повеќе утврдени подрачја на ризик. Предложената листа не е сеопфатна ниту конечена и можните решенија може да се разликуваат во пракса и зависат од случај во случај. Тие може да влијаат и да се пропорционални на големината на операторот, видот на стока, видот на информатички систем и степенот на модернизација на операторот.

Прашалникот за самооценување се комплетира на самиот почеток на постапката за поднесување на барање и ја прикажува моменталната состојба на работењето и процедурите во трговското друштво, како и нивната важност за одобрението ОЕО. Документот насловен како „Закани, ризици и можни решенија“ наменет е за царинските органи и економските оператори, а неговата намена е да ја олесни контролата и проверката, со цел да се обезбеди усогласеност со критериумите за ОЕО со усогласување на информациите од Прашалникот за самооценување (ПС) и идентификуваните подрачја на ризик и можни решенија.

1. Евиденција за усогласеност (дел 2 од ПС)

Критериум: Почитување на царинските и даночните прописи (член 6-б точка а) од ЦЗ и 10-а од УСЦЗ)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Почитување на барањата на царинските органи	Постапување кое не е во согласност со царинските барања во поглед на: - пополнување на царинските декларации, вклучувајќи неправилно тарифирање на стоката, одредување на вредноста, потеклото, - употреба на царинските постапки, - даночни прописи, - примена на мерки поврзани со забрани и ограничувања, трговска политика, - внес на стока во царинското подрачје и т.н. Ако во минатото дошло до постапување кое не е во согласност со царинските барања, се зголемува веројатноста за занемарување/повреда на правилата и прописите во иднина. Недоволна свесност за повредите на царинските барања.	- активна политика за усогласеност која ја спроведува економскиот оператор преку воспоставени и имплементирани внатрешни правила ; - пишани упатства во поглед на одговорностите за спроведување на проверка на точноста, потполноста и редоследот на трансакции и откривање на неправилности/грешки, вклучувајќи и сомневање за криминални активности на царинскиот орган; - процедури за истражување на воочените грешки и известувањето за нив, како и нивно подобрување; - определување на надлежно/одговорно лице вклучено во работењето и воведување на систем на замена во случаи како годишен одмор или друг вид на отсутност; - имплементација на внатрешни мерки за усогласеност; - употреба на ресурси за контрола кои проверуваат дали процедурите се соодветно имплементирани; - спроведување на внатрешни мерки и програми за обука со кои се обезбедува свесност кај вработените за царинските барања.	ПС 2.1

2. Сметководствен и логистички систем на барателот (дел 3 од ПС)

Критериум: Ефикасен систем на управување со трговската, а кога е соодветно и транспортната евиденција, кој овозможува соодветни царински контроли (член 6-б точка б) од ЦЗ и 10-б од УСЦЗ)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Компјутеризирана средина Интегриран сметководствен систем	Ризик – неусогласеност на сметководствениот систем со општоприфатените сметководствени начела кои се применуваат во државата. Неточен и/или нецелосен запис на трансакциите во сметководствениот систем. Неусогласеност меѓу залихата на стока и сметководствената евиденција. Недоволна поделба на должностите меѓу функциите. Непостоење на физички или електронски пристап до царинската т.е. кога е соодветно транспортната евиденција; Оневозможено спроведување на контрола. Невозможност за правовремено спроведување на контрола заради начинот на кој е структуиран	- поделбата на одговорностите меѓу функциите треба да се провери во блиска корелација со големината на подносителот на барањето. Пример, микро друштво кое се занимава со друмски транспорт со мал обем на секојдневни операции: пакувањето, ракувањето, натоварат/истоварот на стока може да се довери на возачот на возилото. Меѓутоа, приемот на стоката, записот на стоката во административниот систем и плаќањето/ приемот на сметката (фактурата) треба да се довери на друго лице; - воведување на систем за предупредување кој открива сомнителни трансакции; - развој на врска помеѓу софтверот за царинење и сметководствениот систем за да се избегнат печатни грешки; - воведување на планирање на средствата	ПС 3.2 ИСО 9001:2015, дел 6

	сметководствениот систем кај подносителот на барањето. Сложениот систем на управување нуди можности за прикривање на незаконски трансакции. Не се достапни историски записи.	на друштвото (enterprise resource planning ERP); - развој на обуки и изготвување на упатства за користење на софтверот; - овозможена вкрстена проверка на информациите.	

2.2 Ревизорска трага (Пододдел 3.1 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
ревизорска трага	Непостоењето на соодветна ревизорска трага влијае на ефикасноста и успешноста на ревизијата која се заснова на царинската контрола. Непостоењето на контрола над сигурноста на системот и пристапот кон него.	- советување со царинскиот орган пред воведување на нови царински сметководствени системи, за да се обезбеди нивна усогласеност со царинските барања; - проверка на постоењето на ревизорската трага во периодот пред фазата – контрола.	ПС 3.1 ИСО 9001:2015, дел 6

2.3 Логистички систем кој разликува домашна од странска стока

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Мешање на домашна и странска стока	Непостоење на логистички систем со кој се разликува домашната од странската стока. Замена на стоката која нема статус домашна стока.	- процедури за внатрешна контрола - внес на податоци и проверка на целосноста на внесените податоци	ПС 3.2.2

2.4 Систем на внатрешна контрола (пододдел 3.3 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Процедури за внатрешна контрола	Несоодветна контрола над деловните процеси кај барателот. Непостоењето/недоволно	- именување на одговорно лице за квалитет , надлежно за процедурите и внатрешната контрола	ПС 3.3 ИСО 9001:2015, делови 5, 6, 7 и 8

	постоење на процедури за внатрешна контрола овозможуваат измами, неодобрени или незаконски активности. Неточна и/или непотполна евиденција на трансакциите во сметководствената евиденција. Неточни и/или непотполни податоци за царинските декларации и други изјави дадени на царинскиот орган.	на трговското друштво; - секој раководител во потполност треба да е запознаен со внатрешната контрола на својот оддел; - забележување на датумите на внатрешна контрола или ревизија и корекција на утврдените слабости по пат на корективни активности; - да се извести царинскиот орган во случај на откриени измами, неовластени или незаконски активности; - соодветните процедури за внатрешна контрола да се достапни на соодветните засегнати лица; - креирање на досие/датотека во која секој вид на стока е поврзан со сопствените царински податоци (тарифна ознака, царинска стапка, потекло и царинска постапка); - именување на одговорно лице/а за управување и ажурирање на применливите царински прописи (попис на прописи) т.е. ажурирање на податоците во софтверот за планирање на средствата на друштвото (ERP), царинење и	

		сметководство; - информирање и обука на вработените за неправилности и начинот на спречување на нивно настанување; - постоење на процедури за евидентирање и коригирање на грешки и трансакции.	

2.5 Движење на стока (пододдел 3.4 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Општо	Непостоење на контрола над движењето на стоката која е на залиха овозможува додавање на опасна и/или со тероризам поврзана стока во залиха, како и земање на стока од залиха без соодветна евиденција.	- информирање на соодветните вработени и поднесување на декларација согласно распоредот; -евиденција за движењето на стоката која е на залиха; - редовно усогласување на стоката која е на залиха; - мерки за проверка на неусогласеност на залихите; - можност за препознавање на стоката во информатичкиот систем, која е царинета или која се уште подлежи на давачки и даноци.	ПС 3.4 ИСО 9001:2015, дел 6
Движење на стоката при доаѓање	Неусогласеност на нарачаната стока, преземената стока и внесот во сметководствената евиденција.	- евидентирање на стоката која доаѓа; - усогласување на нарачката и преземената стока; - мерки за враќање/одбивање на стока, за сметководствена обработка и известување за кусоците или прекумерните пратки и идентификување и исправка на неточните	

		износи во евиденцијата на залиха на стока; - формализација на постапките за увоз; - редовно спроведување на попис на стоката; - извршување на прецизни проверки на доследноста на влезот/излезот на стоката; - безбедни подрачја за складирање на стока (посебна заштита на надворешниот дел од просторот, посебни рутини за пристап кон просторот) со цел да се спречи замената на стока.	
Складирање	Непостоење на контрола над движењето на залихата	- јасно определување на места за складирање; - процедури за редовно спроведување на попис на стоката; - безбедни подрачја за складирање на стока за да се спречи нејзината замена.	ПС 3.4 ИСО 9001:2015, дел 6
Производство	Непостоење на контрола над залихата употребена во производствената постапка	- надзор и управувачка контрола над нормативот; - контрола над варијацијата, отпадот, споредно добиени производи и загуби; - безбедни складишни делови за да се спречи замената на стока.	ПС 3.4 ИСО 9001:2015, дел 6
Движење на стоката при излез Издавање од складиште и испорака и трансфер на стоката	Неусогласеност меѓу евиденцијата за залиха на стока и внесот во сметководствената евиденција	- именување на лица за процедурата за одобрување/надзор продажба/пуштање на стока; - формализација на постапките при извоз; - извршување на проверки пред пуштање на стоката со	ПС 3.4 ИСО 9001:2015, дел 6 и 7

		цел да се спореди налогот за пуштање на стоката со стоката предвидена за натовар; - мерки за справување со неправилности, делумни пратки и варијации; - стандардни процедури за справување со вратена стока – проверка и евидентирање, - проверка на раздолжени декларации во случај на користење на постапките со економски ефект	

2.6 Вообичаени царински постапки (пододдел 3.5 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Општо	Несоодветно користење на вообичаените царински постапки. Непотполни и неточни царински декларации, непотполни и неточни податоци за други царински активности. Користење неточни или застарени податоци, како броеви на артикли и тарифни ознаки: - неточна класификација на стока - неточна тарифна ознака - неточна царинска вредност. Непостоење на процедура за известување на царинскиот орган при утврдени неправилности	- воведување на формални процедури за водење/следење на сите царински активности и формализација на одредени клиенти (класификација на стока, потекло, вредност и т.н.). Овие процедури се предвидени за обезбедување на континуитет на царинскиот оддел во случај на отсуство на одговорното лице/а; - употреба на задолжителни тарифни информации (ЗТИ) за класификацијата на стока со кои се дефинираат давачките и даноците за увоз како и другите важечки	ПС 3.5 ИСО 9001:2015, дел 6

	во согласност со царинските барања. Задолжителните тарифни информации (ЗТИ) се задолжителни за имателот на ЗТИ. Царинските декларации треба да се однесуваат на ЗТИ.	прописи (мерки на трговска политика и т.н.); - употреба на задолжителни информации за потекло (ЗИП) со кои се овозможува совет на управата за: • потеклото на производот кој се увезува или извезува, особено ако различните фази на производство се вршат во различни земји; • дали треба или не да се примени повластен третман врз основа на конвенција или меѓународен договор; - воспоставување на формални процедури за утврдување и изјавување на царинската вредност (методите на утврдување на вредност, пресметка, рубриките на декларацијата кои треба да се пополнат и исправите кои треба да се приложат); - примена на процедури за информирање на царинскиот орган за сите неправилности	
Застапување преку трети лица	Непостоење на контрола	- мерки за проверка како третите лица работат (на пр. со царинските декларации) и идентификување на неправилности или повреди направени од	

		страна на царинските застапници. Не е доволно во потполност да се потпира на надворешните даватели на услуги; - проверка на компетенциите на застапникот; - дали одговорноста за пополнување на царинските декларации е предмет на аутсорсинг: • посебни договорни одредби за контрола на царинските податоци • посебна процедура за пренос на податоци кои се нужни за да може декларантот да ја одреди тарифната ознака (на пр. техничка спецификација на стоката, мостри и т.н.) - во случаите на екстерно менаџирање со царинските прашања, надворешните услуги може да се доверат на декларант кој има стекнато статус одобрен извозник (гаранција за добро познавање на правилата за потекло); - воспоставување на формални процедури за внатрешна контрола со цел да се потврди точноста на употребените царински податоци.	
Дозволи за	Несоодветна употреба на	- редовни постапки за	

увоз и/или извоз поврзани со мерки на трговска политика или со трговија на земјоделски производи	стоката	евидентирање на дозволите; - редовна внатрешна контрола за проверка на важноста на дозволите и регистрацијата; - поделба на должностите меѓу регистрацијата и внатрешната контрола; - стандарди за известување за неправилности; - процедури со кои се обезбедува употреба на стоката во согласност со одобрението.	

2.7 Нефискални барања (пододдел 3.5.4 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Нефискални аспекти	Несоодветна употреба на стоката која потпаѓа под забрани и ограничувања или мерките на трговска политика	- Процедури за ракување со стока со нефискални аспекти; - соодветни процедури и мерки за: • Разликување на стоката која подлежи на нефискални барања од останатата стока; • Проверка дали се спроведени активностите во согласност со моменталните (нефискални) законски одредби; • Ракување со стока која подлежи на ограничување/забрана/ембарго и стока со двојна намена; • Работа со одобренија според поединечни барања. - обука/едукација на вработените кои работат со	ПС 3.5.4

		стока со нефискални аспекти.	

2.8 Постапки на изработка на сигурносни, враќање на податоци, резервна постапка и архивирање (пододдел 3.6 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Барања за водење евиденција/ архивирање	Неможност за правовремено спроведување на дополнителна контрола заради губење или лошо архивирање на податоци. Непостоење на редовни процедури за создавање на сигурносни копии. Непостоење на задоволувачки процедури за архивирање на документацијата и податоците на барателот. Намерно уништување или губење на значајни податоци.	- Предочување на сертификатот ИСО 27001 докажува висок стандард за ИТ безбедност; - Процедури за создавање на сигурносни копии, враќање и заштита на податоци од оштетување или губитоци; - Планови за непредвидливи околности во случај на пореметување или пад на системот; - Процедури за проверка на постапките за креирање на сигурносни копии / враќање на податоците; - Чување на царинската архива и комерцијалните исправи на безбедни места; - Постоење на квалификациона шема; - Придржување на законските рокови за архивирање. Изработката на сигурносните копии	ИСО 9001:2015, дел 6 ИСО 27001:2013 ИСО одредби за стандарди во подрачјето на ИТ безбедност

		потребно е да се прави дневно, делумно или во целост. Изработката на сигурносни копии целосно потребно е да се прави најмалку еднаш неделно. Најмалку три последователни сигурносни копии потребно е да се достапни во секое време. Се препорачува изработката на сигурносни копии да се прави со електронски сигурни методи од далечина во простории за сместување оддалечени најмалку 300 метри. Изработка на сигурносни копии е потребна и на кодот за енкрипција и да се чува на оддалечена локација во простории за сместување.	

2.9 Информатичка сигурност – заштита на информатичките системи (пододдел 3.7 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Општо	Неовластен пристап и/или влез во информатичкиот систем и/или програмите на економскиот оператор	- Политиката, процедурите и сигурносните ИТ стандарди потребно е да бидат воспоставени и достапни на вработените; - Предочување на сертификатот ИСО 27001 докажува висок стандард за ИТ безбедност; - Политика на информатичка	ПС 3.7 ИСО 27001:2013

		сигурност; - Службеник за информатичка сигурност; - Проценка на информатичката сигурност или идентификување на прашањата поврзани со ИТ ризици; - Процедури за одобрување на права на пристап на овластени лица; укинување на правата за пристап при трансфер или прекинување на работниот однос; - Пристап кон податоците врз основа на утврдена нужност за пристап кон нив. Употреба на компјутерски програми за енкрипција, кога е соодветно; - Заштитни програми (ѕидови); - Анти-вирусна заштита; - Заштитни лозинки на сите персонални компјутери и доколку е можно на сите важни програми; Доколку вработени го напуштат своето работно место, компјутерот секогаш треба да е заштитен преку клучни зборови/лозинки. Лозинката треба да е сочинета од најмалку	

		осум карактери, комбинација на големи и мали букви, броеви и други карактери. Колку е подолга лозинката толку е посигурна. Корисничките имиња и лозинките не треба да се споделуваат со други. - Проверка на можноста за неовластен пристап; - Ограничување на пристап само на овластени лица до серверските простории; - Проверка на упад во системот во редовни временски интервали; Стрес тестовите треба да бидат евидентирани. - Воведување на процедури за справување со инциденти.	
Општо	Намерно уништување или губење на значајни податоци	- План за непредвидливи околности во случај на губење на податоци; - Редовни процедури за создавање на сигурносни копии во случај на пореметување на работата/пад на системот; - Процедури за прекинување на правото на пристап; - Процедури за забрана на употреба на приватни уреди како што се мемориски картички, ЦД, ДВД или други лични	ИСО 28001:2007, оддел А 3 ИСО 27001:2013

		електронски уреди. - Ограничување на употребата на интернет само на страници кои се соодветни за деловните активности.	

2.10 Информатичка сигурност – безбедност на документите (пододдел 3.8 од ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Општо	Злоупотреба на информатичкиот систем на економскиот оператор со цел да се загрози синџирот на снабдување. Намерно уништување или губење на значајни податоци.	- Предочување на сертификатот ИСО 27001 докажува висок стандард за ИТ безбедност; - Процедури за овластен пристап кон документи; - Евидентирање и безбедно архивирање на документи; - Процедури за работа со инциденти и исправка на грешки; - Документирање и создавање на сигурносни копии на документи, вклучувајќи скенирање; - План за непредвидливи околности за решавање на губитокот на податоци; - Ако е потребно, користење на компјутерски програми за енкрипција; - Трговските застапници треба да бидат запознаени со мерките за безбедност во текот на патувањето (никогаш да не се консултираат чувствителните документи при превоз); - Воспоставување на степени на пристап кон	ПС 3.8 ИСО 28001:2007, Оддел А 4 ИСО 27001:2001 3

		стратешките податоци во согласност со различни категории на вработени; - Постапување на безбеден начин со отстранетите компјутери; - Договори со деловните партнери за безбедност/користење на документација.	
Барања за безбедност и сигурност воведени на други	Злоупотреба на информатичкиот систем на економскиот оператор со цел да се загрози синџирот на снабдување. Намерно уништување или губење на значајни податоци.	- Барањата за заштита на податоци да се вклучени во договори; - Процедури за контрола и ревизија на барањата во договорите.	

3. Финансиска солвентност (Оддел 4, ПС)

Критериум: Докажана финансиска солвентност (членови 6-б точка в) од ЦЗ и член 10-в од УСЦЗ)

3.1 Докажана солвентност

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	Напомена
Несолвентност / неисполнување на финансиските обврски	Финансиска ранливост која може да доведе до неусогласено постапување во иднина.	- Да се провери рамнотежата и финансиските движења кај барателот заради анализа на платежната способност на барателот за плаќање на неговите законски долгови. Во најголем број случаи, банката на подносителот може да извести за финансиската солвентност на подносителот;	

		- Воведување на внатрешна процедура за надзор за спречување на финансиски закани.	

4. Барања поврзани со безбедност и сигурност (оддел 6, ПС)

Критериум: Соодветни стандарди за безбедност и сигурност (членови 6-6 точка д) од ЦЗ и член 10-д од УСЦЗ)

4.1 Сигурносна проценка спроведена од економскиот оператор (самооценување)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Самооценување	Недоволна запознаеност со безбедноста и сигурноста во сите релевантни оддели на трговското друштво	- Се спроведува самооценување на ризиците и заканите и нивно редовно ажурирање/дополнување и документирање; - Прецизно утврдување на ризиците поврзани со безбедност и сигурност кои произлегуваат од деловните активности на трговското друштво; - Оценување на ризиците поврзани со безбедност и сигурност (процент на веројатност и степен на ризик: низок/среден/висок); - Обезбедување на покриеност на сите релевантни ризици опфатени со превентивни/или корективни мерки.	ПС 6.1.2 ИСО 28001:2007, Оддел А 4 ИСПС Прилог 6-в „Листа за проверка за познат испраќач“ Безбедност во авио сообраќајот Критериуми за регулиран агент / познат испраќач
Управување со сигурноста и	Несоодветна координација за	- Именување на одговорно лице со	ПС 6.1.4 ИСО

внатрешна организација	безбедност и сигурност внатре во трговското друштво подносител	доволен авторитет за координација и имплементација на соодветни сигурносни мерки во сите релевантни оддели во трговското друштво; - Воведување на сигурносни процеси вклучувајќи и формални процедури за управување/следење на сите логистички активности на трговското друштво од аспект на безбедност и сигурност; - Имплементирање на процедури со кои се обезбедува сигурноста и безбедноста на стоката во случаи на годишни одмори или друг вид на отсуства на определените вработени.	28001:2007, Оддел А 3 ИСО 9001:2015, Оддел 5 ИСПС Правилник
Процедури на внатрешна контрола	Несоодветна контрола внатре во трговското друштво подносител за прашањата поврзани со безбедност и сигурност	- Имплементација на процедури за внатрешна контрола над постапките/прашањата за безбедност и сигурност; - Процедури за забележување и проверка на инциденти поврзани со сигурност, вклучувајќи оценување на ризици и проценка на закани, а доколку е потребно и преземање на корективни активности.	ПС 6.1.7 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 А 4 ИСПС Правилник

Процедури на внатрешна контрола	Несоодветна контрола внатре во трговското друштво подносител за прашањата поврзани со безбедност и сигурност	- Записот може да се изврши во документ кој содржи на пр. датум, воочена аномалија, име на лицето кое ја открило аномалијата, противмерка, потпис на одговорното лице; - Да се направи евиденција на инциденти поврзани со безбедност и сигурност достапна на вработените во трговското друштво.	ИСО 28001:2007, Оддел А 3 А 4 ИСПС Правилник
Барања за безбедност и сигурност специфични за стоката	Неовластено ракување со стоката	- Воведување на систем за следење на стоката; - Посебни барања поврзани со пакување или складирање на опасна стока.	ИСПС Правилник

4.2 Влез и пристап до деловните простории (пододдел 6.3 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Вообичаени процедури за пристап или влез на возила, лица и стока	Неовластен пристап или влез на возила, лица или стока во деловните простории и/или во близина на подрачјата за натовар и отпремување.	- Бројот на возила со пристап кон деловните простори треба што е можно повеќе да се ограничи; - Од таа причина, просторите за паркирање за вработените се препорачува да бидат надвор од безбедносното подрачје; - Освен тоа, може да се воведе правило, доколку е можно, камионите да чекаат пред и после натоварот во одвоен	ПС 6.3 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСПС Правилник

		простор надвор од безбедното подрачје. Само запишани камиони добиваат пристап во подрачјето за натовар, на барање, за време на натоварот; - Користењето на идентификациски картички е оправдано. Идентификациските картички треба да имаат фотографија на нив. Ако идентификациските картички не содржат фотографија, треба да се наведе барем името на операторот или деловниот простор за кој се издадени (ризик од злоупотреба во случај на губење); Употребата на идентификациски картички треба да биде под надзор на одговорно лице. Посетителите треба да имаат привремени идентификациски картички и мора цело време да бидат во придружба со службено лице. Податоците за сите влезови, вклучувајќи ги имињата на посетителите/возачите, времето на доаѓање/заминување и службените лица треба да бидат запишани, нумерирани и архивирани во соодветен	

		облик (на пр. дневник за работа, ИТ систем). Идентификациските картички да не се употребуваат два пати по ред, за да се избегне проследување на картичките на друго лице; - Контрола на пристап со помош на шифра: мерки за редовно менување на шифрите; - Идентификациските картички и шифри треба да се валидни само во текот на работното време на вработениот; - Стандардни процедури за враќање на сите одобренија за пристап; - Посетителите треба да бидат пречекани и придружувани од надлежните вработени заради спречување на неодобрени активности; - Посетителите потребно е да ги носат идентификациските картички на видно место; - Да се разговара со непознати лица; - Носење на деловна облека за препознавање на непознати лица; - Во случај на привремено вработени (на пр. одржување), попис на одобрените вработени од надворешниот давател на услуги.	

Стандардни оперативни процедури во случај на упад	Непостоење на соодветни активности доколку упадот е откриен.	- Воспоставување на процедури за случаи на упад или неовластен влез; - Проверка на можноста за упат и бележење на резултатите од испитувањето, по потреба, спроведување на корективни активности; - Користење на извештаите за инцидентите или друг соодветен облик на бележење на инцидентите и преземените активности; - Воспоставување на корективни мерки како резултат на инциденти поврзани со неовластениот влез.	ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСПС Правилник

4.3 Сигурност на градбите (пододдел 6.2 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Надворешни граници на деловните простори	Несоодветна заштита на деловните простори против упад од надвор	- Доколку е потребно, да се огради подрачјето со безбедносна ограда и да се спроведуваат редовни контроли за нејзината целосност и оштетувања и спроведување на планирано одржување и поправка; - Доколку е потребно, контролираните подрачја резервирани за овластени лица соодветно да се означат	ПС 6.2 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСПС Правилник

		и контролираат; - Спроведување патроли во нееднакви временски интервали.	
Влезови и премини	Постоење на влезови и премини кои не се под надзор	- Сите влезови или премини треба да бидат обезбедени со примена на соодветни мерки на пр. видео надзор и/или систем за контрола на влез (светла, рефлектори и др.); - Системот за видео надзор е корисен кога снимениот материјал се прегледува и може да доведе до моментални реакции; - Доколку е соодветно, спроведување на процедури за обезбедување на заштита на местата за пристап.	ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСПС Правилник
Уреди за заклучување	Неадекватни уреди за заклучување на надворешните и внатрешните врати, прозори, влезови, ограда и подрачја за паркирање.	- Инструкции/процедури за користење на клучеви кои се на располагање на одговорните вработени; - Само овластените лица имаат пристап до заклучените згради, локации, соби, безбедносни подрачја, картотека, благајна, возила, машини и воздушен товар; - Спроведување на периодичен попис на бравите и клучевите; - Бележење на обидите за неовластен пристап и редовна проверка на тие	ПС 6.2.4 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		податоци; - Прозорците и вратите треба да бидат заклучени кога никој не работи во конкретната просторија/канцеларија.	
Осветлување	Несоодветно осветлување на надворешните и внатрешните врати, прозори, влезови, ограда и подрачја за паркирање.	- Соодветно осветлување на внатрешните и надворешните простори; - Доколку е потребно, користење на резервни генератори или алтернативно напојување со електрична енергија за да може да се обезбеди постојано осветлување во текот на било каков прекин на локалното доставување на електрична енергија; - Подготвени планови за одржување и поправка на опремата.	ПС 6.2.4
Процедури за пристап до клучевите	Непостоење на соодветни процедури за пристап до клучевите. Неодобрен пристап до клучевите.	- Воспоставување процедура за контрола на пристапот до клучевите; - Клучевите треба да се предадат по регистрацијата во евиденцијата и да се вратат назад веднаш по нивното користење. Враќањето на клучевите исто така треба да е евидентирано.	ИСО 28001:2007, Оддел А 3
Мерки за внатрешна физичка безбедност	Несоодветен пристап кон внатрешните делови на деловните простори	- Воведување на процедури за разликување на различни категории вработени во деловните	ИСО / ПАС 28001:2007, Оддел А 3 А.4 ИСПС

		простори (на пр. јакни, значки); - Пристапот треба да се контролира и персонализира во согласност со положбата на вработениот.	Правилник
Паркирање на приватни возила	Непостоење на соодветни постапки за паркирање на приватни возила. Несоодветна заштита на деловните простори против надворешно смеќавање.	- Бројот на возила со пристап до деловните простори треба што повеќе да се ограничи; - Одредување на посебни подрачја за паркирање на посетители и лица кои треба да бидат оддалечени од сите подрачја за ракување со товар или местата за складирање; - Идентификација на ризиците и заканите од неовластен влез на приватни возила во заштитените подрачја; - Утврдување правила/процедури за влез на приватни возила во деловниот простор на подносителот на барање; - Во случај кога паркингот не е поделен на делови наменети за вработени и посетители, возилата на посетителите потребно е да имаат идентификација.	
Одржување на надворешните граници на деловниот простор и зградите	Несоодветна заштита на деловните простори против упад од надвор како последица на несоодветното одржување.	- Редовно одржување на надворешните делови/граници на деловните простори и згради секој пат кога ќе се воочи аномалија.	ИСО 28001:2007, Оддел А 3

4.4 Транспортни единици (пододдел 6.3 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Мерки за пристап на транспортните единици	Непостоење на соодветна процедура за пристап на транспортните единици. Неодобрен пристап на транспортните единици.	- Идентификација на ризикот и заканите од неодобрен пристап до подрачјата за отпремување, натовар и складирање на товар; - Воспоставување на процедури за управување со пристапот кон подрачјата за отпремување, натовар и складирање на товар; - Транспортните единици се сместени на безбедни подрачја (пр. ограден простор, дел обезбеден со видео надзор или под надзор на лицата од обезбедување), или се преземени други мерки за да се обезбеди целосност на транспортните единици; - Пристапот кон подрачјата каде се наоѓаат транспортните единици е ограничен само на овластени лица; - Поделба на планирањето меѓу одделот за транспорт и пултот за прием на стока.	ПС 6.4.1 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСПС Правилник
Вообичаени постапки за обезбедување на целосност на транспортните единици	Неовластено ракување со транспортните единици	- Процедури за надзор и проверка на целосноста на транспортните единици; - Процедури за бележење, истражување и	ПС 6.4.2 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСПС Правилник

		преземање корективни активности по откривање на неовластен пристап или неовластено ракување; - Кога е соодветно, воведување видео надзор.	
Употреба на пломби	Неовластено ракување со транспортните единици	- Употреба на пломби за контејнери кои се во согласност со стандардот ИСО/ПАС 17712 или друг соодветен систем за обезбедување на целосност на товарот во текот на превозот; - Пломбите да се чуваат на безбедно место; - Водење на регистар на пломби (вклучувајќи искористени пломби); - Редовно усогласување на регистарот и реалната состојба на пломби; - Доколку е потребно договор за проверка на пломби со деловните партнери (целосност и број на пломби) по пристигањето.	ПС 6.4.3 ИСО / ПАС 17712
Процедури за надзор на структурата на транспортните единици, вклучувајќи и сопственоста на транспортните единици	Користење скриени места во транспортните единици за криумчарење. Непотполна контрола на транспортните единици.	- Процедури за проверка на целосноста на транспортните единици пред натоварот; - Доколку е потребно, спроведување контрола во седум чекори (преден ѕид, лева страна, десна страна, под, покрив/таван, внатрешни/надворешни врати, надворешен	ПС 6.4.4 ПС 6.4.5 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		дел/подвозје пред натовар); - Други врсти на инспекција во зависност од видот на транспортната единица.	
Одржување на транспортните единици	Неовластено ракување со транспортните единици	- Програма за редовно одржување; - Доколку одржувањето го спроведува трето лице, процедура за проверка на целосноста на превозните единици по спроведеното одржување.	ПС 6.4.5 ИСО 28001:2007, Оддел А 3
Стандардни оперативни процедури во случај на упад и/или неовластено ракување со транспортните единици	Непостоење на соодветни активности доколку е откриен неовластен пристап или неовластено ракување.	- Соодветни пропишани процедури за мерки кои треба да се преземат кога е откриен неовластен пристап или неовластено ракување.	ИСО 28001:2007, Оддел А 3

4.5 Логистички процеси (пододдел 6.5, ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Активни средства за транспорт кои влегуваат/ напуштаат царинското подрачје	Непостоење контрола над превозот на стока	- Употреба на технологија за следење и барање (track and trace) може да укаже на невообичаени застанувања или доцнења кои може да влијаат на безбедноста на стоката; - Посебни процедури за избор на превозник/транспортер; - Договор со деловните партнери за проверка на пломбите (целосност и	ПС 6.5

		број на пломба) кога стоката ќе стигне во нивните деловни простори.	

4.6 Стока при доаѓање (пододдел 6.6 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Вообичаени процедури за проверка на транспортот кој пристигнува	Внес, размена или губиток на примена стока. Неконтролирана пристигната стока која може да претставува ризик за сигурност или безбедност.	- Водење распоред за очекувани пристигања; - Процедури за постапување при неочекувани пристигнувања; - Спроведување проверка на доследноста меѓу пристигнатата стока и внесот во логистичкиот систем; - Процедура за проверка на целосноста на транспортните средства.	ПС 6.6.1 ИСО 9001:2015, Оддел 6.2.2 ИСО 28001:2007, Оддел А 3
Вообичаени процедури за проверка на сигурносните мерки кои се пропишани за други	Непостоење контрола по приемот на стоката која може да претставува ризик за сигурност и безбедност. Внес, размена или губиток на примена стока.	- Процедура со која се обезбедува запознавање на вработените со сигурносните барања; - Проверка на управувањето/надзорот за да се обезбеди усогласеност со сигурносните барања.	ПС 6.6.2 ИСО 28001:2007, Оддел А 3
Надзор над приемот на стока	Непостоење контрола по приемот на стоката која може да претставува ризик за сигурност и безбедност. Внес, размена или губиток на примена стока.	- Вработени задолжени за пречекување на возачот по пристигнување и надзор над истоварот на стока; - Употреба на најава пред пристигнување; - Процедури со кои се обезбедува присутност	ПС 6.6.3 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		на соодветни вработени во секој момент, не оставајќи стока без надзор; - Спроведување проверки на доследноста меѓу пристигнатата стока и превозните документи; - За транспорт на сигурен воздушен товар/пошта од познат испраќач, постоење на соодветни системи и процедури за проверка на декларацијата и идентификацијата на превозникот,	
Пломби на пристигнатата стока	Непостоење контрола по приемот на стоката која може да претставува ризик за сигурност и безбедност. Внес, размена или губиток на примена стока.	- Процедури за проверка на интегритетот на пломбата и усогласеноста на бројот на пломба со бројот наведен во документите; - Именување на овластени лица.	ПС 6.6.3 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСО/ПАС 17712
Административни и физички процедури за прием на стока	Непостоење контрола по приемот на стоката која може да претставува ризик за сигурност и безбедност. Внес, размена или губиток на примена стока.	- Споредба на стоката со придружните транспортни и царински документи, пакинг листа и нарачки; - Проверка на целосноста преку мерење, пребројување и евиденција, проверка на униформните ознаки на стоката; - Ажурирање на евиденцијата на залиха што е можно поскоро по пристигнувањето;	ПС 6.6.4 ПС 6.6.5 ПС 6.6.6 ИСО 9001:2015, Оддел 7

		- Ставање на стоката која претставува аномалија во посебно и безбедно подрачје, спроведување на процедура за управување со таа стока.	
Процедури на внатрешна контрола	Нема соодветни активности доколку се откријат неусогласености и/или неправилности	- Процедури за евидентирање и проверка на неправилности, на пр. делумни пратки, оштетени уреди за заштита од неовластено ракување, вклучувајќи процедури за оценување и преземање корективни активности.	ПС 6.6.7

4.7 Складирање на стока (пододдел 6.7 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Доделување на локација во склад	Несоодветна заштита на просторот за складирање против упати однадвор	- Процедури за управување со пристапот кон просторот за складирање; - Определување на подрачје (или повеќе од нив) за складирање на стока со систем за видео надзор или други соодветни контроли.	ПС 6.7.1 ПС 6.7.2
Стока која се чува на отворено	Ракување со таа стока	- Потреба од користење на соодветно осветлување и доколку е соодветно видео надзор; - Целосноста на стоката мора да биде проверена и документира пред натоварот; - Доколку е можно, прикажување на одредиштето на стоката	

		на најсовремен можен начин (на пр. Бар-кодови наместо обичен текст за приказ на одредишното место).	
Процедури на внатрешна контрола	Непостоење на процедури за обезбедување на безбедност и сигурност на складираната стока. Нема соодветни активности ако се откриени неусогласености и/или неправилности.	- Процедури за редовен попис на стоката, бележење и истражување на сите неправилности/неусогласености, вклучувајќи процедура за оценување и преземање на корективни активности. - Упатства поврзани со известување како се проверува стоката која пристигнува.	ПС 6.7.3 ИСО 9001:2015, Оддел 2
Одвоено складирање на различна стока	Неовластена замена на стока и/или неовластено ракување со стоката.	- Локацијата на стоката е забележана во евиденцијата на залиха; - Доколку е потребно, различна стока одделно се складира, на пр. стока со потекло, опасна стока, стока со голема вредност, домашна стока, воздушен товар.	ПС 6.7.4 Сертификат ТАПА (здружение за заштита на добрата во превоз)
Дополнителни мерки за безбедност и сигурност за пристап кон стоката	Неовластен пристап кон стоката.	- Овластен пристап во складот само на определени вработени; - Посетителите и трети лица мора да имаат привремени идентификациски картички и во секој момент да бидат придружувани од службено лице; - Податоци за сите посети, вклучувајќи ги имињата на посетители/трети	ПС 6.7.5 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСПС Правилник

		лица, време на доаѓање/заминување и име на службеното лице, мора да бидат запишани и да се чуваат во соодветен облик (на пр. дневник на работа, ИТ систем); - Доколку поседувате складишен простор во деловните простори на друг оператор, тој простор мора да биде обезбеден со редовна комуникација меѓу вклучените економски оператори, вклучувајќи посети и контроли на терен од страна на ОЕО.	

4.8 Производство на стока (пододдел 6.8 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Определување на локации за производство. Дополнителни мерки за безбедност и сигурност за пристап кон стоката.	Непостоење на процедури за обезбедување сигурност и безбедност на произведените производи. Неовластен пристап кон стоката.	- Определување на локации за производство на стока со соодветни контроли на пристап; - Овластен пристап на локациите за производство само на определени лица; - Посетителите и трети лица мора да имаат привремени идентификациски картички и во секој момент да бидат придружувани од службено лице; - Процедури со кои се обезбедува сигурност и безбедност на процесот	ПС 6.8.2 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		на производство.	
Процедури на внатрешна контрола	Непостоење на процедури за обезбедување сигурност и безбедност на индустриските производи. Неовластено ракување со стоката.	- Потребно е да се воспостават безбедносни процедури преку кои се обезбедува процесот на производство, на пр. овластен пристап само на определени лица или лица со соодветни овластувања, надзор и следење на процесот на производство по пат на систем и/или вработени.	ИСО 28001:2007, Оддел А 3
Пакување на производите	Непотполна контрола при пакување на производите. Внес, размена или губиток на примена стока.	- Колку што е можно, производите треба да бидат пакувани на начин лесно да може да се забележи неовластено ракување. Пример може да биде користена посебна лента со отпечатен назив на марката на производот. Во тој случај, потребно е лентата да се држи под надзор. Друго решение е користење на лента која не може да се отстрани без оставање на траги; - Исто така може да се користат технолошки помагала кои допринесуваат на целосноста на пакувањето, на пр. видео надзор или проверка на тежина; - Доколку е можно, прикажување на одредиштето на најсовремен начин (на	ПС 6.8.3

		пр. Бар-кодови наместо обичен текст за приказ на одредиштето).	
Контрола на квалитет	Непотполна контрола при движењето на стоката. Внес, размена или губиток на примена стока.	- Спроведување на случајни проверки за безбедност и сигурност на произведената стока во секоја фаза на производството.	

4.9 Натовар на стока (пододдел 6.9 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Вообичаени процедури за проверка на транспортот на заминување	Непостоење на контрола на испораката на стока која може да претставува ризик за сигурност и безбедност.	- Контрола на натоварената стока (проверка на доследноста/пребројување/вагање/ споредба на налогот за продажба со податоците во одделот за логистика). Проверка во логистичкиот систем; - Воспоставени процедури за преземања (прием) на транспортни средства; - Строга контрола на пристап до подрачјата за натовар.	ПС 6.9.1 ИСО 28001:2007, Оддел А 3
Вообичаени процедури за проверка на безбедносните мерки кои се пропишани за други	Повреда на договорните процедури поврзани за безбедност со ризик за испорака на опасна стока; испорака на стока која не е евидентирана во логистичкиот систем и над која немате никаква контрола.	- Процедури со кои се обезбедува запознавање на вработените за барањата на клиентите во поглед на сигурноста; - Проверка при менаџирање/надзор за да се обезбеди усогласеност со сигурносните барања.	ПС 6.9.3 ИСО 28001:2007, Оддел А 3
Надзор над натоварот на	Недоволен надзор над натоварот на стока која	- Проверка на целосноста по пат на мерење,	ПС 6.9.4 ИСО

стока	може да претставува ризик за сигурност и безбедност.	пребројување и евиденција, проверка на униформното означување на стоката; - Процедури за најава на возачот пред пристигнување; - Вработени задолжени за пречекување на возачот и надзор над натоварот на стоката; - Возачите немаат пристап кон подрачјата предвидени за натовар кои не се под надзор; - Процедури со кои се обезбедува присутност на соодветните вработени во секој момент, не оставајќи ја стоката без надзор; - Именување на одговорни лица за проверка на редовните постапки.	28001:2007, Оддел А 3
Ставање на пломби на излезната стока	Испраќањето на стока која не е заштитена со пломби може да доведе до внес, размена или губиток на стока кој не може лесно да се открие.	- Процедури за контрола, примена, проверка и евидентирање на пломби; - Определување на одговорни лица; - Користење на пломби за контејнери кои се во согласност со стандардот ИСО/ПАС 17712.	ПС 6.9.2 ИСО 28001:2007, Оддел А 3 ИСО/ПАС 11712:116 ИСО ПАС 17712
Административни процедури за натовар на стока	Испораката на стока која не е евидентирана во логистичкиот систем и над која немате никаква контрола претставува ризик за сигурност и	- Споредување на стоката со придружните превозни и царински исправи, попис за натовар/пакување и продажните налози;	ПС 6.9.5 и 6.9.6

	безбедност.	- Ажурирање на евиденцијата на залиха што е можно побрзо по поаѓањето.	
Процедури на внатрешна контрола	Нема соодветни активности доколку се откриени неусогласености и/или неправилности.	- Процедури за бележење и истражување неправилности на пр. делумни пратки, оштетени уреди за заштита од неовластено ракување, враќање на стока од страна на купувачите, ажурирање на процедурите и преземање на корективни активности.	ПС 6.9.7 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

4.10 Сигурносни барања за деловните партнери (пододдел 6.10 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Идентификација на деловните партнери	Непостоење механизми за јасна идентификација на деловните партнери.	- Воспоставени процедури за идентификација на редовните деловни партнери и непознати клиенти/купувачи; - Процедури за избор и менаџирање на деловните партнери доколку превозот го извршува трето лице; - Имплементирање на процедура за избор на подизведувач врз основа на пописот на постојани и повремени подизведувачи; - Подизведувачите може да се одберат врз основа на критериуми за избор или дури врз основа на посебно одобрение на трговското друштво (кое	

		може да се даде врз основа на прашалник за сертификација).	
Барања за сигурност кои се пропишани за други	Повреда на договорените сигурносни процедури со ризик за прием или испорака на опасна стока.	- Сигурносни проверки кои служат за избор на редовни деловни партнери на пр. со помош на интернет или агенции за кредитен рејтинг; - Сигурносни барања (на пр. целата стока мора да биде означена, заштитена со пломби, пакувана, обележана на одреден начин, рендгенски проверена) наведени се во договорите со редовните деловни партнери; - Барања договорите да не смеат дополнително да бидат преземени од непознати трети страни; - Заклучоци од стручни лица/надворешни ревизори, поврзани со редовните деловни партнери, за усогласеноста со барањата за сигурност; - Доказ дека деловните партнери поседуваат релевантни акредитации/ сертификати со кои докажуваат усогласеност со меѓународните безбедносни стандарди; - Процедури за спроведување на дополнителни	ПС 6.10 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		сигурносни проверки на трансакциите со непознати или повремени деловни партнери; - Известување и истрага за сите инциденти поврзани со сигурност кои ги вклучуваат деловните партнери, водење евиденција за преземените корективни активности.	

4.11 Сигурност на вработените (пододдел 6.11 ПС)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Политика на вработување, вклучувајќи и привремени вработувања	Инфилтрирање на лица кои може да претставуваат сигурносен ризик.	- Дополнителни проверки на идните вработени, на пр. историја на вработувања и препораки; - Дополнителни проверки на новите или постоечките вработени кои преминуваат на безбедносно чувствителни позиции на пр. полициски проверки на небришани казни затвор; - Обврска на вработените за известат за другите вработувања, полициски опомени/условни осуди, нерешени судски постапки или осудителни пресуди; - Повремени сигурносни проверки / повторување на истрагата за вработените лица; - Укинување на пристап до	ПС 6.11.2 ПС 6.11.4 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		информатичкиот систем, враќање на пропусници, клучеви и/или идентификациски картички во случај на престанок на работниот однос; - Проверката на привремено вработените се спроведува по ист стандард како и проверка на постојано вработените; - Во договорите со агенциите за вработување мора детално да се наведе степенот на бараните сигурносни проверки; - Процедури со кои се обезбедува усогласеност на агенциите за вработување со тие стандарди.	
Степенот на свесност за безбедноста и сигурноста на вработените	Недоволно познавање на сигурносните процедури поврзани со различни постапки (пристигнување на стока, натовар, истовар и др.) со последица прифаќање/натовар/истовар на небезбедна или несигурна стока.	- Свесност на вработените за сигурносните мерки/системи поврзани со различни постапки (пристигнување на стока, истовар, натовар и др.); - Воспоставување на евиденција за бележење на аномалии во безбедноста и сигурноста воедно и редовни разговори со вработените на таа тема; - Воспоставени процедури врз основа на кои вработените воочуваат и известуваат за сите сомнителни инциденти;	ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		- Брошури со прашања за безбедност и сигурност може да се изложат на посебни локации и на огласни табли; - Приказ на правилата за безбедност и сигурност на релевантни локации (истовар/натовар и др.). Знакови кои мора да бидат видливи однатре (на локацијата) и однадвор (места наменети за возачи, привремени посетители, различни партнери).	
Обука за безбедност и сигурност	Непостоење на механизми за обука на вработените за сигурносни и безбедносни барања, како последица е недоволната свесност за сигурносните барања.	- Лица одговорни за идентификување на потреба за обука, спроведување на обука и водење евиденција за обуки; - Обучување на вработените за препознавање на можните безбедносни закани, откривање на упади/ неовластено ракување и спречување на неовластен пристап на обезбедените простори, стока, возила, автоматизирани системи, пломби и документација; - Спроведување тестови со „опасна“ стока или ситуации; - Обуката за безбедност и сигурност може да биде дел од обуката за заштита при работа која ги опфаќа сите	ПС 6.11.3 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		вработени; - Обуките за безбедност и сигурност треба да бидат документирани и ажурирани редовно врз основа на случени ситуации во трговското друштво (на пр. еднаш годишно); - Нововработените треба да бидат интензивно обучени заради нивното незнаење и свесност.	

4.12 Надворешни услуги (пододдел 6.12)

Показател	Опис на ризикот	Можни решенија	напомена
Надворешните услуги кои се користат за различни подрачја т.е. пакување на производи, безбедност и др.	Инфилтрирање на лица кои може да претставуваат ризик за безбедност. Непотполна контрола над движењето на стоката.	- Сигурносни барања наведени во договорите, на пр. проверка на идентитетот на вработените, контрола на ограничен пристап; - Следење на усогласеноста со тие барања; - Употреба на различни идентификациски картички на надворешните лица; - Ограничен или контролиран пристап до информатичките системи; - По потреба, надзор над надворешните служби; - Надзор над надворешните услуги, кога е соодветно; - Воспоставување на систем на сигурност и/или постапки на ревизија за да се	ПС 6.12 ИСО 28001:2007, Оддел А 3

		обезбеди целосност на стоката; - Во случај на привремена работа (пр. одржување) листа на одобрени работници од давателот на надворешните услуги.	

Прилог: Примери од информации кои треба да бидат споделени со царинскиот орган

Примената на членот 10-м став (1) од УСЦЗ значи дека „Имателот на одобрението го известува царинскиот орган без одложување за сите промени што ќе настанат по издавање на одобрението, а кои може да влијаат на неговата важност или содржина“.

Целта на овој документ е да им помогне на имателите на ОЕО да идентификуваат некои од ситуациите кои може да влијаат на содржината на одобрението ОЕО и/или исполнувањето на критериумите пропишани со членот 6-б од ЦЗ.

<u>Овој список не е конечна листа за проверка туку индикативна алатка за помош на операторите во нивниот однос со царинскиот орган и управување со нивното одобрение ОЕО.</u>

Доколку операторот смета дека некој факт, кој не е наведен во листата за проверка, има влијание на неговото одобрение ОЕО, треба за го извести царинскиот орган.

Понатаму, известувањето на надлежниот царински орган не го ослободува економскиот оператор од другите обврски за известување.

Опсегот на информации за кои треба да се извести царинскиот орган зависат од видот на одобрението ОЕО: ОЕОЦ или ОЕОС.

ОЕОЦ не треба да ги исполнува барањата пропишани со членот 6-б точка д) од ЦЗ и член 10-д од УСЦЗ, како што ОЕОС не се засегнати со барањата пропишани со членот 6-б точка г) од ЦЗ и член 10-г од УСЦЗ.

Примери од информации кои треба да се достават до царинскиот орган

Општи информации

Сите промени поврзани со:

- Името на трговското друштво
- Правната форма на трговското друштво
- Здружување или раздружување
- Место на основање
- Адреса за коресподенција (доколку е различна од адресата на основање)
- Адреса за коресподенција за комуникација поврзана со договор за взаемно признавање (доколку е различна од адресата на основање)
- Контакт лице
- Продажба или затворање на трговското друштво
- Економскиот сектор или активност и/или улога во синџирот на снабдување.

Усогласеност (член 6-б точка а) од ЦЗ и член 10-а од УСЦЗ)

- Сите тешки или повеќекратни повреди на царинските и даночните прописи или тешки кривични дела поврзани со економската дејност (пр. пресуда за измама, мито, корупција) сторени од:

    - Барателот,
    - Одговорното лице кај барателот или лицето кое има контрола над управувањето со правното лице,
    - Одговорното лице кај барателот за царински прашања.

- Измени во управата или структурата на трговското друштво, на пример: нов сопственик, ново одговорно лице кај барателот или ново лице кое има контрола над управувањето со правното лице или ново одговорно лице за цаарински прашања.
- Сите кривични постапки кои се во тек поврзани со повреда на царинските и даночните прописи, кривични дела поврзани со економската активност.

Задоволителен систем за управување со трговската и транспортната евиденција
(член 6-б точка б) од ЦЗ и член 10-б од УСЦЗ)

- Измени или ажурирања на сметководствените или логистичките системи
- Нефункционалност на сметководствениот систем (на пример: губиток на сметководствени податоци, недостаток на следливост и сл.)
- Сметки кои не се потврдени од надворешен ревизор

- Губиток на евиденција
- Нефункционалност на вкрстена ревизија

- Губиток или уништување на сметководствената, трговската или транспортната архива
- Губиток или уништување на електронските сигурносни копии со сметководствените, трговските или транспортните податоци

- Неможност за разликување на домашна од странска стока заради на пр. пад на софтверскиот систем

- Неможност за управување со внатрешните контроли
- Откривање на големи неправилности при спроведувањето на внатрешна конрола
- Корективни мерки за исправка на откриени големи неправилности

- Нова постапка за ракување со производ за кој се бара дозвола или одобрение во согласност со мерките за трговска политика

- Нова локација на архивата

- Употреба на грешна тарифна ознака на стоката
- Употреба на грешна царинска вредност
- Инцидент на обработка на стока во рамките привремено чување

- Секој проблем во привремено чување или царинско складирање кој е поврзан со царинска активност
- Инцидент на обработка на стока која е во транзитна постапка
- Идентификација на зголемување на работни грешки
- Непочитување на забрани или ограничувања

- Детектиран упад во ИТ системот
- Значителна нефункционалност на ИТ сигурносните мерки
- Значителен пад на ИТ системот

- Нова постапка за ракување со производ кој подлежи на забрани или ограничувања

Финансиска солвентност (член 6-б точка в) од ЦЗ и член 10-в од УСЦЗ)

- ОЕО е предмет на која било постапка за несолвентност

- Инциденти во плаќање на царинските и други давачки, даноци, кои се однесуваат на увоз или извоз на стока

- Секоја негативна промена во финансиската состојба вклучувајќи и негативни нето средства кои не може да се обезбедат
- Губиток на важни клиенти
- Губиток на важни пазари
- Губиток на трговска франшиза, концесија, дозвола за маркетинг или тргување
- Негативен извештај/наод на независен ревизор во годишната финансиска ревизија

Практични стандарди на компетенции или професионални квалификации (член 6-б точка г) од ЦЗ и член 10-г од УСЦЗ)

- Секоја промена поврзана со лицето одговорно за царински прашања

- Губиток/стекнување на стандард за квалите во врска со царинските прашања усвоен од Европското тело за стандардизација

- Во случај на одредување на нов одговорен вработен за царински прашања, доставување на докази за завршена обука за царински прашања

Безбедносни и сигурносни стандарди
(член 6-б точка д) од ЦЗ и член 10-д од УСЦЗ)

- Купување на нови деловни простории/ објекти / селидба

- Нов сигурносен план; нова постапка или нови сигурносни мерки за пристап до просториите, подрачјата за испорака, натовар или сместување на стока
- Секој потежок сигурносен инцидент (на пр. влез на неовластени лица, кражба и сл.) како и преземени корективни мерки за решавање

- Информации за сигурносни прашања поврзани со воспоставувањето на внатрешни процеси (на пр. контрола во 7 чекори која би открила лажно дно, невообичаени поправки и сл.)
- Тешки инциденти при транспорт со стока

- Проблеми со сигурноста на деловните партнери
- Откривање на измама или злоупотреба/повреда од деловните партнери

- Информации кои произлегуваат од сигурносна проверка на вработените, со негативен ефект за безбедноста и сигурноста
- Проблеми со сигурноста на надворешните даватели на услуги
- Проблеми со имплементација на договорната програма за подигнување на свесноста претставена на царинскиот орган во текот на претходната контрола

- Промени поврзани со одговорното лице за прашања од безбедноста и сигурноста пр. ново контакт лице, промена на име и сл.

Поврзани теми

- ***Кои промени имаат влијание на повеќе критериуми?***

Некои промени може да имаат влијание на повеќе критериуми од одобрението. Во тој случај се препорачува на ОЕО да го извести надлежниот царински орган однапред за да може да се предвиди таа ситуација и да се утврдат најдобрите решенија за нејзино решавање.

- ***Кои информации имаат влијание на условите за формално прифаќање на барањето?***

Некогаш ОЕО ќе ја промени својата економска активност по добивањето одобрение за ОЕО, на пример престанување на своите операции поврзани со царински прашања или престанување на својата активност во меѓународниот синџир на снабдување (пр. кога ОЕО работи само во царинското подрачје).
Се очекува од ОЕО да го извести надлежниот царински орган за издавање на одобрение во случај кога ќе настанат такви промени со цел да се најде најсоодветно решение за справување со секоја поединечна ситуација.

- ***Како ОЕО може да врши интерно надзор над одобрението за да се обезбеди дека нема да пропушти да извести за секоја важна информација?***

Лицето за контакт на ОЕО игра важна улога во следењето над исполнувањето на критериумите за ОЕО во трговското друштво. Во зависност од големината на трговското друштво, може да бидат имплементирани различни организациски структури за обезбедување на соодветно следење на одобрението ОЕО (на пр. редовни состаноци, редовни ажурирања на процедурите во соодветните оддели на трговското друштво, употреба на електронски систем за управување со документи и сл.)

- ***Кој треба да се извести за промените?***

За сите промени кои ќе настанат по издавањето на одобрението, ОЕО го известува назначеното контакт лице од Царинската управа.

- ***На кој начин се доставува известувањето до надлежниот царински орган?***

Надлежниот царински орган ги определува најсоодветните начини за доставување на информациите и го известува ОЕО за назначеното контакт лице од Царинската управа. За информација за сите промени, надлежниот царински орган може да ги препорача најдобрите начини за известување (на пр. електронска пошта, формално писмо или образец).

- ***Влијание на промените врз следењето на одобрението од страна на надлежниот царински орган за издавање на одобрение:***

Согласно доставените информации од ОЕО, надлежниот царински орган за издавање на одобрение одлучува дали е неопходно или не да се преземат некои конкретни активности како следење на одобрението или повторна проценка.
Надлежниот царински орган за издавање на одобрение може да ги земе предвид и фактите дека не е потребно преземање на дополнителни активности доколку смета дека тие промени се незначителни.

Прилог: Табела со критериуми кои се однесуваат на различни учесници во синџирот на снабдување

		Производител	Извозник	Шпедитер	Држател на царински склад	Царински застапник	Превозник	Увозник
0.	**Општи податоци**							
0.1	Прирачник за овластен економски оператор	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
0.2	Вклучување на службите на трговското друштво	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.	**Податоци за трговското друштво**							
1.1.	**Основни податоци за трговското друштво (точки 1.1.1 до 1.1.11 се пополнуваат само во случај доколку не се веќе одговорени во рамките на задолжителните податоци во барањето за ОЕО)**							
1.1.1.	Назив, адреса, датум на основање и правната форма на трговското друштво барател.	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС

1.1.2.	Целосни податоци за сопствениците или главните сопственици на акции, членови на управниот одбор и/или директори	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.3	Име и презиме на лицето одговорно за царински прашања во трговското друштво	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.4.	Деловна активност и улога во меѓународниот синџир на снабдување	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.5.	Податоци за локациите	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.6.	Поврзани трговски друштва	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.7.	Опис на внатрешната организациона структура на трговско друштво и задачите/одговорностите на секој оддел	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.8.	Имињата на членовите на високото раководство на трговското друштво	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.9.	Број на вработени	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.10.а	Согласност за објавување на податоци од одобрението ОЕО на интернет страницата на Царинската управа	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.1.10б	Согласност за размена на податоци за взаемно признавање	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
		Производител	**Извозник**	**Шпедитер**	**Држател на царински склад**	**Царински застапник**	**Превозник**	**Увозник**
1.2.	**Обем на деловни активности**							

1.2.1.	Годишен обрт (генерално) - приходи или загуби	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.2.2.	Магацински простории	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.2.3.	Број и вредност на царинските декларации	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.2.4.	Платен износ	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.2.5.	Предвидени структурни промени во трговското друштво	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
1.3.	**Царински податоци и статистика**							
1.3.1.	Застапување за царински прашања		ОЕОЦ ОЕОС			ОЕОЦ ОЕОС		ОЕОЦ ОЕОС
1.3.2.	Распоредување на стоката согласно Законот за царинската тарифа	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС			ОЕОЦ ОЕОС		ОЕОЦ ОЕОС
								ОЕОЦ ОЕОС
1.3.3.	Утврдување на царинската вредност	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ / ОЕОС*			ОЕОЦ ОЕОС		ОЕОЦ ОЕОС
1.3.4.	Потекло на стоката	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС			ОЕОЦ ОЕОС		ОЕОЦ ОЕОС
1.3.5.	Антидампинг или компензаторни давачки	ОЕОЦ ОЕОС*				ОЕОЦ ОЕОС		ОЕОЦ ОЕОС
2.	**Оценка за усогласеност со царинските прописи**							

2.1.	Откриени повреди на царинските прописи	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
2.2.	Барања за други царински одобренија или лиценци	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.	**Сметководствен и логистички систем**							
3.1.	**Ревизорска трага**							
3.1.1.	Клучни елементи на ревизорската трага	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.2.	**Сметководствен и логистички систем**							
3.2.1.	Компјутерска опрема	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.2.2.	Разликување на стоката која има статус на домашна стока од онаа која има статус на странска стока	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ
3.2.3.	Локации на информатичките активности	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
		Производител	**Извозник**	**Шпедитер**	**Држател на царински склад**	**Царински застапник**	**Превозник**	**Увозник**
3.3.	**Систем на внатрешна контрола**							
3.3.1.	Процедури на внатрешна контрола	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.3.2.	Ревизија на процедурите на внатрешна контрола	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС

3.3.3.	Проверка на сметководствените датотеки	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.4.	**Движење на стока**							
3.4.1.	Постапка на регистрација	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС		ОЕОЦ ОЕОС			ОЕОЦ ОЕОС
3.4.2.	Проверка на состојбата на залихи	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС		ОЕОЦ ОЕОС			ОЕОЦ ОЕОС
3.5.	**Вообичаени царински постапки**							
3.5.1.	Проверка на точноста на царинските декларации	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС*
3.5.2.	Известување за неправилности	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.5.3.	Дозволи за тргување	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС*	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС*
3.5.4.	Стока која подлежи на увозни и извозни дозволи поврзани со забрани и ограничувања	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.5.5.	Стока која подлежи на дозвола за двојна употреба согласно Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.6.	**Постапки на изработка на сигурносни копии, враќање на податоците, резервна постапка и архивирање**							

3.6.1.	Изработка на сигурносни копии и архивирање на податоци	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.6.2.	Чување на архивирани податоци	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.6.3.	План за непредвидени околности	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.7.	**Заштита на информатичките системи**							
3.7.1.	Заштита од неовластен пристап	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.7.2.	Начин на одобрување на правото на пристап	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.7.3.	Главен сервер	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.8.	**Безбедност на документите**							
3.8.1.	Безбедност на документите од неовластен пристап	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.8.2.	Случаи на неовластен пристап	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.8.3.	Пристап за различни категории на вработени	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
3.8.4.	Барања поврзани со безбедност и сигурност за трети лица	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС

		Производител	Извозник	Шпедитер	Држател на царински склад	Царински застапник	Превозник	Увозник
4.	**Финансиска солвентност**							
4.1.	Постапки поврзани со несолвентност	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
4.2.	Финансиска состојба	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
4.3.	Новоформирано трговско друштво	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
4.4.	Финансиска солвентност во догледна иднина	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС	ОЕОЦ ОЕОС
		Производител	Извозник	Шпедитер	Држател на царински склад	Царински застапник	Превозник	Увозник
5.	**Практични стандарди на компетенции или професионални квалификации**							
5.1.	Практични стандарди на компетенции							
5.1.1.	Практично искуство од најмалку три години во царински прашања	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ
5.1.2.	Стандард за квалитет во врска со царински прашања усвоен од Европското тело за стандардизација	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ
5.2.	Професионални квалификации							
5.2.1.	Успешно завршена обука за царинското законодавство во делот	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ	ОЕОЦ

	кој е релевантен и сразмерен на вашата вклученост во царинските поврзани активности							
6.	**Барања за сигурност и безбедност**							
6.1.	**Општи информации за безбедност и сигурност**							
6.1.1.	**Надлежно лице за прашања поврзани со безбедност и сигурност**	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.2.	Проценка на ризиците и заканите	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.3.	Сигурносен ризик	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.4.	Спроведување на мерки за сигурност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.5.	Усогласеност на мерките за сигурност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.6.	Упатства поврзани со безбедност и сигурност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.7.	Инциденти поврзани со сигурност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.8.	Потврда за сигурност издадена од друго надлежно тело или агенција	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.9.	Посебни барања поврзани со безбедност и сигурност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.10.	Проценка на закани од трето лице	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.1.11.	Барања поврзани со безбедност и сигурност кои се наметнуваат од трети лица	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.2.	**Сигурност на градбите**							

6.2.1.	Безбедност на надворешните граници на деловниот простор на трговското друштво	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.2.2.	Можност за пристап	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.2.3.	Осветлување	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.2.4.	Пристап кон клучеви	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.2.5.	Паркирање на приватни возила	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.3.	**Пристап до деловните простории**							
6.3.1.	Контрола на пристап	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.3.2.	Процедури во случај на неовластен пристап	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.3.3.	Планови на локациите	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.3.4.	Трговски друштва сместени во деловните простории	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
		Производител	**Извозник**	**Шпедитер**	**Држател на царински склад**	**Царински застапник**	**Превозник**	**Увозник**
6.4.	**Транспортни единици (како контејнери, изменливи сандаци, транспортни кутии)**							
6.4.1.	Процедури на пристап на транспортните единици	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.4.2.	Мерки за обезбедување на целосноста на транспортните единици	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС

6.4.3.	Употреба на пломби	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.4.4.	Мерки кои се користат за проверка на транспортните единици	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.4.5.	Сопственик/оператор и одржување на транспортните единици	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.5.	**Логистички процеси**							
6.5.1.	Транспортни средства	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.6.	**Стока при доаѓање**							
6.6.1.	Процедури за проверка на стоката при доаѓање	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.6.2.	Сигурносни постапки поврзани со добавувачи	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.6.3.	Проверка на интегритетот на пломбите	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.6.4.	Стандардизирано означување на стоката	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.6.5.	Броење и вагање на стоката	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.6.6.	Процедура за прием на стока	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.6.7.	Процедури на внатрешна контрола	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.7.	**Складирање на стока**							
6.7.1.	Простории за складирање на стока	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*
6.7.2.	Распределување на локација за складираната стока	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*

6.7.3.	Процедури на внатрешна контрола	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*
6.7.4.	Одвоено складирање на различни видови на стока	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*
6.7.5.	Заштита од неовластен пристап	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*
6.7.6.	Мерки за надзор во случај на складирање кај трето лице	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС*
6.8.	**Производство на стока**							
6.8.1.	Простории наменети за производство на стока	ОЕОС						
6.8.2.	Сигурносни мерки за пристап кон производствените простории	ОЕОС						
6.8.3.	Пакување на производите	ОЕОС	ОЕОС*					
6.8.4.	Пакување кое го спроведува трето лице	ОЕОС	ОЕОС*					
		Производител	**Извозник**	**Шпедитер**	**Држател на царински склад**	**Царински застапник**	**Превозник**	**Увозник**
6.9.	**Натовар на стоката**							
6.9.1.	Управување со натоварот на стока	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	
6.9.2.	Пломбирање на стоката која заминува	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	
6.9.3.	Барања од купувачите поврзани со безбедност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.9.4.	Надзор над натоварот на стока	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС

6.9.5.	Вагање и броење на стоката	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.9.6.	Процедура за натовар на стока	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.9.7.	Контролни механизми	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.10.	**Сигурносни барања за деловните партнери**							
6.10.1.	Барања поврзани со безбедност и сигурност за деловните партнери	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.10.2.	Проверка на деловните партнери	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.10.3.	Повреда на безбедносните договори	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.11.	**Сигурност на вработените**							
6.11.1.	Политика на вработување поврзана со барањата за безбедност и сигурност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.11.2.	Безбедносни проверки на вработените	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.11.3.	Обука за безбедност и сигурност	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.11.4.	Безбедносни барања во случаи на привремени вработувања	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС
6.12.	**Надворешни услуги**							
6.12.1.	Користење на надворешни услуги	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС	ОЕОС

* согласно потребите

Прилог: COMPACT (**Com**pliance **Pa**rtnership **C**ustoms and **T**rade) -Модел за овластени економски оператори

1. Методологија

Една од главните задачи на царинскиот орган е да го процени ризикот во протокот на стока. Ризици се оние фактори кои може да влијаат на целите на царинскиот орган. При спроведување на тие цели од големо значење е да се има познавање на ризиците со кои се соочува и влијанието кое може да го имаат на тие цели. Царинскиот орган ги заснова контролите над економските оператори врз основа на управување со ризик. Целта на употребата на управувањето со ризик е да се насочат активностите од царинските контроли согласно ризиците наместо контролите да се засноваат на случајно селектирани појави или декларации.

При употребата на управувањето со ризик царинскиот орган ги зема предвид мерките кои операторите ги преземаат со цел да ги спречат ризиците во своите деловни процеси. Царинскиот орган сака своите ограничени капацитети да ги насочи особено кон ризиците кои не се или недоволно се обезбедени од мерките преземени од економските оператори. Со примена на овој пристап неопходно е да се создаде добра слика за економскиот оператор, неговите деловни процеси и мерките кои ги презема за намалување на ризиците во фискалните и нефискалните процеси, вклучувајќи го и синџирот на снабдување. Царинскиот орган треба да ја процени организацијата на економскиот оператор, процесите, процедурите, администрацијата и.т.н. Накратко, мора да биде проверена административната организација на економскиот оператор и неговиот внатрешен контролен систем.

Рамката COMPACT е методологија за спроведување на таква проценка. Не само на национално туку и на меѓународно ниво, во случај кога се вклучени повеќе земји.
Тоа е флексибилна алатка која може да се употреби не само за заштита на фискалните интереси на Република Северна Македонија туку и за заштита на нефискалните интереси како заштита на надворешната граница (пр. сигурност на синџирот на снабдување и сузбивање на криумчарење)

Составни делови на COMPACT моделот за овластените економски оператори се методот за мапирање на ризици од овој прилог и текстот на самиот Прирачник за овластен економски оператор. Економскиот оператор кој поднесува барање за статус ОЕО потребно е да ги има имплементирано, согласно неговиот деловен модел и анализа на ризик, системите, процедурите, условите и барањата пропишани со Царинскиот закон и Прирачникот за ОЕО.

Царинскиот орган и економскиот оператор заеднички соработуваат за да може барателот да ги исполни барањата поврзани со проценка на ризик од овој Прилог. Царинскиот орган мора да провери дали барателот ги задоволува потребните критерииуми поврзани со неговото работење и пропишани со Царинскиот закон.

- Рамката COMPACT може да се употребува од царинските службеници да утврдат дали потенцијалните ризици се значајни (или не) во случај на конкретен економски оператор и неговите деловни процеси.
- Рамката COMPACT е исто така алатка за одредување на усогласеноста на операторот и степенот на контрола која треба да се спроведе при проверка на конктретен економски оператор.
- Рамката COMPACT е наменета за спроведување на претходна проверка. Целта на претходна проверка е да се провери дали барањето за статус овластен економски оператор и бараните поедноставувања и олеснувања може да се одобрат.


COMPACT Модел за овластени економски оператори
Барање за статус ОЕО
Законски критериуми
Да
Не
Нема статус
Потенцијални ризици
Прирачник за ОЕО
Разбирање на бизнисот
Идентификување на релевантните ризици
Мапирање на царинските ризици
Мапирање на заедничките ризици
Претходна проверка
Преостанати ризици
Одобрен статус
Не
Нема статус
Одобрение
План за следење
Проценка / олеснувања
Мерки за подобрување
Мерки за подобрување

Чекори во Рамката COMPACT

Рамката COMPACT е поделена на неколку различни фази, опишани подолу. Фазите може да создадат слика дека секоја засебно претставува посебна појава. Во пракса овие фази често меѓусебно се поврзуваат на пр. како дијалогот меѓу царината и бизнисот.

2.1 Барање за добивање статус ОЕО

Поднесувањето на барање за добивање статус овластен економски оператор е регулирана во Прирачникот за ОЕО, дел 3, глава I.

2.2 Формални услови

Во првиот чекор од процесот на обработка на барањето царинскиот орган утврдува дали се исполнети формалните услови поврзани со постапката или предметните олеснувања. Овој чекор може да се направи релативно брзо. Доколку барателот не ги исполнува формалните услови барањето се одбива. Во тој случај нема потреба царинскиот орган да поминува низ целиот процес на проценка.

2.3 Прирачник за овластен економски оператор

2.3.1 Содржина на Прирачникот

Табелите во овој документ со наведени ризици и барања се интегрален дел на Рамката COMPACT за овластени економски оператори.

Прирачникот за ОЕО ги содржи стандардите и критериумите за ОЕО.

Сите индикатори на ризици се поврзани со опис на ризикот и точките на кои треба да се посвети внимание. Тие ги водат царинските службеници и операторите кон спроведување на соодветна анализа на ризик. Точките на кои треба да се посвети внимание може да се употребат за откривање дали ризиците се навистина релевантни за одреден економски оператор и да се проверат мерките кои ги презел операторот за справување со тие ризици. Во процесот на претходна проверка Прирачникот за ОЕО е од големо значење.

2.3.2 Двострана цел на Прирачникот за ОЕО

Прирачникот за ОЕО може да се употреби на два начини.

Првата можност е да се користи од самиот оператор кој може да го подготви Прашалникот за самооценување и да подготви профил на своите деловни процеси особено од аспект на синџирот на снабдување. Профилот потоа може да биде спореден од страна на царинскиот орган во корелација со вистинската состојба. Дали оваа можност ќе се искористи зависи од стручноста и знаењата на вработените кај операторот.

Втората можност е царинскиот орган да го употребува Прирачникот за ОЕО за да утврди кои аспекти треба да се проверат за време на претходната проверка. Во овој случај царинскиот службеник самиот бара одговор на прашањата.

Иако Прирачникот за ОЕО е развиен како заеднички инструмент, тој е флексибилен и дава можност за дополнување на специфични регионални ризици. На овој начин се овозможува обезбедување на различни локални и регионални аспекти.

2.4 Процес на мапирање на ризик

2.4.1 Вовед

Проценката на ризик на операторот е основа на Рамката COMPACT. Проценката може да се направи со употреба на методот за мапирање на ризик. Во деловната заедница овој метод на мапирање на ризик се употребува во голема мера. Исто така и царинскиот орган може да има корист преку развивањето на методот на мапирање на ризик кој би се употребил како систематски метод при проценката и одредувањето на ризици. Дополнително, систематскиот пристап исто така е потребен за утврдување на кој начин еден одобрен оператор треба да се контролира и следи во иднина.

Методот е наменет за утврдување на приоритети на ризиците преку проценка на веројатноста и влијанието на ризиците врз царинските цели. Овој метод ги структуира и го подржува мерењето и проценката на ризиците. Преку употреба на пристапот со мапирање на ризик заедно со мерките од Рамката COMPACT се добива структрурен пристап насочен кон идентификација на ризиците, проценка на ризиците, контролен пристап и проценка на постојани подобрувања.

Процесот на мапирање на ризик изворно се состои од пет основни чекори:
Чекор 1 – Разбирање на бизнисот (на операторот);

Чекор 2 – Појаснување на целите на царинскиот орган;
Чекор 3 – Идентификација на ризици (кои ризици може да влијаат на целите на царинскиот орган);
Чекор 4 – Проценка на ризиците (кои ризици се најзначајни);
Чекор 5 – Одговор на ризиците; што да се направи со останатите ризици.



2.4.2 Чекор 1 – Разбирање на бизнисот



Царинскиот орган потребно е да има увид во деловното работење на операторот. Неопходен дел од разбирањето на бизнисот е да се добие јасен увид во процесите на операторот (логистички синџир на пратки со стока). Потребно е да се разбере во која деловна средина тој работи (на пр. процеси, стока, постапки кои се употребуваат).

При поднесување на барање за ОЕО статус, како подршка на разбирањето на бизнисот, неколку извори се достапни. Може да се употребуваат внатрешни и надворешни извори.

- Примери за внатрешни извори кои може да ги користи царинскиот орган: податоци за ДДВ и други информации од даночните органи, информации претходно собрани преку информатичките системи на царинскиот орган за увоз и/или извоз, претходни извештаи од контроли, евиденција од царинските одобренија или разузнавачки информации.
- Примери од надворешни извори: Стопански комори, статистики, објавени годишни извештаи, интернет страница на операторот и информации добиени од операторот.

Прирачникот за ОЕО ги пропишува неопходните индикатори за да се добијат потребните информации поврзани со деловното работење на операторот. Друг начин за добивање податоци и информации е спроведување на интервју и барање на документирани докази од администрацијата на операторот.

Важно е добиените информации да бидат правилно забележани и документирани.

2.4.3 Чекор 2 – Појаснување на целите



Не сите барања и делови од Прирачникот за ОЕО се од интерес за секој оператор. Во воведниот дел од Прирачникот за ОЕО опишани се улогите на учесниците во сиџирот на снабдување.

Генерално, релевантноста на ризикот се утврдува од аспект на целите на царинскиот орган и видот на олеснувања и поволности за кои операторот поднесува барање.

Целите на царинскиот орган првенствено се одредуваат преку обезбедување на спроведувањето на фискалните и безбедносните барања на царинскиот орган. Целите стануваат поконкретни со поврзувањето со олеснувањата и поволностите што ги бара операторот.

При разјаснување на целите на царинскиот орган во процесот на одобрување на статус ОЕО, царинскиот орган може да одлучи да формира тим за соработка во текот на издавањето на одобрението за ОЕО. Тимот е потребно да е составен од експерти како на пр. од подрачјето на законодавството и спроведување на дополнителни контроли.

Кога целите се јасни тие може да бидат претставени на економскиот оператор со цел да се утврди дали тие се совпаѓаат со очекувањата на економскиоит оператор со она што го нуди програмата ОЕО.

2.4.4 Чекор 3 – Идентификација на ризици



„Ризик“ значи веројатност од случување на настан поврзан со влезот, излезот, транзитот или крајната употреба на стоката која се движи од или до царинското подрачје, како и присуство на странска стока во царинското подрачје и која:

- го оневозможува правилното спроведување на пропишаните мерки;
- ги загрозува финансиските интереси на Република Северна Македонија или
- претставува закана за безбедноста и сигурноста на Република Северна Македонија, закана за јавното здравје, животната средина или потрошувачите.

Кога царинскиот орган има јасна слика за операторот и целите се јасни, тој може да утврди дали потенцијалните ризици се релевантни за тој индивидуален оператор. Исто така царинскиот орган може да формира мислење за мерките кои ги презема операторот за справување со тие ризици.

Потенцијални ризици се ризици кои постојат од теоретска точка на гледање. Кога се зборува потенцијални ризици, се зборува општо. Потенцијалните ризици не се

поврзани со индивидуален оператор. Индивидуалниот оператор не е предмет на фокусот. Пописот на потенцијални ризици не мора да се повторува секојпат. Може да се направи еднаш и да се употребува во следните случаи. Овој попис го составува проектен тим. Индикаторите за ризик и корелационите точки на внимание заедно ги создаваат потенцијалните ризици.

Во подоцнежниот процес од значење е да се идентификуваат оние ризици кои се однесуваат на поединечен оператор и на неговите деловни процеси. Од значење е да се разберат деталите на деловните процеси на операторот. Од кого/кому тие увезуваат/извезуваат, што увезуваат/извезуваат, кои се нивните деловни партнери и во кој дел од синџирот на снабдување тие работат. Потребно е да се обрати внимание на релевантните информации и тие да се поврзат со ризиците кои би можеле да се појават во ситуација/постапка која ја избира операторот.

2.4.5 Чекор 4 – Проценка на ризик



Ризиците идентификувани со чекорот 3 треба да проценат и да им се додели приоритет преку евалуација на влијанието на царинските цели и можноста за остварување на ризикот.

Овој пристап овозможува да се соберат ризиците во една голема (сеопфатна) слика и да се воспостави релативна врска меѓу ризиците и нивната важност. Во оваа фаза

основно е да се утврди до која мера операторот презел мерки за заштита од идентификуваните ризици и на кој начин доделил приоритет на различните видови ризици (исто така од интерес на операторот е да има структурен пристап кон идентификацијата на ризик, проценка и одговори на ризиците).

Во овој чекор пожелно е вклучување на експерти за законодавство и дополнителна контрола. Лицата со различни функции во царинскиот орган имаат различни знаења и мислења. Еднаш кога ризиците се идентификувани како релевантни и истите се проценети, тие може да се стават во профилот за ризик и да обезбедат целосна слика за сите значајни ризици. Различните ризици се мапирани во врска со нивното влијание и веројатност истите да се случат.

Иако проценката на ризик не е секогаш количинска, мапата на ризици обезбедува степен на транспарентност во опкружувањето од ризици за операторот во врска со царинските олеснувања.



По изработка на профилот за ризик потребно е се направи чекор назад и да се размисли за него.

- Дали има смисла ако се разгледува интуитивно? Дали ги покрива сите релевантни ризични подрачја на листата за проверка?
- Дали е потребно количински да се одреди одредена проценка на ризици?
- Дали целосната слика од сите значајни ризици драстично е изменета од претходното мапирање на опереаторот и ако е така, зошто?

По внатрешната проценка е неопходно да се размени резултатот од внатрешната проценка со операторот со цел да се обезбеди исправноста на таа проценка.

Со употреба на пристапот за мапирање на ризикот на наједноставен начин во работењето, пожелно е да се одвои методот за мапирање на ризик на две активности и тоа првично преку спроведување на **внатрешно мапирање** (во рамките на царинскиот орган) по што следи **заеднично мапирање** (со операторот) преку кое царинскиот орган одлучува каде да ги постави ризиците и како да одговори на нив.

Причините за поделба на методот за мапирањето на ризици се следни:

- Полесно се донесува сопствено мислење
  Царинските службеници имаат можност да донесат сопствено мислење без да се преземат сите чекори кои следат во самиот процес.

- Подобра организираност
  Овозможува структуиран начин на докуметирање како ризиците се движат од една во друга насока од почетното до заедничкото (финално) мапирање.

- Подршка на ефикасноста на царинските службеници
  На царинските службеници им се олеснува стекнувањето на знаење за тоа како функционира Рамката и што да се направи во различни чекори, притоа избегнувајќи ги евентуалните можни забуни.

- Поттикнување на транспарентност и партнерство
  Со поделба на методот, царинскиот орган и деловната заедница се поттикнуваат да работат заеднички затоа што двете страни преземаат соодветни акции кон идентификувањето на ризиците и поседување на транспарентна документација за нив.

Неопходно е да изготви структурна и соодветна документација на содржината од направената проценка на ризик, особено потребно е да се образложи и документира зошто конкретен ризик е проценет на одредено ниво и да се следи можниот (позитивен/негативен) развој на ризикот.

За потврда на ризикот важно е опишаните процеси во писмен облик да се проверат во пракса, финансиските аспекти да се проверат преку случајна селекција во администрацијата на операторот, но најголемиот дел од безбедносните аспекти треба да се проверат преку физичка проверка истотака на случајна основа.

Кога сите релевантни ризици се мапирани и во целост документирани во фазата на мапирање на ризиците од страна на царинскиот орган, може да се започне со заедничкото мапирање. Тоа почнува со презентација и разговор за резултатот од спроведеното мапирање на ризиците од страна на царинскиот орган со операторот. Следно потребно е да се утврди дали проценката направена од царинскиот орган соодветствува со моменталната состојба (на пр. конечно утврдување до која мера операторот презел мерки за обезбедување од идентификуваните ризици и исто така на кој начин внатрешно им доделува приоритет на различни видови на ризици).

На крајот треба да се донесе одлука за предностите и слабостите на административната организација/внатрешната контрола кај операторот преку генералните и процедуралните аспекти и определување на секој идентификуван ризик спрема неговото влијание и веројатност.

По проценка на сите релевантни ризици, вклучувајќи ги и преземените мерки на операторот во врска со нив, можно е некои ризици да останат недоволно опфатени.

Тие се нарекуваат **преостанати ризици**.

2.4.5 Чекор 5 Одговор на ризиците



Ризиците се дел од деловното работење. Од значење е царинскиот орган да ги разбере значајните ризици, да ги постави границите за преземање на ризици и примени (соодветно прилагоден) одговор на ризиците.

Одобрување на статусот ОЕО со соодветните олеснувања/поедноставувања може да започне, во теорија доколку сите ризици се обезбедени. Доколку тоа не е случај, мора да се оцени дали одобрувањето на статусот ќе биде одбиено или операторот ќе спроведе подобрувања за обезбедување на ризиците или нивно намалување на прифатливо ниво.

При одговорот на ризици се користи една или повеќе од следниве стратегии:

ПРЕЗЕМАЊЕ	= во рамките на прифатливите граници
НАМАЛУВАЊЕ	= план за контрола
ПРЕНЕСУВАЊЕ	= гаранција
ОТСТРАНУВАЊЕ	= одбивање на олеснувања

Преземање на ризик

На секој одговор на најзначајните ризици одреден му е степен. Некои ризици не можат да се избегнат, некои ризици можат практично и успешно да се намалат на нула веројатност/нула влијание. На пр. не може физички да се проверат сите

извозни пратки. Кога преземањето на ризик е значајно треба изрично да се наведе, разбере и одобри од страна на соодветно ниво во управувачкиот менаџмент.

Намалување на ризик

Со оглед дека одговорот на значајните ризици е повеќе активен отколку пасивен, од таа причина постои степен на третман на одговорот на значајните ризици. Со намалувањето на ризици, целта е да се промени веројатноста и/или влијанието на препознаен ризик со цел да се постигнат целите на царинскиот орган. Под услов да се овозможени царинските олеснувања, се смета дека значајните ризици можат (успешно) да се намалат преку конкретни административни или контролни мерки спроведени од царинскиот орган. Тие мора да бидат опишани и планирани при спроведувањето на контрола/следење.

Пренесување на ризик

Понекогаш е можно пренесување на ризикот на трето лице. На пр. операторот може да го пренесе ризикот од неовластен пристап на трговско друштво кое врши надзор. Договорите склучени меѓу двете трговски друштва треба да бидат проверени и проценети.

Отстранување на ризик

Ризикот може да се избегне со интезивни проверки и/или редовни контроли или преку одбивање на барањето за статус ОЕО.

Одговорот на ризикот кој е „обликуван по мерка“ обединува различни стратегии и механизми за постигнување на саканите резултати.

2.5 Одобрување на статусот ОЕО

Кога ќе се заврши претходниот процес од 5 чекори, можни се следните заклучоци:

1. Нема преостанати ризици или преостанатите ризици можат успешно и ефикасно да се опфатат со дополнителни мерки при контрола и може да се одобри статусот ОЕО. Кога по (првата или втората) проверка е донесена одлука да се одобри статусот ОЕО царинскиот орган издава одобрение на операторот. Доколку е потребно кон одобрението се додаваат посебни договорни одредби.

2. Има премногу преостанати ризици или преостанатите ризици се премногу големи да се обезбедат успешно и ефикасно со дополнителни мерки при контрола, но е можно за операторот (доколку тој има желба за тоа) да преземе мерки за подобрување на административната организација и внатрешниот контролен систем, во тој случај одобрувањето на статусот не е можно да се направи во тој момент, но би било можно кога операторот ги презел мерките за подобрување. Тие мерки и активности за подобрување треба да бидат проверени од страна на царинскиот орган (втора проверка), вклучувајќи ја и процедурата на заедничко мапирање на ризици за да се утврди дали преостанатите ризици од првата проверка сега се обезбедени на задоволителен начин и на крајот статусот ОЕО може да одобри.

3. Има многу преостанати ризици или преостанатите ризици се премногу големи да се обезбедат успешно и ефикасно со дополнителни мерки при контрола и не е можно за операторот (операторот нема желба за тоа) да преземе мерки за подобрување на административната организација и внатрешниот контролен систем, во тој случај статусот ОЕО не се одобрува.

Пожелно е завршната проценка да ја изработи тим. Важно е добро да се документира зошто ризиците се поставени, каде се тие мапирани и/или зошто ризиците се преместени од една во друга насока на мапата.

2.6 Ниска оценка на ризик за ОЕО

Во идните постапки на царински проверки неопходно е да се препознае еден оператор како овластен економски оператор, што на крајот ќе доведе до ниска оценка на ризик.

2.7 План за контрола/следење

Царинскиот орган треба да состави план за следење во кој се опишува начинот на кој ќе одговори на идентификуваните ризици. Сите предвидени мерки за контрола, проверки на декларации, физичка контрола на стока и/или контрола што ќе се спроведува од царинскиот орган треба да биде опишано и планирано во панот за следење.

Кога на трговското друштво му се одобрува статусот ОЕО треба да му се назначи контакт лице кое ќе се грижи за спроведувањето на управувањето со ризик.

Следењето може да се состои од постојани проверки на општите и поединечните информации на трговското друштво. Доколку се случи некаква промена во однесувањето на ОЕО, контакт лицето треба да оцени дали треба да се контактира трговското друштво.

2.8 Оценка

Од голема важност е статусот и поволностите за ОЕО да се оценуваат на редовна основа. Бројни елементи играат улога во одредување на тоа кога ќе се изврши проценка:

- Резулати од контролните активности како што се предвидени во планот за следење.
  Овие резултати може да дадат индикација дека ризиците не се доволно обезбедени од ОЕО. Царинскиот орган треба да ги проценува резулататите од контролните активности редовно. Тоа може да резултира со прилагодување на контролниот пристап или на одобрените олеснувања.

- Известувања од операторот за промена во неговите активности, организација, процедури и сл.
  ОЕО е обврзан да го информира царинскиот орган за значајни настани кои може да влијаат на одобрението, вклучувајќи и случаи кога има промена во условите за пристап до податоци или начинот на кој тие податоци се достапни.

- Други општи или посебни информации кои може да имаат влијание на одобрените олеснувања на операторот.

- Доколку е неопходно царинскиот орган врши проверка детално дали операторот се уште ги контролира ризиците. Дали има нови ризици? Дали квалитетот на административната организација и внатрешниот контролен систем се еднакво добри како и во времето на контрола. Заради оваа причина царинскиот орган потребно е од време на време да спроведува оценување на состојбата.

- Доколку еден од елементите на проценката доведуваат до заклучок дека операторот нема контрола над еден или повеќе ризици, царинскиот орган го известува операторот за заклучокот. Операторот тогаш мора да преземе активности за подобрување. Должност на царинскиот орган е да ги провери тие активности за подобрување. Во краен случај, тоа може да доведе до заклучок одобрението ОЕО да се суспендира или укине.